**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”- СКОПЈЕ**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ**

**Институт за социјална работа и социјална политика**

**„Мајка Тереза"**

# СОЦИО-ЕКОНОМСКИ ФАКТОРИ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВО СОВРЕМЕНОТО СЕМЕЈСТВО

***Докторска дисертација***

**Кандидат:** М-р Драгана Лазаревска

**Ментор:** Проф. д-р Јован Пејковски

Скопје, 2019 година

СОДРЖИНА

АПСТРАКТ 5
ABSTRACT 7
ВОВЕД 9
1. ПОИМНОВНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СЕМЕЈСТВОТО КАКО ОПШТЕСТВЕНА ГРУПА 15
1.1. Аспекти на дефинирање на семејството 17
1.2. Етимолошко потекло и значење на зборот семејство 18
1.3. Модерно семејство 19
1.3.1. Модерни трендови кај семејството 23
1.4. Видови на семејства 27
1.4.1. Нуклеарно семејство 27
1.4.2. Проширено семејство 28
1.4.3. Патријархално семејство 29
1.4.4. Матријархално семејство (гинекокрација) 31
1.4.5. Демократско семејство (егалитарен тип) 31
1.4.6.Функционално семејство 31
1.4.7.Дисфункционално семејство 34
1.5. Теоретски гледишта за семејството 36
1.5.1. Функционализам 36
1.5.2. Марксистичко гледиште - Фридрих Енгелс 38
1.5.3. Морган - Енгелсова теорија 39
1.5.4. Фредерик Ле Плеј 41
1.5.5. Вилхелм Хајнрих Рил 42
1.5.6. Емил Диркем 42
2. ГРАДЕЊЕ НА СЕМЕЈНА ПОЛИТИКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 45
2.1. Извори и карактеристики на семејното право во Република Македонија 45
2.2. Потребите, состојбите и промените кои настануваат во современото македонско семејство под влијание на социо-економските фактори 50
2.2.1. Институционализација на социјално-заштитната функција на семејството 50
2.2.2. Економските проблеми и социјалната сигурност на семејството 51
2.2.3. Социјалната заштита на семејствата со социјално-патолошки проблеми 60

3. ДЕФИНИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ НА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА ЗА СЕМЕЈСТВОТО (СЕМЕЈНА ПОЛИТИКА) ВО ЕВРОПСКА УНИЈА 64

3.1. Семејството и семејната политика - општи напомени 64

3.2. Услови за семејната политика во Европска Унија 65

3.3. Цели на семејната политика на Европска Унија 66

3.4. Инструменти на семејната политика 70

3.5. Мерки на семејна политика на Европската Унија 71

3.6. Актуелни процеси во семејната политика 75

3.7. Стилови на градење политика на семејството 77

3.8.Влијанието на јавната политика врз семејството 79

3.9. Социо економски фактори и нивно влијание во семејството 83

- 3.9.1. Сиромаштија 83
- 3.9.2. Невработеност 85
- 3.9.3. Основен приход 88
- 3.9.4.Фертилитет 89
- 3.9.5. Образованието на родителите 90
- 3.9.6. Насилство 91
- 3.9.7. Развод 92
- 3.9.8. Асоцијални појави 101
- 3.9.9. Економскиот капитал 102
- 3.9.10. Културниот капитал 102
- 3.9.11. Социјалниот капитал 102

4. ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИ И РЕЗУЛТАТИТЕ ДОБИЕНИ ОД СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ 103

4.1. ТЕОРИСКО-МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 103

4.2. ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ И РЕЗУЛТАТИ ДОБИЕНИ ОД АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК 106

4.3. Доминантни фактори на влијание во истражувањето 152

4.4. ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ И РЕЗУЛТАТИ ДОБИЕНИ ОД ИНТЕРВЈУ 156

5. ДИСКУСИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ДОБИЕНИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО 184

6. ЗАКЛУЧОК 216

7. ПРЕПОРАКИ ЗА ПОНАТАМОШЕН РАЗВОЈ И ИСТРАЖУВАЊЕ 222

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 225

ПРИЛОГ БРОЈ 1 - АНКЕТА 236
ПРИЛОГ БРОЈ 2 - ИНТЕРВЈУ 247
КРАТЕНКИ И АКРОНИМИ 250

## АПСТРАКТ

Докторската теза е изработена на Институтот за социјална работа и социјална политика - Скопје, во овој труд е направено анализа врз база на добиените податоци од 200 испитаници од градот Скопје селектирани по случаен избор. Добиените резултати овозможија да се согледаат состојбите и промените во современото македонско семејство под влијание на социјалните и економските фактори. Трудот има за цел да се увидат предностите и слабостите кои постојат во современото македонско семејство, како и да се дадат конкретни предлози и сугестии за тоа како предностите кои постојат во современото семејство да се задржат и надградат, а како слабостите да се коригираат или одстранат.

Во истражувањето се обработуваат состојбите и промените кои настануваат во современото македонско семејство под влијание на социо-економските фактори. Факторите кои влијаат врз социо-економскиот статус на семејството ја објаснуваат социјалната и економската позадина на родителскиот дом и нејзиното влијание врз иднината на младите лица.

Мотивот за изработка на тезата произлегува од потребата да се прикажат актуелностите, спецификите и промените кои настануваат во современото семејство. За оваа цел се увиде функционалноста на семејната политика како во Република Северна Македонија, така и во развиените европски земји.

***Основна цел*** на овој труд е да се прикажат состојбите, потребите и промените кои настануваат во современото семејство под влијание на социо-економските фактори.

***Практична цел*** на ова истражување е да се подигне нивото на свест и информираност кај граѓаните за реалната слика на состојбите и промените кои настануваат во современото македонско семејство, како и во земјите кои се поразвиени, со цел предизвикување на позитивни промени како врз поединецот, така и врз целокупната економија и пазарот на труд. Со ова едновремено се укажа и на постоечкото знаење и познавање на овој процес, како и на интервенциите на економско социјалните институции како во Република Северна Македонија, така и во развиените земји.

## КЛУЧНИ ЗБОРОВИ

Клучни зборови се: семејство, семејни односи, семејни потреби, семејни улоги, видови на семејства, социо-економски фактори.

**ABSTRACT**

This doctoral thesis was prepared at the Institute for Social Work and Social Policy - Skopje, with this paper an analysis was prepared on the basis off the information optained from 200 respondents from city of Skopje that were randomly selected. The obtained results enabled us to perceive the situation and changes in the modern Macedonian family under the influence of social and economic factors. The thesis aims to see the strengths and weaknesses that exist in the modern Macedonian family, as well as to give concrete suggestions on how to maintain and upgrade the advantages that exist in the modern family, and how to correct or eliminate the weaknesses.

This research deals with the situations and changes that occur in the modern Macedonian family under the influence of socio-economic factors. The factors that influence the socio-economic status of the family explain the social and economic background of the parental home and its impact on the young people’s future.

The motive for preparation of the thesis stems from the need to present the actualities, specifics and changes that occur in the modern family. For this purpose, it will be necessary to see the functionality of the family policy both in the Republic of North Macedonia and in the developed European countries.

The **main objective** of this paper is to present the conditions, needs and changes that occur in the modern family under the influence of socio-economic factors.

The **practical objective** of this research is to raise the level of awareness among citizens about the real picture of the situation and the changes that occur in the modern Macedonian family, as well as in the countries that are more developed, in order to cause positive changes both on the individual and on the overall economy and labor market. This will at the same time indicate the existing knowledge of this process, as well as the interventions of the economic and social institutions both in the Republic of North Macedonia and in the developed countries.

## KEY WORDS

Keywords are: family, family relations, family needs, family roles, types of families, socio-economic factors.

## ВОВЕД

Семејството преставува примарна општествена група во кое се јавуваат и одржуваат релации помеѓу нејзините членови, претставува посебна општествена група која функционира како систем со особено значајна социјализаторска функција. Во него, улогата и положбата на секој член е дефинирана, а нивната содржина во голема мера е определена од културата на дадената заедница, која по пат на социјализација генерациски се пренесува.

Семејството претставува, пред се човечка заедница во која се воспоставуваат блиски, непосредни семејни односи со доминација на начелото на заедништво. Семејството како институција претпоставува определено дефинирање и реализирање на правата, потоа задоволување на заедничките потреби во целост, и задоволување на индивидуалните потреби.

Според Законот за семејство на Република Македонија, 83/2004, (член.2, став 1) „семејството се дефинира како животна заедница на родители и деца и други роднини, ако живеат во заедничко домаќинство".[1]

Според (Младеновиќ, М., 1982) „семејството претставува круг на лица кои се врзани со брак (или вонбрачна заедница) и сродство и меѓу кои постојат определени права и должности чиешто непочитување повлекува зад себе определени правни санкции".[2]

Во својата студија (Мардок., Г. П., 1949) утврдил дека „во секое општество постои некаков облик на семејство, врз основа на што утврдил дека семејството е универзална институција".[3] Денес повеќето социолози го прифаќаат како аксиома ставот дека семејството е универзално потребна општествена институција и таква ќе биде секогаш. Со сигурност може да се тврди дека семејството како општествена институција ќе постои и во иднина, секако изменета и адаптирана на социјалниот амбиент во кој ќе егзистира и дека и понатаму ќе остварува незаменлива функција во формирањето на поединецот како социјализирана личност. При тоа, под семејство не треба да се подразбира само установа која безусловно се заснова на брачните односи регулирани во рамките на одреден правен поредок, туку значително комплексен и послободен однос меѓу маж и жена во одредена заедница, кој не може да се елиминира

[1]Закон за изменување и дополнување на Законот за семејство, Службен весник на РМ бр. 02.09.2015
[2] Mladenovic, M. (1982). Porodicno pravo.Beograd, Pravni fakultet u Beogradu
[3]Хараламбос, М. (1989). Увод у социологији, Глобус, Загреб

во иднина бидејќи преставува CONDITIO SINE QUA NON[4] во опстојувањето на човечкото општество. Семејството е несомнено општествена група, или како што пишува Malinowski, „повеќе е општествена и културна отколку биолошка единица".[5] Семејството е одредено од општествени правила и прописи и има општествени цели и функции. Семејството е и био-социјална единица, кое не настанува само спрема општествените закони, правила и конвенции, туку и спрема биолошките закони за репродукција. Семејството е роднинска група што живее заедно и функционира како кооперативна единица за економски и други намери. Потполното и доследно конкретизирање и афирмацијата на семејството како универзална општествена институција зависи пред се од динамиката на развој на севкупните општествени и економски односи. При тоа не треба да се мисли само на материјалната основа на општеството која несомнено преставува прв предуслов, но сама по себе не е доволна за остварување на односи во семејството, туку и на областа на емоциите, моралот и културните текови кои се однесуваат на односите меѓу половите.

Настојувањата за модифицирање, односно обликување на семејството се бројни и различни, се движат од радикални барања за негово укинување, преку умерени ставови, до сугестија како семејството да се измени и адаптира на новонастанатите услови. Сепак може да се констатира дека преовладуваат две мислења: првото, кое нагласува остварување на потполна рамноправност меѓу мажот и жената, што пак ќе овозможи хуманизација на односите меѓу половите, и второто кое инсистира на „слободен избор на брачните можности“ и почитување на семејниот живот.

Современото моногамно семејство настанува со нуклеаризацијата на патријахалното семејство, како и со институционализацијата на бројните функции на семејството.

Во современите општества семејството обично претставува мала група составена од родителите и нивните деца. Но, во многу општества семејството вклучува и други роднини од три и повеќе генерации. На пример, во неговиот состав можат да влезат браќата со своите сопруги и деца, сопругите и децата на нивните синови, кои сите заедно ги поврзуваат своите напори во обезбедувањето на животните потреби.

Во текот на својот живот повеќето луѓе се членови на две семејства: она во кое растеле, семејство на ориентација, и она што сами ќе го оформат, семејство на

---

[4] Стар латински правен термин кој се употребува за да се означи „нешто (услов) без кое не се може“ или „без кое не би имало ништо, не би постоело ништо“

[5]Golubovic, Z. (1981). Porodica kao ljudska zajednica, Zagreb

проекција. Во современото семејство после склучување на бракот се намалуваат врските со семејството на ориентација, а се засилува семејството на проекција кое го зазема основното место во животот на индивидуите.

Во современите, комплексни општества, семејството е со намален број на членови и неговите функции. Во него се е сведено на минимум елементи, мажот се почесто самостојно настапува во процесот на трудот, а тоа бара поголемо отсуство од домот и семејството. Жената во напорите да се изедначи со мажот, се повеќе настојува рамноправно да учествува во обезбедувањето на средствата за животна егзистенција. Во ваквите услови грижата и социјализацијата на децата е препуштена на детските установи и училиштата. Раѓањето на децата се ограничува на едно или две во одредени околности. На овој начин улогите на членовите во семејството се менуваат. Односите меѓу брачните другари, родителите и децата се повеќе добиваат „партнерски" карактер што истовремено значи нивно психолошко оддалечување.

Многу важен чинител за интерперсоналните односи во семејството е дистрибуцијата на семејните улоги. Семејните улоги се општествено детерминирани. Низ историјата се менувале, како и нивната дистрибуција помеѓу членовите, во зависност од тоа како одредено општество и култура го одредувале местото на семејството и неговите задачи. Традиционалното семејство најчесто е претопено во поширока сродничка група, а нејзините членови се само поединечни членови на таа група со задача да ги остваруваат нејзините цели, така што и поделбата на семејните улоги е традиционална и најчесто одредена по полот и возраста. Секое семејство остварува повеќе основни функции:

**Биолошка функција -** Биолошката односно репродуктивната функција е една од основните функции на семејството која останала речиси неизменета со векови. Преку биолошката функција, однсно преку раѓањето на децата човештвото ја врши својата репродукција. Во првобитното општество во репродукцијата владееле исклучиво биолошките закони и жената раѓала во целиот фертилен период, иако бројот на децата што останувале живи бил многу мал. Подоцна врз оваа функција, во зависност од историскиот период почнале да влијаат различни правни субјекти: државата, верските заедници и други лица. Денес во современото демократско општество преовладува мислењето дека правото на раѓање, односно на создавање деца е човеково лично право, а државата односно општеството треба да создава оптимални услови за остварување на ова право. Современото нуклеарно општество се базира на взаемната љубов на брачните другари и на нивната љубов кон заедничките деца.

**Економска функција -** Економската функција на семејството во историјата на човечкото општество има различно значење. Некогаш таа била истовремено производствена и потрошувачка функција на семејството. Производствената функција добива нова нагласка: се повеќе станува потрошувачка, бидејќи семејството не го троши она што го произведува, туку го наменува за пазар, а своите потреби ги задоволува купувајќи ги производите што други ги произвеле, исто така за пазар.[6]

**Воспитно-образовна функција -** Воспитната и образовната функција тесно се поврзани и важат за секој од облиците на семејството. Воспитната улога на семејството одамна и денес имала и има непроценливо значење за интелектуалниот развој на детето и на човекот воопшто. Сите навики што детето ги стекнува од раните години, не се забораваат лесно и уште потешко се менуваат. Образовната функција на семејството дошла до најголем израз во периодот кога стопанската функција на семејството била во извесна смисла, една од основните функции на семејството. Со развојот на капитализмот, а и денес, образовната функција на семејството е во надлежност на државата при што значајна помош на децата им дава семејството во текот на стручното образование и оспособување за самостоен живот.

**Социјализаторска функција -** Социјализаторската функција на семејството е поврзана со сите негови функции, а особено со репродуктивната, заштитната и воспитно-образовната функција. Преку социјализаторската функција семејството е свртено кон новата генерација, која треба да се подготви за самостоен и за општествено корисен живот во дадената средина. Во рамките на семејството детето се учи за тоа што е добро, а што лошо, за тоа што е корисно, како и за тоа што е штетно.

**Заштитна функција –** Заштитната функција на семејството била поголема во првобитното општество и во раните стадиуми на развојот на семејството, отколку подоцна. Тогаш во рамките на семејството секој поединец можел да најде и наоѓал, како физичка така и психичка безбедност. Во натамошниот развој на општеството, заштитната функција на семејството започнува да се намалува и грижата околу болните и изнемоштените, како и за тие кои не се способни да се грижат сами за себе преминува на државата, односно на општествената заедница. Заштитната функција на семејството доаѓа до израз во давање, не само на материјална помош, туку и во

[6]Трајковски, Д., & Динева, М. (2005). Семејно право, Светлост графика, Скопје

овозможување морална и општествена безбедност на секој човек во рамките на семејството и пошироко.

Настанатите промени се најевидентни во материјалната основа на семејството, кои понатаму, од своја страна имаат соодветно влијание на промените во семејните односи. Подолг временски период во македонското семејство доминантна улога имале патријархалните односи. Нивната главна одлика била смиреноста и дисциплинарноста, која практично се манифестирала преку безусловна потчинетост на жената кон мажот, како и преку потчинетоста но и почитувањето на помладите кон постарите, што не е карактеристично за современата млада генерација.

Под влијание на развојот на процесите на индустријализација и урбанизација, настапи период на интензивни општествени промени, кој нужно доведоа и до трансформација на семејните односи, при што во глобални рамки, авторитативните семејни односи им отстапија место на егалитарните односи, односно на односите на рамноправност во семејството. Но сегашните тешки материјални услови (со високо присуство на невработеност), нужно оставаат свој печат врз промените во семејните односи, во смисла на нивно нагло влошување и тоа за еден релативно краток период. Тоа значи, проблемите на поединците и семејствата се наоѓаат во директна зависност од социо-економската положба во која се наоѓаат. Непостоечките услови за вработување се број еден во Република Северна Македонија, и го погодуваат секого кој не е вработен и неговите членови од семејството. Вработувањето како базичен услов за доход во семејството, им попречува на оние млади луѓе кои сакаат да се осамостојат и да се испробаат во светот на возрасните. Годините на луѓето кои се одвојуваат од своите родители и живеат самостојно ја поминуваат својата нормална граница и се чини дека уште долго време постарите ќе ги носат на товар помладите.

Проучувањето на семејството и неговиот историски развој потврдува дека тоа имало големо општествено значење во сите фази од општествениот развој. Иако, во современи услови, се појавуваат анализи и истражувања според кои значењето на семејството и неговата улога во современото живеење се менуваат и намалуваат, сепак практиката покажува дека семејството е всушност многу прилагодлива социјална група која не губи од своето значење.

Процесот на индустријализација и порастот на животниот стандард придонесуваат за поголема независност на неговите членови и за менување на улогата на семејството. Некои автори сметаат дека во новонастанатите услови слабее

кохезивната моќ на семејството, затоа што неговите членови се чувствуваат поеманципирани, самостојни во одлучувањето, а со тоа и понезависни од семејството.[7]

Сите овие промени секако влијаат врз животот на семејството и на меѓусебните односи на неговите членови. Всушност, тие придонесуваат за менување на улогата и значењето на семејството и негово прилагодување на новонастанатите услови. Но, тоа не значи дека семејството го изгубило своето значење во подготовката на младата генерација за нејзините животни предизвици.

За предмет на ова истражување се прикажани потребите и промените кои настануваат во современото семејство под влијание на социјалните и економските фактори.

Во делот на квантитативниот пристап е употребена *анализа на содржина* која се примени во анализа на состојбите и промените кои настануваат во современото семејство под влијание на социо-економските фактори, како и на веќе постоечките домашни и странски стратегии и упатства за ефикасно функционирање на современото семејство.

Во делот на квалитативниот пристап е спроведено *неструктурирано интервју* со експерти во доменот на оваа проблематика, како и приказ на случај на одделни семејства кои имаат последици од социо-економските фактори.

[7]Лакинска, Д. (1982). Образовање родитеља – фактор породичне кохезивности, магистарски рад, Београд

# 1. ПОИМНОВНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СЕМЕЈСТВОТО КАКО ОПШТЕСТВЕНА ГРУПА

Во теоријата не постои единствено и општоприфатено дефинирање на поимот семејство, од што произлегува негово различно поимовно определување.

Во малите, едноставни општества, семејството главно е самодоволно, она што задоволува најголем дел од потребите на неговите членови. Целото семејство соработува во правењето орудија за работа, живеалиште, како и ловење и собирање на храна. Родителите и постарите се одговорни да ги научат младите на вештините што ке им бидат потребни кога ќе пораснат, како и за втиснувањето во нив на чувство за доброто и злото. Религиските практики се проникнати во примерокот на секојдневниот живот на семејството. Авторитетот му е даден на главата на семејството, кој ги распределува одговорностите.

Во современите, комплексни општества, семејството има помалку функции. Училиштата и учителите главно се одговорни за формалното образование, црквите и свештениците за религијата, државата и полицијата за општествената контрола. Но, семејството продолжува да биде суштински дел на современите општества, особено во реализирање на неколку функции: социјализацијата, љубовта и партнерството и сексуалната регулација.

,,Семејството претставува првата, најприродната и најнепосредната социјална средина во која индивидуата го започнува својот живот и развиток”.[8] Во почетниот период од својот живот, во периодот на детството, човекот е најнезаштитен и највосприемлив за воспитни влијанија. Семејстото и спонтано се грижи за нормалниот и правилниот развиток на новиот член. Тука, во семејната средина се стекнуваат првите морални претстави, се стекнуваат најосновните навики, се стекнува емотивна стабилност успешно да се решаваат животните задачи. Под влијание на семејството се определува и формира првиот однос спрема општеството, традицијата, идеалите итн.

,,Со определбата на семејството како примарна општествена група, не може, а да не се одбележи познатиот став на американскиот антрополог Мид (1965): дека семејството е институција на која и должиме со човечност, затоа што не е познат друг

[8] Копровски, Љ., & Петровски, Б. (1998). Педагогија, Скопје

начин на кој се создаваат човечки суштества, освен со воспитување во рамките на семејната заедница".[9]

Во книгата на (Младеновиќ, М., 1982) се тврди дека „семејството претставува круг на лица кои се врзани со брак (или вонбрачна заедница) и сродство и меѓу кои постојат определни права и должности чие што непочитување повлекува зад себе определени правни санкции".[10]

Во студијата на (Мардок, Г. П., 1949) „Општествена структура" врз примерот на 250 општества од предисторијата до денес, докажува дека во секое општество постои некаков облик на семејство, и дека семејството е универзално. Под семејство се подразбира општествена група која ја карактеризира заедничко живеалиште, економска соработка и размножување.

За (Coser, L. A., 1975) суштината на семејството е во тоа што обезбедува задоволување на потребите на детето за човечки контакти што овозможува детето да се формира како човечко суштество.

Емил Диркем го формира и поимот „Конјугални семејства" (брачно семејство) како својство на модерното друштво за кое е карактеристично стабилизација на брачните дијади како *централни семејни оски*".

*Основен проблем* на ова истражување е да се прикажат состојбите и промените кои настануваат во современото семејство под влијание на социјалните и економските фактори.

Со оглед дека темата на ова истражување е влијанието на социо-економските фактори во современото семејство имајќи ја во предвид нејзината широчина, во рамките на истата, вниманието се фокусира на следното истражувачко прашање: ***Какви се состојбите и промените кои настануваат под влијание на социо-економските фактори во современото македонско семејство, а какви во развиените земјите со кои Република Северна Македонија соработува и кон кои се стреми на стратешко поврзување?***

---

[9]Трајковски, Д. (1998). Семејството во системот на социјалната заштита во Република Македонија, Скопје
[10]Mladenovic, M. (1982). Porodicno pravo. Beograd, Pravni fakultet u Beogradu

### 1.1. Аспекти на дефинирање на семејството

Семејството претставува примарна општествена група која има незаменливо значење за формирањето и развојот на личноста на човекот. Тоа е „фундаментален извор на човековиот идентитет, афективна поврзаност и интеракција, основен систем на кој човекот припаѓа и кој ја обезбедува човечката добросостојба".[11] Во литературата семејството се дефинира од повеќе аспекти:

- *социолошки:* како основна клетка на општеството,
- *психолошки:* како важен фактор за примарна социјализација и воопшто за психичкиот развој на детето,
- *антрополошки:* како основна заедница на човекот,
- *правен:* како заедница на лица кои живеат заедно, а се поврзани со крвно сродство, брак (вонбрачна заедница) или посвојување, а меѓунив постојат со закон утврдени права и должности (најчесто како заедница на родители и нивни деца кои настанува со раѓање на децата или со нивно посвојување, односно се смета дека не постои институција семејство, доколку нема деца),
- *културолошки:* културата има особено влијание врз тоа како ќе се дефинира семејството и кој ќе се смета за член на таа група (на пример во модерните индустријализирани земји под поимот семејство се подразбира нуклеарното семјство, кај потрадиционалните заедници под поимот семејство се подразбира целото проширено семејство, кинескиот народ става акцент на наследниците во дефиниријањето на семејството, италијанскиот народ на неколку генерации на семејството, а кај некои племенски народи пак, целата заедница која припаѓа на некое село на пример, се нарекува семејство.[12]
- *системски:* во социјалната работа често се користи системската перспектива во дефинирање на семејството како „отворен интерактивен систем раководен од семејни правила или норми со помош на кои се организираат семејните интеракции".[13]

[11]Constable, R., & Lee, B. D. (2004). Social Work with Families: Content and Process. Lyceum Books Inc, Chicago. Illinois
[12]Collins, D., (2007). An Introduction to Family Social Work Thomson. Books/Cole Publ
[13]Berry, O. J., & Hardmanl, M. (1998). Lifespan Perspectives on the Family and Disability. Allyn and Bacon

**1.2. Етимолошко потекло и значење на зборот семејство**

Зборот семејство како во македонскиот, така и во главните европски јазици влегува во употреба во модерниот век, што е еден важен индикатор на младоста односно на модерноста на самиот поим односно на појавата која и ја означува. Во главните европски јазици зборот семејство доаѓа од латинскиот збор фамилиус. Во Рим терминот се употребувал за домашен роб или група на робови со која што нивниот сопственик имал права тестаментално да располага, да по смртта ги даде на друг член на семејството или да ги ослободи. Значи како што забележале Маркс и Енгелс „зборот не е постар од оклопен со железо семеен систем на латинските племиња кои се појавија по воведувањето на земјоделството и озаконетото ропство". Од тука истите автори извлекуваат фундаментален заклучок кога станува збор за значење на поимот семејство.

Модерното семејство во никулецот содржи не само ропство туку и селанство заради тоа што од почетокот се однесува на службите од земјоделството. Би можеле да заклучиме, дека во терминот семејство се среќаваме со изразито стари слоеви на значение и појави кои на еден и друг поглед апсолутно не се совпаѓаат со модерното значење и контекстот во кој го ставаме зборот семејство. Дали има нешто поконтрадикторно од асоцијацијата помеѓу ропството и современото значење на семејството како слободна заедница на слободни личности. Дали е тоа чиста случајност, неразбирлива лингвистичка превртливост на зборови и нивното значение кое ни доаѓаат од далечното таинствено минато, или пак во сето тоа постојат некои трајни и смислени врски кои што мамат недопирливи современици, но со трпение можат да се разоткријат. Врската која ги спојува овие меѓусебни одалечени поими и појави би можело да се пронајде во видот на односот и основната функција која што семејството ја имало одамна. Значи станува збор за личен однос помеѓу робовите и господарите, т.е. личен роб, робови и за функцијата на служба кои првенствено се однесува на личните потреби на господарот. Но да се вратиме уште еднаш на европската историја и пракса.

Францускиот историчар Жан Луј Орланден во исцрпната лексикогравска студија исто така го забележува доцното појавување на зборот семејство во главните европски зборови, т.е. констатира дека тоа не било во употреба до 1835 год. Всушност, спрема неговите наоди уште до тоа време поимот живеење под заеднички покрив во изрази како што се куќа, дом, домаќинство не се поврзува нужно со постоење на блиско или било какво сродство помеѓу така настанати луѓе. Напротив, за групи

поврзани со роднински односи се употребуваат други изрази како: лоз, роднини, династија итн. Ако ја споредиме ситуацијата на Јужнословенското подрачје од времето на Вук Караџиќ и состојбата во европските општества до истиот период ќе видиме потполно сложување, и тука и таму терминот семејство кој го соединува значението на заедничкото живеење и роднинските поврзаности не одомаќинет, т.е. употребен во широка смисла. Моментот кога доаѓа до поврзување на овие две дотогаш раздвоени значенија и изрази во еден единствен поим е моментот на настапување на концептот на модерното семејство, и модерните семејства до историскиот контекст на модерна Европа, таа случка многу долго се подготвувала. Според етнолошките, лексикографските и историски студии веќе во 14 век во ренесансните италијански градови се среќаваме со првите појави на модерно семејно живеење, во 16 век во аристократските кругови се забележуваат појави на создавање на семејни кругови внатре во широките кругови на социјални релации кое го сочинува домаќинството на една таква група, а веќе од 17 век и во 18 век можеме да видиме како оваа форма на групирање се развива и соединува, како идеа но и како секојдневна рутина со животите на членовите кои припаѓаат на третиот сталеж, т.е. граѓанството.

### 1.3. Модерно семејство

Модерното семејство е стеснет израз на вековните промени кои во европските опшетства веќе добивал форма на заедничкиот живот да биде меѓусебно поврзан. Семејството се затвара кон заедницата и се претовора во приватен и интимен простор, во кој пристапот за надворешните лица е строго ограничен. Се работи за вистинска револуција во односите помеѓу семејството и општествената заедница. Во оваа смисла (Aries, P., 1973) вели: „Семејството составено од родители и деца, среќни во нивната изолација и осамености издвоени од општество - тоа веќе не е семејство од XVII век - тоа е модерно семејство".[14] Слично мислење застапува и (Shorter, E., 1976), кој смета дека „модерното семејство се повлекува од интензивна интеракција со средината".[15] Според (Shorter, E., 1976), создавањето на модерното семејство се карактеризира со три значајни трансформации. Првата е менувањето на брачниот модел, при што љубовта помеѓу младите станува единствента основа за склучување на брак.

Втората промена е појавата на мајчинската љубов, а третата е изолирањето на семејството од поширокaта заедница. Според овој автор, меѓу членовите на

[14]Aries, P. (1973). L'enfant et la vie familial sous l'Ancien Règime, Editions du Seuil, Paris
[15]Shorter, E. (1976). The Making of the Modern Family, Colins, St. Jame's place, London

семејството постои поголема солидарност и поврзаност, за разлика од претходниот период, кога сите биле потчинети на интересите на поширокиот круг роднини.

Според (Parsons, T., 1960) модерното нуклеарно смеjество се прилагодува на промените во другите делови на општествениот систем. Тој наведува дека ова семејство е компатибилно со соврменото капиталистичко производство поради тоа што овозможува мобилност на работната сила (што е основа на современиот систем на производство, а што беше невозможно во времето на традиционалното многубројно семејство), како и поради тоа што игра улога на „топло гнездо” за засолнување на возрасните од бирократските и компетитивните односи во општеството, и за правилно воспитување на децата.

Според мислењето на (Parsons, T., 1960) семејството треба да врши две основни функции: „социјализација на децата и обезбедување на психолошка стабилност на брачните партнери".[16] Примарната социјализација на децата треба да обезбеди интернализација, вградување кај детето на основите на културата на општеството во кое дететото е родено. Тука семејството има клучна улога и поради тоа Parsons инсистира на неопходноста да постојат блиски емотивни врски помеѓу децата и родителите. „Преку емотивните врски што се развиваат помеѓу родителите и нивните деца, тие полесно може да извршат трансмисија на општествените норми, вредности и улоги што детето треба да ги научи за да може да стане активен и корисен член на општеството".[17] Втората основна функција според (Parsons, T., 1960) е стабилизацијата на личноста на возрасните. Семејството е место во кое мажите треба да најдат мир и засолниште по жестоката борба на пазарот за обезбедување на средства за живот на семејството, а жените во него ја реализираат својата желба за економска и емотивна сигурност и ги вршат своите основни биолошки задачи, грижа за чување и воспитување на децата.

Модерното семејство на граѓанството се темели во приватноста на начинот на живеење на членовите на семејството и самата претставува центар на привлечноста. Приватното модерно семејство има за своја материјална подлога приватна своина и приватно претприемништво на членовите на граѓанската класа во економската сфера на општествениот живот. Модерното семејство на оваа класа станува носител на една лична култура на оваа епоха и класа што таа епоха ја репрезентира, која што би можеле да ја наречеме цивилна култура на граѓанската класа. Изворите на оваа култура прават

[16]Michel, A. (1986). Sociologie de famillie et du mariage, Preesses, Universitaties de France, Paris
[17]Bawin- Legros, B. (2004). Intimacy and the New Sentimental Order, Current Sociology, Vol. 2,No.2, March

од една страна приватен свет на семејни емоции, а од друга страна рационален свет на приватната економска пракса на пазарот. Особено треба да се нагласи афирмацијата на структурална релација кое модерната семејна група ја воспоставува со други сроднички групи и останати делови на општеството. А тоа е факт дека модерното семејство претставува одвоена, самостална и посебна сродничка единица од сроднички групи на кои им припаѓаат двајцата сопружници.

Модерното семејство притоа е оспособено да ги задоволува основните потреби на своите членови или самостојно, што е поредок случај или во соработка со други општествени организации и јавни служби кои спаѓаат во рамките на работењето на модерните социјални држави. Ако би сакале модерното семејство да го дефинираме земајќи го предвид историско-структуралниот контекст, од кој настанува, тогаш би можеле да кажеме дека тоа е општествена група која настанува на спој на две линии на редукција, редукција на сроднички групирања кои во граѓанско моногамното семејство достигнува свој врв сведен на репродуктивен биолошки нуклеус, од една страна и намалување на работно-резиденцијален состав на некогашната куќна заедница кое сега се носи само во функција на лична репродукција на членовите на групата. Па напротив, на својата намаленост семејството и натаму останува мошне сложен и организациски состав. Семејството го чини брачна врска на сопружниците, но без оглед на нејзината централност тоа не се сведува само на неа. Семејството го сочинува заедничкиот живот и односите на членовите. Семејството од секогаш било раѓање и воспитување на децата, но не е само тоа. Семејството и понатаму е служење во кое е видлива домашната поделба на работа помеѓу полови и генарации. Гуд и Росенбаум издвојуваат некои основни особини на модерното семејство поради што Гуд повеќе ги нагласува внатрешните, а Росенбаум надворешните елементи на тој систем. Следуваат разликите:

В. Гуд: Реткост на проширено семејство и настанување на корпоративна сродничка структура; Релативно слободен избор на сопружникот базиран на љубов и нелокално домаќинство; Појавата на миразот и цената на невестата; Поретки бракови помеѓу роднини; Авторитетот се намалува; Поголема еднаквост помеѓу половите; Легален систем во кој е прифатен принципот на правна еднаквост на членовите.

Х. Росенбаум: Поделба на работата за заработка од домот-семејството е сега приватна и затворена единица; Поделба на работата према половите, жената-мајка; Дневното отсуство бар на еден член од домот; Опстанокот на семејството се заснова на заработката бар од еден член и на трошоците на пазарот; Заеднички живот на две

генерации, а спрема третата се чува интимен однос; Делумно преземање од страна на општеството, работата и социјализацијата; Изградба на независен семеен систем.

Според сфаќањата на (Голубович, З., 1981) ,,што е она радикално што урбанизацијата и индустријализацијата го внесуваат во организацијата на модерното општество и во начинот на живот, а што е значајно за промените на семејната структура и функција?".[18]

Прво, општествата кои се базираат врз индустриски начин на производство создадени се врз друга основа за разлика од феудалното (патријархалното) општество, меѓу другото, и затоа што непосредните односи меѓу индивидуите на примарните семејни групи се заменуваат со формализирани односи меѓу различните установи кои се специјализирани за различни општествени функции. Основа на општествениот систем не е повеќе куќната економија, туку економскиот систем на глобалното општество, поделбата на трудот, развиеноста на претпријатието како производна единица и способноста на стопанството да ги вработува членовите на семејството како работна сила.

Второ, индустриското општество има потреба од работна сила, која е слободна на пазарот, што доведува до уривање на бариерите кои го оградувале патријархалното семејство, а тоа, меѓу другото, доведува и до укинување на строгата поделба на улогите во однос на половата припадност и економската зависност на членовите на семејството од таткото како негов единствен издржувач (хранител).

Трето, индустриското општество морало да го ослободи работникот за да биде подвижени слободен да ја продава сопствената работна сила таму каде што е потребно.

Четврто, индустриското општество ја отворило можноста за општествена подвижност, истакнувајќи ги основните квалитети на поединецот кои се бараат: квалификација, образование, стручност.

Петто, урбанизацијата на населението, поконкретно порастот на градското население, доедува до суштински промени во начинот на живеење, во сферата на домувањето, комуникацијата со сродниците, промени во културата на живеење воопшто, што суштински влијаат врз семејната структура, големината на семејството, внатрешните односи и слично.

---

[18] Golubovic, Z. (1981). Porodica kao ljudska zajednica, Zagreb

Според (Stack, C. B., 1996) „семејството е најмала, организирана, трајна мрежа од роднини и не роднини кои секојдневно се во интеракција, задоволувајќи ги дневните потреби на децата и обезбедувајќи го нивниот опстанок“.[19] Оваа дефиниција е најприфатлива во денешното ултраразвиено постмодерно, слободно општество зашто семејството е отворен, доброволен однос базиран на меѓусебна соработка и взаемна корист која членовите на семејството ја добиваат од членството. Тоа функционира за да ги задоволи потребите на потомството, зачнато во истото семејство или во некое друго, а за да се издржуваат и воспитаат децата.

Авторите (Haralambos, M., & Holborn, M. 2002) истакнуваат дека меѓу модерното и постмодерното семејство дошло до фундаментален прекин. Тие сметаат дека ниеден тип на семејство не треба да се поставува како норма во однос на друг тип на семејство. Додека за модерното општество можело да се рече дека го карактеризира еден средишен, доминантен тип на семејство, денешната ситуација е многу поразлична. Денес веќе не е возможно да се понуди една теорија за семејството, бидејќи различните типови на семејство бараат различни објаснувања.

### 1.3.1. Модерни трендови кај семејството

Како се определува, како се дефинира семејството во теоретските размислувања?

„Семејството би можело описно да се дефинира како парцијална биосоцијална заедница во која луѓето се групираат:

- за да се задоволат природните сексуални односи за поврзување (општење) на различните полови;
- за да се обезбеди репродукцијата, продолжувањето на потомството (раѓањето деца);
- за да се поврзуваат во определени сроднички видови и односи како природна и социјална основа за одобрување или за забрана на половите односи;
- за да се одвиваат основните социјални дејности за обезбедување на материјалната егзистенција на групата на поединците во неа и
- за да се подигнуваат, да се одгледуваат, да се образоваат и да се воспитуваат децата.

Вака определено, семејството претставува сложена структура во која распознаваме две посебни институции: бракот и сродството. Бракот претставува заедница на лица од

[19] Stack, C. B. (1996). All our kin. New York, NY: Basic Books.

различен пол заснована врз тајни и општествено регулирани сексуални и други општествени односи и врски.[20] Сродството претставува биосоцијална врска меѓу лицата во семејството, настаната по пат на поделба на улоги (татко, мајка, син, ќерка итн) произлезени од статусот што секој поединец го има во семејството врз основа на раѓањето како продукт на тој основен однос. Најопшти и најзначајни функции кои можат да се сретнат во сите видови семејства се:

- Репродуктивната функција, преку која се обезбедува продолжувањето на човечкиот род, се обезбедува основната материјална претпоставка за продолжувањето на индивидуалната и на општествената егзистенција.
- Функцијата на задоволување на половиот инстикт и емотивната функција, преку кои на општествен начин се одвиваат половите односи институционирани во бракот.
- Економската функција, преку која се обезбедува основната материјална егзистенција на семејството.
- Заштитната функција, која произлегува од целокупната биосоцијална суштина на семејството, се состои во оспособување за живот на своите, пред се, помлади членови, издржување, наследување, давање помош во случај на болест или во други незгоди итн.
- Воспитно-образовната функција, која се состои во издигнување на децата, во нивно подучување и воспитување за да се подготват и за да се вклучат во општествениот живот. Иако, во современото општество, образованието и воспитувањето се повеќе добиваат општествен карактер, во семејството се одвиваат основните процеси на оваа функција.
- Функцијата на социјализација на личноста, преку која се врши поврзување на поединецот со поширокота општествена заедница.[21]

Семејството на прв поглед може да изгледа како едноставна, блиска и добропозната општествена појава, сепак, тоа се покажува како мошне таинствено и тешко достапно за истражување и за теоретски согледувања. Семејството е во центарот на интересирањата на многубројни теоретичари и истражувачи на општествената реалност и може да се каже дека тој интерес не слабее, туку се зголемува.

---

[20] Во модерни услови во определен број земји во светот законски се дозволени/овозможени и еднополови бракови.
[21] Овие функции на семејството речиси редовно се повторуваат кај повеќето автори (Чокревски, Тоновски, Петровска)

Голем број социолози го гледаат семејството како камен-темелник на општеството. Според ова сфаќање, општеството и не би можело да функционира без семејството и затоа семејството претставува неизоставен дел на човечкото општество. Меѓутоа, покрај ова традиционално сфаќање, има и други што мислат дека семејството не е неизбежно, па дури и се критикува и се осудува институцијата семејство.

Како универзални претставуваат следниве карактеристики на семејството: дека е заедница на полови и деца што настануваат од таа врска (но може да бидат и адаптирани); дека е примарна заедница во која се развива личноста на детето и дека е заедница што ја обезбедува психо-социјалната поврзаност на членовите.

„Односите меѓу родителите и децата може да се претстават низ три модели: авторитарни, либерални и демократски. Односите се авторитарни ако се поаѓа од семоќта на родителите, особено на таткото. Во ваквиот однос вклучен е еден вид на борба во која се спротиставени родителите и децата, така што децата мораат да се повлекуваат пред родителите".

Како либерализмот е доминантна семејна идеологија, личноста на детето не се омаловажува, туку се преценува. Идеалниот однос меѓу родителите и децата, демократскиот модел ја вклучува топлината и интимноста меѓу нив. Во една таква атмосфера, поединците чувствуваат потреба за заеднички живот, што на секој член му овозможува слободно да се развива. Додека патријархалното семејство во исто време претставува и произведувачка и потрошувачка заедница, современото семејство во економски поглед е редуцирано на заедничко трошење на тоа што се стекнува надвор од семејството. Економската база на семејството, улогата на поединечни членови и меѓусебниот однос на членовите на семејството се менуваат со вклучувањето на жената и на младината во општественото производство, а во исто време расте и независноста на членовите на семејството. Патријархалната зависност на жената од мажот и на децата од таткото постепено исчезнува со вклучувањето на жената и на младите во дејностите надвор од семејството. На тој начин, односот помеѓу мажот и жената од однос на еднострана зависност и потчинетост прераснува во однос на рамноправност, па расте и независноста на членовите на семејството. Современото семејство се карактеризира со рамноправност помеѓу мажот и жената врз база на економските и јавните функции што жената ги стекнува во општеството. Атмосферата на договор и рамноправно одлучување ја заменува власта на таткото и мажот. Развојот на семејството во Република Северна Македонија во минатиот век покажува мошне изразени патријархални облици и содржини. Како резултат од различните надворешни

и внатрешни фактори што влијаат врз неговото постоење, семејството во Република Северна Македонија доживува постепени трансформации, но во многу елементи останува патријархално. Значајни карактеристични фактори на семејната организација и на семејните односи во Република Македонија се различната етничка и религиозна припадност на населението, различните типови населби, развојот на земјоделството, индустрискиот развој, стручното образование, училишната подготовка и навиките и обичаите. Сето тоа придонесува паралелно да егзистираат најразлични форми на семеен живот, стари, па и други и најстари форми на семеен живот, стари, (семејни задруги, бракови склучени помеѓу малолетници, предрасуди за авторитетот на мајката и на таткото) и форми на егалитарно, современо семејство, застапени во градот и во индустриските центри.

Втората светска војна и Народно-ослободителната борба, ги потресоа темелите на патријархалното општество и семејството. Забрзаниот процес на индустријализација и урбанизација и позитивното законодавство најдиректно влијаат врз трансформацијата на семејниот живот на сите подрачја. Под влијание на овие промени, од една страна, и од политиката и законодавството, од друга страна, се создадени услови за трансформацијата на патријархалното во ново современо семејство. Во внатрешните семејни односи се забележува опаѓање на традиционалниот авторитет и криза на стариот вредносен систем. Видливи се промените што даваат печат на целосна трансформација, а се однесуваат на структурните и на функционалните елементи и аспекти на семејството. Меѓутоа, процесот на уривање на традиционалните модели на нерамноправност и потчинетост на жената на сопственото семејство најтешко и најбавно се менува во споредба со другите процеси што водат кон еманципација на жената. Како интимна сфера на човековиот живот, семејните односи се најотпорни на сите промени и најупорно ги задржуваат традиционалните сфаќања и модели на владеење. Во однос на континуитетот помеѓу традиционалното и современото семејство во Република Северна Македонија, може да се констатира дека некои важни вредности се задржани, пренесени во современата семејна организација. Процесот на промените претставува замена на традиционалните и преживеаните облици на семејниот живот со современи форми, при што треба да се одвоиме и извесни позитивни елементи што се манифестираат во односите помеѓу помладите и постарите членови на семејствотои во односите надвор од семејството. Овие трансформирани односи претставуваат дел од нашата позитивна традиција, како што е заемната помош, почитувањето, солидарноста и други, и тие можат и треба да се вклопат како во

современото така и во идното семејство, што значи дека традиционалната култура и овој пат го нуди своето неисцрпно богатство.

### 1.4. Видови на семејства

Постојат повеќе видови на семејства, во зависност од тоа кој критериум ќе се земе како основен, дали ќе се земе критериумот за сопственоста над средствата за производство или дали ќе се земе природата на внатрешните семејни односи како и тоа дали ќе се земе како основа социјалната стратификација. Оттука, произлегуваат и следниве видови на семејства:

#### 1.4.1. Нуклеарно семејство

Составено од сопруг, сопруга и нивните деца денес е основниот модел на семејство во современите западни општества.

Во трудот на (Klossner, N. J., 2006) нуклеарното семејство е составено од маж, жена и нивните деца (биолошки или посвоени), а кои живеат во исто домаќинство. Нуклеарното семејство се смета за традиционална семејна форма во повеќето индустриски општества и се состои од брачен пар и нивните биолошки деца. Во САД брачни парови кои живеат заедно со нивните биолошки деца се 40% од семејствата. Овој процент се одржувал се до 1970 година, за веќе во 2003 да опадне на само 23%, во Азија тоа се дури 83% од сите семејства, во Европа тој процент е некаде околу 76%, а кај афро-американските семејства 34,8%.

Нуклеарното семејство се соочува со многу предизвици. Во еден историски период, проширеното семејство се сметало за традиционална форма. Оваа структура овозможувала одлична поделба на обврските меѓу членовите на семејството. Овие обврски подразбираат: одгледување и воспитување на децата, заработка на пари, извршување на домашните обврски и сл. Меѓутоа, со настапување на нуклеарното семејство, овие обврски се поделуваат меѓу двајцата возрасни членови. Стресните економски околности, различни работни места, притисоците кои ги носи родителството, и потребата да се воспостави кохезивно партнерство, предизвикуваат стресни и фрустрирачки нуклеарни семејства. И покрај тоа што финансискиот стандард за живеење во нуклеарното семејство е повисок од другите семејни структури, сепак и нивото на стрес е повисоко, зашто подалечните членови на фамилијата не се во можност да помогнат финансиски, но и во подигање на децата. За да се направи баланс и да се задоволат потребите на нуклеарното семејство, се

воведуваат нови и модерни начини на „проширување“ на семејството. Може да стане збор за ангажирање на лица за чистење и одржување на домот и дворот, лица бејбиситерки кои се грижат за децата. Многу од паровите ги делат обврските меѓусебно и со тоа и вниманието за децата.

- *Традиционалното нуклеарно семејство* – родители и две или повеќе деца, со еден родител кој останува дома и се грижи за децата, најчесто мајката, е семејна структура која не е карактеристична за различноста и комплексноста на денешниот животен стил.
- *Постмодерното семејство* (мешани семејства, посвојувачки семејства, еднородителски, и сл.) *е пофлексибилно*, но и поподложно на притисоците кои доаѓаат надвор од семејството. Бројот на алтернативни семејни форми е во постојан пораст. Тоа подразбира: разведени парови, самохрани родители, напуштени семејства, еднородителски - ако еден од родителите никогаш не стапил во брак, хомосексуални, постари родители, парови со деца кои ги добиле по вештачки пат и сл.
- Според ставовите на (Macionis, J., 1991) *модерното нуклеарно семејство* во суштина е *семејство на прокреација*. Се именуваат како модерни бидејќи тоа е *облик кој преовладува* во денешните општества. Но, модерното семејство денес добива нови облици и подвидови. Со оглед на тоа дека бројот на разводи расте, расте и бројот на распаднати семејства кои сеуште се сметаат за нуклеарни.

### 1.4.2 Проширено семејство

Кога на нуклеарното семејство ќе му се придружат други членови како што се баба, дедо, брачните другари од синот или ќерката како и роднини.

Тоа е уште еден традиционален тип на семејна структура. Опфаќа неколку генерации од семејството, вклучувајќи го нуклеарното семејство, баби и дедовци, понекогаш тетки, чичковци, и други роднини. Проширено семејство уште се нарекуваат единиците кои се поголеми од самостојното семејство. Иако секое нуклеарно семејство е дел од проширеното семејство, сепак многу мал дел од нив одлучуваат да живеат со членови од поширокото семејство. Таквите семејства можат да се сфатат како проширување на основната единица, нуклеусот, без разлика дали станува збор за вертикално проширување, додавање на припадниците на третата генерација, или, хоризонтално проширување, додавање на припадниците на иста генерација. Во минатото, самото општество препорачувало и често предлагало повеќе

генерациски семејства; се мисли на *аграрните општества* кои имале потреба од помногубројна работна сила за одржување на семејната економија. За возрасните деца не било невообичаено да живеат со своите родители и во период кога тие самите се родители. Но, со *индустријализацијата* доаѓа до смалување на бројот на членови во семејството и *висока вредност добива нуклеарното семејство*. Сепак врските со подалечните членови не се прекинуваат, туку тие и понатаму остануваат да учествуваат во процесот на социјализација на децата и заедничко споделување на посебни моменти. Тука се мисли на потребата за подигнување на децата, нивна социјализација, воспитување и социјално учење.

Проширеното семејство многу полесно се адаптира на промените на економски и социјален план. Истражување на (Murdock, G. P., 1949) покажува дека проширеното семејство преовладува во сите претходници на модерното општество. *Главните предности на проширеното семејство пред се, се од економски карактер*, тоа полесно може да обезбеди голем број работници, за разлика од нуклеарното семејство. Ја штити земјата од надворешните закани, и со тоа му пружа сигурност на семејството. Во својата студија (Tseng, W. S., & Xu, J., 1991) потенцирале дека треба да се истакне дека иако домаќинството не секогаш било составено од поширокото семејство, во секојдневното функционирање односите меѓу роднините и членовите на фамилијата биле пресудни, освен тоа, комуникацијата и интеракцијата меѓусебно била на релативно високо ниво. Затоа проширеното семејство многу почесто се поистоветува со функционални односи, отколку со домаќинството како структура

### 1.4.3. Патријархално семејство

Претставува проширена и стабилна заедница која има за цел да ја задржи заедничката сопственост и поради тоа разводот обично се третира како непожелен, меѓусродничките односи се интензивно развиени, присутен е авторитативен тип на односи. Тоа е елементарна економска единица, главно врзана за обработка на земјата, и почива врз доминацијата на мажот врз жената.

Во трудот на (Петроска, Б., 1965) „Облици на семејството во тетовскиот крај"[22] на најадекватен начин се анализирани карактеристиките на патријархалното семејство. Положбата на жените во Полог се покажува во низа ситуации како во предбрачните, така и во брачните односи. Вкоренетите конзервативни ставови се важен фактор кој ги

[22]Петроска, Б. (1965). Облици на семејството во тетовскиот крај. Скопје

одредува мислењата на луѓето и ставот на средината спрема помладата и постарата жена. Ставовивте од кои произлегува најострото осудување на нејзиното слободно држење (во слободното држење се вклучува непочитувањето на постарите односно родителите на мажот и на самиот маж, непристојните зборови, пиењето, пушењето, одењето сама во кино, па дури  и секаква друга активност освен домашната работа, итн.), неверството, па до осудувањето на нејзиното излегување сама од куќата, како да служат само за да се стекне развиток на жената единка во афирмирана личност.

Статусот на селската жена е одреден со самиот факт што таа во куќата е доведена повеќе како работна сила отколку како брачен другар. Нејзината должност е да ги свршува сите работи во куќата. Некаде таа работи повеќе од мажот (особено кај албанското и турското население). Било да се работи за село или за град, постои строга поделеност меѓу машките и женските работи во таа смисла што жените покрај вообичаените домашни раaботи и грижа околу децата ги вршат во целина или делумно и полските работи. Начинот на кој меѓу себе се нарекуваат мажот и жената во полошките села најдобро ќе ни го илустрира нивниот личен однос. Вообичаено е меѓусебно мажот и жената да не се викаат на име. Место со своите имиња тие се довикуваат со „море", „еј”, „човеку”, „мажу”, „жено”, итн. Незаштитената економска положба на жената и вкоренетото сфаќање за супериорноста на мажот ја принудува жената на покорност кон мажот, некогаш и без оглед на тоа дали е домаќинка, работничка или службеничка, дали живее во град или во село. Жените не смеат отворено да им приговараат на мажите, да истакнуваат спротивни мислења, бидејќи тоа би значело нарушување на авторитетот на мажот. Интересно е дека ваквиот однос на потчинетост спрема мажот, се смета како израз на нејзината љубов и респект спрема него. Честопати, во село луѓето беа индигнирани од самото поставено прашање, кое наведените работи ги формулира како знаци за потчинување на жената. Во Законот МАНУ од периодот на древна Индија е запишано: „За време на своето ропство жената зависи од својот татко, во својата младост од својот маж, по смртта на својот маж од своите синови, ако нема синови од блиските сродници на мажот, воопшто жената не може да управува самата со себе”.

**1.4.4. Матријархално семејство (гинекокрација)** – е многу ретко во светот. Тоа се сретнува во општества во кои мажите подолго време отсуствуваат од семејството. Матријархатот е форма во општеството во кое мајките се водачи и управуваат со потомството. Идеолошки, матријархатот претпоставува дека моќта на мајчинската енергија и мајчинската љубов е социјална кохезивна сила.

**1.4.5. Демократско семејство (егалитарен тип)** – е семејство во кое мажот и жената го делат авторитетот, е доминантно во современите западни општества. Голем придонес за неговото распространување имаат процесите на индустријализација, пред се долгиот работен ангажман на мажите надвор од семејството, како и вработувањето на жените кои на тој начин се стекнуваат со економска независнот. Во овој тип на семејство постојат слаби односи со роднините, висока стапка на разводи, семејството е подвижно не е врзано ниту за имотот, ниту пак за сродниците, како и тоа дека социјализацијата на децата станува приоритетна функција.

**1.4.6. Функционално семејство**

Една од основните карактеристики на функционалните семејства е постоење на цврста родителска коалиција, флексибилна структура на моќта, поделена дистрибуција на авторитет и јасен семеен систем на правила. Генерациските граници се неповредливи, ставот кон хуманите средби е отворен, а вредносно нормативните системи се позитивни. Постојат темелна доверба и стил на однесување кои имплицираат појако заедништво. Во функционалните семејства изразено е почитувањето на сепарацијата, индивидуалноста и автономијата.

Поимот функционално обично значи „нешто што функционира, опстојува”. Во контекст на семејството, функционално семејство би било она со обрасци на семејно функционирање со кои се реализираат семејните цели: опстојување како заедница, обезбедување егзистенција и решавање на проблеми. Воедно, во последно време се поголемо внимание се посветува на чувството на благосостојба и поврзаност меѓу членовите на семејството. Проценката дали нешто е функционално или дисфункционално зависи од целите кои семејството си ги поставило пред себе, а во нив се вклучени: системот на вредности, животниот циклус и задоволувањето на економските и културните потреби.

Во својата книга (Milojkovic, M., 1997) како главни карактеристики на функционалните семејства ги истакнува: [23]

- отворен став спрема луѓето;
- уважување на индивидуалноста, автономијата, приватноста, сепарацијата;
- јасни и топли комуникации;
- постојана родителска коалиција, рамноправна распределба на моќта;
- флексибилна контрола по пат на договор;
- спонтани интеракции, радост и хумор;
- иницијатива;
- поттик за заедништво и различност;
- почитување на силните личности во семејството

Според ставовите на (Видановиќ, И., 1991) функционални семејства се оние кај кои: [24]

- „јас" диференцијацијата кај родителскиот пар претходи на сепарацијата од примарното семејство;
- генерациските граници се јасни;
- сите членови на семејството имаат реални очекувања едни од други;
- лојалноста кон семејството е поголема отколку лојалноста кон семејството од кое потекнуваат;
- родителскиот пар е во прв план, што не значи симбиоза меѓу родителите, туку и нивна блискост и подеднаква оддалеченост од децата;
- сите членови на семејството имаат чувство на идентитет и автономија, што овозможуваат децата еден ден да го напуштат семејството;
- непосесивна топлина, љубов помеѓу родителите, родителите и децата, и децата меѓу себе;
- капацитет за отворена, искрена и јасна комуникација на сите членови;
- членовите на семејството меѓусебно реално се перцепираат и се во реални односи;
- отвореност на семејството за вклучување на надворешните системи (роднини, пријатели, колеги итн.);

[23] Milojkovic, M. (1997). Normalni procesi u porodici. Во: Porodicna Terapija. Centar za brak I porodici. Beograd

[24] Vidanovic, I. (1991). Metodika socijalnog rada s pojedincem i porodicom. Naucna knjiga. Beograd.

- во однос на развојните циклуси (раѓање на првото дете, поаѓање на училиште, вработување, смрт во семејството итн.) функционалните семејства, покажуваат способност да одговорат на барањата на тој развоен стадиум и да ја надминат секоја криза.

Во својот труд (Medic, S., 1997) нагласува дека ,,функционалното семејство го карактеризираат: јасни граници меѓу системите, јасна комуникација меѓу членовите, радост и веселба, стабилна родителска коалиција и прилагодено реагирање на растењето и осамостојувањето на децата".[25]

Според ставовите на (Jankovic, J., 2008) ,,од аспект на квалитетот на односи во семејството и нивниот интензитет, говори за *интактни* семејства во кои односите меѓу членовите се складни. Овие семејства успеваат со сопствени сили успешно да се соочат со потешкотиите. Тоа не се семејства без проблеми, бидејќи такви не постојат. Овие семејства со помош на заедништвото се обидуваат сами да ги решат проблемите кога ќе се појават, а доколку во тоа не успеат, ги вклучуваат соодветните институции од вон семејниот систем и на тој начин ги совладуваат.[26]

Со карактеристиките на функционалните семејства се занимаваат и структуралниот и стратешкиот пристап кои се користат во стручната работа со семејство. Според структуралниот пристап функционалното семејство се карактеризира со трансакции кои служат за задоволување на потребите на индивидуалните членови и на семејството како целина, а има структури кои се прилагодливи и добро дефинирани. Според стратешкиот пристап, функционалните семејства се отворени системи, имаат јасни граници кои дозволуваат соодветна и предвидлива размена на информации во рамките на семејството и вон него, адаптибилност и организација. Во функционалните семејства, во повеќето општества, родителите се на врвот на семејната хиерархија и го имаат авторитетот во семејството. ,,Воедно, функционалните семејства користат ефективна комуникација која им овозможува да се справат со предизвиците од развојните задачи и други проблеми".[27]

---

[25]Medic, S., Duricic, M. Z., & Vasiljevic, V. D., (1997). Skola za roditelje – Prirucnik za realizaciju socioedukativnog programa za porodicu. Institut za pedagogiju u andragogiju. Filozofski fakultet. Beograd.
[26]Јанковиќ, Ј. (2008). Обитељ у фокусу. Етцетера. Загреб
[27]Борнарова, С. (2010). Пристапи во социјалната работа. Учебник во подготовка. Филозофски факултет. Скопје

### 1.4.7. Дисфункционално семејство

Дисфункционалното семејство по дефиниција е она семејство кое не е во состојба да ги прифати, ниту да се прилагоди на новонастанатите услови без одредени последици. Стресовите доаѓаат како неминовност при промените во текот на животниот циклус на едно семејство. Границите помеѓу членовите на семејството се или избришани, или крути, што условува членовите помеѓу себе да се оддалечени. Не се изразува соработка и поддршка. Семејството не одговара на развојните потреби на своите членови. Хомеостазата ја одржува еден член на семејството. Семејството е изолирано од надворешниот свет. Родителите се однесуваат инфантилно, односите меѓу членовите се потценувачки. Комуникацијата е нејасна, конфузна, контрадикторна, постои минимална вербална размена.

Според Сатир од аспект на комуникациите, карактеристиките на дисфункционалните семејства се:

- неможност да ги комплетираат трансакциите во животниот циклус;
- неможност да ги интерпретираат проблемите;
- неможност за самоперцепција и согледување на перцепцијата на семејството од страна на другите;
- неможност да ги опишат меѓусебните доживувања;
- неможност да ги опишат надежите, стравовите, очекувањата;
- не можат да не се согласуваат;
- неможат да одлучат;
- не можат да се ослободат од минатото;
- не учат од искуството;
- не можат да бидат директни, да критикуваат во прво лице, да проценуваат, да наоѓаат грешки, воочат збунетост, откријат дека се во замка, и
- не го користат адекватно јазикот.

На значењето на комуникациите како мерило на функционалноста на семејството укажуваат голем број автори. Меѓутоа, тие не се издвојуваат како единствен критериум за проценка на функционалноста на семејството.

За семејната дисфункционалност може да се зборува и од аспект на семејната структура и семејните стратегии. Според структуралниот пристап кој се применува во социјалната работа со семејство, дисфункционално семејство се јавува кога некој стресор (обично поврзан со развојните задачи на семејството) ќе надвладее над

семејните механизми за прилагодување и справување со стресорите, а како резултат на потребите на индивидуалните членови не се задоволени. Во дисфункционалните семејства, наместо адаптибилност постои ригидност и неспособност да се реализира развојната задача. Обично еден член (идентификуван пациент) го манифестира симптомот за целото семејство. Кога станува збор за дисфункционалните семејства сфатени според стратешкиот пристап, карактеристични се три општи типови проблеми: решавањето на проблемот обично е ситуирано на погрешно хиерархиско ниво; овие семејства обично го негираат присуството на проблемот или креираат проблем и таму каде што не постои; и дисфункционалните семејства имаат нејасна и несоодветна хиерархиска структура.

Симптомите најчесто се јавуваат при преминот од една во друга семејна развојна фаза кај семејствата кои не успеваат успешно да се прилагодат на оваа транзиција и да се справат со развојните задачи. Накратко кажано, проблемот не е идентификуваниот пациент, туку начинот на кој семејството веќе се нашло и се обидува да се прилагоди на неа.[28]

Во својата книга (Јанковиќ, Ј., 2008) истакнува „од аспект на квалитетот на односи во семејството и нивниот интензитет, покрај интактните семејства со усклaдени односи, разликува и инсуфициентни семејства во кои односите се нарушени".[29] Овие семејства не умеат да ги решаваат проблемите, туку уште повеќе ги продлабочуваат и прошируваат меѓусебните конфликти со што состојбата уште повеќе се влошува. Членовите на ваквото семејство се незадоволни од себе. Односите се нарушени, конфликтите се чести, а членовите не се компетентни во остварувањето на семејните улоги. Често, членовите од вакви семејства со нарушени односи се покажуваат како помалку успешни и вон семејството. Почнуваат да заостануваат на полиња каде претходно покажале успеси. Ваквата состојба може да резултира со брачна дисолуција. Причини за ваков неповолен развој на семејните односи се најчесто: лични причини, економски причини, психички и соматски болести на партнерите, асоцијално или антисоцијално однесување кај партнерите и сл.

Во својот труд (Voiland, L. A., & Buell, B., 1980) разликуваат 4 видови дисфункционални семејства врз основа на психо-социјалната патологија која им е карактеристична:

---

[28]Борнарова, С. (2010). Пристапи во социјалната работа. Учебник во подготовка. Филозофски факултет. Скопје

[29]Јанковиќ, Ј. (2008). Обитељ у фокусу. Етцетера. Загреб

1. перфекционистичко семејство: во кое постои тенденција кон перфекционизам, се пренагласуваат очекувањата за ,, добро” социјално однесување, кај брачните партнери и децата до степен да не се толерираат грешки;
2. неадекватно семејство; кое постојано се потпира и зависи од другите од аспект на поттикнување, поддршка, водство, охрабрување и помош во справување со проблеми со кои просечното функционално семејство би можело самото да се справи;
3. егоцентрично семејство: во кое е пренагласен самоинтересот како и важноста на социјалниот статус и личниот престиж;
4. несоцијално семејство: кое се карактеризира со недостаток на социјална култура во меѓусебните односи и односите со околината, како и капацитет за здрави лични односи и социјализирано однесување.[30]

## 1.5. Теоретски гледишта за семејството

### 1.5.1 Функционализам

За Талкот Парсонс американското семејство исполнува две функции во општеството, а тоа се: примарната социјализација на децата и стандардизација на однесувањето на возрасните личности, припадници на општеството. Социјализацијата на децата главно се одвива внатре во семејството, а се состои од два основни процеса: интернализација (усвојување) на културата на општеството и структурирање на личноста. Кога не би се усвоила културата општеството би престанало да постои, бидејќи без заеднички норми и вредности општествениот живот не би бил можен. Во американското општество личноста на детето се обликува во категориите на независнот и мотивација за успех што се две средишни вредности на американската култура. Семејството е „фабрика” каде се произведуваат личности.

Според (Парсонс, Т., 1951) не постои друга институција која може така успешно да ја изврши таа функција. Втората функција на семејството е содржана во „стабилизацијата на возрасните личности”, при што посебно се истакнува важноста на брачните односи и емоционалната сигурност која брачните партнери си ја овозможуваат еден на друг.

За Парсонс, изолираното нуклеарно семејство е типична форма на семејство во модерното општество. Сродството во тие услови не игра значајна улога, затоа што

[30]Voiland, L. A., & Buell, B. (1980). A Classification of Disordered Family Types. In: Munson E., C(ed). Social Work with Families: Theory and Practice. The Free Press.

многу од неговите функции ги преземаат многубројните специјализирани институции. Меѓу нуклеарното семејство и економскиот систем на индустриското општество постои функционална врска. Изолираното семејство е обликувано на тој начин што му служи на стопанскиот систем; тоа е подвижно, поединците се специјализирани за одредени дејности и не е цврсто интегрирано во роднински односи. Во таа смисла, Парсонс докажува дека нуклеарното семејство е најдобар облик на семејна структура на општеството кое се базира врз стекнат статус на поединецот. Меѓутоа, внатре во семејството статусот е пропишан и како таков темелен врз „поединечните вредности", односно вредности кои се применуваат само врз конкретни поединци. Односот на синот спрема таткото се порамнува во прв ред според пропишаниот статус на таткото и синот.

За улогата на семејството во модерното општество, наспроти гледиштето на Парсонс, Едмонд Лич изнесува спротивно мислење. Како антрополог кој долго време ги изучувал малите прединдустриски општества, дошол до сознание дека токму разгранетата мрежа на општествените односи меѓу бројните роднини му овозможува на поединецот практична и психолошка поддршка. Во модерното општество семејството е изолирано од пошироката заедница. Според Хараламбос, во минатото големиот број роднини и соседи му овозможувале на поединецот трајна морална поддршка во текот на целиот живот. Денес, семејството е изолирано. Семејството е свртено спрема внатре, спрема себе; доаѓа до зајакната емоционална напнатост помеѓу мажот и жената, родниините и децата. Притисокот е посилен отколку што многумина можат да го поднесат. Напнатоста и непријателствата што се раѓаат во семејството се пренесуваат и во пошироката заедница. Изолираноста на семејниот живот создава омраза која се изразува во судирите во општеството. Лич доаѓа до сосема спротивни заклучоци од функционалистите: семејството не само што не е основа на доброто општество, туку со својата затвореност и излитени тајни претставува извор на сите наши незадоволства.

Во таа насока на размислување слични се и согледувањата на Ланг и Купер. Ланг: „поголем дел од возрасните (вклучувајќи се и самиот себеси) по мое мислење биле, или се уште се, повеќе или помалку во хипнотички транс, предизвикан од најраното детство". Купер: во суштина не учи како да преживее во општеството, туку како да му се покори. Семејството го подготвува поединецот за негово вклучување во улога што ќе ја игра во експлоататорското општество, улога на бесконечно послушен граѓанин.

### 1.5.2 Марксистичко гледиште - Фридрих Енгелс

Семејството настанува и се развива, ги менува своите облици и функции во зависност од општите, социјалните законитости и од развитокот на општеството. Според материјалистичкото сфаќање, пишува Енгелс во својата студија „Потеклото на семејството, сопственоста и државата", решавачки фактор во историјата во крајна линија е продукцијата и репродукцијата на непосредниот живот. А таа самата е од двоен карактер. Од една страна, производство на средства за живот, предметите за храна, облека, стан и орудија потребни за тоа; од друга страна, производството на самите луѓе, продолжување на видот.

Моногамното семејство се развива со појавата на приватната сопственост, особено со приватната сопственост над средствата за производните сили и со појавата на државата. Државата воведува закони за да ја заштити приватната сопственост и наменски правила за моногамен брак. Тој облик на брак и семејство се развиваат се со цел да го решат проблемот со наследувањето на сопственоста. Моногамното семејство е најрелевантната институција за остварување на таа цел.

Морис Годелје, француски антрополог, е еден меѓу ретките теоретичари кој се обидел да ја примени марксистичката теорија во проучувањето на семејството. Тој констатира дека во примитивното општество сродничките и производните односи се испреплетуваат во рамките на сродничкиот систем, кој во исто време претставува база и надградба. Системот на сродство функционира како основна општествена единица, затоа што во него се концентрирани елементарните општествените функции.

Во примитивното општество, трудот не постои како чиста економска активност и дека односите меѓу сродниците функционираат истовремено и во политичка, културна и економска смисла. Во тоа општество семејството, е исто така, „полуфеудално", дури и кога неговите функции се редуцираат како што е случај во модерното општество. Меѓутоа, низ „функцијата на социјализација и во модерното општество се врши интегрална функција на подготовка на поединецот за повеќестрани улоги", економски им всадува пожелен „економски менталитет", општествено политички пожелен тип на личност која одговара на барањата на политичкиот систем и форма на партиципација која се посакува во дадениот систем; потоа за улога во културниот живот и слично.

### 1.5.3. Морган - Енгелсова теорија

Организацијата на семејството од неговите прапочетоци до денес, непрекидно се менувала. Според таканаречената Морган-Енгелсова теорија за семејството[31], во развојот на семејството постојат неколку основни етапи:

1. промискуитет;
2. групно семејство (семејство пуналуа);
3. семејство на двојки или синдијазмичко семејство; и
4. моногамно семејство

Секоја етапа се карактеризира со определни обележја. *Промискуитетот* претставува вовед во подоцнежните облици на семејната организација. Инаку, тој претставува потполна слобода на полното општење. Социолошки е спорно дали воопшто во овој период (на пониският степен на дивјаштвото) постоела полната слобода на полното општење.

*Групното семејство* е понатамошна етапа во развојот на семејството која според Морган и Енгелс преовладува во периодот на дивјаштвото.

Појавата на групното семејство била условена од биолошки, општествени и економски причини. Во тој период се јавува првата поделба на трудот. Општеството почнало да се дели на определени генераци: деца, возрасни и старци. Оваа поделба имала повеќекратно значење. Во поглед на материјалното производство таа означувала поделба на работата според физичките способности и возраста, додека во поглед на биолошката репродукција, таа претставувала создавање на првите семејни групи во чии рамки се вршеле полните односи. Во групното семејство биле забранети односите на припадниците на различни генерации што значи дека не биле дозволени бракови меѓу предците и потомците. Во ова семејство владее принципот на ендогамија-полните односи се дозволени само внатре во групата. Групното семејство претставува облик на крвно сродствено семејство, во кое сите припадницие на една генерација, без оглед на степенот на биолошкото сродство (па дури и браќа и сестри) претставуваат еден брак и едно семејство. Припадниците на постарите генерации (родители, вујкоци, чичковци и др.) претствауваат друго семејство и така по ред.

Постепено, со диференцијацијата на општеството настанала забрана на половите односи помеѓу најблиските крвни роднини во истата генерација. Наместо ендогамија, се јавува егзогамија, т.е. забрана на полните односи во рамките на една

[31] Енгелс,Ф. (1950). Порекло породице, приватне својине и државе, Белград, Култура

семејна, т.е. општествена група. Овој облик на семејство Морган и Енгелс го нарекле пуналуа (превземено од хавајскиот јазик, каде ги означува мажите и жените од таквиот брак).

Обележјата на групното семејство се:

1. диференцијата меѓу општеството и семејството во рамките на постоечките општествени групи: родови и племиња;
2. поделба на трудот според генерацискиот принцип;
3. сродството не претставува биолошка, туку тоа е општествена врска;
4. полните забрани се последица на биолошките потреби на човекот, бидејќи тој ја приметил штетноста по потомците доколку тие потекнуваат од најблиските крвни роднини;
5. поединецот ги носи обележјата на својата група. Тоа значи дека тој не може да опстане надвор од групата;
6. постојат лабилни и индивидуални врски меѓу еден маж и една жена кои по правило не се признаени;
7. во групниот брак, односно семејство сродството се смета според мајката, т.е по женска линија.

*Синдијазмичкото семејство* се јавува по преминот од дивјаштвото во варварството, а како последица на делувањето на законот на природно одбирање (селекција). Се работи за бракот во парови (двојки) или синдијазмички брак од коишто се создаваат нови групи кои се нарекуваат род, клан или генс. Првите родови се базирале на сметање на сродството по женската лоза и првото здружување во овие групи е правено околу мајчиното (женското) стебло. Затоа овој облик го добил името мајчински клан. Во него постоела превлст на женските членови над машките. На челото на кланот обично се наоѓала најстарата жена. Мајчинското семејство не било само семејна организација, туку и важна единица на тогашното општество. Сродството ги носи обележјата на колективното сродство, детето го носи името на генсот на својата мајка, а подоцна името на генсот на својот татко. Подоцна од овој тип на семејство настанува моногамното семејство.

*Моногамното семејство* настанува на повисокиот степен на варварството и претстваува вовед во цивилизацијата. Ова семејство се темели врз брак на одделни двојки, т.е брак на еден маж и една жена, во кој е исклучено секое трето лице. Овој облик на семејство се задржал до денешни дни. Моногамното семејство е историска

последица на процесот на оформувањето на приватната сопственост. Постојат развојни фази на моногамното семејство кое се карактеризира со голема динамичност. Се разликуваат неколку типови на моногамното семејство. Првиот тип на моногамното семејство претставува патријархална човечка заедница. Натамошниот еволутивен развиток на моногамното семејство се карактеризира со поголеми и помали промени на елементите во семејната група. Повисоката развојна етапа на моногамното семејство ја нарекуваме современа човечка заедница.

*Современото моногамно семејство* настанува со нуклеаризацијата на патријархалното семејство, со институционализацијата на бројните функции на семејството и нивното поопштествување (односно, подржување).

### 1.5.4. Фредерик Ле Плеј

Неговото име го поврзуваме во воведувањето на систематско емпириското истражување во општествените навики и пионирското достигнување во областа на квантифицирање на емпириските материјали кои се однесуваат за проучување на семејството. Првата негова студија е објавена во 1855 година под наслов „Работниците во Европа" за која има и продолжување (во периодот од 1877-1879) во 6 томови, во кои се објавени сите негови монографски студии за сите семејства кои биле споменувани во првичната студија. Смислата на тоа проширување на студијата било да се даде компаративен опис и анализа во главно на работничките семејства кои потекнувале од различни географски, економски и културни средини. Таквата анализа на различните семејства, овозможила да се осознаат различните активности и функции како и различните семејни односи. Тој во секое семејство разговарал со членовите за материјалната состојба, за џепарлакот, за климата односно за сето она што секојдневно ги опкружува. И покрај недостатоците во студиите на Ле Плеј, денес претставуваат основа од која тргнуваат социолозите при градењето на новите типологии на семејните облици, а исто така претставуваат и објаснување на некои пошироки општествени појави како што се особините на општествената структура или општествената идеологија.

Ле Плеј ги поделил идејно-идеолошките погледи на конзервативни монархистички и католичка десница. Во Франција сметаат дека неговото истражување за главна цел имало да биде направена социјална реформа во општеството со која ќе биде вратена предреволуционерната епоха. Со тие реформи би се постигнало во

семејството повторно да се врати достоинството и способноста за контрола во рамки на семејството.

Ле Плеј доста брзо по објавувањето на својата главна студија станал доста познат низ цела Европа. Неговата метода на истражување ја користат поголем број на автори во Европа и се користи во многу статистички служби кои го проучуваат животниот стандард на работнилката класа.

**1.5.5. Вилхелм Хајнрих Рил**

Истата година кога Ле Плеј ја издава својата студија, се објавува и студијата на Рил во Германија. Студијата има неатрактивен наслов „Семејство” и претставува трета повеќетонска и етнографска-социолошка студија во тогашното германско општество.

Како и во случајот кај Ле Плеј и Рил предложува социјално-политички реформи кои треба да го зацврстат иповратат старото патријархално семејство кое е темел на општеството и културата: За двајца само една врста на семејство е способна да ги стабилизира и општеството и поединеците и овозможуваат социјална хармонија и мир. Тоа е „семејно стебло” како што го нарекува Ле Плеј, односно тоа е проширено семејство кое продолжува да ги задржува старите родители на еден машки потомок со неговото семејство што гарантира наследен, економски и духовен континуитет на семејството, но и стабилност на општеството и државата. Сите други семејни облици се нестабилни и неможат да бидат основа на општествениот ред. За разлика од Ле Плеј, Риловото емпириско посматрање се засновува на квалитативен метод односно употреба на посматрање во теренската работа и користење на сите видови општествени информации кои му стојат на располагање на истражувачот. Тој во својата студија исто така и ги подучува своите читатели и дава конкретни и практични поуки и вештини, ги учи како да го чуваат своето здравје и како да се лекуваат.

**1.5.6. Емил Диркем**

Диркем ја има таа чест да биде основач на семејната социологија како универзитетска наставна и научна дисциплина. Тој прв во 1888 година, започнал оваа дисциплина да ја употребува на Универзитетот во Бордоу за студентите за педагогија. Во таа година датира и неговото воведно предавање за истата настава. Меѓутоа освен допринос во институционализација на оваа дисциплина, Диркемовите студии за семејство се доста вредни за развој на овие дисциплини затоа што имаат антиципациски карактер што денес многу ретко се зборува за него и се вреднува.

Диркем го формира и поимот „Конјугални семејства” (брачно семејство) како својство на модерното друштво за кое е карактеристично стабилизација на брачните дијади како „Централни семејни оски”.

За разлика од претходниците на оваа дисциплина, Диркемовото основање на социологијата на семејството се потпира на систематски и критички верификувани емпириски материјали кои му биле достапни во тоа време научни литератури. Анализата на семејството Диркем го поставува во доста широк општествен контекст: на една страна е сродното групирање и неговите различни облици, а на друга страна државата и нејзината регулаторна моќ над семејството. Помеѓу двата пола кои го обликуваат семејството низ историјата, Диркем остава простор за испитување на внатрешни односи помеѓу членовите, како меѓу себе, така и кон материјалните добра кои се составен дел на семејната структура.

Анализирајќи ги варијациите во внатрешните и полови односи во семејството низ историјата, Диркем воспоставува развиена историска класификација на семејните етапи на развој, како во однос на еволуционата шема, така и во однос на трочлената Ле Плејова класификација. Врз основа на сите проучувања Диркем тврди дека современиот облик на семејство во себе ги содржи сите претходни облици.

Поделбата на различни семејни облици Диркем ја гради со помош на позитивистичката индуктивна методологија. Тој тврди дека семејните обичаи и семејните норми се основата за истражување на едно семејство. Меѓутоа како и во многу случаеви Диркем прави грешка во тоа што податоците ги прави објективни и го ограничува спектарот на семејните појави. Неговата теорија за семејството е позната под насловот „Теорија на контракција” во која се објаснуваат историските промени на семејните облици до настанокот на модерното брачно семејство. Теоријата се засновува на моделот на еднолинеарна еволуциона шема, која Диркем инаку ја критикува, но и превзема нејзини фундаментални премиси и содржи две теореми:

Во онаа мера во која општествената средина се шири и усложнува во таа мера се намалува и семејството. Контракцијата или редукцијата на семејството има два аспекти:

1. Функционална редукција т.е. смалување на бројот и видовите на дејности за кои семејството останува надлежно во општествената поделба на работа и
2. Структурално намалување кое се однесува на составот на семејството.

Паралелно со намалувањето на семејството се доаѓа до индивидуализација на семејството и односите помеѓу членовите на семејството. Семејството станува се

повеќе самостоен колектив, а исто така и членовите се карактеризираат како посебни индивидуи.

# 2. ГРАДЕЊЕ НА СЕМЕЈНА ПОЛИТИКА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## 2.1. Извори и карактеристики на семејното право во Република Северна Македонија

Постојат неколку вида извори на семејното право во Република Македонија. Прво, постојат основни извори, а тоа се Уставот на Република Македонија и Законот за семејството. Семејството во Републиката Македонија е уставен институт (установа). Таквиот статус на семејството се темели врз нормите на Уставот на РМ (од чл.40 до чл.42), кои се почетна основа за утврдувањето на законскиот режим на семејните односи, семејните потреби и семејната заштита.

Семејството во Република Северна Македонија ужива посебна уставна заштита. Според Уставот на Република Северна Македонија се создаваат определени права и должности на определени категории на членови (субјекти). Се работи за правата и должностите на родителите кои треба да се грижат за издржување и воспитување на децата, како и за должноста на децата да се грижат за старите и изнемоштени родители. Во случај кога децата се без родители, како и во случај кога децата се без родителска грижа, за таквите деца се грижи Републиката, односно државата.

Во врска со семејството државата ги има следниве права:

1. да води хумана популациона политика (според чл. 41, став 2 од Уставот на РМ);
2. да ги заштитува мајчинството и малолетните лица (според чл. 42, став 1 од Уставот на РМ);
3. да ги определува основите на работното законодавство кои се однесуваат на следното:
   - неможност лицето помладо од 15 години да биде вработено;
   - потоа малолетните лица и мајките имаат право на посебна заштита при работа;
   - и малолетните лица не смеат да бидат вработувани на работни места што се штетни за нивното здравје и моралот од чл. 42, став 2;став 3 и став 4 од Уставот на РМ.[32]

Семејството, според уставните норми, има право на неприкосновеност, право на приватност, а неговите членови се должни да се грижат споделено со државата, за остварувањето на правата кои имаат карактер на економски, социјални и културни

[32]Устав на Република Македонија, Сл.весник на РМ, 52/91 и 91/01.

права. Правните односи во семејството, во бракот и во вонбрачната заедница се уредуваат со закон.

Законот за семејство е кодификација на неколку закони кои порано ги уредувале трите делови на семејното право: бракот, родителството и старателството. Кодификацијата е извршена во 1992 година со усвојувањето на Законот за семејство. Досега се извршени на осум пати измени и дополнувања на важечкиот пропис.

Покрај задолжителните извори, постојат и извори кои имаат супсидиерен карактер и незадолжителна примена. Таквите извори на семејното право се. обичајот, судската практика и правната наука.

Обичајот има, пред се, супсидиерен карактер и може да стане извор на правото доколку се санкционира, или, пак, доколку со него се пополнува некоја правна празнина. Обичајот може да се примени супсидиарно само доколку не е во спротивност со уставните начела и со моралните сфаќања на цивилизациското општество.

За судската практика не е непосреден извор на семејното право. Но, ставовите и мислењата на истакнатите теоретичари, а посебно на научниците емпиричари, не треба да се занемаруваат при изработувањето на новите законски решенија. Пример со измените и дополнувањата на Законот за семејството во 2004 година, кога научното истражување за семејното насилство реализирано од невладината организација, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија (ЕСЕ) го отвори прашањето за оваа појава со што даде значаен придонес во санкционирањето на законската новина насловена како: ,,Нарушени односи и насилство во бракот и семејството". Што се однесува на семејното насилство врз основа на тоа истражување беа извршени соодветни измени и дополнувања во кривичноправната материја.[33]

Ценејќи ја целокупната семејно-правна материја, може да се каже дека таа кај нас има свои карактеристики од аспект на позитивното право и од аспект на наука. Тоа произлегува од фактот што семејното право кај нас се сфаќа на два различни начини: како гранка на правото и како посебна научна, односно наставна дисциплина (се изучува во рамките на Правниот факултет и Филозофскиот факултет – Институт за социјална работа и социјална политика – на сите степени).

---

[33]Чачева, В., & Чонева, Љ. (2000). Семејно насилство. Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ, Скопје.

Семејното право кај нас е кодифицирано со усвојувањето на Законот за семејството во 1992 година. До усвојувањето на на Законот за семејството од (1974 до 1992 година) важеле следниве прописи: Законот за брак, Законот за односи помеѓу родители и деца, Законот за посвојување, Законот за старателство и Законот за посебни процесни постапки во семејните односи.

Во рамките на кодифицираното семејно право постојат институти кои немаат исклучиво семејно-правен карактер. Тоа се институтите: издржување и имотни односи, кои имаат првенствено граѓанско-правен карактер. Со оглед на тоа што тие два институти се однесуваат на семејството, законодавецот се определил да ги кодифицира, како семејно-правни односи.

Извршените законски промени во 2004 година се јавуваат кај институтот посвојување и кај остварувањето на родителското право во смисла на почитувањето на волјата на детето како субјект на правото. Понатаму, семејно-правната материја се дополнува со законска новина која се вика со заедничко име - семејно насилство, а во законот е насловена како посебна глава - Нарушени односи и насилство во бракот и во семејството.[34]

Современата семејно-правна регулатива кај нас е во согласност со нормите на меѓународното право, посебно на оние што се однесуваат на правото на детето. И натаму останува спорна правната природа на семејството, односно правниот субјективитет на семејството. Најчесто е во примена одредувањето на субјективитетот според главата на семејството.

Семејното право како позитивно право и наука има допирни точки со: социјалното право и со социјалната политика, но и со посебните социјални заштити (на децата; на старите лица; на инвалидните лица; и на хендикепираните лица), потоа, со хуманитарно право; со граѓанското право и со кривичното или (казненото) право. Семејното право како наука се повеќе тежнее кон примена на интердисциплинарниот метод. Покрај тоа, тоа како наука има допирни точки со социологијата на бракот и семејството (како посебна социологија).

Семејството настанува со раѓање на деца и со посвојување (според чл.1, став 2 од Законот за семејство). Тоа значи дека не постои институција семејство, доколку нема деца.

[34] Закон за семејството (Пречистен текст), Сл. Весник на РМ, 83/2004.

Според општите одредби на истоимениот Закон за семејството (1992), за општествената позиција на семејството се релевантни следниве норми:

1. односите во семејството се засноваат врз рамноправност, взаемно почитување, меѓусебно помагање и издржување, како и заштитата на интересите на малолетните деца;
2. Републиката обезбедува посебна заштита на семејството, мајчинството, децата, малолетните лица, децата без родители и без родителска грижа;
3. Републиката обезбедува заштита на бракот и семејството од нарушени односи и насилство во бракот и семејството, т.е. од семејното насилство кое претставува законска новина воведена во 2004 година;
4. Државата има определени ингеренции во поглед на создавањето и обезбедувањето научни, економски и социјални услови за планирање на семејството и за слободно и одговорно родителство;
5. Родителите се должни да обезбедуваат оптимални услови за здрав раст и развој на своето дете во семејството и во општеството, како и да се грижат за подигање, чување, воспитание и образование на своите деца и да ги развиваат нивните работни способности и навики;
6. Родителството настанува со раѓање и посвојување и тоа може да биде одземено или ограничено под услови определни со закон. Притоа, родителското право го вршат родителите заедно во согласност со потребите и интересите на децата и интересите на општествената заедница;
7. Како и порано, и сега, не постојат разлики во поглед на статусот на децата кои се родени во брак или вонбрачно.
8. Брачната и вонбрачната заедница се изедначени во Законот, но само под определни услови утврдени со Законот за семејство.
9. Според одредбите на Законот за семејство, постои либерализација на постапката за развод на бракот, особено во случај кога брачните другари немаат малолетни деца или деца со продолжено родителско право;
10. На необезбедените членови на семејството, во смисла на неможноста за издржувањето од страна на субјектите во брачната или вонбрачната заедница, државата им обезбедува средства неопходни за издржување, под услови определени со закон;

11. Републиката преку старателство обезбедува заштита на децата без родители, на малолетните деца без родителска грижа и на полнолетните лица под услови и начин утврден со Законот за семејство;
12. Работите сврзани со посебна заштита и помош на семејството, со насилството во бракот и семејството, со посвојувањето, како и работите на старателство, утврдени со Законот за семејство, ги врши центар за социјална работа со методите на стручната и советувалишната интердисциплинарна тимска работа.
13. Во 2004 година се извршени советодавни законски промени во: посвојувањето, во остварувањето на родителското право од аспект на поголема заштита на детето, од аспект на детските права.
14. Во 2004 година во домашното семејно законодавство се втемелува законска новина, семејно насилство.

Притоа, на центрите за социјална работа им се дава посебна надлежност во доменот на семејното насилство.

Семејството како општествена појава има свој историски развој, откако настанало тоа постојано се менувало и поминало низ многу различни фази, следејќи го, воопшто развојот на човештвото. Но, долго време во науката се мислело спротивното владеачко било мислењето дека семејството останало во иста и неизменета форма, онаква каква што е дадена во Библијата.

## 2.2. Потребите, состојбите и промените кои настануваат во современото македонско семејство под влијание на социо-економските фактори

### 2.2.1. Институционализација на социјално-заштитната функција на семејството

Паралелно со поопштествувањето односно институционализацијата на останатите сфери од семејниот живот, се одвива и процесот на поопштествување на социјално-заштитната сфера на семејството, како составен дел на социјалната политика, за кого посебно е заинтересирана и социологијата на бракот и семејството.

Во традиционалната патријархална човечка заедница, една од нејзините основни задачи била да им обезбеди заштита на своите членови како и сите други видови на социјална сигурност. Семејната група претставувала единствено место во кое поединецот се чувствувал сигурен и заштитен.

Современиот општествен развиток овозможува голем број на потреби сврзани со социјалната сигурност на поединецот, освен во семејството да се задоволуваат и надвор од него. Тоа, воедно значи и делумно излегување на социјално-заштитната функција на семејството надвор од неговите рамки и нејзино поврзување со општествените институции. Излегувањето е само „делумно”, затоа што сепак за успешно задоволување на потребите кои произлегуваат од оваа семејна сфера, во сегашните глобални општествени прилики, пресудна е улогата на семејната заедница. Општествената солидарност, која токму на ова подрачје треба најмногу да дојде до израз, се уште не го постигнала потребното ниво, така што во реализирањето на оваа своја значајна функција, современата човечка заедница чувствува потреба од поголемо поопштествување.

При тоа, социјално-заштитната функција, современата човечка заедница чувствува потреба од поголемо поопштествување. При тоа, социјално-заштитната функција не би требало да се пренесе само на специјализираните општествени институции. За нејзиното успешно и пред се ефикасно поопштествување, неопходно е и далеку поактивно ангажирање и на работните организации, општествено-политичките организации, како и одредена материјална помош од страна на пошироката општествена заедница.

Институционализација на социјално-заштитната функција на семејството треба да даде значаен придонес за обезбедувањето на неговата стабилност, како и за надминувањето на сите неповолни услови кои на некој начин би можеле да го доведат

во прашање нормалното задоволување на семејните потреби. Како значаен фактор кој го забрзува поопштествувањето на оваа семејна функција се јавува и самото семејство со својот активен однос кон општествените промени. Во тој правец, современата човечка заедница преку своите членови би можела да има и пресудно влијание во насочувањето на основните правци на социјалната политика. Сепак, степенот на поопштествување на социјално-заштитната функција на семејството, непосредно е детерминиран од степенот на глобалниот општествено-економски развиток.[35]

### 2.2.2. Економските проблеми и социјалната сигурност на семејството

Економските проблеми со кои е соочена современата човечка заедница во Република Македонија, имплицитно произлегуваат од влошената глобална економска состојба, како и од неадекватната и слабо развиена социјална политика. Според податоците од истражувањата, повеќе од половината од семејствата во Република Северна Македонија се соочуваат со сериозни економски проблеми, и тоа пред се од финансиска природа, што во извесна смисла претставуваат потенцијално материјално загрозени семејства. Од друга страна и реално, висок е процентот на материјално недоволно обезбедени семејства, чија социјална сигурност е доведена во прашање. За пристојна егзистенција на овие семејства се разбира дека е потребна и неопходна соодветна помош од страна на општествената заедница. Ваквите утврдени состојби се сосема реален и очекуван одраз на севкупните неповолни социо-економски прилики во кои веќе подолго време егзистира современата човечка заедница во Република Северна Македонија, со тенденција на натамошно влошување на ваквите состојби. Всушност, според официјалните податоци, како и според секојдневните информации од средствата за масовно комуницирање, бројот на семејствата кои, за жал, ги исполнуваат условите за добивање на некоја од многубројните форми на материјална помош кои имаат социјално-заштитен карактер, е се поголем. Интересно е што досегашните истражувања потврдиле одредени корелациони врски помеѓу економските проблеми со кои се соочува семејството и одредени независни карактеристики на семејствата, што секако има не само научно, туку и пошироко практично значење.

Таква една врска е утврдена помеѓу споменатото прашање и возраста на популацијата. Имено, со зголемувањето на годините на старост на родителите, се

[35]Милосав Милосавлевиќ, Подруштвљавање социјално-заштитне функције породице, во цитирана студија: Породица и друштвени систем, стр. 161.

зголемуваат и економските проблеми на семејството. Иако има повеќе причини кои ја објаснуваат оваа корелација, сепак се чини дека основната причина треба да се бара во реалната претпоставка што овие семејства имаат возрасни деца. Очигледно е дека во народната поговорка „Поголеми деца, поголеми обврски" има многу вистина.

Исто така, мошне висока корелациска поврзаност е утврдена и помеѓу ова прашање и степенот на образование на родителите. Во таа смисла, понискиот степен на образование претпоставува и поголеми економски проблеми на семејството, и обратно. Истражувањата покажуваат, на пример, дека додека речиси сите семејства кај кои родителите се неписмени се соочуваат со економски проблеми, овој процент кај семејствата чии родители имаат високо образование, е незначителен. Оваа корелација за нашите прилики е вообичаена и логичка, така што се смета дека нема потреба од подетално објаснување. Сепак, бидејќи основна причина за состојбата во која се наоѓаат материјално необезбедените семејства претставува неповолната образовно квалификациска структура на работоспособните членови, како што впрочем претходно може да се констатира, мерките што треба да ги преземе општествената заедница преку социјалната политика треба да бидат насочени пред се кон подобрување на квалификациската структура, што доведува и до поголемо вработување и до подобрување на општите услови за живеење. Обезбедувањето на основната социјална сигурност на семејството останува како една од примарните задачи на социјалната заштита. Родителите од различни социјални класи покажуваат разлики и варијации во воспитните стилови. Направено е испитување за утврдување на разликите во воспитувањето меѓу мајките од урбани и рурални средини и дојдено е до заклучок дека кај мајките од рурални средини постои згрижувачка зависност[36], но исто така се попопустливи. Родителите од урбаните средини и од семејствата со повисок социо-економски статус им даваат на децата повеќе задолженија, со што членовите на семејството стануваат понезависни.[37] Сиромаштијата е во релација со бројни физички и психо-социјални проблеми што се јавуваат кај децата и адолесцентите. Драстични економски промени генерираат деца со тешко однесување.

*Семејството и агресивното однесување кај учениците* - депривација на семејството како вистински извор на фрустрации, најчесто води кон агресивно

[36] Seth, M., Saksena, N. K. & Srivastava, R. K. (1978). Child-rearing attitudes of rural and urban mothers: A comparative study. Child Psychiatry Quarterly, 11(2), 26-30
[37] Seymore, J. (1976). The Guide to Self-Sufficiency. New Haven, Conn

однесување на најмладите.[38] Родителите кои заработуваат помалку, често манифестираат чувство на немоќ и недостиг од влијание врз социјалниот живот на детето, за разлика од оние кои заработуваат просечно или над просечното.

Еден од носечките документи кој сама по себе, претставува заокружена целина со насоки на дејствување и градење на конзистентна политика во однос на сите релевантни аспекти на семејството и е во согласнот со актуелните документи за демографски развој на населението на Република Северна Македонија е токму Стратегијата за семејство.

Стратегијата за семејство е инкорпорирана во Стратегијата за демографски развој на Република Северна Македонија 2015-2024. Семејните политики ќе се спроведуваат преку создавање на рамка за имплементирање и следење на програми насочени кон поддршка на младите лица за создавање на предуслови за брак и семејство, одговорно родителство, зголемување на негата и грижата за децата, унапредување на помошта на семејствата и нивните членови, усогласување на семејниот со професионалниот живот, промовирање на родовата еднаквост и унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје, во контекст на планирање на семејството.

Приоритети во оваа стратегија се следниве полиња на дејствување и градење на конзистентна политика:

1. Поддршка и афирмација на младите за создавање предуслови за брак и семејство,
2. Политики за усогласување на родителството и професионалната работа,
3. Подобрување на сексуалното и репродуктивното здравје за унапредување на условите за планирање на семејството,
4. Политики за подобрување на условите за нега, грижата, раст и развојот на децата,
5. Политики за материјална и нематеријална помош и поддршка на семејствата, и
6. Промоција на семејните вредности.

[38] Braithwaite, J., & Braithwaite, V. (1981). “Delinquency and the Question of Values”, International Journal of Offender Therapy and Comparative Criminology, 25, 273-289.

***Приоритет број 1***

**- Поддршка и афирмација на младите за создавање на предуслови за брак и семејство подразбира:**

- Зголемување на економските и социјалните можности на младите кои живеат во сиромашни средини,
- Зголемување на поддршката на постојаните активности и следење на остварувањата за намалување на невработеноста на младите лица,
- Поттикнување на вработувањето на младите лица во рамките на активните политики за намалување на невработеноста,
- Поттикнување и стимулирање на сите форми на вработување, самовработување и претприемништво на младите лица,
- Следење на постојните и охрабрување за воведување на нови политики и активности за обезбедување на работа на млади лица промовирање на политики за давање посебен приоритет во креирањето на политиките за намалување на долгорочната невработеност на младите и жените,
- Анализа со препораки за зајакнување на постојаните програми и политики во насока на олеснување на решавањето на проблемот со домувањето, со посебен акцент кон младите лица преку создавање на можности за олеснување на кредитирањето за купување на стан или куќа и финансиски стимулации, субвенции и определување на форма за субвенционирање на домување,
- Подобрување на условите за живот на млади брачни парови со анализа со препораки за воведување на финансиски стимулации - субвенции и определување на форма за субвенционирање на домување на младите брачни парови,
- Следење и континуирано создавање на можности за намалување на трошоците за одгледување на деца преку даночни олеснувања и поволности.

**- Поттикнување на одговорно родителство**

- Постојано развивање на мрежата на советувалишта за брак и семејство,
- Подобрување и доследно имплементирање на законските одредби во однос на малолетничките бракови,
- Проширување на мрежата на едукативни центри за родителите и зајакнување на нивната улога.

- **Промовирање на родова еднаквост во семејството**
  - Поддршка и следење на активностите за намалување на невработеноста на жената и нејзино вработување,
  - Стимулирање на жената за дооформување на образованието и стручното оспособување,
  - Поддршка на постојаните активности и воведување на нови за превенција на раното напуштање на школувањето на девојчињата,
  - Поддршка на програмите за елиминирање на родовите стереотипи, за улогата на жените и на мажите во општеството,
  - Создавање услови за отстранување на сите форми на дискриминација кон женските деца и преференции на машките деца, кои резултираат со штетни и неетички практики во однос на пренаталната селекција на полот,
  - Унапредување на поделбата на одговорностите на жената и на грижата за нивните деца и членовите на семејството, во насока на постигнување целосна рамноправна распределба на одговорностите во семејството и опшетството.

- **Отстранување на сите форми на семејно насилство**
  - Следење на доследноста во примената на Националната стратегија за заштита од семејното насилство, како што е рано откривање, пријавување и интервенција на сите форми на насилство, заштита на жртвите, соодветни казни за сторителите и др,
  - Промовирање и следење на имплементацијата на законската регулатива и другите законски акти со кои се превенира и спречува семејното насилство,
  - Спроведување на кампањи за подигнување на јавната свест.

***Приоритет број 2***

- **Усогласување на родителството и професионалната работа**
  - Поддршка на постојните активности и проширување на можноста за користење на отсуство за грижа и раст и развој на детето од страна и на таткото, односно посвоителот на детето,
  - Анализа на модели за воведување на флексибилно работно време по позитивни примери од други земји,
  - Анализа на моделите на право на родителско отсуство (координација и дефинирање на протоколи и акти за делување),

- Надградба на системот на вонинституционални и алтерантивни форми на згрижување на деца на локално ниво
- Континуирано мапирање на потребата на капацитети од згрижување и нега на деца од предучилишна возраст, за создавање реални можности за згрижување на децата,
- Следење и унапредување на протоколите за подобрување на условите на работното место и работниот процес на жената која планира семејство,
- Анализа на модели на скратено работно време, part-time jobs, за вработени мајки при одгледување и грижа за мали деца.

***Приоритет број 3***

**- Подобрување на сексуалното и репродуктивното здравје за унапредување на условите за планирање на семејството**

- Развивање и унапредување на системот за планирање на семејството,
- Зголемување на покриеноста и одржливоста на здравствените служби за репродуктивно здравје и планирање на семејството, особено во руралните средини,
- Обезбедување на достапност на соодветни услуги за репродуктивно здравје и планирање на семејството за лица во социјален ризик и други ранливи групи, со цел да се овозможи пристап до информациите и услугите,
- Развивање и унапредување на системот на мрежи на советувалишта за репродуктивно здравје кај младите,
- Унапредување на системот за помош на брачни парови кои се лекуваат од неплодност,
- Унапредување на квалитетот на здравствената заштита и употреба на современа медицинска технологија во третманот на инфертилитетот,
- Следење на имплементацијата на активностите, согласно со донесената Стратегија за сексуално и репродуктивно здравје (промоција на модерните средства за контрацепција, остварување на подобра контрола на полово преносливи болести).

**- Обезбедување на пристап и достапност на квалитетни услуги за одржување на пренаталната, интернаталната и постнаталната грижа за мајката**

- Имплементација на активностите од Стратегијата за безбедно мајчинство,
- Министерството за здравство во соработка со Фондот за здравствено осигурување да спроведува промотивни активности за информирање на јавноста и кампањи за мотивирање за потребата од континуирани антенатални прегледи на бремените жени,
- Следење на бременоста, согласно со донесените протоколи,
- Целосно спроведување на електронско водење на мајчинска книшка, задолжително за матичните гинеколози,
- Зајакнување на улогата на Центарот за хумана репродукција, со анализа на електронски доставени податоци од породилишта теренски посети по породилишта и давање на совети и препораки,
- Зајакнување на услугите од страна на поливалентната патронажна служба, особено во руралните средини,
- Обезбедување на висококвалитетни здравствени услуги во породилиштата, согласно со донесените протоколи,
- Едукација и промоција на потребата за избор на матичен гинеколог,
- Поддршка за семејствата во случај на неплодност, преку изработка на бихевиоријална студија за ХИВ/СИДА и сексуално и репродуктивно здравје меѓу младите, со цел откривање на причините за зголемување на стапките на инфертилитет,
- Анализа на состојбата на стерилитет и дефинирање на мерки за справување со високите стапки на стерилитет,
- Спроведување на истражување за достапноста на услугите за репродуктивно здравје со акцент на ранливите групи и утврдување на модел/пристап и буџетско планирање за обезбедување на услуги за семејно планирање, репродуктивно здравје, антенатална грижа, здрава бременост и безбедно мајчинство,
- Доделување на специјализации по гинекологија и спроведување на анализа за обезбедување на рамномерна географска распределба на гинеколошки услуги низ територијата на Република Северна Македонија,
- Вклучување на здравствените работници од Примарната здравствена заштита (семејните лекари и патронажни сестри) и ромски здравствени медијатори во

давање на дел од услугите поврзани со сексуалното и репродуктивното здравје (советување за семејно планирање, безбедно сексуално однесување).

***Приоритет број 4***

**- Подобрување на условите за нега, грижата, раст и развојот на децата**

- Јакнење на улогата на примарната здравствена заштита со акцент на руралните средини,
- Обезбедување на стимулативни мерки за поттикнување на здраствените работници да работат во сиромашните заедници и руралните средини,
- Користење на квалитетни здраствени услуги во согласност со модерните стандарди за здраствена заштита,
- Зајакнување на интерсекторската соработка на образовниот и социјалниот сектор заради обезбедување на интегриран и холистички пристап во промоција на детското и адолесцентното здравје,
- Зајакнување на системот на превенција кај матичниот лекар за рано откривање на заболувања и состојби на детска возраст (како што се дебелината кај децата, дијабетисот, астмата, повредите и голем број на други здравствени состојби),
- Поддршка на имплементацијата на Стратегијата за имунизација,
- Процена на ризик-факторите и нивото на експозиција на децата на токсини во надворешната средина (аерозагадување и други фактори) и примена на мерки за унапредување на животната средина,
- Поддршка на активностите содржани во Стратегијата за сексуално и репродуктивно здравје, во делот за репродуктивно здравје на младите.

***Приоритет број 5***

**- Материјалната помош и нематеријалната помош и поддршка на семејствата**

- Унапредување на можностите за поволни кредити на младите брачни парови,
- Подобрување на постоечката и изградба на нова инфраструктура за семејствата од ранливите групи во руралните средини и субурбаните делови во градовите,
- Поддршка на постојаните и иницирање на нови активности за унапредување на условите за живеење во индивидуални станбени едининици,

- Следење на индикаторите на сиромаштија на семејствата и унапредување на постојните програмски активности за дејствување,
- Поддршка на постојаните и иницирање на нови активности за обезбедување услови за еднаков и квалитетен пристап, задржување и завршување на образованието,
- Дефинирање и создавање услови за поддршка на инвестиции и вработување во рурални средини,
- Воведување и развивање на нови услуги од социјалната заштита на локално ниво,
- Континуирано унапредување на системот на згрижување и воспитување на децата од предучилишна возраст.

***Приоритет број 6***

**- Подобрување на информираноста и знаењето за семејството и промовирање на позитивните вредности на семејниот живот преку:**

- Збогатување на наставните планови и програми на сите нивоа на образование со содржини кои се однесуваат на семејството,
- Збогатување на програмите во Јавните установи за згрижување на деца од предучилишна возраст со содржини кои се однесуваат на семејството,
- Воведување на програми од областа на семејството во високообразовните институции за стручно усовршување на наставниците, стручните соработници, воспитувачите и други лица кои работат со децата, младите и родителите,
- Воведување на други форми за развивање на компетенциите и вештините на воспитувачите, стручните работници и стручните соработници, за работа со децата на предучилишна возраст,
- Воведување нови начини за издавање на информативен и едукативен материјал кој се однесува на семејството,
- Зголемување на медиумската покриеност за промовирање на семејните вредности,
- Поттикнување научни истражувања за семејството,

- Промовирање и водење на кампањи за информирање на населението за значајни прашања што се однесуваат на семејството, со учество на граѓанскиот сектор во промоција на темите за семејството,
- Активна вклученост на единиците на локална самоуправа за спроведување на приоритетите на Стратегијата.

### 2.2.3 Социјалната заштита на семејствата со социјално-патолошки проблеми

Општествено-економската криза, а посебно економската стагнација којашто веќе подолго време е присутна кај нас, и која што посебно е влошена во последниве десеттина години, доведоа до видливо опаѓање на животниот стандард на семејството, пратено со низа социјални проблеми. Бројот на семејствата кои што се доведени на работ на животната егзистенција постојано се зголемува, што претставува потенцијална опасност за појава на разни социјално-патолошки однесувања во семејството, кои од своја страна, можат да ги нарушат семејните односи и семејниот интегритет во целина.

Во таа смисла целта на социјалната заштита е обезбедување на социјална сигурност на семејствата кои, во денешните неповолни економски состојби, не се во можност самостојно со својата работа да го обезбедат задоволувањето на основните социјални потреби, како и преземањето на соодветни мерки за спречување на појавата на разни социјално-патолошки проблеми во семејството. Така, социјалната заштита треба да даде значаен придонес во задоволувањето на следниве потреби на семејството:

- Потреби за социјална заштита кои произлегуваат од материјалната загрозеност и неможност на семејството да ги задоволи основните животни потреби на своите членови;
- Потреби за социјална заштита на семејствата кај кои споменатите прилики довеле до разни социјално-патолошки нарушувања: воспитно запуштени и деликвентни деца, и други асоцијални појави;
- Потреби на семејството од заштита на децата попречени во физичкиот и психичкиот развиток.

Современиот брз општествен развиток, освен глобалното позитивно влијание врз севкупната трансформација на семејството, може да доведе и често доведува и до низа

негативни општествени појави, кои во суштина неповолно се одразуваат врз стабилноста на современата човечка заедница. Расчекорот помеѓу потребите на индивидуата и семејството од една страна, и објективните можности на семејството од друга, често оди во прилог на асоцијалното однесување на членовите на семејството кои сериозно го доведуваат во прашање и интегритетот на семејната група.

Под поимот „воспитна запуштеност" најчесто означува „лишување на младите од грижа и воспитување, што подразбира отсуство на свесно, насочено и целесобразно влијание врз нивниот развој и воспитување. Тоа е состојба во која младите запаѓаат несвесно и без своја желба.[39] Меѓутоа, за овој поим има и многу други определби. Така мошне често воспитната запуштеност се сфаќа во најшироко значење, така што во овој поим се инкорпорирани сите облици на престапничко поведение на младите.
Се смета дека поимот воспитна запуштеност ги опфаќа оние форми на поведение кои не претставуваат деликвенција во смисла на вршење на кривични дела, туку само нејзин претходен стадиум, т.е. предделиквентно поведение. Постојат и сфаќања според кои воспитната запуштеност се определува како состојба во која се наоѓа одредена група на малолетници. Тука спаѓаат малолетниците кои се лишени од правилно воспитување заради различни причини: заради својата незрелост и невротичност, заради непостоење на нормални семејни и општествени услови за нивниот непречен развој, или пак, заради постоење на одредени телесни недостатоци, како и негрижа и небрежност на нивните родители.[40] Од друга страна, малолетничката деликвенција, претставува секое општествено негативно однесување на малолетниците кое со закон е инкриминирано како кривично дело.[41] Деталната анализа на феноменологијата на малолетничката деликвенција низ еден долг временски период, според расположивите статистички показатели од статистичките годишници на Република Северна Македонија, недвосмислено покажува дека сфаќањето според кое комплетноста на семејството има пресудна улога во социјализацијата на личноста, не може во целост да се прифати.

Имено, ако при анализата го земеме предвид вкупниот број на осудени малолетни лица, имајќи ги предвид семејните услови во кои живееле, ќе видиме дека преку 90 посто од нив живееле заедно со родителите, со што автоматски се елиминара

[39]Арнаудовски, Љ. (1983). Предавања по Социјална патологија, Студентски збор, Скопје, стр.242
[40]Сулејманов, З., & Матилов, Н. (1996). Заштита, едукација, и рехабилитација на лицата со пречки во физичкиот и психичкиот развој во Македонија, ИСПИИ, Скопје, ,стр 29
[41]Младеновиќ, М. (1980). Социјална политика и породица, стр.205

улогата на семејството како единствено значаен и исклучив детерминатор во оневозможувањето на оваа негативна општествена појава. Секако, семејството има непроценлива улога и значење за правилното формирање на младата личност. Меѓутоа, детето во семејството од разни причини е изложено на низа опасности кои доведуваат до негово деликвентно однесување. Имено, иако се работи за потполна семејна структура, тоа (семејството) самото по себе се покажува како недоволен фактор за нормалниот развиток на личноста. Во таа смисла, освен комплетноста на семејната структура, големо влијание врз младото поколение имаат и другите семејни компоненти кои во случај на нарушеност можат да доведат до потенцијално деликвентно поведение. Овде во прв ред се мисли на нарушените меѓусебни односи во семејството, разводот, слабите емотивни врски помеѓу родителите и детето, слабиот авторитет на родителите, негативниот личен пример што го даваат родителите со сопственото однесување, алкохолизмот во семејството, болест на некој од родителите, телесното казнување како „непријател на доброто воспитување", вработеноста на мајката и др.

Што се однесува до вработеноста на мајката како фактор кој го поттикнува малолетничкото престапништво, треба да се напомене дека ваквиот став научно не може да се прифати без исклучоци. Имено, иако вработувањето на мајката значи и помала контрола на однесувањето на детето, сепак тука во поголема мера се застапени разните форми на општествена заштита на децата. Некои истражувања дури покажуваат дека во поголем процент деликвентно се однесувале децата на невработените мајки.[42] Интервенцијата, односно грижата на општествената заедница во оваа сфера, може да се согледа преку преземањето на посебни воспитни мерки пропишани во Кривичниот закон. Со овие мерки на малолетните престапници им се овозможува помош, заштита и надзор за нивниот непречен натамошен социјален развиток. Со применетите санкции се отстрануваат причините кои довеле до деликвентно однесување.[43] Социјалната заштита во Република Северна Македонија претставува една од нејнеразвиените општествени дејности, која се уште е далеку од тоа и по квалитет и по квантитет да одговори на потребите на современата човечка заедница. Поопштествувањето на социјално-заштитната функција на семејството, односно грижата на општеството околу оваа семејна сфера започнува многу доцна,

[42]Мариќевска, З. ( 1987). Негативното влијание на семејната средина еден од факторите за појавувањето на малолетничкото престапништво, Безбедност, бр. 3, Скопје
[43]Кондиќ –Мијановиќ, Ц. (1980). Пенологија,Београд, , бр.1-2. Стр.57 - 65

дури откако ќе се појават одредени нарушувања во семејниот живот: загрозена социјална сигурност, разни социјално-патолошки проблеми, семејства со деца попречени во нормалниот психофизички развиток и др. Во најопшти црти може да се согледа дека потребите на семејствата од некоја форма на социјална заштита, кај кои во извесна смисла веќе дошло до некои нарушувања, се далеку поголеми од услугите што во сегашнава кризна општествено-економска состојба може да ги понуди општеството. Имено, поопштествувањето на социјално-заштитната функција на семејството глобално е детерминирано од постојните општествено-економски услови, додека непосредно овој процес е во зависност од економските односи во областа на социјалната заштита. Не треба да се заборави дека степенот на поопштествувањето на оваа функција е детерминиран и од некои карактеристики на семејството (образовно-квалификационата структура на членовите на семејството, семејните односи и др), на што впрочем укажуваат и податоците од истражувањето. Во тој контекст треба да се бара и да се одредува местото и положбата како на семејството, така и на општеството, во процесот на поопштествувањето на социјално-заштитната функција.

# 3. ДЕФИНИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ НА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА ЗА СЕМЕЈСТВОТО (СЕМЕЈНА ПОЛИТИКА) ВО ЕВРОПСКА УНИЈА

Бидејќи дефинициите за семејство се многу и разновидни, тешко е да се постигне согласност во врска со дефинирањето на политиката за семејството. Во 70тите години е објавена студија за политиката за семејството во четиринаесет земји, четири од кои биле членки на Унијата од раните 1990-ти, каде во својата студија (Sheila, K., & Kahn, A., 1978) ја предложиле широката, сеопфатна дефиниција: „се што државата прави на и за семејството”. Извештајот од Европските посматрачи за Националната семејна политика, во текот 1989-90[44] прифатија слична широка дефиниција на семејната политика, опишувајќи ја како „мерки усмерени кон инфлуентност на семејството” но ги исклучува ненамерните резултати за семејството од мерки имплементирани во други подрачја. Семејната политика може да биде проучувана како вкупност на цели и мерки кон кои тежат градителите на политиката со цел да осигураат ефикасност на семејството како социјална институција.

## 3.1. Семејството и семејната политика - општи напомени

Социјалната димензија на Европската Унија е присутна од самиот почеток на процесот на европските интеграции. Таа преставува составен дел на идејата за европско мнозинство, кое е остварувано посебно низ процесот на интеграција и преку отстранување на спротивностите меѓу европските држави. Семејните политики, како што тврдат некои автори, нудат добра илустрација за општиот принцип, кој прогресивно го усвојуваат институциите на Европската Унија, дека на националните влади треба да им се препушти да ги определат рамките, финансирањето, организацијата на своите системи на социјална сигурност. Една од причините за непостоење на заеднички политики насочени кон семејството, како и во случајот на некои други права што не се доволно развиени, е истакнувањето на слободата на работникот, а не на граѓанинот. Истовремено, постојат и големи разлики меѓу и внатре во државите во поглед на вредностите што се наоѓаат во основите на семејните политики на различните национални држави, како и мерките за помош и поддршка на семејството и децата во државите-членки, што бездруго го отежнува нивното

[44] Социјална политика и социјална работа, Избор на текстови. (1999). Филозофски факултет. Скопје, стр.58

координирање. Оттаму, не е за чудење фактот што Европската Унија, од самото основање, немаше надлежности во сферата на семејните односи бидејќи развојот на семејните политики беше во контекст на слободното движење и на демографските промени во земјите на Европската Унија.

### 3.2. Услови за семејната политика во Европска Унија

И покрај тоа што уште во социјално-акционата програма од 1984 година е промовирана цел за усогласување на семејните и на професионалните обврски, активностите на тогашната Заедница, во поглед на постоењето мерки во однос на семејствата и на децата, речиси и немаше. Во 1983 година, Европскиот парламент формулирал Резолуција за семејните политики во Европската заедница, за да можат да бидат интегрирани во другите комунитарни политики. Во оваа Резолуција е изразена загриженоста поради импликациите од промената на структурата на европското семејство и улогата на жената и во семејството и општеството. Намалувањето на стапката на наталитетот, заедно со различните обрасци на семејниот живот, влијае врз промената на големината и структурата на домаќинствата. Покрај доминантниот модел на домаќинства, кој го сочинуваат родителите со едно или со повеќе деца, се јавуваат и нови облици, како што се реконструираните семејства  (семејства што се составени од партнерите и од децата од предходните бракови), како и еднородителските семејства. Смалената е просечната големина на домаќинствата, а е забележан пораст на бројот на самечките домаќинства, како и на еднородителските семејства. Опаѓањето на стапката на бракови, и порастот на бројот на стапката на разводи ја измениле структурата на семејството и влијанието на различноста на семејните модели.

Видливи реперкусии врз старосната структура на населението во Европа имаат продолжението на траењето на животот, опаѓањето на стапката на фертилитет, и намалувањето на приливот на имигранти. Големи промени се случуваат и во структурата на работоактивната популација, во економска смисла, а истовремено се зголемува загриженост за фискалната и финансиската одржливост на системот на социјална сигурност. Во 1994 година, со Резолуцијата за заштита на семејството и на семејните единици е покрената сеопфатен пристап за заштита на децата и на семејството на ниво на Европската Унија, преку обезбедување на еднаков третман на сите семејства, без оглед на нивната структура или тип на кој припаѓаат. Посебно внимание е насочено кон потребите и заштитата на децата, со акцент на децата во еднородителските семејства и во сиромашните домаќинства, како и на промовирањето

еднакви можности за мажите и за жените, за превенција на насилството во семејството и за злоупотребата на децата. Политиката за семејството е поставена во поширок контекст на демографските движења, како и учеството на жените на пазарот на труд. Иако од средината на седумдесетите години на дваесетиот век постојано се зголемува стапката на економската активност на жените во ЕУ, таа останала пониска од стапката на економската активност на мажите. Жените почесто се наоѓаат на помалку платени и понебезбедни работни позиции од мажите, реализираат хонорарни и задачи со скратено работно време, со ангажирање на определно време. Во текот на деведесетите години на минатиот век, прашањето на семејството и на семејните обрасци формално било регулирано и добило извесни законодавни белези во ЕУ, акцентот не бил на благосостојбата на семејството, туку на заштитата на здравјето и на безбедноста на бремените жени, на овозможување на слободно движење на вработените или еднаков третман на половите, на зголемување на флексибилноста на пазарот на трудот.

Од 2000та година па наваму, се зголемува интересирањето за областа на семејната политика во Европската Унија. Проблемот на неразвиеноста на европската политика за семејството произлегува од недоволното присуство на задолжителни акти во оваа сфера. Сепак, семејните политики стануваат приоритетна тема во политичките активности. За тоа, големо влијание имаат предизвиците што се заеднички за семејствата од сите национални држави и соочувањето со тие предизвици.

### 3.3. Цели на семејната политика на Европска Унија

Семејните политики стануваат централно прашање во земјите од Европска Унија како резултат од актуелните демографски промени што се случуваат во индустријализираниот свет. Во последните неколку години, големо влијание врз развојот на заедничкиот пристап во областа на семејната политика на ниво на ЕУ има Европскиот семеен сојуз, кој е основан во текот на 2007 година, со цел да придонесе во создавање на соодветни семејни политики преку размена на идеи и искуства меѓу државите членки и со поттикнување соработка меѓу членките на Унијата. При формирањето на Европскиот семеен сојуз, некои од целите и инструментите на ЕУ во оваа област беа формулирани и во Лисабонската стратегија за раст и за работни места. Истакнато е дека овие цели се важни заради унапредување на рамнотежата помеѓу семејниот и професионалниот живот, како и заради формулирање соодветни политички одговори на демографските промени. Усогласеноста помеѓу семејниот и професионалниот живот се огледа во степенот и во природата на поддршката што им

се дава на родителите (парична помош, обезбедување на услови за детска заштита, права на различни видови на отсуства), како и со флексибилно работно време со флексибилни работни ангажмани и други видови поддршка од страна на работодавците, кои придонесуваат за воспоставување рамнотежа и усогласување на семејните и професионалните обврски. Како пример за добра практика се нордиските земји и Франција каде што, покрај високата стапка на наталитет и релативно висока стапка на вработеност на жените со полно работно време, постои и релативно висока, континуирана и рамномерна поддршка на вработените родители во текот на растењето на нивните деца. Покрај тоа, обезбедена е и значајна поддршка од работодавците во однос на флексибилноста на работното време. За разлика од овие земји, во англосаксонските земји поддршката на родителството почесто се остварува преку хонорарна работа на жените или со скратено работно време, како што стапките на фертилитет се исто така високи, но помошта на државата е првенствено насочена кон сиромашните семејства.

Ако аналитички се согледаат целите на ЕУ во областа на семејството и на семејниот живот, можно е да се идентификуваат три клучни димензии на семејната политика. Овие три демензии, односно цели се: прво, добробит на детето, второ, рамноправност на половите и трето, воспоставување на рамнотежа помеѓу семејниот и професионалниот живот. Очигледно е дека станува збор за меѓусебно поврзани цели и дека развојот во едната област зависи од развојот на другата и тие градат една единствена целина. Добробитта на детето, како прва димензија на семејна политика на Европската Унија, се фокусира на децата како членови на семејството. Европската Унија унапредувањето на добробитта на децата и на младите луѓе го гледа како начин да им се помогне на идните генерации да го развијат својот полн потенцијал и на тој начин да даваат голем придонес во општеството и во економијата. Важната цел на ЕУ е и намалувањето на сиромаштијата кај децата бидејќи, и покрај вкупниот развој на пазарот на труд, децата се со поголем ризик од сиромаштијата во однос на општата популација во рамките на ЕУ. Во Европската Унија се потенцира дека најдобар начин за надминување на сиромаштијата кај децата е разрешувањето на проблемите, на сите фронтови и воспоставување на соодветна рамнотежа помеѓу семејството и детето.[45] Тоа подразбира комбинирање на стратегијата за поголема вработеност на родителите со давање на услуги и финансиска помош за да не дојде во ситуација на вртење во

[45]European Comission, Communication from the Commisssion-Promoting solidary between the Generations, http//eur-lex.europa.eu

круг. Втората димензија, дефинирана како рамноправност на половите, е со статус на приоритет во Европска Унија. Унијата презема активности и чекори во областа на рамноправноста на половите со промовирање на рамноправното учество на жените и на мажите во процесот на донесување одлуки, на пример учество на жените во политичкото или во економското одлучување преку транспарентност во промовирањето, флексибилност на работното време и достапност на установите за грижа за децата. При реализација на третата цел, дефинирана како усогласување на професионалниот и семејниот живот, Европската Унија ја ползува политиката на помирување со цел да ја зајакне позицијата на родителите на пазарот на трудот. Вработеноста на родителите е главната компонента на семејните политики и неспорно е поврзана со целите за постигнување на рамноправност на половите, искоренување на сиромаштијата и на социјалната исклученост. Обезбедувањето на семејните бенефиции, како универзални така и посебни, претставува клучен елемент против сиромаштијата. Усогласувањето на семејниот и професионалниот живот подразбира унапредување на образованието и на благосостојбата на сите членови од семејството. Преку поттикнување стручни обуки, проблемот на социјалната исклученост се решава во согласност со општите цели за намалување на ограничувањата и на слабостите во системот на образование и обука. Една од причините кои беа сугерирани и кои објаснуваа зошто Унијата не изградила своја сопствена семејна политика беше проблемот на постигнување консензус на целите. Целта и консеквенциите на семејната политика можат, како и другите подрачја на политика, да бидат манифестирани или латентни, директни или индиректни меѓусебно конзистентни или неконзистентни.

Во текот на повоениот период, владите од земјите членки формулираа сопствени цели на семејна политика во согласност со нивната политичка идеологија, нивниот приод во одредувањето на политиката и како одговорност на нивната интерпретација за потребите на семејствата во контекстот на променливата економска и социо-културна клима. Неколку земји, може да се рече имаат целовити кохерентни цели на семејна политика. Недоследноста може да се објасни со големата раширеност на потенцијални конфликти на потребите кои градители на политиката треба да ја имаат во предвид. Политиките формулирани во други подрачја, како на пример здравство, образование или вработување, веројатно имаат влијание врз семејството и може исто така да доведат до конфликти во целите.

На пример, политиките кои се усмерени кон заштита на традиционалните семејни структури можат да бидат во судир со другите усмерени кон барање еднаквост на можностите.[46]

Политиката за семејството може, спрема тоа, да предизвика поделба на погледите за фундаменталните прашања кои можат да имаат како ненамерни така и промислени ефекти врз поединецот и семејството. Бидејќи ресурсите никогаш не се бескрајни, избори мора да се прават со можност за вклучување на моралните расудувања. Овие конфликти на интересите покренуваат бројни прашања. Дали политиките би се концентрирале на поддршка на семејства од типовите на традиционално семејство, како на пример, емиграционата политика.

Во текот на повоениот период три главни цели на семејната политика се прифатени од земјите членки, рефлектирајќи на различни образложувања подредени на нивните политики за социјална заштита и нивните обиди да се справуваат со овие прашања, а тоа се: дистрибуцијата на платите, пронатализмот и еднаквите шанси. Некои земји членки ги реализираат сите овие цели, дури и со различни нагласки во зависност меѓу другото од политичката идеологија на помоќните земји. Најголем број земји тежат кон семејна политика во смисла на редистрибуција на доходот, било хоризонтално од индивидуите или брачните парови без деца до оние со деца, или вертикално од оние со високи доходи, до оние со ниски доходи, често целејќи на семејствата во најголема потреба. Во многу случаи и хоризонталната или вертикалната редистрибуција се правела, но значаен акцент се става на помошта на деца во ризик во согласност со политиката центрирана кон детето во 90-тите. Настојувањата за спречување на трошоците во економска класа, каде младиот човек останува зависен од своите родители до повозрасните години може исто така да го поттикне насочувањето на бенефициите. Некои земји се грижат за порастот на наталитетот и тежат кон преземање иницијативи кои ќе ги охрабрат брачните парови да имаат поголеми семејства. Франција и Белгија тежат кон оваа цел. Во нивните семејни политики во текот на повоениот период и немаше противење во изградбата на нивните експлицитни, пронаталистички цели. Велика Британија и се до летото на 80-тите Федерална Република Германија, се примери на земји кои избегнаа да го разгледуваат формирањето политики кои можат да се интерпретираат како поттикнување на порастот на населението поради нивната експанзионистичка конотација.

[46] Социјална политика и социјална работа, Избор на текстови. (1999). Филозофски факултет. Скопје, стр.61

Друго подрачје на растечки интерес, кое е тесно поврзано со семејната политика, а во некои земји, на пример Данска и Франција, претставувало негов интегрален дел е социјалната заштита на жената. Донесена е одредба за заштита и нивните права како мајки и како работнички, било истовремено или последователно, нивниот пристап на пазарот на трудот и овозможување на еднакви можности на вработување и во своите домови преку порамноправна дистрибуција на трудот.

Без оглед на нивните останати цели, една цел се наметнува од земјите членки на Европската унија, а тоа е желбата да се прави политиката попресметана, делотворна и отворена јавна заштита, која се карактеризира со цврста регулатива и поголема контрола на национално ниво.

### 3.4. Инструменти на семејната политика

И покрај разликите и колебањата во целите на семејната политика за земјите членки, многу од користените инструменти се исти. Слични мерки на семејната политика можат понекогаш да се сретнат во постигнувањето на различни цели, или тие можат да бидат адаптирани да задоволат специјални услови кои се однесуваат од една земја на друга. Инструментите на политиката можат исто така да бидат користени без поверлива евиденција.

Што се однесува до експлицитните политики, во трудот на (Sheila, K., & Kahn, A., 1978) подразбираат ,,проучени мерки или инструменти, такви како детска заштита, детскиот додаток, даночните бенефиции, додаток на плата, одредена заштита во домаќинството, специфично усмерени на семејството, исто како и политики кои имаат влијание на семејството дури и ако поставената цел не е семејната благосостојба". Европските посматрачи на националните семејни политики ја исклучија оваа последна категорија од мерките на семејната политика, иако тие беа избрани за посредување во подрачјата на политиката, такви како домаќинството, кои не се задолжително вклучени во семејната политика. Во извештаите, цели на Посматрачите меѓу другото се и изградбата на мерки поврзани со заштитата на здравјето на жената на работното место, иако тие се одредени да помагаат на жената како мајка, но ако нивната цел е да ја заштитат жената како поединечен граѓанин и работник, тие припаѓаат на здравствената политика и се намалени. Имплицитните семејни политики на Kamerman и Kahn се поврзани со владините активности кои имаат индиректни или непредвидливи консеквенци за семејството, како на пример, емиграциона политика. Според студијата

на (Nenbauer, A. L., 1993) подготвена од Германското владино министерство за семејство и стари, за семејната политика во дванаесет земји членки ги проучуваше сите овие подрачја, освен емиграцијата, и исто така го вклучи образованието и стручната обука, грижата за стари лица и мерки за надминување на сиромашијата. Во една меѓународна компаративна студија на (Bradshaw P. L., 1993) за поддршка на детето, од страна на Унијата за истражување на социјалната политика се вклучени даночната помош во однос на детската заштита, домаќинството, здравствената заштита и сервисите за редуцирање на услугите на цената на школување и предучилишна заштита. Со земањето во обѕир на овие подрачја, сите земји членки се согласиле да ги имплеменираат и експлицитните и имплицитните мерки, дури ако тие немаат претензија да тежнеат кон промислена семејна политика, но опсегот и природата на вклученоста на државата значително варираше од една земја членка кон друга. Иако во неколку земји државата обезбедува извесна поддршка на трошоците во домаќинството, само во Франција е направена експлицитна врска меѓу семејството и домувањето со давање на додатокот за домување и социјално домување како интегрален дел на семејната политика во социјалната заштита во шема адмистрирана од страна на Caisses des Allocations Familiales. Додатоците за хендикепирани деца не се сметаат како интегрален дел од семејната политика во Данска, Германија, Холандија и Велика Британија. Сите земји членки, сепак, водат грижа за промените во семејната структура и за деинституционализацијата на заштитата не само за децата, туку исто така и за старите и инвалидите.

### 3.5. Мерки на семејна политика на Европската Унија

Се тврди дека јадрото на мерките на семејната политика се состои во следново:

- Помош во пари, во вид на социјални давања и/или даночни олеснувања, кои претставуваат надомест на трошоците што се поврзани со подигнување на децата;
- Помош во натура или услуги во областа на образованието, грижа и чување мали деца;
- Семејно отсуство и други давања наменети за родителите што се грижат за своите деца, (породилно отсуство, отсуство на татковци, родителско отсуство, отсуство поради посебна грижа за болно или хендикепирано дете и слично).

Бенефициите во пари се главен политички инструмент насочен кон директно надоместување на трошоците за грижа на децата (изземајќи го надоместокот за

отсуство). Сите европски земји обезбедуваат некој вид парични давања во готово за семејствата. Другите инструменти како што се даночните олеснувања, најчесто се јавуваат како дополнување на готовинските бенефиции. Земјите од континенталниот дел на Европа (Луксембург, Австрија, Германија, Белгија, Франција) како и Ирска и Кипар, издвојуваат најмногу за оваа намена. Финансиската поддршка со семејствата е посебно ниска во Шпанија, Летонија, Литванија, Италија, и во Португалија.

Бенефициите во натура опфаќаат хетерогена група привилегии, како што се: дневен престој за деца, сместување, помош во домот и други бенефиции во натура. Овие бенефиции се насочени кон обезбедување градинки и дневен престој за деца, како и некои други услуги, како што се сместување и помош во домот за загрозени семејства. Нордиските земји се истакнуваат во поглед на обезбедувањето бенефиции во натура, кои се многу повисоки отколку во другите членки на Унијата. Семејните надоместоци претставуваат начин да се надоместат трошоците што се однесуваат на подигнување на децата. Од една страна, семејствата имаат зголемени трошоци, во однос на другите домаќинства, а од друга страна, намалени им се можностите за заработувачка поради грижата за децата. Многу логично, семејствата со децата претставуваат економско ранлива категорија. Во многу земји, семејствата со две или повеќе деца, како и еднородителските семејства, се изложени на поголем ризик од сиромаштијата отколку другите домаќинства. Затоа, семејните бенефиции можат да имаат клучна улога во намалувањето на економската загрозеност на семејствата.[47]

Постоењето на различни облици на семејно отсуство е едно од централните прашања на Европската Унија. Овие отсуства се составен дел на мерките заради воспоставување рамнотежа и помирување на семејниот и на професионалниот живот. Тие, исто така, се еден од начините на кои родителите, посебно мајките, се обидуваат да се справат со индиректните трошоци за подигнување и за грижа за децата, настојувајќи времето што го посветуваат на подигнувањето и на воспитувањето на своите деца да не претставува пречка во нивното напредување во кариерата. Иако најпрвин е поставено и развиено како мерка за поддршка на родителите со цел да им се олесни враќањето на работа или повторно вклучување во процесот на трудот, родителското отсуство претставува мерка за поттикнување на рамноправноста на половите. Меѓутоа, отсуството може да ги засили тешкотиите со кои одделни родители, најчесто мајките, се соочуваат при обидите да ја задржат работата или

[47]Eurostat, (2009). Reconciliation between work,private and family life in tehe European Union European Commission

повторно да се вклучат во процесот на трудот. Политиката на отсуство има за цел да ја заштити мајката пред раѓањето на детето, како и да и помогне во целост физички и психички да закрепне по породувањето, не запоставувајќи ги во исто време потребите на детето, за нега и за воспоставување на близок однос со двајцата родители. Исто така, оваа мерка ја респектира и потребата таткото да воспостави близок однос со штотуку роденото дете, и со тоа да ја поддржува рамноправната поделба на родителските должности и улоги помеѓу половите. Шемата на отсуства, односно породилното отсуство, отсуството за татковци, родителското отсуство и отсуството заради посебна грижа за детето, опфаќа временски период во кој родителите отсуствуваат од работа поради грижа и нега на детето и во повеќето земји се практикуваат парични давања како компензација за немање заработувачка во периодот на отсуство. Нордиските земји заедно со Естонија, Чешка, Летонија, Унгарија и со Романија, издвојуваат највеќе средства токму за оваа мерка на семејната политика. Породилното отсуство претставува период на заштитено отсуство на вработената жена во смисла на зачувување на работното место и во основа ги опфаќа последните неколку седмици од бременоста пред раѓањето на детето или пред посвојувањето што е присуство во некои земји. Целта е на мајката да и се обезбеди одмор пред породувањето, како и да и се овозможи во целост да закрепне по раѓањето на детето и да помине што е можно повеќе време со новороденчето. Во посебни околности, како што се болест на мајката и нејзина смрт, ова право може да биде пренесено на таткото. Повеќето земји обезбедуваат финансиска помош за мајките на породилно отсуство.

Должината на породилното отсуство се разликува од земја до земја. Таа се движи од најмалку 14 недели во Германија до 6 месеци во Унгарија, Ирска, Велика Британија и Словачка. Во Велика Британија, платеното породилно отсуство од 26 седмици може да биде продолжено за дополнителни 26 седмици неплатено отсуство. На тој начин, должината на породилното отсуство би изнесувала практично цела година. Во одделни земји, породилното отсуство може да биде и подолго за второто, трето и за секое наредно бебе. Во повеќето земји, надоместокот за породилното отсуство се исплаќа врз основа на здравственото осигурување или од страна на социјални фондови. Во Ирска, Норвешка, Португалија, Словенија, Шпанија, и во Шведска се исплаќа од страна на државата, додека во Данска надоместокот го покриваат работодавците, во Холандија од фондот во случај на невработеност. Законите во Грција, Полска и во Германија предвидуваат и дополнување на надоместокот што ги обезбедуваат работодавците, а што го покрива осигурувањето во

случај на болест. Отсуството на татковците претставува мерка на заштитено отсуство за вработените татковци, главно непосредно по раѓањето на детето со цел да помине што повеќе време со новороденчето и да и даде поддршка на мајката и на другите деца во семејството. Траењето на законското отсуство на татковците се разликува меѓу земјите и трае од неколку денови до 3 недели. Траењето на отсуството за татковците може да биде продолжено преку родителското отсуство.

Родителското отсуство е законска мерка на заштитено отсуство од работа со цел да им овозможи на родителите да се грижат за детето во првите години по раѓањето. Тоа е индивидуално право што го имаат и мајката и таткото на детето, а нивна одлука е кој ќе го користи тоа право. Во одделни земји е воведена таканаречена „квота за татковци" која треба да ги поттикне татковците да земаат родителско отсуство. Должината на законското родителско отсуство е различна од земја до земја, од најмалку три месеци, односно 13 седмици во Велика Британија и во Белгија, па до три години во Финска, Франција, Германија, Унгарија, Полска, Шпанија и во Словачка.

Законското родителско отсуство е неплатено во Грција, Ирска, Холандија, Португалија, Шпанија, и во Велика Британија. Во Австрија, Белгија, Франција, Луксембург, Словачка и Полска постои извесен паушален надомест, додека во другите земји надоместокот е пропорционален на загубата на заработувачката. Овој пропорционален надоместок е мошне низок во Италија, додека во Унгарија и Финска изнесува помеѓу 60% и 70% од заработувачката што зависи од нивото на примањата на вработениот. Во Данска и во Шведска надоместокот се движи помеѓу 80% и 90% од заработувачката, а во Словенија и Норвешка може да изнесува 100% од заработувачката. Правото на родителското отсуство може да се користи се до осмата година од животот на детето. Во практиката, меѓутоа, мал број земји предвидуваат користење на ова право по навршувањето на четвртата година од животот на детето. Треба да се каже дека има обиди законското родителско отсуство да биде пофлексибилно на тој начин што би се поделило во повеќе одделни блокови. Повеќето земји, сепак, не ја поддржуваат оваа поделба на отсуството. Во Ирска може да се користи неплатено родителско отсуство во траење од 14 недели, и тоа одеднаш, додека во Шведска се практикува максимална флексибилност со користење 480 денови родителско отсуство.[48]

[48]European Foundation for the Improvement of living and working conditions, (2011). Second European Quality of Life Survey

### 3.6. Актуелни процеси во семејната политика

Економската криза имаше и сеуште има големо влијание врз состојбата и врз добробитта на семејството во земјите од Европската Унија. Одговорите на владите на економската криза зависеа и од временскиот период и од сериозноста на самата криза, како и од буџетските капацитети на секоја земја поединечно. Како неизбежна импликација на актуелната рецесија се јави потребата за широки структурни реформи во областа на семејната политика во земјите-членки.

Одделни земји воведоа дополнителни мерки за да им се помогне на семејствата да се справат со кризата, а некои други држави беа принудени да ги ограничат или да ги смалат давањата за услугите и семејствата. Во областа на паричните трансфери наменети за семејството, посебно за паричните давања и за даночните олеснувања за семејствата со деца, дојде до големи и најзначајни промени од почетокот на кризата. Од една страна, промените беа структурни и се однесуваа на зголемувањата на нивото на поддршката на семејствата, а од друга страна, некои промени претставуваат директен одговор на економската криза и содржеа и позитивни и негативни мерки. Во тој процес се издвоија две групи земји. Во правата група се: Франција, Велика Британија, и Италија, кои донесоа многубројни привремени олеснувања како мерки за помош и поддршка на семејствата. Во втората група спаѓаат земји во кои беше намалено нивото на поддршката на семејствата, како што се: Естонија, Унгарија и Летонија. Значи, овие земји беа посебно погодени со кризата и најверојатно не беа во можност да ја прошират и да ја продлабочат поддршката за семејствата, и покрај нараснатите потреби.[49] Многубројни промени се случија во сферата на породилното и на родителското отсуство, како и кај другите бенефиции од оваа област. Во најголем број случаеви се работи на структурни и позитивни промени, кои доведоа до зголемување на државната помош за семејствата. Меѓутоа, во одделни случаи се намали поддршката што државата ја обезбедуваше за семејствата. И овде може да се разликуваат две групи држави. Земјите што спроведоа структурни позитивни реформи во своите политики се: Финска, Германија, Холандија, Романија, Словачка, Шведска, и Велика Британија. Промените, во основа, се состојат во продолжување на породилното или на родителското отсуство, во зголемување на покриеноста на овие права и во зголемувањето на надоместокот во времето на отсуство. Во оваа група треба да се

[49]European Commission, (2010). The Impact of the Economy Crisis on Family policies in the European Union, European Quality Life Survey, Luxemburg, http//Europa.eu/epic/doc

додадат и Чешка, Грција и Полска, каде што е применет обемен пакет за поддршка за да им се помогне на семејствата да ги усогласат семејните и професионалните обврски. Од друга страна, во одделни земји се спроведени драстични резови во областа на породилното и родителското отсуство. Такви зафати се применети во Чешка, Естонија, Летонија, и во Литванија, каде што е скратен периодот на платено отсуство и е намален обемот на платени бенефиции.

Во повеќето земји, одговорот на економската криза се состоеше во сеопфатни мерки и промени во различни области на социјална политика. Економската рецесија имаше влијание и на семејствата со пониски приходи и на семејствата со средни приходи. Кај семејствата што и пред кризата биле сиромашни ситуацијата се влошила, истовремено кризата имала влијание и врз семејствата со повисоки приходи. Некои од семејствата биле директно погодени од кризата како губење на работа на некои од членовите, скратување на работно време и/или укинување на бонусот или укинување на 13-та плата.

Семејните политики претставуваат дел од поширокиот општествено-политички контекст во земјите на Европската Унија, кои многу често се под нормативно и идеолошко влијание. Семејната политика е поврзана со основните претпоставки за улогата на семејството во општеството и за определување на поимот семејство или од тоа што семејството би требало да биде. Значењето на постоење на политики свртени кон семејството е истакнато на европско ниво, со оглед на фактот што тие се првенствено се ориентирани на социјалната вклученост на сиромашните деца и на зголемување на учеството на родителите на пазарот на трудот. Постоењето на трајна поддршка во текот на раното детство претставува клучна карактеристика на земјите што имаат за цел да ја подигнат стапката на фертилитет, да го зголемат учеството на жените на пазарот на трудот и да ја зголемат стапката на вработеност на самохраните родители, заедно со намалување на ризикот од сиромаштија.

Државите-членки се свесни за потребата од активен пристап во сферата на семејната политика. Нивната иднина, всушност, зависи од зголемувањето на стапката на наталитет, растењето на децата во сооддветно социјално опкружување и образувањето во одговорни поединци способни да живеат во општеството. Концепциите на семејните политики преставуваат комбинација помеѓу традиционалните обрасци и актуелните животни потреби, па, оттаму, во одделните држави, тие се слика за разновидноста и за националните специфичности.

Европската Унија очигледно има се поактивно учество во сферата на семејните политики. Нејзините помногубројни и пообемни активности се однесуваат на: собирање информации за законската регулатива на државите-членки, развој на мониторинг, интензивирање на координацијата и на хармонизацијата на универзалните законодавства, финансирање проекти на државите-членки од областа на семејната политика и донесување на задолжителни стандарди во однос на семејната политика или стандарди што на некој начин влијаат врз неа. Треба да се каже дека активностите на Европската Унија во оваа област се насочени на поттикнување на рамноправноста помеѓу половите, и за забрана на дискриминацијата, за еднаквост на пазарот на труд, за заштита на мајките, за родителското отсуство, за детска заштита, за социјални трансфери, за борба против сиромаштијата на децата, за континуирано обезбедување на финансиски субвенции во однос на демографските промени. Семејната политика во актуелни услови е главна област на реформи во повеќето членки на Унијата. Несомнено е дека Европската Унија во своите прописи влијае врз националните политики, но реално постои расчленетост на европските политики за семејството. Најголеми разлики во однос на семејната политика постојат помеѓу северните и јужните делови на Европа. Истовремено има показатели што говорат дека државите-членки вградуваат се повеќе сличности во националните семејни политики и проблеми поврзани со семејството. Сепак, во согласност со принципот на европското единство, мора да се почитуваат националните специфичности на семејните политики на државите-членки на Европската Унија.

### 3.7. Стилови на градење политика на семејството

Се прават различни обиди во категоризирањето на државите во согласност со нивните стилови во градењето на семејната политика. Kamerman и Kahn (1978) ги разликувале државите во зависност од тоа дали имаат експлицитна или имплицитна семејна политика. Под експлицитна семејна политика тие ја подразбираат сеопфатната семејна политика, како показатели ги наведоа примерите од Франција, Скандинавските Држави (не се членки на Европска Унија), Унгарија, Чешка и Словачка. Земји со експлицитна, но тесно фокусирана семејна политика, во зависност од нивната дефиниција, ги вклучува Данска, Германија, исто како и Австрија, Полска и Финска. Земји без експлицитна семејна политика и кои оделе до таму дури да ја отфрлаат идејата на таква политика биле илустрирани во Велика Британија, Канада, Израел и САД.

Друга верзија на оваа категорија е применета од државите членки од Европската Унија од страна на (Schultheis, F.,1990), но без идентифицирање на државите кои припаѓаат на секоја група. Тој забележал неколку земји со долга традиција но експлицитна, со далек дострел и врз основа на закони градена семејна политика. Во оваа категорија семејната политика често се манифестира како специфична и автономна гранка на социјалната заштита, гласовно заснована на редистрибутивни принципи, базирани на висок степен на социо-политичка контрола врз семејните работи, барајќи одговор на широк ранг на потреби. Во втората група, Schulthies (1990) ги сместил земјите кои вршеле поимплицитна семејна политика, водејќи грижа за семејните потреби, но без постоење на автономно подрачје на семејната политика. Користените методи се поселективни и немаат глобална кохерентност. Во третата групација се наоѓаат земји карактеризирани како поседувачи на негативна семејна политика. Нивните влади често несакаат да интервенираат во семејниот живот, но во исто време вршат активности кои веројатно имаат влијание на семејствата.

За средина која гради семејна политика е мошне значајно разбирањето на ставот зошто и како целите на политиката се формулирани и имплементирани и така што имаат индикација за подобност во системите за класификација, исто како оние во државите членки. Еден критериум што владата го применува во семејната политика е прашањето дали државите назначуваат министри со ресор за семејни работи, или не, релативна важност на овие министри во владата, но и како семејната политика е финансирана и организирана.

Во најголем број земји членки должноста за семејната заштита и детските додатоци обично ја врши министерството за социјална политика, социјална сигурност или социјална заштита, како во Белгија, Франција, Ирска и Велика Британија или тоа е вклучено во заедничко министерство за труд, како во Германија, Италија, Холандија, Португалија и Шпанија. Во Данска тоа припаѓа кружно во повеќе министерства и тоа на Министерството за даноци и обврски како и на министерството за социјална политика, додека во Грција тоа е покриено од страна на Министерството за труд. Само Германија и Луксембург имале назначено Министерство за семејни работи во 1993. Најголем број француски влади во текот на повоениот период имале Министерство за млади со одговорност и за семејството, често приклучено кон социјалната работа. Во Белгија, Франција и Луксембург специјализирани агенции управуваат со фондовите за семејства. Начините на финансирање и дистрибуирање на семејната заштита и детските додатоци претставуваат понатамошен показател на националните приоди кон

процесот на градење политика во ова подрачје. Во најголем број на земји членки каде системите на социјална заштита се базираат врз принципот на осигурување, семејната помош, е сфатена како дел од платниот систем и од придонеси од вработувања што биле основните или единствените извори за финансирање. Само во неколку случаи вработените не плаќаат придонеси, како во Белгија, Франција, Италија и Луксембург, и во последните три земји се воведуваат разновидни субвенции за да го олеснат товарот на работодавачот. Во Грција, Португалија и Шпанија работодавачите и вработените даваат придонеси и државата обезбедува субвенции во Грција и Шпанија. Финансирањето е единствено или главно од државата во Данска, Германија, Ирска, Холандија и во Велика Британија со што се крши директната врска со вработувањето.

Овој пример покажува, сугерира дека методот за финансирање не може сам по себе да биде објаснет како релиабилен индикатор дали државата во некоја земја има повеќе или помалку добро развиена или дарежлива семејна политика. Ниту фактот дека во некои земји додатоците претставуваат интегрален дел на социјалната заштита и се финансирани од страна на работодавачите, и во некои случаи од вработените, не покажуваат вклучување на државата. Често тоа влијае на потеклото на семејните додатоци како дополнување на платите, традицијата која сосема не е напуштена со воведување на системите на социјалната заштита.

### 3.8. Влијанието на јавната политика врз семејството

Демографите, политиколозите, економистите и социолозите, особено во Франција, имаа долги дебатирања во смисла дали јавната политика влијае на демографските трендови и особено на структурата на семејството. Некои укажуваат на очигледното меѓусебно зближување на демографските индикатори, покажувајќи пад на фертилитетот и стапката на склучени бракови, порастот на бројот на вонбрачни деца и разводи и пораст на стапката на женската економска активност во сите земји членки, кои во отсуството на хармонизирана семејна политика може да сугерираат непостоење на директна причинска-последична поврзаност меѓу градбата на политиката и семејството. Многу посматрачи и градители на политиката ја отфрлија идејата дека семејната политика користена како популациона политика може да има ефект на демографските трендови. Тие укажуваат пред се на повлекување во корист на редистрибутивните ефекти на екстензивните мерки на семејната политика. Од оваа точка флуктуацијата на наталитетот поверојатно се препишува на економските

фактори и пространите културни и социјални сили.

Споредувањата меѓу државите членки произведуваат недвосмислен заклучок за влијанието на семејството врз јавната политика, при што се вклучени и финансиски иницијативи. Чистиот резултат од заедничкото вклучување на додатоците и диференцираните исплати во комбинација со даночните олеснувања покажуваат дека просечните доходи се зголемуваат со различни износи од една земја до друга. Најголемиот пораст во семејниот приход со раѓање на првото дете е во Данска, следена од Белгија. Италија покажува помал пораст, за семејство со две деца Франција е на врвот на листата, следена од Белгија, со Данска која е позади, но во исто време пред другите земји членки. Ирска прави најмал додаток на платата во семејствата со две деца. Ранг листата е иста со три деца, но разликите меѓу најголемиот и најмалку дарежливиот придонес е позабележителен: Франција е далеку најдарежлива држава, повторно следена од Белгија, Луксембург и Данска кои заостанува многу позади нив, и Ирска повторно се разликува покажува ниски бројки. Португалија и Италија константно се на ниско ниво, со Германија и Грција, Холандија и Велика Британија во средна позиција.[50]

Компаративни податоци од Шпанија не ни се на располагање, но во отсутност на универзалниот семеен додаток и давањето мал износ за социјална грижа, изгледа веројатно дека Шпанија би се рангирала дури подолу од Ирска. Кога е земен во предвид пакетот од материјална помош исплатен на специфичните семејства кој е со различна големина и состав, и во комбинација со други форми на помош во кои се опфатени поретките надоместоци, трошоци за домување, здравствена заштита и образовните услуги, слична ранг листа може да се направи: Белгија, Франција и Луксембург, обезбедуваат најдарежливи пакети на детски додатоци, следена од Данска, Германија, Холандија и Велика Британија. Семејствата во Грција, Ирска, Италија, Португалија и Шпанија примаат пакети со најмали износи.[51]

Бидејќи упатувањето на семејството во уставите на државите и постоењето на соодветна министерска функција, може да изгледа дека содржи во себе тежнение на државата да постигне високо ниво на семејна политика, оваа претпоставка не е подржана недвосмислено со информацијата за начинот по кој трансферот на плаќањата

[50]Neubauer, A. L. (1993). A comparison of two measures of perfectionism. Personality and Individual Differences, 14(1), 119-126

[51]Bradshaw, P. L. (1993). New efficiencies in the NHS—how shall we recognize them?

се финансира и дистрибуира. Користејќи ја целата серија на критериуми погоре анализирани, влијанието на семејната политика во земјите членки може веројатно да биде најдобро опишана во однос на континуитетот, со осврт на системите на класификација, користени од Kahn, Kamerman и Schultheis, Белгија, Франција и Луксембург изгледа би се ставиле во категорија на земји со експлицитни и релативно кохерентни семејни политики. Кога разновидните критериуми се разгледувани заедно, Франција се јавува како земја која доследно дава висок профил на семејство, флуктуирајќи меѓу сите три типа на цели, погоре истакнати. Случајот со Белгија и Луксембург е исто така убедлив. Обете земји обезбедуваат универзални семејни додатоци без разлика на примањата како што е во Франција, семејната заедница е силно фокусирана на семејната политика.

Данска, Германија и Холандија може да бидат класифицирани како помалку експлицитни, семејно ориентирани политики. Додека Данска е лидер во однос на провизии за детската заштита и породилното отсуство, сепак главниот фокус на внимание не е семејната заедница, но пред се потребите на децата и рамноправноста на половите. Германија го вовела во својот Устав поддржувањето на семејството и поставила служба на министерско ниво за семејни работи. Даден е приоритет на брачните семејства, но системот за дистрибуција на трансфер на платите, не ја става Германија меѓу земјите кои даваат најдарежлива помош на семејствата со деца. Наспроти недостатокот од формалното признавање на должностите на државата кон семејството, Холандија ги помага не само брачните семејства туку исто така и нивните поколенија како фундаментална социјална вредност, иако од раните 90-ти се јавила маркантна промена кон индивидуализација на правата и самопомошта, пропратена со поголема разновидност и плуралистички пристапи.

Велика Британија обично припаѓа на категоријата земји кои внимателно тргнуваат кон редуцирање на снагата на државата со зајакнување на одговорноста на семејството, со ефект, тоа е докажано, дека државата може да ги оптерети семејствата и да креира негативно влијание.[52] Компарациите кои не се ограничени во анализирањето само на директни форми на интервенција или изјавите на јавната политика, сугерираат дека државната помош на семејствата во Велика Британија, разбирливо може да биде поголема отколку што понекогаш се признава и е базирана на

[52]Taylor – Gooby. (1991). "Social Change, Social Welfare, Social Science". Wheatsheaf, University of Toronto

претпоставки за примерите на одговорност и зависност во бракот и семејството.[53] Од раните 1990 семејството беше во програмите на сите политички партии сугерирајќи подиректен интерес. Права за семејството се внесени во Уставите на Грција, Ирска, Италија, Португалија и Шпанија, но заедно со Велика Британија тие се рангираат како земји членки кои изгледа имаат релативно помалку кохерентни или обемни семејни политики. Португалија е земја каде државата признава дека таа има должност да ги помага семејствата, но е превенирана од економски околности во тежнението за активна и интервентна семејна политика. Меѓугенерациските семејни мрежи продолжуваат да бидат главни извори на помош. Ирска и другите западноевропски земји се во слична ситуација; тие не се незаинтересирани за семејството како социјална институција, но тие не се во состојба финансиски да формулираат и имплементираат кохерентна семејна политика. Во фокусот во Ирска се примарно семејствата во потреба, повторно веројатно повеќе поради финансиските тешкотии отколку поради идеолошки причини, во таа смисла се истакнува фактот дека се во пораст владите кои даваат поголем приоритет на семејната политика отколку пораст на трошени средства на социјалната заштита, додека скоро сите други земји членки го редуцираат размерот на социјални трошоци посветени на оваа буџетска ставка.

Во средина на контрастите и конфликтите кои резултираат од рапидните социјални промени, семејната политика во Шпанија се потпира на помошта обезбедена со традиционалното три генерациско семејство, и обидите да се излезе на крај со растечките социјални проблеми пропратени со самохраните семејства. Грција, исто така, ја задржува традиционалната семејна структура, но недостасуваат потребни средства за обезбедување глобална кохерентност во нејзиниот систем на социјална заштита. Наспроти приврзаноста кон семејството во својот устав, Италија, како во Велика Британија се стреми да смета дека семејниот живот е приватна работа и го концентрира вниманието на семејствата во потреба.

Цела низа од социо-економски и политички фактори треба да бидат земени во предвид во проценувањето на можните влијанија од семејната политика: во согласност со економските и демографските притисоци и широката рамка на социјалната политика и на национално и на европско ниво, поврзаноста меѓу јавниот и приватниот

[53]Land and Parker. (1978). The United kindom, Family Policies:Govermment and Family in Fourteen Countries, Columbia University Press, New York

сектор и на методите за правата на државјаните и правата за вработување, солидарност и концепирањето на повторно разделена правда, се концептуализирани и сите тие можат да влијаат на примери остварени од една до друга земја членка. Семејната политика поради тоа обезбедува интересен пример за комплексноста на процесот за градење политика и грешки во координацијата на политиката во Унијата, правејќи дури меѓусебно зближување на целите, при што и многу тесно дефинирање, изгледа дека може тешко да се достигне.

### 3.9. Социо-економски фактори и нивно влијание во семејството

#### 3.9.1. Сиромаштија

Недостиг на неопходни производи како храна, облека, живеалиште и здрава вода за пиење, што резултира со низок животен стандард. Сиромаштијата се подразбира како состојба кога основните потреби се поголеми од можностите за нивно задоволување. Можат да се разликуваат три типа на сиромаштија: апсолутна, релативна и субјективна.

Апсолутна сиромаштија претставува неможност да се задоволат основните егзистенцијални потреби. Релативна сиромаштија е недостаток од ресурси кои ги оневозможуваат поединците и домаќинствата да практикуваат определен режим на исхрана, да учествуваат во определени општествени активности и да живеат во животни услови кои се вообичаени за општествата на кои им припаѓаат. Субјективната сиромаштија ги одразува индивидуалните перцепции на луѓето за нивните заработувачки. Сиромаштијата е една важна димензија на социјалната исклученост. Сиромашните луѓе често се исклучени и маргинализирани во економските, социјалните и културните активности.

- *Сиромаштијата во светот*

Според податоците на „Еуростат“, во 2012 година, стапката на сиромаштија во ЕУ-28 и во ЕУ-23 изнесувала 16,7%, а во новите членки на ЕУ, таа се движела од 14,5% во Словенија, преку 19,5% во Хрватска, 21% во Бугарија и 22,4% во Романија. Истовремено, стапката на сиромашни или социјално исклучени лица (т.н. индикатор АРОПЕ) во 2013 година изнесувал 24,5% во ЕУ-28 и 23% во ЕУ-23, додека во новите

членки на ЕУ, овој индикатор изнесувал: 48% во Бугарија, 29,9% во Хрватска, 20,4% во Словенија и 40,4% во Романија.[54]

➢ *Сиромаштијата во Република Северна Македонија*

Според Државниот завод за статистика (ДЗС), во 2017 година, стапката на сиромашни лица во Република Северна Македонија изнесуваше 22.2 %, или поточно 460.300 граѓани од вкупното население живее во сиромаштија. Анализирано по типови домаќинства, стапката на сиромаштија на домаќинствата составени од двајца возрасни со две издржувани деца во 2017 година е 20.0 %. Според најфреквентниот статус на економска активност, стапкатата на сиромашни вработени лица е 9.0%, додека стапката на сиромашни пензионери е 7.7%. Коефициентот на Џини (мерка за нееднаквоста во распределбата на приходите) изнесува 32.5 %.

Во Република Северна Македонија, со помалку од пет долари на ден живее македонскиот граѓанин, со што Република Северна Македонија се наоѓа на второто место во Централна и Источна Европа, веднаш по Албанија.[55]

*Сиромаштијата како фактор за нарушено однесување* - многубројни истражувања покажале дека во услови на економска криза во општеството доаѓа до несигурност помеѓу граѓаните и економска криза и во семејството, а тоа значело и доаѓање до сиромаштија и невработеност. Посредни последици од сиромаштијата биле необразованост, како кај родителите така и кај децата, невработеност, недоволно финансиски средства, немање соодветни услови за живот и сл. Сето ова, пак, негативно се одразувало врз целокупниот статус на семејството во општеството. Порано поимот „сиромаштија“ имал значење – недоволни приходи за обезбедување на минималните потреби од храна. Денес се смета дека сиромаштијата е состојба во која ги нема основните можности за достоинствен живот. Сиромаштијата се манифестира на различни начини, како на пример: глад и неисхранетост; слабо здравје; ограничено образование; неадекватни станбени услови и др. Иако многу објавени истражувања укажувале дека сиромаштијата во едно семејство не мора да значи појава на нарушено однесување кај децата, сепак се покажа дека сиромаштијата е најчест фактор за

---

[54]Филиповска, А. (2015). „Над 830.000 Македонци имале тешкотии со плаќање сметки и рати од кредит“, Дневник, година XIX, број 5755, сабота, 2 мај, стр. 8-9
[55]Економија и бизнис, (2014). Број 187. Јануари, стр. 70

различни социјални проблеми, како што се образование, финансии, вработеност, кои пак водат кон нарушено однесување кај децата.

### 3.9.2. Невработеност

Невработеноста претставува социјално-економска појава, при кое дел од активната работна сила во определена држава или регион бара работа, но истата не можа да ја пронајде. Како невработени според законот се сметаат оние работници кои имаат навршено шеснаесет години, кои се способни за работа и самите сакаат да работат, но немаат каде.

Процентот за пресметување на бројот на невработените се пресметува кога вкупниот број на невработените работници ќе се подели со бројот на населението кое е способно за работа и тоа од 16 до 65 години. Постојат повеќе типови на невработеност: моментална, структурна, циклична, класична и техничка.

- *Невработеноста во Европската Унија*

Според „Еуростат“, во јануари 2015 година, стапката на невработеност во ЕУ изнесувала 9,8%, што претставувало опаѓање во споредба со јануари 2014 година, кога таа изнесувала 10,6%. Притоа, во јануари 2015 година, вкупно 23.815.000 луѓе во ЕУ биле невработени, од кои 18 милиони во Еврозоната. Најниска стапка на невработеност во ЕУ имале Германија (4,7%) и Австрија (4,8%), а невработеноста била највисока во Шпанија (23,4%) и во Грција (25,8%).[56]

- *Невработеноста во Република Северна Македонија*

Според податоците на Државниот завод за статистика, во II тримесечје од 2019 година, активното население во Република Северна Македонија изнесува 962 463 лица, од кои вработени се 794 283, а 168 180 лица се невработени. Стапката на активност во овој период е 57.1, стапката на вработеност 47.1, додека стапката на невработеност изнесува 17.5.

Според Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, заклучно со 31.12.2018 година евидентирани се 94721 невработени лица – активни баратели на работа. Структурата на невработени лица според пол во 2018 година изнесува: 56,8% (53847) се мажи, додека 43,2% (40874) се жени. Според школската подготовка, 45,7%

[56]Утрински весник, (2015). „Се намалува невработеноста во ЕУ„ Број 4724. Вторник 3 март. стр. 9

(43284) се лица без образование и со основно образование, 13,6% (12922) се лица со непотполно средно образование, 27,1% (25649) се лица со завршено средно образование, 1,5% (1428) се лица со више образование, 11,2% (10603) се лица со високо образование, 0,8% (805) се лица магистри на наука и 0,1% (30) се лица доктори на наука.

**Табела број 1** Невработени лица во Република Северна Македонија во 2018 година

| **Невработени лица** | **31.12.2018 година** |
|---|---|
| **Вкупно** | **94721** |
| Невработени лица - жени | 40874 |
| Невработени лица на возраст од 15 до 29 години | 17705 |
| Невработени лица на возраст од 50 години и повеќе години | 42192 |
| Невработени лица -со основно и без основно образование | 43284 |
| Невработени лица -со високо образование | 11438 |
| Невработени лица кои чекаат на вработување 12 месеци и повеќе | 58188 |

**Извор:** Агенција за вработување на Република Северна Македонија, Годишен извештај за 2018 година

Покрај позитивните трендови на годишниот економски пораст над 3%, во последните неколку години и започнатиот процес на извесно намалување на невработеноста, степенот на приходите заостануваше зад оној на земјите членки на ЕУ.

Севкупниот економски раст не доведе до соодветно зголемување и на бројот на работните места. Со зголемувањето на економската активност и трансформацијата на економскиот пораст во креатор на работни места, остануваат главните цели во политиката за зголемување на животниот стандард на населението и за создавање на подобри социјални и економски услови, кои би го охрабриле раѓањето и одгледувањето на деца. Материјалниот статус и квалитетот на животот на семејството се клучни фактори во создавање на семејството и одгледувањето на децата.

Невработеноста е клучниот показател за состојбите во македонската економија, а оттаму и за капацитетите на пазарот на трудот. Република Македонија е во групата на земји со многу висока стапка на невработеност и со неповолна структура на невработените лица: високо учество на лица со ниско образование, високо учество на младите лица и на лицата на возраст од 55-64 години. Ваквата структура на невработените лица покажува бавен економски развој на земјата, помала побарувачка за нови вработувања, несоодветна образовна и старосна понуда на профили и несоодветни политики за пазарот на трудот.

Како резултат на ова, Република Северна Македонија има многу висока стапка на долгорочна невработеност. Во вакви услови, невработеноста не е само економски туку и социјален проблем. Тоа го потврдуваат и податоците за големиот број на домаќинства во кои сите членови се невработени или имаат само по едно лице кое е вработено. Анализите на сиромаштијата и социјалната исклученост потврдуваат дека во целиот период на транзиција на македонската економија најсиромашни се невработените и повозрасните лица. Овој дел од населението долгорочно е со висок ризик од понатамошно осиромашување и социјална исклученост. Високото учество на младите лица во категоријата невработени лица значи висок ризик од нивна социјална исклученост, а високото учество на жените и повозрасните лица во делот на долгорочно невработените лица значи нивна долгорочна ранлива економска и социјална позиција во општеството.

Споредбите со состојбите во ЕУ само ги потврдуваат сериозните состојби со невработеноста, анализирана од различни аспекти. Особено загрижувачки е статусот на младите лица на пазарот на трудот во Република Северна Македонија спореден со статусот на младите лица во европските земји. Во услови на процес на глобализација и несоодветни политики кон младите лица во Република Северна Македонија, може да се очекува нивно заминување од земјата, а со тоа може да се очекува да се случи влошување на социо-економската структура на населението и намалување на можностите да се остварува одржлив развој на подолг рок.

### 3.9.3. Основен приход

Основен приход е предложен систем на социјална заштита кој периодично го обезбедува секој граѓанин со одредена сума пари, која му овозможува на примателот да учествува во општеството со човечко достоинство. Освен државјанството, основниот приход е целосно безусловен. Не постојат критериуми што треба да се исполнат за добивање на основниот приход, односно, него го добиваат како најсиромашните така и најбогатите граѓани на една земја. Дефиницијата на Американската мрежа за гарантиран основен приход гласи: „Гарантираниот основен приход е безусловна гаранција од страна на владата дека сите граѓани ќе имаат доволно приходи за да ги задоволат своите основни потреби"

Зголемувањето на бројот на деца и млади со нарушено однесување се поврзува со економската состојба во општеството, а со тоа и во семејството. Зголемувањето на цените на основните производи доведува до немање доволно финансиски средства и намалување на куповната моќ на родителите. Во ситуации на отпуштања од работа и неисплаќање на плати се доаѓа до неизвесна иднина, депресија, апатија кај некои членови во семејствата, разочарување, лично казнување и сл. Целата оваа состојба и атмосфера во семејството станува конфликтна и поволна за појава на нарушено однесување и доаѓа сѐ повеќе до израз кај децата и младите во овие семејства

Што се однесува до причинско-последична врска помеѓу семејните приходи и структурата на личната потрошувачка, таа во науката е позната од поодамна. Со задоволувањето на основните егзистенцијални потреби, поединецот во зависнот од висината на приходот настојува да ги задоволи и останатите „повисоки" потреби. Според тоа, помеѓу приходите и потрошувачката постои тесна врска, која од своја страна директно е зависна од зголемувањето или намалувањето на семејните приходи.

Од емпириски аспект, тоа би значело јасна негативна корелациска поврзаност помеѓу семејните приходи и издатоците за исхрана. Имено, растењето на семејните приходи доведува до процентуално опаѓање на издатоците за исхрана. Сепак, ваквата корелација е релативна, затоа што во праксата, вложувањето за исхрана кај семејствата со повисоки примања, иако процентуално се помали, фактички тие се неколку пати поголеми од истите вложувања кај семејствата со најниски примања.

Доминацијата на примарните потреби, кои не се карактеристични само за човекот, од своја страна доведува до отуѓување и ограничување од вистинските

потреби, до нивно стеснување и ограничување на најелементарните потреби, кои во секој случај не ја одразуваат вистинската човекова генеричка суштина.

Сепак интензитетот со кој се задоволуваат секундарните потреби кај одделни типови на семејство е различен. Во најповолна положба, во тој поглед, се наоѓаат современите семејства, додека кај патријархалните, односно кај чисто земјоделските семејства воедно се среќава и најголема редукција на т.н „еластична потрошувачка". Така статистичките податоци, покажуваат дека издатоците за хигиена, нега на здравјето, образование, култура, разонода, итн. во вкупната лична потрошувачка кај неземјоделските, односно современите семејства, се значително повисоки во споредба со мешаните, а посебно во споредба со земјоделските семејства, кои заради, својата објективна социо-економска положба, воедно покажуваат и најголема отуѓеност од споменатите „повисоки" потреби.

### 3.9.4. Фертилитет

Претставува бројот на живородени деца кои се очекува една жена да ги има во текот на нејзиниот репродуктивен период. Во однос на другите земји во Европа, Република Северна Македонија е меѓу последните земји во која започнува демографската транзиција и карактеристично е што започнува со многу високи стапки. Трендот на постојано намалување на фертилитетот е воочлив во последната деценија од дваесеттиот век, кога стапката на фертилитет во 1994 се уште била на ниво на проста репродукција на населението (2,1 живородени деца на една жена), но од тој период вредностите на ТФР (тотална стапка на фертилитет) имаат надолен тренд, за денес Република Северна Македонија да се наоѓа на граница на многу низок фертилитет (ТФР под 1,5) и таканаречена сигурна зона (ТФР над 1,5). Намалувањето на стапката на наталитет се должат на таканареченото темпо ефект или одложување на раѓањата и склучување на брак на повозрасни години. Така на пример, просечната возраст на мајките при раѓање на првото дете се зголемила од 23,5 во 1994, на 25,3 во 2006, а просечната возраст на раѓањата воопшто се зголемува од 25,8 во 1994 на 26,8 години во 2004 година. Со оглед на тоа, дека најголемиот број од живородените деца (87,5 отсто) во 2006 година се родени во брак, може да се рече дека намалување на фертилитетот се должи на одложување на стапување во брак во повозрасните години, отколку на намалување на бројот на склучени бракови. Имено, во 2006 година биле регистрирани 14.908 бракови што е за 2,7 отсто повеќе во однос на претходната

година, но просечната возраст на невестата се зголемува (23,5 во 1994, а 25,2 во 2004). Постојат индикации дека одложувањето на стапувањето во брак се должи, како на отежнатите економски и социјални услови во земјава, така и на зголемување на бројот на жени кои даваат приоритет на своето образование и градење на кариера. Спецификите на македонскиот фертилитет се и разликата во раѓања на деца според етничката припадност на мајката. Во таа смисла, се изделуваат две групи. На една страна се жените кои имаат поголем број на раѓања (Ромки, Бошњачки, Албанки и Турчинки), а на друга страна се жените кои имат многу низок фертилитет (Србинки, Македонки, Влаинки, и групата „Останати").

### 3.9.5. Образованието на родителите

Ова влегува во најчувствителниот индекс за состојбата во семејството, пред сè во рамките на културната атмосфера во семејството, кои се во однос со професионалниот статус и со големината на личниот доход по член на семејство, со густината во семејството и бројот на жители во домот. Се смета дека праг на сигурност е завршување на основно училиште. Лицата со незавршено основно образование стануваат категорија од која произлегуваат најмногу алкохоличари, проститутки, престапници и деца со нарушени однесувања. Значењето на завршеното основно образование не е само во здобиеното минимум знаење, туку во тоа што при одењето на училиште се изградува нивната личност, навики за дисциплина, обврски, точност. Треба да се истакне дека индексот на образование на родителите е значаен кога се разгледуваат културните потреби на одредените категории на семејства, на пример интерес за театар, музика, спорт и др. Степенот на образование и професијата на родителите се меѓусебно поврзани и условени. Од степенот на образование зависи и професијата. Во семејства каде родителите се со низок степен на образование или немаат никакво образование, тие немаат речиси никаква професија, невработени се или немаат постојано и сигурно вработување. Тоа во исто време значи и дека имаат низок социјален статус во општеството и немаат доволно финансиски средства за егзистенција. Од нивното образование и професија зависи каков ќе биде нивниот статус во општеството. Во ваквите семејства постојано владее нарушена семејна атмосфера, конфликтни и нервозни ситуации, нетрпеливост којашто негативно се одразува врз децата и нивното однесување. Во поново време постојат и семејства каде

што родителите се со високо образование, работат на својата струка и професија и се во постојан работен однос. Ги имаат обезбедено сите услови за пристоен дури и за раскошен живот, а кај нивните деца се забележува нарушено однесување. Проблемот во ваквите семејства е во тоа што родителите се преокупирани со себе, својата работа и кариера, па немаат доволно време да го посветат на своите деца. Затоа, децата од ваквите семејства бараат внимание кај други деца, најчесто од училиштето или од улицата. Меѓутоа, факт е дека родителите со повисоко образование поповолно влијаат врз развојот и однесувањето на своите деца, насочувајќи ги и поттикнувајќи ги да учат и да се образуваат. Тие влијаат врз формирањето на свеста за значењето на образованието од кое ќе зависи нивната професија и понатамошниот живот.

### 3.9.6. Насилство

Во теоријата не постои единствено и општоприфатено дефинирање на поимот насилство, од што произлегува негово различно поимовно определување, како и користење на повеќе поими како синоними агресија, насилничко однесување, злоупотреба на моќ. Ова е дефиницијата за насилство дадена од страна на Обединетите нации, а содржана во Декларацијата за елиминирање на насилството над жените, Резолуција 48/104 на Генералното собрание. Според неа, насилството претставува секој акт на насилство, заснован на припадност на пол, кој резултира или е подобен да резултира во физичка, сексуална или психичка повреда, страдање на жените, вклучувајќи ги и заканите за ваквите однесувања. Семејното насилство по дефиниција претставува еден од општествено поопасните облици на криминалитет. Тоа се дефинира како континуирана примена на физичка и психичка сила кон членовите на семејството со загрозување и повредување на доменот на сигурност и односот на доверба и воспоставување на контрола и моќ над членовите на семејството, без оглед дали според позитивното законодавство е предвидено како кривично дело и дали вршителот на насилството е пријавен на органите за прогон.

Насилното однесување се пројавува и по пат на имитација од своите родители, целосната социјализација и грижа за детето од страна на родителите кои ја даваат својата топлина, поддршка, емоционалност, како и грижата која влијае на неговиот развој во каква индивидуа ќе прерасне.

*Anderson (1982)* укажува дека „сиромаштијата и ниското социјално ниво е поволно тло за една возрасна индивидуа да се најде во конфликт што води во

насилство". Заради тоа што таквата индивидуа е многу повеќе оттуѓена од можноста за социјално вклучување, оставена е сама на себе да ги средува конфликтите по нивното појавување."[57] Факторите кои произлегуваат од средината, а вклучуваат хаотична или нестабилна семејна ситуација, асоцирани со агресивно поведение, може да охрабруваат агресивно поведение. Направени се низа епидемиолошки студии кои го поддржуваат тоа низ целиот свет, вклучувајќи различни култури.[58] Утврдено е дека степенот на образование, економскиот статус и професионалниот успех имаат изразита корелација со стапката на убиства.[59]

### 3.9.7. Развод

Разводот како прекин на брачната заедница, доведува до бројни промени кај двата партнери, како на правно, така на економско, физичко, сексуално, емоционално, родителско ниво, и на ниво на семејни улоги. На овие бројни промени секој од членовите на семејството се адаптира на свој начин.

Децата се посебно вулнерабилни зошто треба да се соочуват со промени и губење на семејната поддршка за време на разводот. Како ќе се носат со оваа стресна ситуација во голема мера зависи од ставот и однесувањето на родителите.

Во својата книга (Carter, E., & McGoldrik, M., 1980) истакнуваат дека ,,разводот е паранормативен процес"[60], но и други автори го дефинираат во негативна конотација. Но од друга страна според (Rice, J.K., & Rice, D., 1986) ,,со обѕир на тоа дека половина од браковите во САД завршуваат со развод, на него треба да се гледа како нормативен процес и да се воведе развоен модел на развод".[61] Ставовите на (Holmes, P.T., & Rahye, R., 1967)[62] ја даваат скалата на помош која го мери стресот предизвикан од животните

---

[57]Anderson, J. (1982). "Overview: Narcissistic Personality Disorder," American Journal of Psychiatry, 139:12-20

[58]Sannemuller, U., Ullrich, S., Pillmann, F., Draba, S., & Marneros, A. (1999). Homicides – the sociodemografic background of the offender and the behavioral symptoms.Arch Kriminol Sep-Oct;204(3-4):65-74

[59]Parker, N. (1986). Murderers a personal series. Homicide and Depression.AmJ Psychiatry:367-370

[60]Carter, E., & McGoldrick, M. (1980). The Family Life Cycle: Framework for Family Therapy, New York, Gardner Press

[61]Rice, J.K., & Rice, D. (1986). Living Through Divorce: a Developmental Approach to Divorce Therapy, New York, Gulford Press

[62]Holmes, P.T., & Rahye, R. (1967). The social readjustment rating scale, Journal of Psychosomatic Research, 11, 213-218.

промени. На врв на скалата (100) е смртта на брачниот другар. Разводот на таа скала има добиено (73) поени. Меѓутоа, овие поени не се реални зошто не ги зимаат во обѕир сите промени што разводот ги носи со себе. Ако на овие поени додадеме неколку промени, како резултат на развод ќе ја добиеме следната скала на животни процеси кои предизвикуваат стрес:

- промени на економски статус: 38,
- промени во учеството на конфликти во семејството: 35,
- промена во личните навики: 24,
- промена на животните услови: 19
- промена на начин на живот: 16,
- промена на бројот на членови кои живеат во семејството: 15.

Освен овие промени, разводот подразбира и промена на структурата на семејството, што бара и нејзино редефинирање и трансформација, која често знае да биде и болна и стресна.

Се одвиваат промени во различни делови на семејниот систем, како внатрешна индивидуа, кај родителскиот субсистем, кај субсистемот родител – дете, кај односите помеѓу браќата и сестрите. Сите овие промени се промени од друг ред.

Промени во семејството се одвиваат и на следните нивоа:

1. законско ниво: се работи за престанок на бракот како законска форма;

2. економско ниво: доаѓа до поделба на заедничката економија на два независни дела, вклучувајќи ги и бројните прашања како што се: алиментација, финансиска поддршка на децата и сл;

3. физичко ниво: семејството се дели на два различни дела, а во некои од случаите доаѓа до географски дистанци;

4. сексуално ниво; крај на физичките и сексуалните блискости помеѓу поранешните партнери;

5. емоционално ниво: после сепарација обично е слаба родителската комуникација и емоционалната меѓусебна поддршка, напротив, често е присутно отворено или скриено непријателство;

6. ниво на улоги: губењето на улогите „сопруга" и „сопруг"; како и губењето на улогата поврзаност со роднините на брачниот партнер;

7. социјално ниво: прифаќање на новиот статус „самец", социјално и законски, и воспоставување на контакт со други луѓе во слична ситуација;

8. родителско ниво: поранешните партнери мораат да научат да се усмерат на потребите на детето, односно да ги одвојат партнерските од родителските улоги. Они мораат да се прилагодат и да соработуваат како родители, заради интересот на детето, наспроти лутина, непријателство и отуѓеност која постои помеѓу нив како партнери.

После развод, во еднородителското семејство образецот за кооперативност помеѓу двата родители се заменува со еднострана одговорност на едниот родител. Weis разликува „три заеднички извори на тешкотии кои ги доживува едниот родител во еднородителското семејство: преоптетереност на одговорности, преоптетереност на извршување задачи и емоционална преоптетереност".[63] Од детето во вакво семејство често се очекува да ја превземе улогата на отсутниот родител, да го поддржи родителот со кој живее и да ги превземе задачите кои не одговараат за негова возраст. „Се нарушува рамнотежата на системот со тоа што детето се става во улога на родител: ја чува помладата сестра или брат, спие во мајчиниот кревет, помага на мајката во донесување на одлуки, се меша во нејзиниот интимен живот".[64]

Во својот труд (Ahrons, C., 1994)[65] ги анализира односите помеѓу поранешните партнери, во рамки на својата студија за бинуклеарно семејства, и ја дава следната типологија. Постојат пет видови на односи помеѓу поранешните партнери:

1. совршени другари,
2. кооперативни колеги,
3. лути сојузници,
4. жешки противници, и
5. разделени двојки

Разводот иако претставува процес исполнет со стрес, родителите гледаат на него како и на предност, бидејќи можат да ја олеснат напнатоста, слобода, и шанса за наоѓање на адекватен партнер. Но децата, скоро секогаш го доживуваат како загуба. Голем број на фактори влијаат на ескалацијата на стрес, а најчести се:

- несигурност што ќе се случи,
- губење контрола над својот живот и над семејната ситуација,
- губење на родителската поддршка,

---

[63]Weiss, R. (1975). Marital Separation : Coping with the End od a Marriage and the Transition to Being Single again, New York, Basic Books

[64]Ayalon, O., & A, Flasher. (1993). Chain Reaction, Children and Divorce, Jessica Kingsley Publishers, London and Bristol, Pennsylvania

[65]Ahrons, C. (1994). The good divorce: Keeping your family together when your marriage comes apart, New York: Harper Collins

- поделена лојалност,
- ограничени модели за улоги,
- економска несигурност,
- губење на социјалниот статус,
- неуспех во школо, и
- намалено самопочитување.

„Иако психолошкиот стрес расте после разводот, родителите кои покасно ќе се освестат се многу посклони кон тоа да бидат невротични, депресивни, со антисоцијално однесување или алкохоличари; или да имаат економски проблеми и дисфункционални ставови за односите".[66] Во своите брачни интеракции, покажуваат слаби вештини за решавање на проблемите и конфликтите, негативни емоции, презир, повлекување и константен негативен став спрема брачниот партнер, кој води како ризик од разводот.

Република Северна Македонија ја зафаќа светскиот тренд на зголемување на бројот на разводите. Да го прекинат заедничкиот живот во добро и во зло е одлука на секој дванаесетти брачен пар во државата.

Земено во светски рамки, денес секој трет брак се распаѓа. Ако на тоа се додаде бројката на оние што живеат невенчано, тогаш разводот добива епидемиски размери. Во Република Северна Македонија најчесто се разведуваат младите, но и бизнисмени во поодминати години. Иако на прв поглед се мисли дека беспарицата е главната причина за разводот, најмалку разводи има во сиромашните семејства. По последните статистички податоци за 2005 година, на 14.740 склучени бракови, 1.248 завршиле со развод. Во 1994 година се евидентирани 612 разводи. Не само што се зголемува бројот на разводите, туку се намалува и бројот на склучени бракови. Во 1994 година во Република Македонија се венчале 15.736 парови.

„Очекувано е да се намали бројот на бракови. Има силни промени во општеството", вели проф. д-р Амалија Јовановиќ, социолог на Филозофскиот факултет во Скопје. „Бракот и семејството се традиционални институции. Ние, социолозите, дури велиме дека се вечни. Вечноста се поврзува со раѓањето на децата. Но, сега, за да роди дете, на жената не и е потребно сопруг. Под влијание на модернизацијата, денес имаме мајки што не се во брак" објаснува Јовановиќ. Сиромаштијата влијае врз

[66]Amato, P.R. (1993). Children's adjustment to divorce: Theores, hypotheses and empirical support, Journal of Marriage and the family, 55,23-38

намалувањето на браковите. Младите лица прво бараат работа и место на живеење и на тој начин постојано го одложуваат бракот. Но статистиката покажува дека сиромаштијата и го „чува" бракот. Во сиромашните семејства кога еднаш ќе се влезе во брак, тешко се излегува. Разводот е невозможен од материјални причини зашто нема каде да се оди. Во ситуација во која едвај се преживува, емоциите се во заден план. Се разведуваат само ако има насилство и злоупотреба.

Експертите оценуваат дека сега имаме зголемување на бројот на разводи, зошто порано, во деведесеттите, во времето на инфлација, неизвесност, распаѓање на Југославија, луѓето не можеле да си го дозволат уште „луксузот" развод. „Сега се разведуваат најчесто млади луѓе, а тоа се генерации што не трпат кратење на правата заради бракот, а имаат и современо гледање на бракот како институција". Тој веќе не е за вечност, што е се уште карактеристичен став за поголемиот дел од популацијата" објаснува професорката Јовановиќ. Според статистиката, младите најчесто се разведуваат околу петтата година од бракот. Се земаат поради бременост, неколку години живеат кај родителите и, токму кога ќе се снајдат, сфаќаат дека нема повеќе емоции и се разведуваат. Се разведуваат и новопечените бизнисмени. Таквите брачни партнери најчесто веќе имаат израснати деца. Мажот е тој што заработува. Тие се вљубуваат во помлади девојки. Почнува со флерт на работа, продолжува со врска и на крајот, растурање на бракот. Во такви случаи мажот иницира развод.

Причините за развод се најразлични. Нетрпеливост, изневерување, насилство, здравствени причини, што и да се каже е точно. Колку разводи, толку и причини велат експертите. Законот е јасен: оној што сака да ја раскине брачната заедница, може многу лесно да го стори тоа. Адвокатите велат дека за еден месец мажот или жената може да станат „слободни". Малку е поспецифично ако во бракот има малолетни деца и тогаш разводот трае подолго. Во судовите тврдат дека најчесто на тужбата за развод на брак стои: несогласување на карактерите. Нема пречка за развод на брак. Секој што сака да ја раскине брачната заедница може да го стори тоа пред надлежните судски органи. Денес не се бара вина на некои од сопружниците. Бракот ќе се поништи и ако само едниот партнер го бара тоа. Нема точни податоци за тоа дали мажите или жените први иницираат постапка за развод. Но адвокатите тврдат дека жените се почесто доаѓаат кај нив со потребните документи за развод. Капитализмот ја исфрла жената од куќата. Не затоа што системот ја сакал неизвесноста на жената, туку бара образована работна сила. Таа сега мора да работи и да заработува. Жената денес е многу освестена и последните години најголема трансформација доживеа албанската жена во

Република Северна Македонија. Статистиката потврдува дека се зголемува бројот на разводи кај албанското население. Она што некогаш беше табу тема, сега веќе станува нормална појава.

„Бегалската криза го наруши традиционализмот кај албанското население. Сега албанската жена станува се поосвестена за својата положба и си ги знае своите права. Најмалку разводи, пак, има кај ромската популација. Ако го земете економскиот момент, тие се на најниската општествена граница. Сепак, Ромите имаат многу цврсти и стабилни брачни заедници. Во ромската култура важи правилото дека треба да се зачува бракот по секоја цена" објаснува Јовановиќ. Разводите денес лесно се прифаќаат од средината. Традиционалната осуда се повеќе се заменува со размислувањето „подобро среќен развод, отколку несреќен брак". Чесите најчесто се разведуваат поради неверство. Со 33.060 разводи за една година, Чесите по вторпат го соборија сопствениот рекорд од 1918 година. Според извештаите на статистичарите, бројот на бракови што се распаѓаат и понатаму расте. Во осумдесеттите, во просек се распаѓаше една третина од браковите, а во 2004 година, тој процент е скоро 50 отсто. Најчеста причина, според психолозите, е неверството. Речиси половина од сите бракови во Австрија се во постапка на развод, а во 2004 година, стапката на разводи достигнала рекордно висок 46,1 процент. Во Германија во 2002 година имало 204.200 разводи, што е зголемување за 3,4 проценти во споредба со една година порано.

- *Ран брак, побрз развод*

Луѓето што рано стапуваат во брак се изложени на повисок ризик да се разведат, велат социолозите од Универзитетот во Келн во заклучокот на нивното истражување. Тие утврдиле дека најнеуспешни се браковите на оние што се склучени по 21-годишна возраст, а стапката на разводи опаѓа како што се зголемуваат годините на брачните партнери за 4 отсто годишно. Оваа стапка на разводи се однесува и на вторите бракови. Доколку двајцата брачни другари претходно имале неуспешни бракови, ризикот за втор развод расте за 38 отсто.

- *Професионални лажговци ги спасуваат браковите во Русија*

Во Русија се случува процут на агенции што ги советуваат грешните мажи и жени како да ги прелажат своите партнери. 33 агенции имаат вработени „професионални" лажговци што секојдневно измислуваат приказни за оправдување. На

бизнисмените тие им измислуваат службени патувања. На пример, на еден клиент што сакал да замине со љубовницата на неколку денови, Агенцијата му подготвила покана за семинар во Москва. Додека тој се „релаксира", Агенцијата компјутерски му прави фотографии на Црвениот плоштад и му ги купува потребните сувенири и подароци. На крајот од „брачниот излет" клиентот добива и повратен билет и се друго што му е потребно за да го убеди своето семејство дека навистина бил на важен деловен пат, а не со љубовницата.

- *Најчести причини*

Статистиките покажуваат дека во развиените земји, секој четврти брак се завршува со развод, додека помал процент на разводи имаат само земјите во кои се почитуваат традиционалните вредности. Социолозите и психолозите тврдат дека за тој проблем се одговорни промените во улогата на жената, поинаквиот однос на половите што го донесе модерното време, достапноста на информации, како и поголемите можности на самохраните родители, односно поголемата можност на избори.

Сепак, податоците покажуваат дека постојат 5 најчести причини за развод што немаат голема врска со поднебјето, културата и со традицијата. Имено, истражувањата покажале дека најголемите проблеми во бракот се случуваат кога парот не се согласува околу главните работи во животот, односно приоритетите. Ако, на пример, едниот сака да има дете, а другиот не сака, проблемите се неизбежни. Различните очекувања се убедливо на првото место на листата за развод. На второ место е недостатокот на љубов, односно брак склучен од интерес. Дури 95 проценти од браковите без љубов завршуваат со развод, а психолозите тврдат дека во таков тип на брак жените најчесто се впуштаат поради материјална сигурност, а мажите за да добијат деца. Трета причина на листата е „недостатокот на идентитет". Тоа значи дека многу парови што прават се заедно многу брзо стануваат незадоволни бидејќи го губат идентитетот, личните интереси, немаат време за да се посветат на себе. На тој начин, се создава нездрава зависност од партнерот, која на крајот резултира со развод во голем процент од случаите.

Податоците покажуваат и дека овие бракови најлошо се разведуваат, односно дека за време на разводот може да се кажат најгрди зборови, со меѓусебно обвинување, а многу ретко се се завршува со помош на судот. Четвртата и најчеста причина е претераното сроживување во родителската улога. Некои парови, кога ќе станат родители, целосно ја занемаруваат улогата на партнерот, сексот, социјалниот живот и

пријателите, што брзо резултира со незадоволство и со депресивна состојба. И на петтото место се наоѓа сексот. Сексот, како најважниот зачин за успешна врска, односно неговото отсуство, лесно го растура бракот, а истражувањата покажуваат дека брачните партнери што се незадоволни од сексуалниот живот имаат дури 87 проценти веројатност дека ќе се разведат. Понатаму на листата се наоѓаат финансиите и семејните несогласувања. Интересен е фактот дека сексуалното неверство не котира многу високо, така што дури 67 проценти од изневерените сопружници простуваат и се обидуваат да го спасат бракот.

- *Семејства со еден родител*

Семејствата со еден родител станале постојано и видливо обележје на многу денешни општества. Додека традиционалната структура на сопруг, сопруга и деца отстапува пред другите облици на семеен живот, демографиите и социолозите во многу делови од светот се прашуваат зошто. Професорите на социологија Сајмон Данкан и Розалинд Едвардс забележуваат дека „во семејствата и во односот помеѓу половите настануваат долготрајни промени". Зошто? Некои набљудувачи изјавуваат дека ова е резултатот од изборот на луѓето во поглед на тоа како ќе го живеат животот, во контекст на економските, културните и на социјалните промени. Да разгледаме некои од овие промени, како и изборот што е донесен. Животните притисоци се главен фактор што влијае врз животот на луѓето. Во секој момент од нивниот живот продира надворешниот свет. Времето што претходно се трошело за семејните активности сега се троши на интернет, пред телевизор, на телефон, во автомобил, во брзање.

И економските притисоци земаат данок. Современите удобности чинат пари, па, затоа, повеќе родители се вработени. Тоа што се дел од едно раздвижено општество навело многу членови на семејствата да живеат и да работат далеку од помошта што им ја дава нивното пошироко семејство и, во некои случаи, дури и далеку од нивниот сопружник. Во многу земји не помага ни популарната култура бидејќи таа честопати се сосредоточува на потценување на институциите што обезбедуваат чувство на стабилност, како што се бракот и семејството. Денешната самохрана мајка не мора да одговара на стариот стереотип на невенчана тинејџерка што живее од социјална помош. Да се биде невенчана мајка повеќе не претставува толкав срам како порано, а славните личности дури и го прикажуваат тоа како нешто привлечно. Освен тоа, многу жени имаат подобро образование и се поспособни да се издржуваат себеси па, затоа, бракот повеќе не е финансиски предуслов за да бидат мајки.

Некои самохрани мајки, особено возрасни деца на разведени родители, остануваат немажени затоа што не сакаат нивните да почуствуваат колку е болно да гледаат како си заминува едниот родител. Други жени стануваат самохрани мајки затоа што биле напуштени, а не по свој избор. „Општо земено, за родителите што не се во брак, тоа не било некаков себичен и своевиден избор", наведува британската фондација Џозеф Раунтри, „и децата во семејствата со еден родител не се запоставени и без дисциплина". Сепак раширеноста на семејствата со еден родител е причина за загриженоста затоа што самохраните родители и нивните деца можеби доживуваат емоционален стрес, имаат економски потреби и не се во поволна положба во општеството. Некои луѓе можеби се прашуваат дали е можно само еден родител успешно да подига деца. Со кои посебни предизвици се соочуваат семејствата со еден родител? Социолозите истакнуваат дека бројот на самохрани мајки, драстично го надминува бројот на самохрани татковци". Затоа, во овие статии првенствено станува збор за самохраните мајки. Меѓутоа, начелата што се дискутирани во нив подеднакво важат и за самохраните татковци. За детална дискусија во врска со општите предизвици на мајчинството, видете „Мајчинство – потребна ли е супержена? во изданието на „ Разбудете се! Од 8 јули 2002. Во светот се користат различни термини за да се опишат мајките што сами ги подигаат своите деца. Во некои земји се користи „немажена мајка" за да се укаже на мајките што никогаш не биле во брак, додека во други земји „самохрани мајки" е термин што ги опфаќа мајките што ги подигаат своите деца без татко во нивното домаќинство. Можеби таквите мајки се разведени, одвоени или останале вдовици или, пак, никогаш не биле мажени.

- *Самохрани родители*

**Соединетите Држави:** „Бројот на самохрани мајки порасна од 3 милиони на 10 милиони помегу 1970 и 2000 година; во истиот временски период порасна и бројот на самохрани татковци, од 393.000 на 2 милиона" (Оддел за попис на населението на САД).

**Мексико:** Според весникот La Jornada, околу 27 проценти од вкупниот број бремени жени во таа земја се мајки тинејџерки.

**Ирска:** Стапката на домаќинствата со еден родител порасна од 5,7 проценти во 1981 на 7,9 проценти во 1991 година. „Распадот на браковите и понатаму е еден многу важен фактор поради кој постојат самохрани мајки". (Single Mothers in an International Context - Самохрани мајки во меѓународни рамки, 1997)

**Британија:** „Бројот на семејства со самохран родител за првпат надмина 25 проценти, одразувајќи огромен пораст во бројот на мајки што никогаш не биле во брак, како и значителен пораст на разводи во текот на изминатите 30 години" (The Times, Лондон, 2 март 2000).

**Франција:** „Од крајот на 1970тите, бројот на семејства со еден родител порасна за повеќе од 50 проценти". (Самохрани мајки во меѓународни рамки, 1997)

**Германија:** „Бројот на самохрани родители двојно се зголеми во изминативе две децении. Речиси сите семејства со еден родител се семејства со самохрана мајка" (Самохрани мајки во меѓународни рамки, 1997).

**Јапонија:** „Семејствата со самохрана мајка ги има се повеќе од 1970тите". Во 1997, 17 проценти од сите домаќинства ги воделе самохрани мајки (Самохрани мајки во меѓународни рамки, 1997; The World's Women 2000: Trends and Statistics – Жените во светот 2000: Трендови и статистика).

**Грција:** „Од 1980, бројот на невенчани мајки во Грција порасна на 29,8 проценти. А, според податоците што ги даде Европската заедница, во 1997 процентот на вонбрачни деца изнесувал 3,3 проценти, додека во 1980 изнесувал само 1,1 процент" (весникот А Nea, Атина, 4 септември 1998).

**Австралија:** Речиси секое четврто дете живее само со еден од своите биолошки родители. Ова обично е резултат од распадот на бракот или од врската помеѓу родителите. Се проценува дека бројот на семејства со еден родител ќе порасне некаде од 30 до 66 проценти во текот на следните 25 години (Австралијанскиот оддел за статистиката).

### 3.9.8. Асоцијални појави

Злоупотреба на алкохол, дрога и други психотропни супстанции ја зголемува инциденцата на насилното однесување кај сторителите на семејно насилство. Конзумирањето алкохол е важен фактор, кој преставува ризик за семејството кое живее под закана од насилство. Секој четврти насилник често пие, а секој втор бил под дејство на алкохол за време на последниот инцидент.[67] Зголеменото конзумирање на алкохол и порастот на алкохолизмот може да се поврзат и со економската криза во нашата држава. Невработеноста, губење на работата, неможноста да се решат

[67]Извештај од спроведеното теренското истражување на семејното насилство. (2000).Скопје, НВО ЕСЕ

егзистенцијалните прашања (стамбениот простор), како и сиромаштијата, се околности кои често го отвараат патот кон алкохолот и агресивноста.

### 3.9.9. Економскиот капитал

Економскиот капитал со кој располагаат семејствата креираат разлики во можноста за задоволување на потребите на децата (потреба за топол дом, храна, облека, образование итн.).

Во досегашните историски форми на развиток на семејната група, потребата од економски капитал се јавува како примарна и универзална потреба на семејството. Во денешните услови, „покривот на глава” претставува еден од неопходните услови за нормален, непречен, сестран развиток на личноста, кој во прв ред треба да се обезбеди, интимност на семејната група.

Проблемите поврзани со домувањето во руралните средини не се јавуваат во таква, најблаго речено, драматична форма како во градските центри. Досегашните истражувања на овој план покажуват дека селските семејства, во однос на градските, живеат во подобри станбени услови, посебно во поглед на станбената површина.

**3.9.10. Културниот капитал** како елемент кој го определува социо-економскиот статус на семејството ги разликува децата од разни семејства со социјални предности и им помага да ја одржат нивната социјална позиција во општеството.

**3.9.11. Социјалниот капитал** ги третира неформалните релации помеѓу индивидуите и групите на луѓето, а се однесува на комуникациите помеѓу лицата, силината на социјалните мрежи и нормите и вредностите во заедницата. Традиционалните хипотези за социјалниот капитал се дека децата и младите лица ќе имаат подобри постигнувања во образовниот процес доколку социјалната мрежа околу нив т.е. доколку нивните родители, нивните наставници и тие самите имаат меѓусебна добра комуникација. Социјалниот капитал се смета дека е особено значаен за индивидуите кои поседуваат релативно помал економски и културен капацитет и кои со социјалниот капитал го компензираат тој недостаток.

# 4. ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИ И РЕЗУЛТАТИТЕ ДОБИЕНИ ОД СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

## 4.1. ТЕОРИСКО-МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Мотивот за изработка на тезата произлегува од потребата да се прикажат актуелностите, спецификите и промените кои настануваат во современото семејство. За оваа цел се увиди функционалноста на семејната политика како во Република Северна Македонија, така и во развиените европски земји. Во поглед на временскиот период што го опфати овој труд е пострaнзиционата фаза во Република Северна Македонија. Испитуваната група содржи 200 семејства селектирани по случаен избор (рандомизација). Просторното истражување ги опфати урбаните делови на град Скопје.

- **Цели на истражувањето**

**Општествената цел** на овој труд се изреализира преку употреба на анализа на документи со помош на употреба на анкетен прашалник во кои се опфатени 150 семејства по случаен избор од урбаните делови на град Скопје. Анкетниот прашалник содржи прашања од отворен и затворен тип, прашања кои се однесуваат на состојбите и промените кои настануваат во современото семејство под влијание на социо-економските фактори. Со анкетниот прашалник се добија сознанија за социо-економските фактори и нивното влијание во современото семејство. **Посебната цел** се изреализира преку употреба на неструктурирано интервју во кои се опфатени 50 семејства по случаен избор од урбаните делови на град Скопје. Испитуваните семејства претставуваат хетерогена популација на индивидуи кои се разликуваат по одредени карактеристики. Истовремено, се очекува резултатите да помогнат за поголемо разбирање на овој проблем и да пружат можност за интервенција во оној дел во кој ставовите на испитаниците индицираат дека е перцепиран проблем. Сознанијата кои се стекнати со ова истражување, со добра имплементација на вистинското место, индиректно би придонеле за намалување и надминување на проблемите кои постојат во современото македонско семејство. Стекнувањето на сознанијата преку ова истражување се добија на основа на поставување како на **генералната хипотеза**, *„Одредени социо-економски фактори ја детерминираат веројатноста за*

*настанување на промени и потреби во современото семејство",* така и на **посебните** хипотези.

**Посебни хипотези:**

- Невработеноста ја детерминира веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство,
- Приходите ја детерминираат веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство,
- Фертилитетот ја детерминира веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство,
- Образованието ја детерминира веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство,
- Станбените услови ја детерминираат веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство,
- Изложеноста на насилство ја детерминира веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство,
- Разводот ја детерминира веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство,
- Абортусот ја детерминира веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство,
- Асоцијалните појави (дрога, алкохол, проституција, трговија со луѓе и слично) ги нарушуваат семејните односи и вредности,
- Економскиот капитал со кој располагаат семејствата креираат разлики во можноста за задоволување на потребите на децата (потреба за топол дом, храна, облека, образование итн.),
- Културниот капитал како елемент кој го определува социо-економскиот статус на семејството ги разликува децата од разни семејства со социјални предности и им помага да ја одржат нивната социјална позиција во општеството,
- Социјалниот капитал ги третира неформалните релации помеѓу индивидуите и групите на луѓето, а се однесува на комуникациите помеѓу лицата, силината на социјалните мрежи и нормите и вредностите во заедницата. Традиционалните хипотези за социјалниот капитал се дека децата и младите лица ќе имаат подобри постигнувања во образовниот процес доколку социјалната мрежа околу нив т.е. доколку нивните родители, нивните наставници и тие самите имаат меѓусебна добра комуникација. Социјалниот капитал се смета дека е особено значаен за индивидуите кои поседуваат

релативно помал економски и културен капацитет и кои со социјалниот капитал го компензираат тој недостаток.

➢ **Начин на истражувањето**

Во ова истражување (теренско) се испитани 200 семејства по случаен избор, лица застапени од сите возрасти, пол и националност. Истражувањето е направено во урбаните делови на град Скопје. Употребена е техниката анализа на документи (квантитативен пристап) со помош на употреба на инструментот анкетен прашалник кој е спроведен на 150 семејства, со кој е направена анализа на промените и потребите кои настануваат во современото семејство под влијание на социо-економските фактори, како и на веќе постоечките домашни и странски стратегии и упатства за ефикасно функционирање на современото семејство. Анкетниот прашалник содржи прашања од отворен и затворен тип. Исто така за потребите на ова истражување се употреби и неструктурирано интервју (квалитативен пристап) со кои се опфатија 50 семејства по случаен избор од урбаните делови на град Скопје, семејства кои дополнително се избрани и не влегуваат во 150-те семејства на кои им е спроведен анкетниот прашалник.

## 4.2. ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ И РЕЗУЛТАТИ ДОБИЕНИ ОД АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК

- **Општи податоци**

### 4.2.1. Пол

Од добиените резултати од истражувањето може да се забележи дека од вкупно 150 испитаници, 89 испитаници се жени, со процентуална застапеност од 59%, додека 61 се мажи со процентуална застапеност од 41%.

**Табела бр. 1** Пол на испитаникот

| Пол | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| женски | 89 | 59% |
| машки | 61 | 41% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр. 1** Пол на испитаникот

### 4.2.2. Возраст на испитаникот

Од добиените резултати може да се заклучи дека во истражувањето се вклучени лица кои се со најниска возраст од 18 години, додека највозрасниот испитаник е со возраст од 60 години. Резултатите покажуваат дека од вкупната бројка на 150 испитаници најзастапени се лицата од средната генерација со процентуална

застапеност од 29%, а додека помалку застапени се лицата од 18-25 години (помладата генерација) како и постарите на возраст од 51-60 години.

**Табела бр. 2** Возраст на испитаникот

| Возраст | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| 18-25 | 7 | 5% |
| 26-30 | 14 | 9% |
| 31-35 | 41 | 27% |
| 36-40 | 38 | 25% |
| 41-50 | 43 | 29% |
| 51-60 | 7 | 5% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр. 2** Возраст на испитаникот

### 4.2.3. Националност на испитаникот

Истражувањето кое се спроведе на 150 испитаници, опфати лица од повеќе националности, со цел добивање на една поширока слика за состојбите и потребите кои постојат во едно семејство во Република Северна Македонија, а директно зависат од социо-економските фактори. Од добиените резултати може да се заклучи дека најзастапени се испитаницте од македонска националност со процентуална застапеност од 57%, додека најмалку застапени се испитаниците од српската националност со процентуална застапеност од 3%.

**Табела бр.3** Националност на испитаникот

| **Националност** | **Број на испитаници** | **Проценти** |
|---|---|---|
| македонска | 85 | 57% |
| бошњачка | 15 | 10% |
| друго | 2 | 1% |
| албанска | 17 | 11% |
| ромска | 8 | 5% |
| српска | 4 | 3% |
| турска | 19 | 13% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр. 3** Националност на испитаникот

### 4.2.4. Религија на испитаникот

Од добиените резултати може да се заклучи дека најзастапена религија во истражувањето е православната со процентуална застапеност од 53%, додека најмалку застапени се лицата атеисти со процентуална застапеност од 14%.

**Табела бр.4** Религија на испитаникот

| **Религија** | **Број на испитаници** | **Проценти** |
|---|---|---|
| атеист | 21 | 14% |
| друга | 1 | 1% |
| муслиманска | 49 | 32% |
| православна | 79 | 53% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.4** Религија на испитаникот

### 4.2.5. Место на живеење

Истражувањето беше спроведено на територија на град Скопје во урбаните делови од градот, со што може да се заклучи дека 150-те испитаници според местото на живеење се токму од овој град.

- **Социјални фактори**

### 4.2.6. Образование на испитаникот

Од презентираните резултати од спроведеното истражување може да се забележи дека од вкупно 150 испитаници, 103 испитаници се со завршено високо образование или со процентуална застапеност од 69%, додека најмалку застапени се испитаниците кои се со образовен степен доктор на науки, вкупно две лица или процентуална застапеност од 1%.

**Табела бр.5** Образование на испитаникот

| Образование | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| високо | 103 | 69% |
| вишо | 9 | 6% |
| докторат | 2 | 1% |
| магистер | 9 | 6% |
| средно | 27 | 18% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.5** Образование на испитаникот

### 4.2.7 Образование кај останатите членови од семејството

Од спроведеното истражување резултатите покажуваат дека образованиот степен кај останатите членови од семејството се со високо образование со вкупна бројка од 71 лице или процентуална застапеност од 47%, додека со најмала застапеност се членовите од семејството со основно и магистерско образование со процентуална застепеност од 1%.

**Табела бр.6** Образование кај останатите членови од семејството на испитаникот

| Образование кај останатите членови | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| високо | 71 | 47% |
| вишо | 10 | 7% |
| магистер | 2 | 1% |
| нема | 1 | 1% |
| основно | 2 | 1% |
| средно | 64 | 43% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.6** Образование кај останатите членови од семејството на испитаникот

### 4.2.8. Структура на семејство

Презентираните резултати од спроведеното истражување покажуваат дека структурата на семејството во најголем процент ја сочинуваат мајка, татко и две деца со застапеност од 44%, додека најмалку застапена структура во испитуваните семејства е прошireното семејство баба и дедо, само баба, само дедо со вкупно бројка од постоење на една ваква семејна структура.

**Табела бр.7** Структура на семејство на испитаникот

| **Структура на семејство** | **Број на испитаници** | **Проценти** |
|---|---|---|
| мајка,татко и едно дете | 43 | 29% |
| мајка,татко и повеќе од две деца | 34 | 23% |
| непотполно семејство - само мајка, само татко | 6 | 4% |
| проширено семејство - баба и дедо, само баба, само дедо | 1 | 0% |
| мајка, татко и две деца | 66 | 44% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.7** Структура на семејство на испитаникот

#### 4.2.9. Време на минување во заеднички активности со семејството (социјален капитал)

Од спроведеното истражување резултатите покажуваат дека 61 испитаник или 40% од вкупно 150 испитаници одговориле дека во делот на заедничките активности со семејството како што се заеднички разговори, прошетки и одмори, креативни и забавни игри како и посета на културни манифестации се поретко заедно ги реализираат, до тој степен да воопшто не го поминуваат заедно времето во овие активности. Помал е бројот од испитаниците вкупно 37 или 25% кои одговориле со повисоки оценки (1 - често) кои често го поминуваат времето во заеднички активности со членовите од семејството.

**Табела бр.8** Време на минување во заеднички активности со семејството (социјален капитал)

| Време на минување во заеднички активности со семејството (социјален капитал) | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| заеднички разговори(4) /прошетки и одмори(3) /креативни и забавни игри(3) /посета на културни манифестации(3) | 61 | 40% |
| заеднички разговори(4) /прошетки и одмори(3) /креативни и забавни игри(1) /посета на културни манифестации(4) | 52 | 35% |
| заеднички разговори(1) /прошетки и одмори(1) /креативни и забавни игри(2) /посета на културни манифестации(2) | 37 | 25% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.8** Време на минување во заеднички активности со семејството (социјален капитал)

### 4.2.10. Фактори кои придонесуваат за постоење на добра комуникација, почит и разбирање меѓу членовите во семејството (културен капитал)

Од резултатите од спроведеното истражување може да се заклучи дека најголема процентуална застапеност од 64% или вкупно 96 испитаници се изјасниле дека за постоење на добра комуникација, почит и разбирање меѓу членовите во семејството потребно е првенствено да постои знаење, доверба, воспитание, стилови на говор и добри социјални вештини за полесно и непречено функционирање во една семејна средина.

**Табела бр. 9** Фактори кои придонесуваат за постоење на добра комуникација, почит и разбирање меѓу членовите во семејството (културен капитал)

| **Фактори придонесуваат за постоење на добра комуникација, почит и разбирање меѓу членовите во семејството (културен капитал)** | **Број на испитаници** | **Проценти** |
|---|---|---|
| 1.воспитание 2.интелигенција 3.вештини 4.стилови на говор 5.знаење | 53 | 35% |
| 1.доверба 2.воспитание 3.вештини 4.стилови на говор 5.знаење | 1 | 1% |
| 1.знаење 2.доверба 3.воспитание 4.стилови на говор 5.вештини | 96 | 64% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр. 9** Фактори кои придонесуваат за постоење на добра комуникација, почит и разбирање меѓу членовите во семејството (културен капитал)

### 4.2.11. Семејството е корисник на парична помош

Од 150-те испитаници кои беа вклучени во истражувањето може да се заклучи дека поголемиот процент од нив или поточно 134 испитаници се изјасниле дека нивното семејство не е корисник на парична помош. Процентуалната застапеност на овие семејства во ова истражување е 89%.

**Табела бр.10** Семејството е корисник на парична помош

| Семејството е корисник на парична помош | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| да | 16 | 11% |
| не | 134 | 89% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.10** Семејството е корисник на парична помош

### 4.2.12. Вид на право од системот на социјална заштита кое го користи семејството

Од добиените резултатите може да се заклучи дека најзастапено кај испитаниците е правото на користење на здравствена заштита со вкупно изјаснати 17 испитаници или процентуална застапеност од 11%. Во уште поголем процент се испитаниците кои воопшто не одговориле на ова прашање со вкупна бројка од 80 лица или процентуална застапеност од 53%.

**Табела бр.11** Вид на право од системот на социјална заштита кое го користи семејството

| Вид на право од системот на социјална заштита кое го користи семејството | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| ниедно право од горенаведените | 46 | 31% |
| празно | 80 | 53% |
| паричен надоместок за помош и нега од друго лице | 2 | 1% |
| право на домување | 4 | 3% |
| право на здравствена заштита | 17 | 11% |
| социјална парична помош за лица способни за работа и социјално необезбедени | 1 | 1% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.11** Вид на право од системот на социјална заштита кое го користи семејството

### 4.2.13. Категоријата на самохран родител на испитаникот

Анализата на добиените резултати покажува дека од вкупно 150 испитаници, 144 испитаници се изјасниле дека не спаѓаат во категорија на самохран родител, со процентуална застапеност од 96%.

**Табела бр.12** Категоријата на самохран родител на испитаникот

| Категоријата на самохран родител на испитаникот | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| да | 6 | 4% |
| не | 144 | 96% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.12** Категоријата на самохран родител на испитаникот

### 4.2.14. Фактори кои би биле најсоодветно решение за нормално одгледување на децата кај категоријата на самохран родител

Добиените резултати од истражувањето покажуваат дека од изјаснатите 6 лица кои спаѓаат во категорија на самохрани родители, како најсоодветно решение за нормално одгледување на децата првенствено е да самохраниот родител биде со редовни месечни примања вработено лице, како секундарен но не помалку битен фактор е добивање на стан, па потоа следат факторите како што се добивање алиментација, стипендија, како и детскиот додаток.

**Табела бр.13** Фактори кои би биле најсоодветно решение за нормално одгледување на децата кај категоријата на самохран родител

| **Фактори кои би биле најсоодветно решение за нормално одгледување на децата кај категоријата на самохран родител** | **Број на испитаници** | **Проценти** |
|---|---|---|
| 1.вработување<br>2.доделување на стан<br>3.алиментација<br>4.стипендија<br>5.детски додаток | 2 | 33% |
| 1.социјална помош | 1 | 17% |
| 1.стипендија | 1 | 17% |
| 1.стипендија<br>2.алиментација<br>3.вработување<br>4.доделување на стан<br>5.детски додаток | 2 | 33% |
| **Тотал** | **6** | **100%** |




**Графикон бр. 13** Фактори кои би биле најсоодветно решение за нормално одгледување на децата кај категоријата на самохран родител

### 4.2.15. Живородени деца во семејството на испитаникот

Анализата од добиените резултати покажува дека од 150 испитаници, 68 испитаници се изјасниле дека имаат две живородени деца, односно со процентуална застапеност од 45 %, следни по бројност се семејствата во кои има едно живородено дете со процентуална застапеност од 31%. Од вкупно 150 испитаници, едно лице се изјаснило дека нема родено деца.

**Табела бр.14** Живородени деца во семејството на испитаникот

| Живородени деца во семејството | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| едно | 47 | 31% |
| две | 68 | 45% |
| немам родено деца | 1 | 1% |
| три | 17 | 11% |
| четри | 10 | 7% |
| пет | 7 | 5% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.14** Живородени деца во семејството на испитаникот

**4.2.16. Фактори од кои зависи плодноста (фертилноста) кај жената**

Од добиените резултати може да се заклучи дека од 150 испитаници, 80 лица или 53% одговориле дека фертилноста кај жената пред се зависи од ендокринолошките процеси, сексуалното однесување, културата, факторите на исхрана како и начинот на живот. Додека со помал процент од 11% или вкупно 16 испитаници одговориле дека емоциите, начинот на живот, тајмингот, ендокринолошките процеси како и сексуалното однесување се факторите од кои зависи плодноста кај жената.

**Табела бр.15** Фактори од кои зависи плодноста (фертилноста) кај жената

| **Фактори од кои зависи плодноста (фертилноста) кај жената** | **Број на испитаници** | **Проценти** |
|---|---|---|
| Ендокринолошки процеси/ сексулано однесување/ култура/ фактори на исхрана / начин на живот | 80 | 53% |
| фактори на исхрана/ емоции/ начин на живот/ тајминг /ендокринолошки процеси | 54 | 36% |
| емоции/ начин на живот/ тајминг/ ендокринолошки процеси/ сексуално однесување | 16 | 11% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.15** Фактори од кои зависи плодноста (фертилноста) кај жената

### 4.2.17. Семејство во кое постои лице кое стапило во малолетнички брак

Од добиените резултати може да се забележи дека од вкупно 150 испитаници, во ниедно семејство не постои лице кое стапило во малолетнички брак.

### 4.2.18. Фактори за настанување на појавата малолетнички брак во семејството на испитаникот

Добиените резултати од 17то прашање кои покажаа дека не постои лице кое стапило во малолетнички брак го повлекува и непостоењето на фактори кои придонеле до оваа појава.

### 4.2.19. Семејство во кое постои лице кое е припадник на ЛГБТ популација

Од добиените резултати може да се забележи дека од вкупно 150 испитаници, во ниедно семејство не постои лице кое е припадник на ЛГТБ популацијата.

### 4.2.20. Проблеми во семејството и секојдневието со кои се соочува припадникот на ЛГБТ популацијата

Добиените резултати од 19то прашање кои покажаа дека не постои лице кое е припадник на ЛГБТ популацијата го повлекува и непостоењето на проблеми со кои се соочува семејството.

### 4.2.21. Здравствено осигурување кај испитаникот

Од добиените резултати до кои се дојде може да се заклучи дека голем е бројот на испитаници кои се здравствено осигурани со бројка од 145 лица, или со процентуална застапеност од 97%.

**Табела бр. 16** Здравствено осигурување на испитаникот

| Здравствено осигурување на испитаникот | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| да | 145 | 97% |
| не | 5 | 3% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.16** Здравствено осигурување кај испитаникот

### 4.2.22. Користите често здравствени услуги

Анализата од добиените резултати покажа дека и покрај големиот број на испитаници кои се здравствено осигурани, голем број од испитаниците не користат здравствените услуги или поточно 65% од вкупно испитаните лица.

**Табела бр.17** Користите често здравствени услуги

| Користите често здравствени услуги | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| да | 52 | 35% |
| не | 98 | 65% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.17** Користите често здравствени услуги

### 4.2.23. Најчести здравствени проблеми за кои барате помош од доктор

Од вкупно 150 испитаници може да се забележи дека најголем е процентот на лица кои побарале доктор заради влошените кардиолошки проблеми, па следуваат лица кои се изјасниле за категоријата друго, додека со најмала застапеност се испитаниците кои побарале помош од дерматолог.

**Табела бр.18** Најчести здравствени проблеми за кои барате помош од доктор

| Најчести здравствени проблеми за кои барате помош од доктор | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| алергии | 16 | 11% |
| гинеколошки | 20 | 13% |
| дерматолошки | 9 | 6% |
| друго | 36 | 24% |
| кардиолошки | 36 | 24% |
| невролошки | 16 | 11% |
| респираторни | 17 | 11% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.18** Најчести здравствени проблеми за кои барате помош од доктор

#### 4.2.24. Регулирани брачните односи во семејството на испитаникот

Од анализата на резултатите од ова истражување може да се забележи дека 127 испитаници се во брачни односи, со процентуална застапеност од 85%, а останатите 13 испитаници се во вонбрачни односи.

**Табела бр.19** Регулирани брачните односи во семејството на испитаникот

| **Регулирани брачните односи во семејството** | **Број на испитаници** | **Проценти** |
|---|---|---|
| брачни | 127 | 85% |
| вонбрачни | 23 | 15% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.19** Регулирани брачните односи во семејството

### 4.2.25. Развод во семејството на испитаникот

Од добиените резултати може да се констатира дека од вкупн 150 испитаници, 142 испитаници се изјасниле дека немало развод во нивното семејство или со процентуална застапеност од 95%, додека кај останатите 8 испитаници може да се заклучи дека имало развод со процентуална застапеност од 5%.

**Табела бр.20** Развод во семејството на испитаникот

| Развод во семејството на испитаникот | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| да | 8 | 5% |
| не | 142 | 95% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.20** Развод во семејството на испитаникот

### 4.2.26. Најчестата причина за развод кај испитаникот

Од прикажаните резултатите може да се забележи дека како најчеста причина за постоење на развод во семејството пред се е употребата на алкохол и употреба на дрога со процентуална застапеност од 37%, потоа следи неверството со процентуална застапеност од 25%, па следи љубомората како причина како и традиционалните родови норми со процентуална застапеност од 13%.

**Табела бр.21** Најчестата причина за развод кај испитаникот

| Најчестата причина за развод кај испитаникот | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| без причина | 1 | 12% |
| влијание на алкохол и употреба на дрога | 3 | 37% |
| љубомора (отелов синдром) | 1 | 13% |
| неверство | 2 | 25% |
| традиционални родови норми | 1 | 13% |
| **Тотал** | **8** | **100%** |




**Графикон бр.21** Најчестата причина за развод кај испитаникот

### 4.2.27. Фактори кои најмногу влијаат за ескалација на стрес кај децата при развод

Анализата на добиените резултати покажува дека од вкупно 150 испитаници, 91 лице или 61% се изјасниле дека губењето на родителска поддршка, поделена лојалност, губење контрола над својот живот, неуспех во школо како и економска несигурност се топ 5 фактори за ескалирање на стрес кај децата при развод. Додека со помал процент од 11% или вкупно 17 испитаници се изјасниле дека губење на родителската поддршка, неуспех во школо, несигурност што ќе се случи, поделена лојалност како и економска несигурност се факторите од кои зависи ескалацијата на стрес кај децата при развод.

**Табела бр.22** Фактори кои најмногу влијаат за ескалација на стрес кај децата при развод

| Фактори кои најмногу влијаат за ескалација на стрес кај децата при развод | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| губење на родителска поддршка /поделена лојалност /губење контрола над својот живот /неуспех во школо /економска несигурност | 91 | 61% |
| намалено самопочитување /ограничени модели за улога /губење контрола над својот живот /губење на родителската поддршка /економска несигурност | 42 | 28% |
| губење на родителската поддршка /неуспех во школо /несигурност што ќе се случи /поделена лојалност /економска несигурност | 17 | 11% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.22** Фактори кои најмногу влијаат за ескалација на стрес кај децата при развод

### 4.2.28. Семејство со агресивни и девијантни појави кај испитаникот

Од анализата на резултатите од ова истражувањето може да се забележи дека од вкупно испитаните 150 семејства, во 103 не постојат агресивни и девијатни појави, додека кај останатте 47 постојат агресивни  и девијатни појави, или пренесено во проценти изгледаат 69%, наспроти 31%, во корист на непостоење на девијатни и агресивни појави.

**Табела бр.23** Семејство со агресивни и девијантни појави кај испитаникот

| Семејство со агресивни и девијантни појави кај испитаникот | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| да | 47 | 31% |
| не | 103 | 69% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.23** Семејство со агресивни и девијантни појави

### 4.2.29. Најчеста причина за насилство во семејството кај испитаникот

Резултатите добиени од спроведеното истражување покажуваат дека од 47 испитаници кои се изјасниле дека постојат кај нив агресивни и девијатни појави, кај 36 испитаници како најчеста причина се наведува постоењето на проблемите со семејствата на сопрузите 77%, потоа следи влијанието на алкохолот со 21%, и трета и последна причината е невработеист со 2% застапеност.

**Табела бр.24** Најчеста причина за насилство во семејството кај испитаникот

| Најчеста причина за насилство во семејството кај испитаникот | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| влијание на алкохолот | 10 | 21% |
| невработеност | 1 | 2% |
| проблеми со семејствата на сопрузите | 36 | 77% |
| **Тотал** | **47** | **100%** |




**Графикон бр.24** Најчеста причина за насилство во семејството

### 4.2.30. Семејството во кое имало абортус

Од добиените резултати може да се заклучи дека од вкупно 150 испитаници во 52 семејства имало абортус со процентуална застапеност од 35%, додека останатите 65% или кај поточно 98 семејства немало абортус.

**Табела бр.25** Семејството во кое имало абортус

| Семејството во кое имало абортус | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| да | 52 | 35% |
| не | 98 | 65% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.25** Семејството во кое имало абортус

### 4.2.31. Најчеста причина поради која жената се одлучува да абортира

Од презентираните резултати од спроведеното истражување може да се забележи дека како најчеста причина поради која жената се одлучува да абортира е дека нејзиниот маж или партнер сака да абортира со процентуална застапеност од 37% или вкупно потврдно ја посочиле оваа причина 56 испитаници од вкупно 150. Како втора причина поради која жената се одлучува да абортира е дека жената веќе има деца колку што сака со вкупно одговорени 42 испитаници или процентуална застапеност од 28%. Трета причина заради која жената се одлучува да абортира која ја навеле 18 испитаници е неочекуваната бременост со процентуална застапеност од 12%. Четврта причина поради која жената се одлучува да абортира која ја навеле 12 испитаници е сиромаштијата со процентуална застапеност од 8%. Како петта причина поради која жената се одлучува да абортира е дека не е подготвена да стане мајка со вкупно изјаснети 8 испитаници или со процентуална застапеност од 5%. Како помалку застапени причини поради кои жената се одлучува да абортира се наведени болест, невработеност како и причината дека жената не сака никој да дознае дека била сексуално активна или дека била бремена со процентулана застапеност од 1%.

**Табела бр.26** Најчеста причина поради која жената се одлучува да абортира

| **Најчеста причина поради која жената се одлучува да абортира** | **Број на испитаници** | **Проценти** |
|---|---|---|
| била жртва на силување | 1 | 1% |
| болест | 3 | 2% |
| веќе има деца колку што сака | 42 | 28% |
| не е подготвена да стане мајка | 8 | 5% |
| не сака да дознае никој дека била сексуално активна или дека е бремена | 3 | 2% |
| невработеност | 3 | 2% |
| недоволна љубов помеѓу сопружниците | 2 | 1% |
| нејзиниот маж или партнер сака да абортира | 56 | 37% |
| неочекувана бременост | 18 | 12% |
| премногу е млада или пак незрела да има дете | 1 | 1% |
| проблеми со семејствата на сопрузите | 1 | 1% |
| сиромаштија | 12 | 8% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.26** Најчеста причина поради која жената се одлучува да абортира

**4.2.32. Членовите од семејството кај кои било забележано една од следните асоцијални појави (дрога, алкохол, коцка, проституција, трговија со луѓе и слично)**

Од спроведеното истражување резултатите покажуваат дека од вкупно 150 испитаници, кај 5 семејства постојат овие асоцијални појави или поточно со

процентуална застапеност од 3%, додека во останатите 97% или 145 семејства нема постоење на асоцијални појави.

**Табела бр.27** Членовите од семејството кај кои било забележано една од следните асоцијални појави (дрога, алкохол, коцка, проституција, трговија со луѓе и слично)

| Членовите од семејството кај кои било забележано асоцијални појави | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| да | 5 | 3% |
| не | 145 | 97% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.27** Членовите од семејството кај кои било забележано една од следните асоцијални појави (дрога, алкохол, коцка, проституција, трговија со луѓе и слично)

**4.2.33. Постоењето на асоцијалните појави (дрога, алкохол, коцка, проституција, трговија со луѓе и слично) кај некој од членовите доведува до распаѓање на семејните вредности и односи**

Резултатите добиени од спроведеното истражување покажуваат дека во најголем процент од 74% или вкупно 111 испитаници немаат одговорено на ова прашање од причина што искуствено немало постоење во нивните семејства на вакви асоцијални појави, додека 11 испитаници одговориле потврдно или поточно 7%, а

останатите 28 испитаници негативно одговориле на ова прашање или со процентуална застапеност од 19%.

**Табела бр.28** Постоењето на асоцијалните појави (дрога, алкохол, коцка, проституција, трговија со луѓе и слично) кај некој од членовите доведува до распаѓање на семејните вредности и односи

| Постоењето на асоцијалните појави (дрога, алкохол, коцка, проституција, трговија со луѓе и слично) кај некој од членовите доведува до распаѓање на семејните вредности и односи | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| да | 11 | 7% |
| не | 28 | 19% |
| празно | 111 | 74% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.28** Постоењето на асоцијалните појави (дрога, алкохол, коцка, проституција, трговија со луѓе и слично) кај некој од членовите доведува до распаѓање на семејните вредности и односи

### 4.2.34. Семејството има ли деца кои биле жртва на врсничко насилство (булинг)

Анализата на добиените резултати покажуваат дека од вкупно 150 испитаници во 10 семејства постојат деца кои биле жртви на врсничко насилство (булинг) со

процентуална застапеност од 7%, додека останатите 93% се семејства во кои не постои булингот како појава или поточно 140 испитаници се изјасниле со одговор не.

**Табела бр.29** Семејството има ли деца кои биле жртва на врсничко насилство (булинг)

| **Семејството има ли деца кои биле жртва на врсничко насилство (булинг)** | **Број на испитаници** | **Проценти** |
|---|---|---|
| да | 10 | 7% |
| не | 140 | 93% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.29** Семејството има ли деца кои биле жртва на врсничко насилство (булинг)

### 4.2.35. Врсничкото насилство (булинг) влијае на промените на однесување кај вашето дете како во емоционално така и во образовното поле

Од вкупно 150 испитаници може да се забележи дека 111 испитаници немаат одговорено на ова прашање или поточно 74%, од причина што искуствено не постоело врсничкото насилство во нивните семејства, додека 19 испитаници потврдно одговориле на ова прашање со процентуална застапеност од 13%, а останатите 13% или 20 испитаници одговориле негативно дека булингот не влијае на промените во емоционалното и образовно поле кај нивните деца.

**Табела бр.30** Врсничкото насилство (булинг) влијае на промените на однесување кај вашето дете како во емоционално така и во образовното поле

| **Врсничкото насилство (булинг) влијае на промените на однесување кај вашето дете како во емоционално така и во образовното поле** | **Број на испитаници** | **Проценти** |
|---|---|---|
| да | 19 | 13% |
| не | 20 | 13% |
| празно | 111 | 74% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.30** Врсничкото насилство (булинг) влијае на промените на однесување кај вашето дете како во емоционално така и во образовното поле

### 4.2.36. Политички активен статус кај испитаникот

Од добиените резултати може да се заклучи дека од вкупно 150 испитаници, 62 лица одговориле потврдно или со процентуална застапеност од 41%, додека останатите 59% или 88 испитаници негативно одговориле на ова прашање.

**Табела бр.31** Политички активен статус кај испитаникот

| Политички активен статус кај испитаникот | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| да | 62 | 41% |
| не | 88 | 59% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.31** Политички активен статус кај испитаникот

### 4.2.37. Учеството во политиката влијае на положбата во средината во која живеете

Од презентираните резултати од спроведеното истражување може да се забележи дека 54 испитаници или 36% одговориле потврдно, додека останатите 96 испитаници или 64% се изјасниле дека политиката не влијае на положбата во средината во која живеат.

**Табела бр.32** Учеството во политиката влијае на положбата во средината во која живеете

| Учеството во политиката влијае на положбата во средината во која живеете | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| да | 54 | 36% |
| не | 96 | 64% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.32** Учеството во политиката влијае на положбата во средината во која живеете

**4.2.38. Политичкиот ангажман на еден член му помага на целото семејство**

Од спроведеното истражување резултатите покажуваат дека 58 испитаници или 39% потврдно одговориле на ова прашање, додека 92 испитаници или 61% се изјасниле дека политичкиот ангажман на еден член од семејството не му помага на целото семејство.

**Табела бр.33** Политичкиот ангажман на еден член му помага на целото семејство

| **Политичкиот ангажман на еден член му помага на целото семејство** | **Број на испитаници** | **Проценти** |
|---|---|---|
| да | 58 | 39% |
| не | 92 | 61% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.33** Политичкиот ангажман на еден член му помага на целото семејство

- **Економски фактори**

**4.2.39. Работен статус на членовите на семејството**

Резултатите добиени од спроведеното истражување покажуваат дека во вкупно 89 семејства бројот на вработени лица по семејство е 2 или со процентуална застапеност од 59%, потоа следат семејствата во кои едно лице е во работен однос такви вкупно семејства од испитуваните се 45 или со процентуална застапенст од 30%. По ова следат семејствата во кои 4 членови од семејството се во работен однос кои се вкупно 7 или со процентуална застапеност од 5%. Со најмала застапеност се семејствата во кои 3 членови се во работен однос, тоа се вкупно 4 семејства од вкупната бројка на 150 или со процентуална застапеност од 3%. Од испитуваните 150 семејства може да се забележи дека постојат 5 семејства каде бројот на невработени лица е 2 членови, или процентуално пресметано е 3%.

**Табела бр.34** Работен статус на членовите на семејството

| Работен статус на членовите на семејството | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| 1 вработено лице | 45 | 30% |
| 2 вработени лица | 89 | 59% |
| 2 невработени лица | 5 | 3% |
| 3 вработени лица | 4 | 3% |
| 4 вработени лица | 7 | 5% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.34** Работен статус на членовите на семејството

### 4.2.40. Сектор на вработување

Анализата од добиените резултати покажуваат дека најголемиот број од испитаниците го наведуваат приватниот сектор каде што работат со вкупно 104 испитаници или 69%, втор е јавниот сектор во кои работата 41 лице од вкупните 150 анкетираи или 27%. Од вкупната бројка на испитаници 5 лица се изјасниле дека се технолошки вишок или 4%.

**Табела бр.35** Сектор на вработување

| **Сектор на вработување** | **Број на испитаници** | **Проценти** |
|---|---|---|
| јавен сектор | 41 | 27% |
| приватен сектор | 104 | 69% |
| технолошки вишок | 5 | 4% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.35** Сектор на вработување

### 4.2.41. Месечна плата на мажот во денари

Од вкупно 150 испитаници може да се забележи дека 95 лица имаат плата поголема од 23000 денари или во проценти 63%, потоа следат лицата кои имаат плата од 8001-12000 денари вкупно 13 лица или во проценти 8%, како трети може да се забележи дека се лицата со примања од 16001-20000 денари како и 20001-23000, вкупно по 10 лица или во проценти по 7%. Од резултатите може да се заклучи дека бројката на невработени мажи изнесува 15 лица или со процентуална застапеност од 10%.

**Табела бр.36** Месечна плата на мажот во денари

| Месечна плата на мажот во денари | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| 12001-16000 | 6 | 4% |
| 16001-20000 | 10 | 7% |
| 8001-12000 | 13 | 8% |
| над 23000 | 95 | 63% |
| не е вработен | 15 | 10% |
| празно | 1 | 1% |
| 20001-23000 | 10 | 7% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.36** Месечна плата на мажот во денари

### 4.2.42. Месечна плата на жената во денари

Од добиените резултати може да се заклучи дека 83 лица имаат плата поголема од 20000 денари или во проценти 55%, потоа следат лицата кои имаат плата од 16001-20000 денари вкупно 13 лица или во проценти 9%, како трети може да се забележи дека се лицата со примања од 8001-12000 денари вкупно 9 лица или во проценти 6%. Од резултатите може да се заклучи дека бројката на невработени жени изнесува 42 лица или со процентуална застапеност од 28%.

**Табела бр.37** Месечна плата на жената во денари

| **Месечна плата на жената во денари** | **Број на испитаници** | **Проценти** |
|---|---|---|
| 12001-16000 | 2 | 1% |
| 16001-20000 | 13 | 9% |
| 5001-8000 | 1 | 1% |
| 8001-12000 | 9 | 6% |
| над 20000 | 83 | 55% |
| не е вработена | 42 | 28% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.37** Месечна плата на жената во денари

### 4.2.43. Месечен нето приход во денари во семејството

Од презентираните резултати од спроведеното истражување се заклучува дека најголем е бројот на семејства во кои вкупниот нето приходот е над 40001 денари кај вкупно 77 семејства или процентуално 51%. Втори по остварен вкупен нето приход се вкупно 51 семејство кај кои приходите се во граница од 20001-30000 денари или процентуално 34%. Од резултатите може да се забележи дека 6 семејства не одговориле колку е нивниот вкупен месечен нето приход или тоа во проценти изнесува 4%.

**Табела бр.38** Месечен нето приход во денари во семејството

| **Месечен нето приход во денари во семејството** | **Број на испитаници** | **Проценти** |
|---|---|---|
| 10001-20000 | 6 | 4% |
| 20001-30000 | 51 | 34% |
| 30001-40000 | 10 | 7% |
| над 40001 | 77 | 51% |
| празно | 6 | 4% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.38** Месечен нето приход во денари во семејството

### 4.2.44. Економски ресурси кои ги поседува мажот (економски капитал)

Од спроведеното истражување резултатите покажуваат дека мажот од економски ресурси во најголем процент од вкупно 30% или 45 испитаници одговориле дека поседуваат куќа, стан и земја, втори по бројност се лицата кои одговориле дека поседуваат куќа, стан со вкупно испитаници од 36 лица или 24%, потоа следуваат лицата кои се изјасниле дека поседуваат куќа, стан и возило вкупно 26 лица или 17%. Постојат и такви лица кои одговориле дека не поседуваат ништо од економски ресурси со вкупна бројка од 7 лица или изразено во проценти 5%.

**Табела бр.39** Економски ресурси кои ги поседува мажот (економски капитал)

| Економски ресурси кои ги поседува мажот (економски капитал) | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| возило | 6 | 4% |
| земја | 4 | 2% |
| земја и дуќан | 1 | 0% |
| куќа,стан | 36 | 24% |
| куќа,стан и возило | 26 | 17% |
| куќа,стан и дуќан | 18 | 12% |
| куќа,стан и земја | 45 | 30% |
| куќа,стан,земја и возило | 1 | 1% |
| куќа, стан, земја, дуќан, фирма, крупен добиток и возило | 1 | 1% |
| куќа,стан,фирма и возило | 1 | 1% |
| не знам | 2 | 1% |
| не поседува ништо | 7 | 5% |
| стан | 1 | 1% |
| куќа,стан,дуќан,фирма,возило,накит | 1 | 1% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.39** Економски ресурси кои ги поседува мажот (економски капитал)

### 4.2.45. Економски ресурси кои ги поседува жената (економски капитал)

Резултатите добиени од спроведеното истражување покажуваат дека жената од економски ресурси во најголем процент од 35% или вкупно 53 испитаници не поседува ништо. Со вкупно 26 лица или 18% од жените одговориле дека поседуваат возило, потоа следи бројката од 18 лица или 12% кои од жените одговориле дека поседуваат накит, додека 16 од испитаниците или 11% се изјасниле дека поседуваат куќа, стан. Многу мал е процентот од 1% каде што жената истовремено поседува куќа, стан, дуќан, фирма, возило и накит.

**Табела бр.40** Економски ресурси кои ги поседува жената (економски капитал)

| **Економски ресурси кои ги поседува жената (економски капитал)** | **Број на испитаници** | **Проценти** |
|---|---|---|
| возило | 26 | 18% |
| возило и накит | 3 | 2% |
| дуќан | 2 | 1% |
| земја | 14 | 9% |
| земја и накит | 1 | 1% |
| земја,возило и накит | 1 | 1% |
| куќа, стан и возило | 2 | 1% |
| куќа,стан | 16 | 11% |
| куќа,стан и возило | 3 | 2% |
| куќа,стан и накит | 2 | 1% |
| накит | 18 | 12% |
| накит и возило | 4 | 3% |
| не знам | 2 | 1% |
| не поседува ништо | 53 | 35% |
| стан | 2 | 1% |
| куќа,стан,дуќан,фирма,возило,накит | 1 | 1% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.40** Економски ресурси кои ги поседува жената (економски капитал)

### 4.2.46. Семејството ја задоволува потребата од вода, храна, засолниште и санитација

Анализата на добиените резултати покажуваат дека од вкупно 150 испитаници сите позитивно одговориле на ова прашање или со процентуална застапеност од 100%.

### 4.2.47. Вид на домување на испитаникот

Од вкупно 150 испитаници може да се заклучи дека 82 лица или 55% се изјасниле дека живеат во стан, додека останатите 68 лица или 45% живеат во куќа

**Табела бр.41** Вид на домување на испитаникот

| Вид на домување | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| куќа | 68 | 45% |
| стан | 82 | 55% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.41** Вид на домување на испитаникот

### 4.2.48. Вид на живеалиште на испитаникот

Од добиените резултати може да се заклучи дека во однос на видот на живеалиште, 124 испитаници или 83% живеат во куќа/стан, додека останатите 26 испитаници или 17% живеат во стандардно живеалиште.

**Табела бр.42** Вид на живеалиште на испитаникот

| Вид на живеалиште на испитаникот | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| куќа/стан | 124 | 83% |
| стандардно живеалиште | 26 | 17% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.42** Вид на живеалиште на испитаникот

### 4.2.49. Занимање на испитаникот и занимањето на останатите членови од семејството

Резултатите добиени од спроведеното истражување покажуваат дека занимањето на испитаниците од вкупно 150 лица, 44 испитаници се по занимање сметководители, со еден член од семејството доктор и уште два членови од семејството кои се архитекти или преточено во проценти 29%. Потоа со процентуална застапеност од 25% следи занимањето ИТ менаџер или вкупно 37 испитаници, кај кои во семејството еден од членовите е по занимање наставник, и уште еден член од семејството е филолог. Потоа следи занимањето менаџер-испитаник со 21 % застапеност или вкупно 32 лица од вкупно 150, кај кои еден член од семејството по занимање е комерцијалист, и уште еден член од семејството е технолог. Со најмала процентуална застапеност од 6% или вкупно 9 испитаници се изјасниле дека по занимање се економисти, во чие семејство има два членови кои по занимање се електро инжињери.

**Табела бр.43** Занимање на испитаникот и занимањето на останатите членови од семејството

| Занимање на испитаникот и занимањето на останатите членови од семејството | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| Правник (испитаник) / дистрибутер-членови (2) | 13 | 9% |
| Економист (испитаник) / електро инжињер-членови (2) | 9 | 6% |
| Менаџер (испитаник) / комерцијалист-член (1) / технолог-член (1) | 32 | 21% |
| Сметководител (испитаник) / доктор-член (1) / архитект-членови (2) | 44 | 29% |
| ИТменаџер (испитаник) / наставник-член (1) / филолог-член (1) | 37 | 25% |
| Социјален работник (испитаник) / психолог-член (1) / машински инжињер-член (1) | 15 | 10% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.43** Занимање на испитаникот и занимањето на останатите членови од семејството

### 4.2.50. Промена на работното место или организација

Од презентираните резултати од спроведеното истражување може да се забележи дека од вкупно 150 испитаници, 116 лица потврдно одговориле на ова прашање или во проценти 77%, додека останатите 34 лица или 23% одговориле дека не го промениле работното место или организација.

**Табела бр.44** Промена на работното место или организација

| **Промена на работното место или организација** | **Број на испитаници** | **Проценти** |
|---|---|---|
| да | 116 | 77% |
| не | 34 | 23% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.44** Промена на работното место или организација

### 4.2.51. Причини за промена на работно место или организација

Од спроведеното истражување резултатите покажуваат дека најчестите причини заради кои лицата го менуваат работното место или организација е пред се висината на плата за кои 21 лица или 14% од вкупата бројка одговориле на овој начин. Следна исто многу важна причина поради која лицата го менуваат своето работно место е

непријавување на лицето со плаќање на пензиско и инвалидско осигурување каде за оваа причина вкупно одговориле 16 испитаници или 10%. Не помалку битни причини за менување на работното место се појавуваат истекување на договор, завршување на проект како и стресот и лошиот колектив со процентуална застапеност од 7%. Како најретко посочени причини за менување на работното место се промената на местото на живеење како и монотонијата во работниот процес со процентуална застапеност од 2%.

**Табела бр.45** Причини за промена на работно место или организација

| **Причини за промена на работно место или организација** | **Број на испитаници** | **Проценти** |
|---|---|---|
| висина на плата | 21 | 14% |
| лоши интерперсонални релации | 10 | 7% |
| завршен проект | 10 | 7% |
| заради непријавување | 16 | 10% |
| истекување на договор | 10 | 7% |
| монотонија | 3 | 2% |
| недоволни услови за работа | 5 | 3% |
| нема | 5 | 3% |
| подобра работна култура | 9 | 6% |
| подобри услови и приходи | 17 | 11% |
| потреба да се смени работна атмосфера | 10 | 7% |
| промена на место на живеење | 3 | 2% |
| промена поради можност да се работи според струка | 6 | 4% |
| севкупен напредок | 7 | 5% |
| стечај на фирма | 8 | 5% |
| стрес и лош колектив | 10 | 7% |
| **Тотал** | **150** | **100%** |




**Графикон бр.45** Причини за промена на работно место или организација

Поради обемноста и комплексноста на одговорите од испитаниците добиени од анкетниот прашалник, од анализата и обработката на податоците почнувајќи од точка 4.2.1 до 4.2.51, заклучоците и доминантните фактори на влијание во ова истражување се содржани во делот 4.3 - доминантни фактори на влијание.

## 4.3 Доминантни фактори на влијание во истражувањето

Истражувањето кое се спроведе со цел собирање на податоци од вклучените испитаници и обработка на резултатите, во врска со влијанието на социјалните и економските фактори во современото семејство, беше теренско кое се спроведе во урбаните делови на град Скопје, во кое беше употребен анкетен прашалник. За потребите и природата на истражувањето, беа вклучени 150 семејства од различна етничка припадност, возраст и религија. Освен различниот етникум, во истражувањето се настојуваше да се задржи балансот меѓу двата пола, женски и машки. Со глед на тоа што примерокот се избра по случаен избор, може да се забележи дека истражувањето даде задоволителни резултати.

Доминантен фактор на влијание во ова истражување е степенот на образование кај испитаниците и кај останатите членови од семејството. Во најголем процент доминира високото образование, што влијае врз можноста за вработување и зголемување на приходите во семејството. Значајно е да се забележи дека порастот на образовното ниво кај испитаниците, подразбира автоматски и пораст на социјални вештини и способности, знаења како и стручни и квалитетни квалификации кои полесно можат да се понудат на пазарот на труд.

Во однос на структурата на семејството, може да се заклучи дека доминира составот на членови кои го сочинуваат мајка, татко и две деца. Појавата на се помал наталитет се должи на перцепцијата дека жените нема да можат да се вработат, ако работодавецот процени дека се во години за раѓање или, доколку забременат, со што нивните договори се редифинираат на определено време, што пак директно влијаат за нормално одгледување на децата.

Како друг доминантен фактор на влијание во ова истражување се појавува фертилноста кај жената. Во најголем процент доминираат факторите како што се промени во ендокринолошките процеси, сексуалното однесување, културата, факторите на исхрана како и начинот на живот. Соодветното третирање на телото на жената како и водење на квалитетен животен стил, позитивно влијаат врз плодноста на жената. Доколку не постои некоја биолошка позадина, промената на начинот на живеење (поголема физичка активност и умерено квалитетна исхрана), можат да ја подобрат плодноста како и кај жената, така и кај мажот.

Исто така, друг доминантен фактор на влијание во ова истражување е потребата од користење на услугите на здравствениот систем. Динамичното темпо на живот,

постојаната трка со времето, зголемените лични и професионални обврски, константниот стрес и нервоза, во голема мера го нарушуваат здравјето кај луѓето, што пак автоматски влијае на влошување на севкупиот квалитет на живот. Здравјето кое подразбира состојба на целосна физичка, психичка и социјална благосостојба се повеќе е реткост во ова динамично секојдневие. Од истражувањето може да се забележи дека доминантни здравствени проблеми за кои испитаниците бараат помош од доктор се, кардиолошките кои предничат пред сите останатите, потоа следат гинеколошките, респираторните, и на крај се дерматолошките здравствени проблеми.

Следен доминантен фактор на влијание во ова истражување е ескалација на стрес кај децата при развод. Разводот кај брачните партнери во голема мера може да го зголеми нивото на стрес, нервоза, несоница, и несоодветно однесување кај нивните деца. Ескалацијата на стрес кај децата е директно поврзана со намалувањето или целосно губење на родителската поддршка, постоењето на поделената лојалност, губењето на контролата кај децата над сопствениот живот, неуспехот во школо, како и економската несигурност која има големо влијание во (не)задоволување на секојдневните тековни потреби.

Друг доминантен фактор на влијание во ова истражување е абортусот како и причините поради кои жената одлучува да абортира. Абортусот како состојба е многу чувствителна тема која има многу проблеми кои не можат да се запостават. Одлуката дали да се абортира е тешка да се донесе, и едната и другата одлука самата по себе си носи последици. Бранителите на абортусот своето гледиште го темелат на тоа дека жената има неотуѓиво право на своето сопствено тело и моќ за самоопределување, бидејќи тие се најпогодени од репродукцијата и тие треба да одлучат. Според другите гледишта абортусот претставува убиство. Сепак правото на жената да избра е значајно и политички и индивидуално, и значи повеќе од борба за права. Во истражувањето може да се заклучи дека како главни причини поради кои жената одлучува да абортира се: иницијатива од страна на нејзиниот маж да го абортира плодот, следна причина е дека жената веќе има деца колку што сака, потоа следи неочекуваната бременост и како последната причина е поврзаноста на сиромаштијата и абортусот.

Следен доминантен фактор на влијание во ова истражување, е работниот статус на членовите од семејството. Резултатите од истражувањето покажаа дека од вкупниот број на испитаници, најголем е бројот на семејства во кои вработени се две лица. Статистиката од истражувањето покажува дека доминира приватниот сектор на вработување на испитаните лица, додека втор е јавниот сектор. И покрај тоа што

бројките од истражувањето покажуваат дека најголем процент од испитуваните мажи земаат плата поголема од 23.000 денари, а додека жените над 20.000 денари, сепак според последните податоци од Државниот завод за статистика во месец март 2019 година, потрошувачката кошница тежела 32.852 денари. Мора да се напомене фактот дека потрошувачката кошница од месец во месец постојано расте. Со оваа динамика на зголемување на потрошувачката кошница, многу семејства во Република Северна Македонија не можат да го поминат месецот. Дури и семејствата кои имаат двајца вработени, доколку земаат минимална плата, ќе им недостигаат околу 100 евра за да ги покријат сите месечни трошоци. Најпогодени од ваквата состојба се повеќедетните семејства со ниски приходи. Потребно е да се напомене фактот дека најмногу од семејниот буџет стандардно оди за храна и пијалоци, близу 13.800 денари, 10.400 денари се трошат на домување, за хигиена 2.300 денари и исто за превоз. Најмалку пари граѓаните трошат за здравјето – само 700 денари. Според Државниот завод за статистика, просечната нето плата во месец февруари била 24.192 денари. И покрај растењето на платите во Македонија, голем е бројот на лица кои не се осигурани на целиот износ, и дека дел од платата ја добиваат во кеш. Пресметките говорат дека дури 17.8 отсто од вработените кои имаат формален писмен договор, примиле плата во плико. За надминување на ваквата појава, потребни се почести теренски контроли и високи казни за ваквите работодавци, но и даночни ослободувања како мотивација да се формализира работниот однос, особено за оние со ниски плати.

Следен доминантен фактор на влијание во ова истражување е промената на работното место. Според резултатите добиени од истражувањето најзначајниот фактор поради кои испитаниците би го промениле своето работно место или организација е висината на плата, незадоволството и недоволноста на паричните средства кои до тој момент ги примаат како плата. Следна како причина поради која испитаниците би го смениле работното место е непријавување на лицето со плаќање на пензиско и инвалидско осигурување од страна на работодавецот. Не помалку битни причини за менување на работното место се појавуваат истекување на договор, завршување на проект како и стресот и лошиот колектив.

Тргнувајќи од фактот дека луѓето една третина од времето поминуваат на работа, потребно е да првенствено се обидат да го подобрат незадоволството и нерасположението од работната атмосфера, доколку постои таква можност, па дури потоа да донесат дефинитивна одлука за промена на тоа место. Честата промена на работното место алудира на несериозност и лошо работење.

Генерацијата - Y како термин за првпат се појавува во 1993 и ги опишува лицата родени помеѓу 1974 и 1980 година. Y - генерацијата уште се вика и следна генерација или милениумска генерација. Она што е карактеристично за оваа генерација е дека тие многу повеќе користат технологија во секојдневниот живот. Голем дел од оваа генерација имаат компјутери, користат интернет, поседуваат мобилен телефон. Оваа генерација користат инстант пораки, блогираат и поседуваат блогови, поголемиот дел од информациите ги добиваат од интернет, наместо да одат во продавница повеќе сакаат да купуваат преку интернет. Карактеристично за оваа генерација е големото присуство на социјалните медиуми Facebook и Twitter кои го променија начинот на кој се доживува работната позиција. Родителите на оваа генерација се водеа по правилото дека најдобрата опција е целиот кариерен век да се помине во една компанија, затоа што на тој начин работодавецот ќе ја награди нивната лојаност со добра плата. За разлика од нив, работниците од новата генерација пак, знаат дека најдоброто што можат да го направат за својата кариера и да си загарантираат прогрес, е да го менуваат редовно работното место. Постојат повеќе причини поради кои Y – генерацијата е во право. Една од нив е тоа дека економијата не е тоа што беше. Работниците кои денес остануваат во истата компанија, во текот на кариерата заработуваат 50% помалку од оние кои редовно го менуваат работното место. Постојаното надградување и учење е синоним за оваа генерација која често се наоѓа во ситуации надвор од својата комфорт зона и постојано одново се приклучуваат на нови компании, каде знаат дека ќе треба да дадат се од себе за што побрзо да се прилагодат. Причините зашто е добро редовно да се „освежува" својата кариера се безбројни, почнувајќи од константната доза на предизвик која се доживува, брзото учење и прилагодување, позитивните страни на новите почетоци, па се до потребата од нови колеги кои ќе те опкружуваат.

## 4.4. ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ И РЕЗУЛТАТИ ДОБИЕНИ ОД ИНТЕРВЈУ

### 4.4.1. Невработеноста влијае за настанување на промени и потреби во современото семејство

Од добиените резултати од 50-те интервјуирани може да се заклучи дека сите 50 лица имаат потврдно одговорено на ова прашање или со процентуална застапенст од 100%.

### 4.4.2. Промените и потребите кои настануваат како последица од невработеност во современото семејството

Од презентираните резултати од спроведеното интервју може да се забележи дека незадоволството од самите себе е првата промена која се појавува кај 11 лица од вкупно 50 интервјуирани или со процентуална застапеност од 22%. Потоа следи ризикот од сиромаштија за кои 10 интервјуирани се изјасниле дека е промена која настанува како последица од невработеност или во проценти 20%. Потоа следат анксиозноста и нискиот животен стандард кои настануваат како последица од невработеноста во семејството со процентуална застапеност од 18%. Со пониска процентуална застапеност од 12% или вкупно 6 интервјуирани лица одговориле дека како последица од невработеност е појавата на суицидалност (самоубиства) во семејството. Со најниска процентуална застапеност од 10% или вкупно 5 интервјуирани лица се изјасниле дека како последица од невработеност е појавата на депресија меѓу членовите од семејството.

**Табела бр.46** Промените и потребите кои настануваат како последица од невработеност во современото семејството

| Промените и потребите кои настануваат како последица од невработеност во современото семејството | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| анксиозност | 9 | 18% |
| депресија | 5 | 10% |
| незадоволство од самиот себе | 11 | 22% |
| низок животен стандард | 9 | 18% |
| ризик од сиромаштија | 10 | 20% |
| самоубиства | 6 | 12% |
| **Тотал** | **50** | **100%** |




**Графикон бр.46** Промените и потребите кои настануваат како последица од невработеност во современото семејството

### 4.4.3. Од висината на личниот доход на родителите во семејството може да настанат промени и потреби во современото семејство

Од добиените резултати од 50-те интервјуирани може да се заклучи сите 50 лица имаат потврдно одговорено на ова прашање или со процентуална застапенст од 100%.

### 4.4.4. Промените и потребите кои настануваат зависно од личниот доход на родителите во семејството

Од презентираните резултати од спроведеното интервју може да се забележи дека недостатокот од средства за подобро образование е првата промена која се појавува кај 11 лица од вкупно 50 интервјуирани или со процентуална застапеност од 22%. Потоа следи потребата од поудобен живот за кои 10 интервјуирани се изјасниле дека директно зависи од висината на личниот доход на родителите или во проценти 20%. Потоа следат отсуство на зимски и летни одмори како и нецелесно образование, кои настануваат како последица од висината на личниот доход на родителите во семејството со процентуална застапеност од 18%. Со пониска процентуална застапеност од 12% или вкупно 6 интервјуирани лица одговориле дека отсуството на движен и недвижен имот зависи од висината на личниот доход на родителите. Со

најниска процентуална застапеност од 10% или вкупно 5 интервјуирани лица се изјасниле дека потребата од храна и облека директно зависи од личниот доход на родителите во семејството.

**Табела бр.47** Промените и потребите кои настануваат зависно од личниот доход на родителите во семејството

| **Промените и потребите кои настануваат зависно од личниот доход на родителите во семејството** | **Број на испитаници** | **Проценти** |
|---|---|---|
| недостаток од средства за подобро образоваие | 11 | 22% |
| нецелосно образование | 9 | 18% |
| отсуство на движен и недвижен имот | 6 | 12% |
| отсуство на летни и зимски одмори | 9 | 18% |
| потреба за храна и облека | 5 | 10% |
| поудобен живот | 10 | 20% |
| **Тотал** | **50** | **100%** |




**Графикон бр.47** Промените и потребите кои настануваат зависно од личниот доход на родителите во семејството

### 4.4.5. Фертилитетот има влијание да настанат промени и потреби во современото семејство

Од добиените резултати од 50-те интервјуирани може да се заклучи дека 34 лица потврдно одговориле на ова прашање или 68%, додека останатите 16 лица или со процентуална застапеност од 32% сметаат дека плодноста кај жената не влијае за настанување на потреби и промени во современото семејство.

**Табела бр.48** Фертилитетот има влијание да настанат промени и потреби во современото семејство

| **Фертилитетот има влијание да настанат промени и потреби во современото семејство** | **Број на испитаници** | **Проценти** |
|---|---|---|
| да | 34 | 68% |
| не | 16 | 32% |
| **Тотал** | **50** | **100%** |




**Графикон бр.48** Фертилитетот има влијание да настанат промени и потреби во современото семејство

### 4.4.6. Промените и потребите кои настануваат во современото семејство зависно од фертилноста (плодноста) на брачните партнери

Од презентираните резултати од спроведеното интервју може да се забележи дека најголемиот процент од 32% или 16 интервјуирани немаат одговор на ова прашање за кое и сметаат дека фертилноста не влијае за настанување на потреби и промени во семејството. Следни по бројност се интервјуираните вкупно 11 лица или 22% кои одговориле дека колку повеќе деца има во семејството толку посреќно е тоа семејство. Потоа со пониска процентуална застапеност од 18% следат интервјуираните лица според кои емоционалната исполнетост на мајката како и пополнување на болката на веќе изгубеното дете зависат директно од плодноста на брачните партнери. Со најниска процентуална застапеност од 10% или вкупно 5 интервјуирани лица одговориле дека колку повеќе деца има во семејствотот толку повеќе се зголемуваат трошоците во однос на задоволување на секојдневните потреби.

**Табела бр.49** Промените и потребите кои настануваат во современото семејство зависно од фертилноста (плодноста) на брачните партнери

| Промените и потребите кои настануваат во современото семејство зависно од фертилноста (плодноста) на брачните партнери | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| емоционална исполнетост на мајката | 9 | 18% |
| нема | 16 | 32% |
| повеќе деца повеќе трошоци | 5 | 10% |
| повеќе деца посреќно семејство | 11 | 22% |
| пополнување на болката на веќе изгубеното дете | 9 | 18% |
| **Тотал** | **50** | **100%** |




**Графикон бр.49** Промените и потребите кои настануваат во современото семејство зависно од фертилноста (плодноста) на брачните партнери

**4.4.7. Степенот на образование на родителите влијае да настанат промени и потреби во современото семејство**

Од добиените резултати од 50-те интервјуирани може да се заклучи дека 32 лица потврдно одговориле на ова прашање или 64%, додека останатите 18 лица или со процентуална застапеност од 36% сметаат дека образованието кај родителите не влијае за настанување на потреби и промени во современото семејство.

**Табела бр.50** Степенот на образование на родителите влијае да настанат промени и потреби во современото семејство

| **Степенот на образование на родителите влијае да настанат промени и потреби во современото семејство** | **Број на испитаници** | **Проценти** |
|---|---|---|
| да | 32 | 64% |
| не | 18 | 36% |
| **Тотал** | **50** | **100%** |




**Графикон бр.50** Степенот на образование на родителите влијае да настанат промени и потреби во современото семејство

### 4.4.8. Промените и потребите кои настануваат во современото семејство зависно од степенот на образование на родителите

Од презентираните резултати од спроведеното интервју може да се забележи дека најголемиот процент од 36% или 18 интервјуирани немаат одговор на ова прашање за кое и сметаат дека образованието кај родителите не влијае за настанување на потреби и промени во семејството. Следни по бројност се интервјуираните вкупно 11 лица или 22% кои одговориле дека нискиот степен на образование кај родителите влијае на ниско квалификувана работна сила на пазарот на труд. Процентуалната застапеност од 20% или 10 интервјуирани лица покажува дека според нив нискиот степен на образование влијае на ниско платена работа. Со пониска процентуална застапеност од 12% или 6 интервјуирани лица сметаат дека степенот на образование на родителите влијае за настанување на потреба од користење на социјална парична помош. Со најниска процентуална застапеност од 10% или 5 интервјуирани лица сметаат дека пониското образование влијае директно за постоење на пониски квалификации.

**Табела бр.51** Промените и потребите кои настануваат во современото семејство зависно од степенот на образование на родителите

| Промените и потребите кои настануваат во современото семејство зависно од степенот на образование на родителите | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| користење на социјална парична помош | 6 | 12% |
| нема | 18 | 36% |
| низок степен на образование ниско платена работа | 10 | 20% |
| ниско квалификувана работна сила на пазарот на труд | 11 | 22% |
| пониско образование пониски квалификации | 5 | 10% |
| **Тотал** | **50** | **100%** |




**Графикон бр.51** Промените и потребите кои настануваат во современото семејство зависно од степенот на образование на родителите

### 4.4.9. Станбените услови во домаќинството влијаат да настанат промени и потреби во современото семејство

Од добиените резултати од 50-те интервјуирани може да се заклучи дека 35 лица потврдно одговориле на ова прашање или 70%, додека останатите 15 лица или со

процентуална застапеност од 30% сметаат дека станбените услови во домаќинството не влијаат да настанат промени и потреби во современото семејство.

**Табела бр.52** Станбените услови во домаќинството влијаат да настанат промени и потреби во современото семејство

| Станбените услови во домаќинството влијаат да настанат промени и потреби во современото семејство | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| да | 35 | 70% |
| не | 15 | 30% |
| **Тотал** | **50** | **100%** |




**Графикон бр. 52** Станбените услови во домаќинството влијаат да настанат промени и потреби во современото семејство

### 4.4.10. Промените и потребите кои настануваат како последица од (не) постоење на соодветни станбени услови во современото семејство

Од презентираните резултати од спроведеното интервју може да се забележи дека најголемиот процент од 30% или 15 интервјуирани немаат одговор на ова прашање за кое и сметаат дека станбените услови не влијаат за настанување на потреби

и промени во семејството. Следни по бројност се интервјуираните вкупно 11 лица или 22% кои одговориле дека непостоењето на соодветни станбени услови доведуваат до нарушена здравствена состојба кај челновите од семејството. Процентуалната застапеност од 20% или 10 интервјуирани лица покажува дека несоодветните станбени услови доведуваат до слаба концентрација кај родителите за извршување на работните задачи заради отсуство на сон. Со пониска процентуална застапеност од 18% или 9 интервјуирани лица сметаат дека непостоењето на соодветни станбени услови доведува до стрес и нервоза кај членовите од семејството. Со најниска процентуална застапеност од 10% или 5 интервјуирани лица сметаат дека несоодветните станбени услови влијаат на постоење на послаб успех кај децата кои посетуваат настава.

**Табела бр.53** Промените и потребите кои настануваат како последица од (не)постоење на соодветни станбени услови во современото семејство

| **Промените и потребите кои настануваат како последица од (не)постоење на соодветни станбени услови во современото семејство** | **Број на испитаници** | **Проценти** |
|---|---|---|
| нарушена здравствена состојба | 11 | 22% |
| нема | 15 | 30% |
| нервоза и стрес | 9 | 18% |
| послаб успех кај децата кои посетуваат настава | 5 | 10% |
| слаба концентрација за извршување на работните задачи заради отсуство на сон кај родителите | 10 | 22% |
| **Тотал** | **50** | **100%** |




**Графикон бр.53** Промените и потребите кои настануваат како последица од (не)постоење на соодветни станбени услови во современото семејство

### 4.4.11. Насилството помеѓу членовите во домот, влијае да настанат промени и потреби во современото семејство

Од добиените резултати од 50-те интервјуирани може да се заклучи дека сите 50 лица имаат потврдно одговорено на ова прашање или со процентуална застапенст од 100%.

### 4.4.12. Промените и потребите кои настануваат како последица од постоење на насилство помеѓу членовите во современото семејство

Од презентираните резултати од спроведеното интервју може да се забележи дека анксиозноста е првата промена која се појавува кај 11 лица од вкупно 50 интервјуирани или со процентуална застапеност од 22%. Потоа следи потребата од консултативно-советодавен разговор со стручно лице за кои 10 интервјуирани се изјасниле дека директно зависи од постоење на насилство помеѓу членовите во семејството или во проценти 20%. Потоа следат отсуство на еден родител најчесто таткото кој отслужува затвор казна заради насилно однесување како и оштетување на виталните функции кај членовите, кои настануваат како последица од постоење на насилство во семејството со процентуална застапеност од 18%. Со пониска

процентуална застапеност од 12% или вкупно 6 интервјуирани лица одговориле дека постоењето на насилство помеѓу членови влијае за постоење на слаби оценки во училипте. Со најниска процентуална застапеност од 10% или вкупно 5 интервјуирани лица се изјасниле дека постоењето на депресија и страв директно зависи од постоењето на насилство помеѓу членовите во современото семејство.

**Табела бр.54** Промените и потребите кои настануваат како последица од постоење на насилство помеѓу членовите во современото семејство

| **Промените и потребите кои настануваат како последица од постоење на насилство помеѓу членовите во современото семејство** | **Број на испитаници** | **Проценти** |
|---|---|---|
| анксиозност | 11 | 22% |
| депресија и страв | 5 | 10% |
| консултативно-советодавен разговор со стручно лице | 10 | 20% |
| отсуство на еден од родителите најчесто таткото кој отслужува затвор казна заради насилното однесување | 9 | 18% |
| оштетување на виталните функции кај останатите членови | 9 | 18% |
| слаби оценки во училиште | 6 | 12% |
| **Тотал** | **50** | **100%** |




**Графикон бр.54** Промените и потребите кои настануваат како последица од постоење на насилство помеѓу членовите во современото семејство

### 4.4.13. Разводот ја детерминира веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство

Од добиените резултати од 50-те интервјуирани може да се заклучи дека 35 лица потврдно одговориле на ова прашање или 70%, додека останатите 15 лица или со процентуална застапеност од 30% сметаат дека разводот не ја детерминира веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство.

**Табела бр.55** Разводот ја детерминира веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство

| Разводот ја детерминира веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| да | 35 | 70% |
| не | 15 | 30% |
| **Тотал** | **50** | **100%** |




**Графикон бр.55** Разводот ја детерминира веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство

### 4.4.14. Промените и потребите кои настануваат како последица на постоење на развод во современото семејство

Од презентираните резултати од спроведеното интервју може да се забележи дека најголемиот процент од 30% или 15 интервјуирани немаат одговор на ова прашање за кое и сметаат дека разводот не ја детерминира веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство. Следни по бројност се интервјуираните вкупно 11 лица или 22% кои одговориле дека разводот влијае на губење на релација на децата со едниот родител. Процентуалната застапеност од 20% или 10 интервјуирани лица покажува дека постоењето на чуството на срам кај децата пред останатите врсници настанува како последица на разводот кај родителите. Со пониска процентуална застапеност од 18% или 9 интервјуирани лица сметаат дека разводот го детерминира постоењето на мир и спокојство кај едната страна од брачните партнери, страна која за време на бракот била постојано под стрес и насилство. Со најниска процентуална застапеност од 10% или 5 интервјуирани лица сметаат дека разводот ја детерминира веројатноста за постоење на тага и разочараност во современото семејство.

**Табела бр.56** Промените и потребите кои настануваат како последица на постоење на развод во современото семејство

| Промените и потребите кои настануваат како последица на постоење на развод во современото семејство | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| изгубена релација на децата со едниот родител | 11 | 22% |
| мир и спокојство | 9 | 18% |
| нема | 15 | 30% |
| постоење на чуство на срам кај децата пред останатите врсници | 10 | 20% |
| тага и разочараност | 5 | 10% |
| **Тотал** | **50** | **100%** |




**Графикон бр. 56** Промените и потребите кои настануваат како последица на постоење на развод во современото семејство

### 4.4.15. Абортусот ја детерминира веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство

Од добиените резултати од 50-те интервјуирани може да се заклучи дека 39 лица потврдно одговориле на ова прашање или 78%, додека останатите 11 лица или со процентуална застапеност од 22% сметаат дека абортусот не ја детерминира веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство.

**Табела бр. 57** Абортусот ја детерминира веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство

| Абортусот ја детерминира веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| да | 39 | 78% |
| не | 11 | 22% |
| **Тотал** | **50** | **100%** |




**Графикон бр.57** Абортусот ја детерминира веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство

### 4.4.16. Промените и потребите кои настануваат како последица на постоење на абортус во современото семејство

Од презентираните резултати од спроведеното интервју може да се забележи дека психичката напнатост кај жената е првата промена која се појавува кај 11 лица од вкупно 50 интервјуирани или со процентуална застапеност од 22%. Потоа следи нарушената здравствена состојба кај жената за кои 10 интервјуирани се изјасниле дека директно зависи од постоење на абортус во семејството или во проценти 20%. Потоа следат неможноста да мајката повторно стане мајка како и дискриминација на женските права, кои настануваат како последица од постоење на абортус во семејството со процентуална застапеност од 18%. Со пониска процентуална застапеност од 12% или вкупно 6 интервјуирани лица се изјасниле дека нема промени и потреби кои настануваат како последица на постоење на абортус. Со најниска процентуална застапеност од 10% или вкупно 5 интервјуирани лица се изјасниле дека постабортускиот синдром настанува како последица од постоење на абортус во современото семејството.

**Табела бр.58** Промените и потребите кои настануваат како последица на постоење на абортус во современото семејство

| **Промените и потребите кои настануваат како последица на постоење на абортус во современото семејство** | **Број на испитаници** | **Проценти** |
|---|---|---|
| дискриминација на женските права | 9 | 18% |
| нарушена здравствена состојба | 10 | 20% |
| нема | 6 | 12% |
| неможноста да мајката повторно стане мајка | 9 | 18% |
| психичка напнатост кај жената | 11 | 22% |
| постабортуски синдром | 5 | 10% |
| **Тотал** | **50** | **100%** |




**Графикон бр.58** Промените и потребите кои настануваат како последица на постоење на абортус во современото семејство

**4.4.17. Со постоењето на асоцијални појави (алкохол, дрога, коцка, трговија со луѓе, проституција) би настанале промени и потреби во современото семејство**

Од добиените резултати од 50-те интервјуирани може да се заклучи дека 39 лица потврдно одговориле на ова прашање или 78%, додека останатите 11 лица или со процентуална застапеност од 22% сметаат дека асоцијалните појави не ја детерминира веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство.

**Табела бр.59** Со постоењето на асоцијални појави (алкохол, дрога, коцка, трговија со луѓе, проституција) би настанале промени и потреби во современото семејство

| **Со постоењето на асоцијални појави (алкохол, дрога, коцка, трговија со луѓе, проституција) би настанале промени и потреби во современото семејство** | **Број на испитаници** | **Проценти** |
|---|---|---|
| да | 39 | 78% |
| не | 11 | 22% |
| **Тотал** | **50** | **100%** |




**Графикон бр.59** Со постоењето на асоцијални појави (алкохол, дрога, коцка, трговија со луѓе, проституција) би настанале промени и потреби во современото семејство

### 4.4.18. Промените и потребите кои настануваат како последица на постоење на асоцијални појави (алкохол, дрога, коцка, трговија со луѓе, проституција) во современото семејство

Од презентираните резултати од спроведеното интервју може да се забележи дека рушењето на семејните вредности е првата промена која се појавува кај 11 лица од вкупно 50 интервјуирани или со процентуална застапеност од 22%. Потоа следи посегнувањето по сопствениот живот за кои 10 интервјуирани се изјасниле дека директно зависи од постоење на асоцијални појави во семејството или во проценти 20%. Потоа следат потребата од ангажирање на стручен тим за отстранување на асоцијалната појава како и убиства, кои настануваат како последица од постоење на асоцијални појави во семејството со процентуална застапеност од 18%. Со пониска процентуална застапеност од 12% или вкупно 6 интервјуирани лица се изјасниле дека асоцијалните појави доведуваат до влошена здравствена состојба во семејството. Со најниска процентуална застапеност од 10% или вкупно 5 интервјуирани лица се изјасниле дека семејното насилство настанува како последица од постоење на асоцијални појави во современото семејство.

**Табела бр.60** Промените и потребите кои настануваат како последица на постоење на асоцијални појави (алкохол, дрога, коцка, трговија со луѓе, проституција) во современото семејство

| **Промените и потребите кои настануваат како последица на постоење на асоцијални појави (алкохол, дрога, коцка, трговија со луѓе, проституција) во современото семејство** | **Број на испитаници** | **Проценти** |
|---|---|---|
| влошена здравствена состојба | 6 | 12% |
| посегнување по сопствениот живот | 10 | 20% |
| потреба од ангажирање на стручен тим за отстранување на асоцијалната појава | 9 | 18% |
| рушење на семејните вредности | 11 | 22% |
| семејно насилство | 5 | 10% |
| убиства | 9 | 18% |
| **Тотал** | **50** | **100%** |




**Графикон бр.60** Промените и потребите кои настануваат како последица на постоење на асоцијални појави (алкохол, дрога, коцка, трговија со луѓе, проституција) во современото семејство

### 4.4.19 Економскиот капитал со кој располага семејството креира разлики во можноста за задоволување на потребите на децата (потреба за топол дом, храна, облека, образование, санитација, итн)

Од добиените резултати од 50-те интервјуирани може да се заклучи дека 44 лица потврдно одговориле на ова прашање или 88%, додека останатите 6 лица или со процентуална застапеност од 12% сметаат дека економскиот капитал не ја детерминира веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство.

**Табела бр.61** Економскиот капитал со кој располага семејството креира разлики во можноста за задоволување на потребите на децата (потреба за топол дом, храна, облека, образование, санитација, итн)

| **Економскиот капитал со кој располага семејството креира разлики во можноста за задоволување на потребите на децата (потреба за топол дом, храна, облека, образование,санитација, итн)** | **Број на испитаници** | **Проценти** |
|---|---|---|
| да | 44 | 88% |
| не | 6 | 12% |
| **Тотал** | **50** | **100%** |




**Графикон бр.61** Економскиот капитал со кој располага семејството креира разлики во можноста за задоволување на потребите на децата (потреба за топол дом, храна, облека, образование, санитација, итн)

### 4.4.20. Промените и потребите кои настануваат кај децата зависно од економскиот капитал со кој располага современото семејство

Од презентираните резултати од спроведеното интервју може да се забележи дека пониският ранг на децата во врсничкото опкружување е првата промена која се појавува кај 11 лица од вкупно 50 интервјуирани или со процентуална застапеност од

22%. Потоа следи подобар животен стандард за кои 10 интервјуирани се изјасниле дека директно зависи од постоење на економскиот капитал со кој располага семејството или во проценти 20%. Потоа следат слаботo поведение на училиште како и неисполнување на детските соништа за среќно детство, кои настануваат како последица од непостоење на економски капитал во семејството со процентуална застапеност од 18%. Со пониска процентуална застапеност од 12% или вкупно 6 интервјуирани лица се изјасниле дека нема промени и потреби кои настануваат кај децата зависно од економскиот капитал. Со најниска процентуална застапеност од 10% или вкупно 5 интервјуирани лица се изјасниле дека подобрите услови за живот зависат директно од постоење на економскиот капитал со кој располага современото семејство.

**Табела бр.62** Промените и потребите кои настануваат кај децата зависно од економскиот капитал со кој располага современото семејство

| **Промените и потребите кои настануваат кај децата зависно од економскиот капитал со кој располага современото семејство** | **Број на испитаници** | **Проценти** |
|---|---|---|
| неисполнување на детските соништа за среќно детство | 9 | 18% |
| нема | 6 | 12% |
| подобар животен стандард | 10 | 20% |
| подобри услови за живот | 5 | 10% |
| понизок ранг на децата во врсничкото опкружување | 11 | 22% |
| слабо поведение на училиште | 9 | 18% |
| **Тотал** | **50** | **100%** |




**Графикон бр.62** Промените и потребите кои настануваат кај децата зависно од економскиот капитал со кој располага современото семејство

**4.4.21. Културниот капитал (образование, интелигенција, вештини, стилови на говор, облека, знаење) ја детерминира, веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство**

Од добиените резултати од 50-те интервјуирани може да се заклучи дека 35 лица потврдно одговориле на ова прашање или 70%, потоа следи процентуалната застапеност од 18% или вкупно 9 лица кои сметаат дека културниот капитал не ја детерминира веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство. Додека останатите 6 интервјуирани лица или во проценти 12%, воопшто не одговориле на ова прашање.

**Табела бр.63** Културниот капитал (образование, интелигенција, вештини, стилови на говор, облека, знаење) ја детерминира, веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство

| Културниот капитал (образование,интелигенција,вештини,стилови на говор, облека, знаење) ја детерминира, веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| да | 35 | 70% |
| не | 9 | 18% |
| празно | 6 | 12% |
| **Тотал** | **50** | **100%** |




**Графикон бр.63** Културниот капитал (образование, интелигенција, вештини, стилови на говор, облека, знаење) ја детерминира, веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство

### 4.4.22. Промените и потребите кои настануваат како последица на постоење на културен капитал во современото семејство

Од презентираните резултати од спроведеното интервју може да се забележи дека 15 лица од вкупно 50 интервјуирани или со процентуална застапеност од 30% воопшто не го одговориле ова прашање. Потоа следи себереализацијата за кои 11 интервјуирани се изјасниле дека директно зависи од постоење на културниот капитал

или во проценти 22%. Потоа следи градење на позитивни релации со општеството за кои 10 интервјуирани се изјасниле дека зависи од постоење на културниот капитал или во проценти 20%. Со пониска процентуална застапеност од 18% или вкупно 9 интервјуирани лица се изјасниле дека квалитетно изградените личности зависат од постоење на културен капитал во семејството. Со најниска процентуална застапеност од 10% или вкупно 5 интервјуирани лица се изјасниле дека повисокото образование и стекнување на вештини зависат директно од постоење на културниот капитал во современото семејство.

**Табела бр.64** Промените и потребите кои настануваат како последица на постоење на културен капитал во современото семејство

| Промените и потребите кои настануваат како последица на постоење на културен капитал во современото семејство | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| градење на позитивни релации со општеството | 10 | 20% |
| квалитетно изградени личности | 9 | 18% |
| празно | 15 | 30% |
| повисоко образование и стекнување на вештини | 5 | 10% |
| себереализација | 11 | 22% |
| **Тотал** | **50** | **100%** |




**Графикон бр.64** Промените и потребите кои настануваат како последица на постоење на културен капитал во современото семејство

### 4.4.23. Социјалниот капитал (заеднички разговори, прошетки и одмори, креативни и забавни игри) ја детерминира веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство

Од добиените резултати од 50-те интервјуирани може да се заклучи дека 35 лица потврдно одговориле на ова прашање или 70%, додека останатите 15 лица или со процентуална застапеност од 30% сметаат дека социјалниот капитал не ја детерминира веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство.

**Табела бр.65** Социјалниот капитал (заеднички разговори, прошетки и одмори, креативни и забавни игри) ја детерминира веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство

| Социјалниот капитал (заеднички разговори, прошетки и одмори, креативни и забавни игри) ја детерминира веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| да | 35 | 70% |
| не | 15 | 30% |
| **Тотал** | **50** | **100%** |




**Графикон бр.65** Социјалниот капитал (заеднички разговори, прошетки и одмори , креативни и забавни игри) ја детерминира веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство

### 4.4.24. Промените и потребите кои настануваат како последица на постоење на социјален капитал во современото семејство

Од презентираните резултати од спроведеното интервју може да се забележи дека 15 лица од вкупно 50 интервјуирани или со процентуална застапеност од 30% воопшто не го одговориле ова прашање. Потоа следи подоброто разбирање меѓу членовите со релации на почит и доверба за кои 11 интервјуирани се изјасниле дека директно зависи од постоење на социјалниот капитал или во проценти 22%. Потоа следи градење на одржлив семеен систем за кои 10 интервјуирани се изјасниле дека зависи од постоење на социјалниот капитал или во проценти 20%. Со пониска процентуална застапеност од 18% или вкупно 9 интервјуирани лица се изјасниле дека постоење на соработка и поддршка меѓу членовите зависат од постоење на социјалниот капитал во семејството. Со најниска процентуална застапеност од 10% или вкупно 5 интервјуирани лица се изјасниле дека подоброто разбирање меѓу членовите зависи директно од постоење на социјалниот капитал во современото семејство.

**Табела бр.66** Промените и потребите кои настануваат како последица на постоење на социјален капитал во современото семејство

| Промените и потребите кои настануваат како последица на постоење на социјален капитал во современото семејство | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| градење на одржлив семеен систем | 10 | 20% |
| празно | 15 | 30% |
| подобро разбирање меѓу членовите | 5 | 10% |
| подобро разбирање меѓу членовите со релации на почит и доверба | 11 | 22% |
| постоење на соработка и поддршка меѓу членовите | 9 | 18% |
| **Тотал** | **50** | **100%** |




**Графикон бр.66** Промените и потребите кои настануваат како последица на постоење на социјален капитал во современото семејство

Поради обемноста и комплексноста на одговорите од испитаниците добиени од интервјуто, од анализата и обработката на податоците почнувајќи од точка 4.4.1 до 4.4.24, заклучоците и потврдувањето на хипотезите во ова истражување се содржани во делот 5 - Дискусија.

## 5. ДИСКУСИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ДОБИЕНИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Од спроведеното истражување може да се заклучи дека постои мултикаузалност на социо-економските фактори во современото семејство. Тргнувајќи од целта и предметот на овој труд, за ова истражување може да се констатира дека е *теоретско-методолошко* базирано врз институционални податоци кое има за цел да проучи разни ставови и да ги согледа истите во светлина на поинакво и ново поврзување, споредување и критичко анализирање, за да се дојде до ново сознание за појавите. Методот кој беше употребен при ова истражување е описен (дескриптивен). Пристапот на истражувањето го сочинуваа *квалитативни* и *квантитативни* елементи.

Во делот на квалитативниот пристап беше спроведено ***неструктурирано интервју*** со 50 интервјуирани семејства во доменот на оваа проблематика. Од истражувањето може да се заклучи дека се потврдуваат хипотезите, како **генералната хипотеза** *„Одредени социо-економски фактори ја детерминираат веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство",* исто и **посебните хипотези.**

**Првата хипотеза** од посебните хипотези се потврдува *„Невработеноста ја детерминира веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство".* Во Република Северна Македонија во изминатите 20 години се случуваат значајни структурни, демографски, правни и институционални промени кои директно влијаат на степенот на невработеност. Невработеноста во Република Северна Македонија не претставува само економски проблем, туку и социјален проблем кој во голема мера придонесува за осиромашување и деградација на населението. Невработеноста како социјална компонента во едно општество претставува најдрастичен пример за маргинализицијата на човековите ресурси и капацитети. Високата стапка на невработеност во Република Северна Македонија допринесува за формирање на мнозинство на сиромашни граѓани кои неможат да ги задоволат своите основни потреби за живот.

Резултатите од спроведеното истражување укажуваат дека **незадоволството од самиот себе** е првата промена која настанува во современото семејство како последица од невработеноста која постои кај членовите. Незадоволството од самиот себе е состојба која настанува како последица на огрганичена можност за развивање на личниот потенцијал за работно и продуктивно ангажирање. Како последица на постоење на оваа состојба кај членовите се губат бројните ефекти како и се зголемува

бројот на лица кои се социјално исклучени и сиромашни заради немањето извор на приходи.

Втората промена која настанува како последица од невработеноста во современото семејство е **ризикот од сиромаштија**. Со поврзувањето на невработеноста со различните димензии на сиромаштијата се согледува повеќедимензионалната природа на феноменот на невработеноста и неговите материјални, но и социјално-психолошки и општествени последици. Невработените лица се цени дека не само што ги намалуваат своите приходи туку им се скратува мрежата на социјални односи и релации, им се скратуваат реалните можности кои постојат, а со тоа и шансите да се интегрираат во општественото ткиво.

Сиромаштијата во Република Северна Македонија се дефинира според релативниот концепт на сиромаштијата, односно според степенот на социјалното оттуѓување на поединците или групи на граѓани. Сиромаштијата во Република Северна Македонија бележи негативен биланс, односно има прогресивен тренд и е најмногу распространета меѓу семејствата со повеќе членови. Сепак како главна причина за сиромаштијата не се потенцира нискиот доход туку високата стапка на невработеност. Сиромаштијата во Република Северна Македонија е директно поврзана со енормната невработеност која во последните години се зголемува со геометриска прогресија и изнесува близу 40% од активното население во државата.

Резултатите од спроведеното истражување покажуваат дека **анксиозноста, депресијата и ниският животен стандард** се следни промени и потреби кои настануваат како последица од невработеноста. Животниот стандард го претставува квантитетот и квалитетот на добрата и услугите кои им се достапни на луѓето, како и начинот на кој тие добра и услуги се дистрибуирани меѓу нив. Поимот животен стандард се однесува на материјалната компонента на квалитетот на живот на луѓето и, во основа, го објаснува најголемиот дел од овој поим. Невработеноста е тесно поврзана со ниският животен стандард. Високата стапка на невработеноста ја загрозува силата на заедницата, и воедно го менува и намалува квалитетот на животниот стандард на поединците.

Невработеноста директно влијае врз зголемување на анксиозноста и депресијата, води кон состојба кај поединецот на пониска самопочит, како и влијае врз целокупното физичкото и ментално здравје на индивидуите, посебно во ситуации на долгогодишен неуспех во обидите за вработување.

Од спроведеното истражување резултатите покажуваат дека во помал процент, но незанемарувачки е поврзаноста на невработеноста со **ризикот од самоубиства (суицидалност).**

Факторите кои го предизвикуваат чинот на самоубиство најчесто се душевните болести како што се депресијата, биполарно растројство, шизофренија, злоупотреба на психотропни супстанции, како и вклучувајќи го алкохолизмот. Не ретко самоубиствата вклучуваат импулсивни дејства поради стрес, како што се финансиски тешкотии кои директно се поврзани со невработеноста. Недостатокот на економска независност како резултат на невработеност ја намалува можноста за соодветно користење на социјалните и здравствени услуги: ова може да ја наруши усогласеноста со терапевтски пропишаните третмани, придонесувајќи кон влошување во текот на ментално растројство.

Пазарот на трудот во Република Северна Македонија и по речиси две децении од започнатиот процес на транзиција и социо-економски реформи ги има истите карактеристики: ниска стапка на вработеност, високо учество во неформалната вработеност, висока стапка на невработеност и многу неповолна старосна и образовна структура на учесниците на пазарот на трудот. Невработеноста е клучниот показател за состојбите во македонската економија, а оттаму и за капацитетите на пазарот на трудот. Македонија е во групата на земји со многу висока стапка на невработеност и со неповолна структура на невработените лица: високо учество на лица со ниско образование, високо учество на младите лица и на лицата на возраст од 55-64 години. Ваквата структура на невработените лица покажува бавен економски развој на земјата, помала побарувачка за нови вработувања, несоодветна образовна и старосна понуда на профили и несоодветни политики за пазарот на трудот.

Како резултат на ова, Република Северна Македонија има многу висока стапка на долгорочна невработеност и особено висока стапка на многу долгорочна невработеност. Во вакви услови, невработеноста не е само економски туку и социјален проблем. Тоа го потврдуваат и податоците за големиот број на домаќинства во кои сите членови се невработени или имаат само по едно лице кое е вработено. Анализите на сиромаштијата и социјалната исклученост потврдуваат дека во целиот период на транзиција на македонската економија најсиромашни се невработените и повозрасните лица. Овој дел од населението долгорочно е со висок ризик од понатамошно осиромашување и социјална исклученост. Високото учество на младите лица во категоријата невработени лица значи висок ризик од нивна социјална исклученост, а

високото учество на жените и повозрасните лица во делот на долгорочно невработените лица значи нивна долгорочна ранлива економска и социјална позиција во општеството.

Споредбите со состојбите во ЕУ-27 само ги потврдуваат сериозните состојби со невработеноста, анализирана од различни аспекти. Особено загрижувачки е статусот на младите лица на пазарот на трудот во Република Северна Македонија спореден со статусот на младите лица во европските земји. Во услови на процес на глобализација и несоодветни политики кон младите лица во Република Северна Македонија, може да се очекува нивно заминување од земјата, а со тоа може да се очекува да се случи влошување на социо-економската структура на населението и намалување на можностите да се остварува одржлив развој на подолг рок. Оттаму, од висок приоритет треба да бидат: превентивните политики за поактивно вклучување на младите во образовниот процес и зголемување на можностите за нивна посилна позиција на пазарот на трудот во иднина; промени во образовните политики и подготовки на профили кои ги бара пазарот на трудот; соодветни политики за лицата кои се долгорочно невработени, а се дел од ризичните групи (жените и возрасните лица) преку нивна преквалификација или доквалификација, со што би се зголемиле нивните можности за вработување; како и добро воспоставени стратегии за доживотно учење.

Невработеноста се смета за стресен настан (Linn et al, 1985), што има потенцијал да влијае врз морталитетот и/или морбидитетот, независно дали се испитуваат националните трендови во здравствената состојба на граѓаните или стапката на морталитет (испитувања на макро ниво), или пак се испитуваат специфичните промени кај конкретно селектирани индивидуи во тек на одреден временски период (испитувања на микро ниво). Студијата на Касл во фокусот на својата анализа ги имала работниците кои се соочиле со невработеност (Linn et al, 1985). Тој испитувал различни индикатори на здравје поврзани со економскиот стрес кај различни индивидуи, во текот на двегодишен период. Утврдил зголемување на депресијата, анксиозноста и појава на психосоматски реакции (соматски симптоми предизвикани од психички фактори), само како брза, иницијална реакција кај некои од работниците; кај останатите индивидуи емоционалниот стрес (тензија) не се намалил дури и откако завршила состојбата на невработеност. Студијата всушност покажала дека е возможно психијатриските симптоми да станат хронични кај некои од невработените лица.

Други студии, кои ја анализираат релацијата на невработеноста со здравјето на индивидуите, дополнително ги согледуваат и ефектите на невработеноста на

родителите врз училишниот успех и однесувањето на нивните децата. Овој ефект на невработеноста всушност е согледан уште многу одамна. Германски истражувачи, уште во 1936 година, покажале дека невработеноста на родителите влијае врз намалување на училишниот успех кај две третини од нивните деца. Во услови кога невработеноста е долготрајна, се забележува уште поголем пад на училишниот успех на децата. Меклоид (McLoyed) во 1989 после екстензивниот преглед на литературата од областа на невработеноста, заклучил дека: децата кои имаат невработени татковци се со ризик за социо-емоционални проблеми, девијантно однесување и редуцирани аспирации и очекувања. Таквите деца честопати покажуваат и слични соматски проблеми какви што ги имаат и нивните татковци. Меклоид евидентира специфични настани и состојби кај децата поврзани со невработеноста на нивните татковци: ментални здравствени проблеми, нивно изолирање од врсниците, депресија, осаменост, емоционална сензитивност, недоверба во другите, намалена социјабилност и ниска самопочит. (McLoyed, според Fryer, 1995). И новите, посовремени студии зборуваат за тоа дека невработените лица честопати покажуваат влошено ментално здравје во споредба со оние кои се вработени (McKee-Ryan, Song, Wanberg, & Kinicki, 2005).

Овие наоди во литературата која се однесува на невработеноста, можат и често се објаснуваат со Џејходиниот латентен модел на депривација (Jahoda`s latent deprivation model). Моделот го предложува следното: невработените лица страдаат бидејќи тие се депривирани од позитивните психолошки ефекти од вработеноста. Според Мери Џејхода (Marie Jahoda), додека луѓето се примарно вклучени во платена работа со која можат да заработат за сопствениот живот (манифестната функција на вработеноста), тие истовремено „профитираат" од петте латентни функции кои се неинтенционални (ненамерни) продукти на вработеноста. Овие латентни функции се: временска структура, социјален контакт, колективна цел, социјален идентитет/статус и активност. Џејхода аргументирала (според Paul et all, 2007) дека луѓето имаат потреба: 1) да си го структурираат сопственото време (да го организираат работниот ден), 2) да го прошируваат социјалниот хоризонт (да ги шират контактите и да го споделуваат искуството со други надвор од нуклеарното семејство), 3) да партиципираат во колективната сфера каде можат да се чувствуваат полезни, 4) да знаат дека имаат препознатливо место во општеството и 5) да бидат активни. Губењето на работа доведува до депривација на обете, и на манифестните и на латентните функции, но депривацијата од латентните функции е таа која примарно го причинува стресот, а последиците се: анксиозност, депресија, незадоволство од личниот живот, напнатост,

негативна самопроценка, безнадежност во однос на иднината, ниска самодоверба, алиенација, и други негативни емотивни состојби, како што се: поместен локус на контрола, интерперсонална сензитивност, опсесивно-компулзивни реакции (Linn, Sandifer & Stein, 1985, spored Paul et all, 2007). Џејхода ја препознава вработеноста како единствена институција во модерните општества која може да ги обезбеди веќе споменатите пет латентни функции; партиципацијата во некои други институции, како на пример религиозните или волунтаристичките организации и асоцијации, исто така може да обезбеди една или повеќе од овие пет функции, но тамошното членство никогаш не може да ги обезбеди сите пет, ниту да биде толку регуларно и контролирано како што е вработеноста во разните работни институции. Според неа, значи, вработеноста е клучна за здравјето на луѓето (и ментално и физичко) и ништо не може да ја надокнади ниту достојно да ја замени (Jahoda, 1988). Латентниот депривациски модел (или теоријата на Џејхода) добил емпириска потврда во неодамнешните студии, покажувајќи дека приодот до латентните функции е навистина корелиран со добросостојбата (Creed & Reynolds, 2001). Но, студиите кои го тестирале Џејходиниот модел обично ги испитуваат групите на невработени и/или вработени лица, имплицитно ограничувајќи ја нејзината теорија само на работната сила. Оваа рестрикција би можела да биде несоодветна со оглед на тоа дека латентните функции на вработеноста одговараат на општите човекови потреби. Со други зборови: сите луѓе имаат потреба за временска структура, социјален контакт итн., со цел да бидат психички здрави, а не само работната сила. Па така, може да се претпостави дека значајна корелација помеѓу приодот до латените функции и менталното здравје би требало да постои не само помеѓу вработените и невработените лица, туку, исто така и помеѓу лицата кои се надвор од работната сила како домаќинките, студентите и пензионерите. Земајќи ги во анализите и овие групи на лица секако дека се придонесува за подобро разбирање на ефектите на невработеноста и пошироко тестирање на горенеdevedениот модел.

**Втората хипотеза** од посебните хипотези се потврдува *„Приходите ја детерминираат веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство".* Приходот е всушност потрошувачката и можноста за заштеда што ја стекнал ентитетот во определен временски период, што обично се изразува во монетарна смисла. За домаќинствата и поединците „приходот е збир на сите плати, профити, камати, кирии, дивиденди, социјални примања, дознаки од странство како и други форми на заработка добиени во одреден временски период".

Од спроведеното истражување резултатите покажуваат дека во најголем процент постои причинско-последична зависност на висината на финансиските средства кај родителите со **степенот на образование** кое нивните деца го добиваат. Ниските приходи или непостоењето на приходи кај родителите е состојба во која не постои можност за унапредување на децата во квалитетен образовен систем.

Втората промена и потреба која настанува како последица од постоење или непостоење на приходи кај родителите е **подобрување на квалитетот на живот.** Околу 64 отсто од Македонците сметаат дека се дел од средната класа кога станува збор за личната и семејната финансиска состојба, 33,5 отсто од македонските граѓани се сметаат за сиромашни, додека само 2,5 отсто за богати, покажуваат резултатите од онлајн анкетата на институтот за економски истражувања и политики „Фајненс тинк". Додека, пак, просечната плата, според последниот извештај на Државниот завод за статистика, изнесува 24.203 денари, што е за 2.000 денари повисока во однос на истиот период во 2016 година, а стапката на невработеноста постојано се намалува и е достигна до 21,1 отсто, а пред две години стапката на невработеност изнесуваше 24,5 отсто.

За поединецот да биде **економски сигурен**, потребно е во подолг временски период да добива исто или приближно исто ниво на доход (односно, да добива доход континуирано). Притоа, секако, предвид се зема реалниот доход на поединецот. Но, реалниот доход на поединецот не може да претставува индикатор за неговата економска сигурност, ако не се земе предвид линијата на сиромаштија во земјата. Според тоа, за поединецот да не се смета за економски несигурен, потребно е да добива доход над линијата на сиромаштија. Станува збор за поставување на т.н. линија (праг) на сиромаштија која ќе овозможи да се направи јасна дестинкција во однос на тоа кои лица или домаќинства можат да се сметаат за сиромашни, а кои не. Имено, за да се чуствува економски сигурен, поединецот мора да прима доход над линијата на сиромаштија, во спротивно, неговата состојба ќе тежнее кон економска несигурност. Според најновите податоци на Државниот завод за статистика (ДЗС) стапката на сиромаштија во 2017-та достигнала 22.2% и за една година се зголемила за 0.3 процентни поени. Минатата година 460 илјади Македонци живееле под прагот на сиромаштија кој за самечко домаќинство изнесува 7.510, а за четиричлено домаќинство 15.771 денари месечен приход. Највисока стапка на сиромаштија има кај најмладите односно децата до 17 години, изнесувала 29.9%; а најниска кај највозрасните односно

постарите од 65 години, изнесувала 16.1%. 38.7% од невработените, 9.0% од вработените и 7.7% од пензионерите живеат во сиромаштија.

Резултатите од спроведеното истражување покажуваат дека од приходите кај родителите зависи и финансиската моќ за **поседување на движен и недвижен имот**. Следната промена и потреба која настанува како резултат на (не)постоење на приходите кај родителите е **отсуството на зимски и летни одмори како и потребата од храна и облека.** Приоритетот за постоење на основните потреби во семејството е еден од главните пристапи за мерење на апсолутната сиромаштија во земјите во развој. Тогаш линијата на сиромаштија се дефинира како износ на приходите потребни за задоволување на тие потреби. Пристапот за „основни потреби" беше воведен од Светската конференција за вработување на Меѓународната организација на трудот во 1976 година, која предложи задоволување на основните човечки потреби како главна цел на националната и меѓународната развојна политика. Традиционална листа на непосредни „основни потреби" е храна (вклучувајќи и вода), засолниште и облека. Многу современи списоци го нагласуваат минималното ниво на потрошувачка на „основни потреби" не само на храна, вода, облека и засолниште, туку и санитарни услови, образование, здравство и интернет.

За оваа проблематика се правени истражувања и од страна на Центарот за наследство за анализа на податоци на Федералниот резервен одбор, според кои постојаниот и соодветен приход не се добива само со брак. Зголемувањето на бројот на часови работени на работа вреднувано од пазарот ќе обезбеди повеќе приходи. Бројот на часови е директно поврзан со образовните постигнувања и структурата на семејството. Семејствата чии членови имаат పониско ниво на образование нормално ќе треба да работат подолго за да стигнат до скромно ниво на финансиска сигурност отколку оние чии членови постигнуваат повисоки нивоа на образование.

Образованието му дава на детето од семејство со високи примања голема предност. Панел студијата на Динамиката на приходите на федералната влада ги покажа големите економски придобивки кои можат да се реализираат со завршување на средното образование, како во нивото на заработени плати, така и во подолгите часови неделно дека едно лице ќе работи.

**Третата хипотеза** од посебните хипотези се потврдува *„Фертилитетот ја детерминира веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство".* Плодноста е природна способност за раѓање на потомство. Како мерка, стапката на фертилитет е бројот на потомци родени по пар, поединец или население.

Плодноста се разликува од родноста, што е дефинирано како потенцијал за репродукција. Недостатокот на плодност е неплодност, а недостатокот на родност се нарекува стерилност. Плодноста на човекот зависи од факторите на исхрана, сексуално однесување, крвна слика, култура, инстинкт, ендокринолошки процеси, тајмингот, економијата, начинот на живот и емоциите.

Од спроведеното истражување резултатите покажуваат дека 16 лица од вкупно 50 интервјуирани воопшто **се немаат** изјаснето дека во зависност од плодноста кај брачните партнери зависи дали ќе настанат промени и потреби во современото семејство. Од останатите резултати може да се заклучи дека во голем процент се наведува дека постоењето на **поголем број на деца во семејството** ја прави посреќна, компактна, и добро одржлива атмосферата и релациите помеѓу членовите кои живеат во тоа семејство. Директно поврзано со оваа состојба е **емоционалната исполнетоста и задоволството** кое постои кај мајката, заради реализирање на себеси пред се, како мајка, па како родител. Како следна промена која настанува во зависност од фертилноста е и **пополнување на болката на веќе изгубеното дете.** Од плодноста на брачните партнери ќе зависи дали мајката повторно може да стане мајка, каде раѓањето на следното дете во голем дел би ја променило перцепцијата на мајката за нејзино повторно ангажирање во одгледување и растење на своето дете со одвлекување на вниманието на предходно настанатата ситуација.

Во Република Северна Македонија, поради општествено-економските услови кои владеат, се случуваат глобални промени во сите сфери на живеење проследени со сиромаштија, несигурни бракови и несигурна иднина за децата. Преоптоварени со постојана борба за преживување и егзистенција, родителите имаат сé помалку време за своите деца. Недостасува комуникација помеѓу родителите и децата, нарушени се семејните односи, а училиштето не ја остварува докрај својата образовна, а посебно воспитна улога. Непостоењето на редовни плати, здравствено осигурување, како и квалитетни станбени услови во македонското семејство доведува до ситуација на откажување на брачните партнери од раѓање на повеќе деца. Оваа одлука на брачните партнери следи како последица на **зголемување на трошоците за правилно одгледување на децата.**

За оваа проблематика постојат голем број на теории и истражувања на европско ниво, едни од нив се економските теории за намалувањето на плодноста кои постулираат дека со зголемување на образовното ниво на жените, постојат повеќе можности за вработување и повисоки нивоа на плати, со што ќе се зголеми и цената за

оспособување за одгледување на деца, а жените би преферирале вработување на работна сила за згрижување деца (Vikat, 2004).

Така, плодноста зависи од економските трошоци и придобивките на децата, што може да се разликуваат меѓу нивоата на приходи (Gauthier, 2007). Во економскиот модел, намалувањето на трошоците за децата преку владина политика ќе ја зголеми побарувачката за деца (Englehart et al., 2004; Bjorklund, 2006). Политиките може да вклучуваат парични додатоци за деца и семејства, даночни олеснувања за бројот на деца во семејството, субвенционирани надоместоци за детска грижа и родителско отсуство. Таквите политики теоретски би ја зголемиле плодноста со намалување на трошоците за деца или зголемување на семејниот приход (Gauthier, 2007; Duvander et al., 2010). Меѓу слабостите на економскиот модел се придружните претпоставки дека потенцијалните родители имаат доволно познавање на економијата на детето и дека прават економски рационални одлуки за раѓање (Vikat, 2004; Gauthier, 2007).

Светските трендови укажуваат на мало зголемување на фертилитетот од 1998 до 2008 година. Податоците на Еуростат за ТФР (тоталната стапка на фертилитет) во 32 земји покажуваат дека во текот на овој временски период постои целокупно зголемување на ТФР. Просечната ТФР во овие 32 земји беше 1,46 во 1998 и 1,59 во 2008 година, сепак е далеку под нивоата на замена. Само девет земји имаат пониско ТФР во 2008 година од 1998 година, од кои најголеми се Германија, Полска, Португалија и Словачка. Земјите коишто покажуваат најголеми зголемувања на ТФР се оние што започнаа со ТФР под 1.3. Овие земји се Бугарија (1.11-1.48), Чешка (1.16-1.50), Естонија (1.28-1.65), Словенија (1.25-1.53) и Шпанија (1.16-1.46). Единствен исклучок беше Шведска, каде што ТФР беа 1,50 и 1,91 во 1998 и 2008 година, соодветно. Зголемувањето на ТФР може да ги одразува различните влијанија кои тешко се идентификуваат во податоците за меѓусебните земји: да се направи дел од претходно одложените раѓања, подобрени услови за семејно живеење во земјите од поранешниот источен блок и, во Шведска, можеби насочени социјални политики (Goldstein et al., 2009). Другите теории се социокултурните теории како постулат дека менувањето на индивидуалните вредности наместо економските фактори се примарни детерминанти на падот на стапките на фертилитет. Во овој концепт Втората демографска транзиција го одразува процесот на промена на вредноста во однос на личните цели, односите, формирањето на семејството и придржувањето кон религијата (Луц, 2006). Временските промени во широк спектар на вредности се документирани во циклусите на Студијата за европски вредности (Halman and Draulans, 2006; Kalmijn

and Kraaykamp, 2007). Во овој социо-културен амбиент е можно опциите и вредностите на животниот стил да бидат главни детерминанти на изборот и резултатите на плодноста на жените. Теоријата за претпочитање тврди дека културните фактори се клучот за неодамнешните промени во семејството и плодноста што се случиле во современите индустријализирани општества (Hakim, 2010). Преференциите, исто така, придонесуваат за одлуките донесени од страна на мажите, но ставовите играат посилна улога кај жените, бидејќи жените се повеќе директно погодени од рамнотежата помеѓу вработувањето и домашната одлука (Vitali et al., 2009). Теоријата за претпочитање предвидува три различни типови на жени: жени-ориентирани жени (10-30%), адаптивни жени (40-80%) и жени ориентирани кон кариера (10-30%) (Hakim, 2010).

**Четвртата хипотеза** од посебните хипотези се потврдува *„Образованието ја детерминира веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство ".*

Образованието кај родителите е најчуствителниот дел пред се во рамките на културната атмосфера во семејството. Се смета дека праг на сигурност е завршување на основно училиште. Лицата со **незавршено основно образование** стануваат категорија од која произлегуваат најмногу алкохоличари, проститутки, престапници и деца со нарушени однесувања. Значењето на завршеното основно образование не е само во здобиеното минимум знаење, туку во тоа што при одењето на училиште се изградува нивната личност, навики за дисциплина, обврски, точност. Треба да се истакне дека од степенот на образование на родителите е значаен кога се разгледуваат културните потреби на одредените категории на семејства, на пример интерес за театар, музика, спорт и др. **Степенот на образование и висината на платите** на родителите се меѓусебно поврзани и условени. Од степенот на образование зависи и висината на платите кои родителите ги остваруваат. Во семејства каде родителите се со низок степен на образование или немаат никакво образование, тие немаат речиси никаква професија, **невработени се или немаат постојано и сигурно вработување.** Тоа во исто време значи и дека имаат низок социјален статус во општеството и немаат доволно финансиски средства за егзистенција, па оттука може да се заклучи дека е голем бројот на семејствата кои **остваруваат социјална парична помош.** Домаќинствата кои користат социјална парична помош се оние чии вкупни месечни приходи се помали од висината на утврдената социјална парична помош и тоа како разлика помеѓу вкупните просечни приходи на сите членови на домаќинството, по сите основи и висината на социјалната парична помош. Според Државниот Завод за

статистика вкупно 26160 домаќинства во 2017 година биле корисници на социјална парична помош.

Непобитен факт е дека родителите со повисоко образование поповолно влијаат врз развојот и однесувањето на своите деца, насочувајќи ги и поттикнувајќи ги да учат и да се образуваат. Тие влијаат врз формирањето на свеста за значењето на образованието од кое ќе зависи нивната професија и понатамошниот живот.

Во ова поле постојат голем број на истражувања кои ја покажуваат поврзаноста на образованието со настанување на промени во семејството. Истражувањето на Комеман го поткрепи наодот дека семејната заднина е силно поврзана со успехот на учениците во училиштето. Според авторот четрите варијабли како што се: семејното образование, семејниот приход, криминалната активност на родителите како и семејната структура влијаат врз постигнувањата на учениците. Според Комеман подобро образованите родители се со поголема веројатност да го сметаат квалитетот на локалните училишта при изборот на населба во која ќе живеат. Откако нивните деца ќе влезат во училиштето, родителите со поголема веројатност ќе обрнат внимание на квалитетот на наставниците на нивните деца и може да се обидат да обезбедат соодветно да им служат на нивните деца. Со учество на конференции за родители и наставници и волонтерство во училиште, тие можат да го поттикнат вработените да ги следат нивните индивидуални потреби. Образованите родители го зголемуваат развојот на нивните деца и човечкиот капитал со тоа што се потпираат на сопствените напредни јазични вештини за комуникација со своите деца. Поголема е веројатноста тие да поставуваат прашања наместо директивите и да користат поширок и посложен речник. Проценките покажуваат дека, децата чии родители добиваат државна помош слушаат помалку од една третина од зборовите со кои се соочуваат нивните врсници со повисок приход. Како резултат на тоа, децата на високо образовани родители се способни за посложен говор и имаат пообемни зборови пред да започнат со школување. Високообразованите родители исто така можат да го искористат својот социјален капитал за да го промовираат развојот на нивните деца. Кохезивната социјална мрежа на добро образовани поединци ги социјализира децата да очекуваат дека и тие ќе постигнат високо ниво на академски успех. Исто така, може да се пренесува културен капитал преку учење на децата на специфичните однесувања, обрасци на говор и културни референци кои се ценети од образовната и професионалната елита.

Во повеќето студии, образованието за родителството е идентификувано како најсилен соодност на успехот на децата во училиште, бројот на години кои посетуваат училиште и нивниот успех подоцна во животот. Бидејќи образованието за родителство влијае врз учењето на децата директно и преку изборот на училиште, не знаеме колку од корелацијата може да се припише на директно влијание и колку на факторите поврзани со училиштето. Намалувањето на различниот каузален ефект на образованието за родителство е незгодно, но со оглед на силната поврзаност помеѓу образованието на родителите и постигањата на учениците во секое индустријализирано општество, директното влијание е несомнено значајно. Понатаму, квази експерименталните стратегии откриле позитивни ефекти од образованието на родителите врз исходите на децата. На пример, една студија за корејски деца усвоена во американските семејства покажува дека нивото на образование на мајката е значително поврзано со образовното достигнување на детето. Дури и мали разлики во пристапот до активностите и искуствата за кои се знае дека го промовираат развојот на мозокот можат да се акумулираат. Како и во образованието на родителите, семејниот приход може да има директно влијание врз академските резултати на детето, или варијациите во остварувањето едноставно би можеле да бидат функција на училиштето во кое детето посетува: родителите со повеќе финансиски ресурси можат да ги идентификуваат заедниците со повисок квалитет на училиштата и да изберат поефективни населби, многу места каде што веројатно ќе бидат добри училиштата. Побогатите родители, исто така, можат да ги искористат своите ресурси за да обезбедат дека нивните деца имаат пристап до целосен опсег на вонnаставни активности во училиштето и заедницата.

**Петтата хипотеза** од посебните хипотези се потврдува „*Станбените услови ја детерминираат веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејствово"*. Станбениот простор како проблем во едно семејство се однесува на големината на станот (домот), во однос на бројот на членовите во семејството кои живеат таму. Секој член во семејството треба да има свое место, свој простор за живеење. Ова претставува важен индекс при одредувањето на состојбата во семејството.

Едно истражување успешно било спроведено во Франција, при што се покажало дека сигурност за среќно семејство се две лица во една просторија. Кога тој праг се пречекорува со три или повеќе лица, во семејствата имало појава на неприспособеност, кражби, бегање од дома.

Од спроведеното истражување може да се забележи дека лошите станбени услови директно влијааат за **нарушување на здравствената состојба** кај членовите. Животот во импровизирани и лоши услови на живеење, без вода, канализација и асфалт е главната причина која придонесува за нарушено здравје кај членовите од семејството како и **слабата концентрација кај родителите за извршување на работните задачи заради отсуство на сон.**

Исто така, се појавува и праг на несигурност кога станот е многу простран, а во него живеат мал број на лица. Тогаш се појавувала осаменост. Многу важен услов за успешност во семејството е градбата и местото на зградата или куќата. На семејниот живот најлошо влијаат густо збиени, стари и оштетени згради, а оттука како честа појава во семејството се **појавата на стрес и нервоза**.

Нерешеното станбено прашање во многу семејства претставува потенцијална опасност за лоши семејни услови како и **послаб успех кај децата кои посетуваат настава.**

На оваа тема голем број автори од Европа ги даваат своите согледувања и извештаи, еден од позначајните е извештајот на Лиза Харкер ,,Шансите за живот: влијанието на лошото домување врз децата,, од 2006 година. Според овој извештај повеќе од еден милион деца во Англија живеат во лошо домување. Што значи лошото домување за нашите деца? Зголемен ризик од менингитис, астма и бавен раст, кој е поврзан со коронарна срцева болест. Поголема шанса да страдаат од проблеми со менталното здравје и проблеми со однесувањето. Според Лиза Харкер лошото домување предизвикува поголем ризик од тешко заболување и хендикеп за време на детството и раната зрелост како и поголема веројатност за невработеност и сиромаштија. Владата вети дека ќе стави крај на детската сиромаштија до 2020 година. И покрај амбициозната природа на овие обврски, јавната политика не посветувала големо внимание на влијанието на лошото домување врз животот на децата. Повеќе од еден милион деца страдаат од лошо домување во Англија денес. Стотици илјади деца живеат во домови кои се премногу мали за да им овозможат простор за удобно спиење, да уживаат во нормалните стандарди за хигиена и приватност, па дури и простор да ја завршат домашната работа. Десетици илјади деца се принудени да живеат со години под сенка на иселување, преселени од еден привремен дом во друг, често без постојан дом со месеци или дури години. Огромна е бројката на лица кои се заглавени во куќи кои се трошни, влажни или опасни за физичко здравје.

Извршувањето на повеќекратни проблеми со домувањето го зголемува детскиот ризик од лошо здравје и инвалидитет до 5 отсто во текот на детството и раната зрелост. Според авторката лошиот дом е поврзан со изнемоштени, па дури и фатални, болести и несреќи. Кај децата во пренатрупаните живеалишта се до 10 пати поголеми шансите да заболат од менингитис отколку кај останатите. Менингитисот може да биде опасен по живот. Долготрајните ефекти на болеста вклучуваат глувост, слепило и проблеми во однесувањето. Според авторката постои директна врска помеѓу детската туберкулоза (ТБ) и пренатрупаноста. Туберкулозата може да доведе до сериозни медицински проблеми и понекогаш е фатална. Децата кои живеат во пренаселени и несоодветни услови се со поголема веројатност да доживеат респираторни проблеми како што се кашлање и астматично отежнато дишење. За многу деца ова значи губење на спиењето, ограничена физичка активност и недостасува училиште. Пренаселените состојби се поврзани со бавниот раст во детството, што е поврзано со зголемен ризик од коронарна срцева болест во подоцнежниот живот. Речиси половина од сите несреќи во детството се поврзани со физичките услови во домот. Семејствата кои живеат во имоти кои се во лоша физичка состојба се со поголема веројатност да доживеат домашен пожар.

Според Лиза Харкер домувањето влијае врз способноста на децата да учат на училиште и да студираат дома. Децата бездомници се два до три пати со поголеми шанси да бидат отсутни од училиште отколку другите деца поради нарушувањето предизвикано од преместување во и помеѓу привремено сместување. Децата во непогодни и пренатрупани домови почесто го губат училиштето поради болести и инфекции. Пренатрупаноста е поврзана со одложениот когнитивен развој и бездомништвото за одложениот развој во комуникациските вештини. Децата бездомници имаат поголема веројатност да имаат проблеми во однесувањето, како што се агресија, хиперактивност и импулсивност, фактори кои ги компромитираат академските постигнувања и врските со врсниците и наставниците. Ниското ниво на образование и здравствените проблеми поврзани со лошото домување во детството влијаат врз можностите во зрелоста. Долгорочните здравствени проблеми и ниското ниво на образование ја зголемуваат веројатноста за невработеност или работат на ниско платени работни места. Можностите за одмор и рекреација се поткопани поради ниските приходи и здравствените проблеми. Проблемите во однесувањето поврзани со лош дом во детството можат да се манифестираат во подоцнежно навредливо однесување. Според авторката Владата во Англија мора да се обврзе да стави крај на лош дом за следната генерација на деца. Сиромашните станови во текот на детството

имаат огромни финансиски и социјални трошоци во многу области, вклучувајќи здравство, образование и економија. Справувањето со лошите услови, бездомништвото и пренатрупаноста ќе им помогне на децата да напредуваат и да продолжат долг пат кон исполнување на обврската на Владата да стави крај на детската сиромаштија до 2020.

**Шестата хипотеза** од посебните хипотези се потврдува „*Изложеноста на насилство ја детерминира веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство"*.

Насилното однесување претставува насилнички, хостилни, имулсивни, непријателски дејствија насочени да се повреди или да се уништи друго лице или предмет. Тоа е начин на однесување кој што се карактеризира со негативно делување врз една или повеќе индивидуи, при што се загрозува нивниот интегритет, односно нивните вредности и интереси. Во најизворна форма е физички напад, меѓутоа во социјална интеракција, можни се порафинирани форми: вербален атак, исмејување, озборување, нарушување на туѓиот општествен и професионален статус. Од спроведеното истражување може да се заклучи дека првата промена која настанува како последица од насилното однесување на некои од членовите од семејството е состојбата на **анксиозност.**

Како втора промена која се појавува во современото семејство е потребата од **консултативно-советодавен разговор со стручно лице.** Под психосоцијален третман за сторители на насилството се подразбира отстранување и спречување на насилно однесување во семејството. Тоа се постигнува со вклучување на насилниците во структуиран третман кој им помага да ја согледаат и прифатат одговорноста за своето насилно однесување, стекнување на самоконтрола, учење на социјални вештини и промена на верувањата кои придонесуваат за насилно однесување. Психосоцијалниот третман има функција да ги заштити членовите во семејството каде што има насилство и да ја зацврсти нивната сигурност. По успешно завршување на психосоцијалниот третман, сторителот на насилство може да се испрати на советување или психотерапија поради тешкотиите кои ги имал во својот живот.

Но, мора да се забележи дека лицата кои пројавиле насилно однесување не се биолошки, социјални и психолошки зрели личности. Тие се наоѓаат во период на брзи и силни, психички и биолошки промени, а истовремено зависни и условени од општеството, училиштето и семејството. Токму поради ова, тие во овој период се подложни на различни влијанија кои можат нивниот развој и однесување да ги насочат

во негативен правец, најчесто на **оштетување на виталните функции кај останатите членови** од семејството.

Многу е важна присутноста на родителите во животот на своите деца за да можат да ги препознаат асоцијалните однесувања и како да реагираат за да ги надминат. Како следна промена која се појавува во семејството е **отсуството на еден од родителите најчесто таткото кој отслужува затвор казна заради насилно однесување.** Во вакви случаеви и покрај тоа што недостасува еден од родителите, најчесто таткото, се гледа од позитивен аспект на подобрување на квалитетот на семејните односи со другиот родител, како и подобрување на развојот на личноста кај останатите членови, со цел неповторување на такво насилно однесување по веќе настанатата ситуација.

Наведените промени денес во голема мера предизвикуваат деструктивни појави во однесувањето на децата и младите, како и постоење на **послаб успех кај деца** кои биле жртви на семејно насилство. Неретко се појавува **страв и депресија** кај лицата кои биле жртви на насилното однесување. Жртвите кои се емоционално малтретирани често се чувствуваат како да не се поседуваат самите себе, всушност тие може да чувствуваат дека другиот речиси има целосна контрола над нив. Жртвите кои се под емоционално насилство често страдат од **депресија**, кои ги става нив на зголемен ризик од самоубиство, проблеми со земање храна, дрога и алкохол.

За оваа проблематика постојат голем број на меѓународни документи во Европа како и ратификација на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство, усвоена од Советот на Европа на 11 мај 2011 година. И покрај бројот на позитивни промени што се случија во текот на последните неколку години, како што е донесувањето закони за борба против семејното насилство и националните акциони планови за спречување и борба против семејното насилство, што се случи во неколку земји, насилството врз жените сеуште е распространето во Европа.

Според статистиката на Советот на Европа, презентирана во 2009 година, 45% од жените во Европа страдале од некоја форма на насилство. Се проценува дека една петтина жени во Европа биле подложени на семејно насилство. Насилството врз жените е структурен и широко распространет проблем низ цела Европа. Жените се главните жртви на насилството врз основа на род. Жените, исто така, се особено изложени на скриени и непријавени форми на насилство. Според Евростат, стапката на непријавениот криминал е 60%. Секоја година, неколку стотици жени умираат поради

„семејни несогласувања" (како што полицијата се однесува на овие случаи) во различни европски земји. На пример, во Полска 40% од убиствата се вкоренети во семејнот насилство. Конвенцијата, усвоена од Советот на Европа, на сеопфатен начин ги адресира сите прашања поврзани со борбата против семејното насилство. Ги дефинира различните форми на насилство (како што се психолошко насилство, физичко насилство, вклучително и силување, присилен брак, осакатување на гениталии, присилен абортус и присилна стерилизација, сексуално вознемирување и таканаречени злосторства). Конвенцијата јасно се осврнува на проблемот со родовото насилство и дека жените и децата се главните жртви на семејно насилство. Конвенцијата им обезбедува на жртвите на насилство широка правна, психолошка и економска помош. Ги обврзува државите да обезбедат соодветен број засолништа за жртвите на семејно насилство; обезбедува 24/7 бесплатни телефонски линии за помош и што е најважно; распределува средства во државниот буџет за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство.

Покрај тоа, Конвенцијата е обид да се направи општеството повеќе родово чувствително и да ги промени ставовите на луѓето кон семејното насилство. Родовите стереотипи се една од главните причини за семејното насилство. Во случај на семејно насилство, судството е должно да ги почитува и заштитува правата на лицата кои страдале од семејно насилство со цел да се избегне секундарна виктимизација. Конвенцијата бара од државите да усвојат соодветни законски мерки што овозможуваат итно и ефикасно изолирање на сторителот на семејно насилство од неговата или нејзината жртва (на пример, полицијата може да му нареди на сторителот да се држи настрана од жртвата) и ги преземе овие чекори во случај на силување без да го чекате барањето на жртвата.

Механизмот за следење е составен дел на Конвенцијата. Групата експерти за акција против насилството врз жените и семејното насилство, GREVIO, е овластена да врши надзор над спроведувањето на Конвенцијата од страна на државите. Конвенцијата ги обврзува државите да формираат национални опсерватории за борба против насилството врз жените и семејното насилство, чии задачи вклучуваат координација, спроведување, следење и евалуација на политиките и активностите преземени за спречување и борба против сите форми на насилство наведени во Конвенцијата, како и да се обезбеди родова основа за собирање на податоци.

Засега, иако се чини дека ратификацијата на Конвенцијата е само една, таа се сретна со отпор во многу држави. Насилството врз жените претставува кршење на

човековите права и основни слободи. Итноста да се преземат итни чекори за борба против насилството врз жените и семејното насилство е јасно наведено во многу меѓународни договори и конвенции, како што се Виенската декларација и Планот за акција (1993), Декларацијата на ОН за елиминација на насилството врз жените (1993 ), Пекиншката платформа за акција (1995) и Општата препорака на CEDAW бр.19, која е целосно посветена на проблемот со насилството врз жените.

Европската комисија предлага нов сеопфатен политички пристап против родовото насилство, вклучително и инструмент за кривично право во форма на Директива против родово насилство и мерки за решавање на рамката „шест-П" за насилство врз жените (политика, спречување, заштита, гонење, обезбедување и партнерство), како што беше побарано од Европскиот парламент во својот извештај усвоен на 5 април 2011 година на тема „Приоритети и преглед на новата политичка рамка на ЕУ за борба против насилството врз жените".

**Седмата хипотеза** од посебните хипотези се потврдува *„Разводот ја детерминира веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство*".

Развод (или распаѓање на бракот), конечниот престанок на брачниот сојуз, поништување на законските обврски и одговорности на бракот и укинување на брачниот договор помеѓу брачните другари (различно од поништување, со што се прогласува бракот за ништовен и неважечки). Законите за развод значително се разликуваат во целиот свет, но во повеќето држави потребно е одобрение од судот или од друг орган во судски процес. Правниот процес на развод може да вклучи и проблеми со алиментација (брачна поддршка), старателство над деца, издршка на дете, поделба на имот и распределба на долг. Уште од 1970-те години, голем број на земји законски го признаваат разводот, вклучувајќи ја Италија (1970 година), Португалија (1975 година), Шпанија (1981 година), Ирска (1996 година) и Малта (2011 година). Денеска, единствените земји кои не го признаваат рзводот се Филипините (иако муслиманите имааат право да се разведат) и Ватикан, црковна држава, која нема постапка за развод.

Според Државниот Завод за статистика на Република Северна Македонија бројот на разводите во 2017 година бележи зголемување од 0,5% во споредба со 2016 година и изнесува вкупно 1994 разведени бракови. Најмалку бракови, 42 или 2.1%, во текот на годината се разведени во месец август, а најмногу, 224 или 11,2% во месец декември. Според возраста на сопругата и сопругот, најголем број разводи, 387 или

19,4% се случиле во старосната група од 30 до 34 години, за сопругата и 356 или 17,9% за сопругот.

Од спроведеното истражување може да се заклучи дека **губење на релацијата на децата со едниот родител** е промена која настанува во современото семејство. Според детскиот психолог доктор Скот Керол, кога се работи за децата и разделувањето на нивните родители, неминовно е дека децата ќе страдаат, а единствена возраст на која можеби најмалку ќе го сфатат проблемот е возраста до две, максимум три години. „Но треба да знаете дека дури и двегодишните деца ќе забележат дека нешто се случува и ќе бидат свесни за промените на емоционално, а не само на когнитивно ниво. Особено ако еднакво се поврзани кон двата родители ". Ако се зборува за периодот по третата година, траумата секако ќе биде поголема затоа што децата тогаш имаат сеќавања и делумно можат да сфатат дека нешто се случува, а колку што е детето постаро, толку ситуацијата ќе биде потрауматична, „особено на возраст од околу 11 години", тврди овој стручњак. Дотогаш детето веќе проживеало добри десет години со двајцата родители, развило длабок однос со нив, ја сфатило важноста на семејството, но децата тогаш сè уште не се самостојни и премногу се егоцентрични, па секој проблем меѓу родителите што ќе биде поврзан со нивниот развод ќе го сфатат многу потешко, со повеќе интернализирани проблеми во кои спаѓаат повлекувањето во себе, соматски тешкотии, депресија.

Следна промена која настанува во современото семејство при развод е **постоењето на чуство на срам кај децата пред останатите врсници како и заостанување зад врсниицците од нераспаднатите семејства.** Многу луѓе што се развеле продолжуваат да живеат делејќи го животот на живот пред и живот по разводот. Ова не значи дека секој развод е страшен, драматичен и има несакани последици. Некои разводи доведуваат до големо **олеснување, мир и спокојство** кај едниот или кај двајцата поранешни сопружници, а и кај децата. Но, ваквите ситуации се повеќе исклучоци отколку правило. Во реалноста, вистински прекин на врската има само кај разведените што немале деца.

Промената која настанува во современото семејство како последица од развод е појава на силни негативни емоционални ситуации кои настануваат кај децата. Помалите деца може да станат агресивни, непослушни или повлечени. Постарите деца може да преживуваат **длабока тага, разочараност и чувство на губиток**. Децата исто така може да го намалат школскиот успех и да имаат некои бихејвиорални пореметувања. Адолесцентите може да имаат потешкотии во влегување во емотивни

врски, ниска самодоверба и автодеструктивно однесување. Истражувањата покажуваат дека децата на разведените родители почесто се разведуваат, а и потешко и поретко се одлучуваат на брак. Ваквите негативни последици може да се избегнат ако на децата за време на развод им се пристапи на прав начин. Доколку разводот не е пропратен со некои поголеми конфликти, и доколку родителите успеале во тој период детето да го заштитат колку што е можно повеќе од стрес, децата од разведени бракови може да имаат подеднакво успешен развој и емотивна стабилност како и деца со комплетно семејство.

Широко е полето на истражување во оваа проблематика како во Европа, така и пошироко. Голем број на автори докажуваат дека една од главните загрижености за зголемувањето на разводот е нејзиното влијание врз благосостојбата на децата и возрасните. Овие прашања предизвикаа голем интерес кај социјалните и психолошките научници и многу заклучоци беа извонредно конфликтни (McLanahan & Sandefur, 1994; Cherlin, 1999). Повеќето истражувања заклучуваат дека детето и нивните деца се влошуваат според неколку показатели на психолошко, физичко и социоекономска добросостојба, придружено со оние кои не се разведени (на пример, Амато, 2000 Амато, 2010, Гарига и Харкенен, 2009, Амато и Џејмс, 2010). Наодите на овие ефекти се движат од зголемените нивоа на сиромаштија (Callens & Croux, 2009) и пониските образовни перформанси на децата за развод (на пример, Garriga & Härkönen, 2009; Амато и Џејмс, 2010) за зголемена појава на психолошки проблеми (Amato и Keith 1991) и многу физички здравствени услови (Amato & James, 2010). Паровите кои се распаѓаат се разликуваат од оние што останале заедно во многу аспекти. Тие се генерално помалку среќни и често се повеќе конфликтни и тие исто така се разликуваат во однос на социоекономските ресурси и многу демографски карактеристики. Сите овие можат самите да влијаат врз благосостојбата и разводните двојки, а нивните деца се чувствуваат полоши дури и без разводот. Всушност, оние кои остануваат во несреќни бракови се чувствуваат полоши во однос на задоволството од животот, на оние кои ги распуштиле своите несреќни бракови (Hawkins & Booth, 2005). Општо земено, приспособувањето на разводот покажува големи разлики, при што некои лица успеваат да се приспособат за новата ситуација релативно брзо, додека за другите развод претставува долгорочен, хроничен проблем од кој тие никогаш не можат целосно да закрепнат. Дали разводот доведува до опаѓање на благосостојбата, зависи од природата на бракот од кој партнерите си заминуваат.

Понатаму, приспособувањето кон развод зависи од различни социоекономски и меѓучовечки ресурси, како што се вработување, приход, социјална поддршка и дали некој има нов партнер (Gähler 1998; Wang & Amato, 2004). Исто така, зависи и од поширокиот општествен контекст, а ефектите на разводот се послаби во земјите каде поддршката за семејството е посилна и во која разводот е почест (Kalmijn, 2010). Конечно, не постојат конзистентни родови разлики во субјективната благосостојба на последиците од разводот (иако мажите се чини дека страдаат од поголем пад на физичкото здравје) (Amato & James, 2010). Развојот има важни економски последици, особено за жените (DiPrete и McManus, 2000; McManus & DiPrete, 2001; Унк, 2004). Економската зависност во поранешниот брак има тенденција да доведе до поголеми економски загуби по разводот, додека единствените или главни економски провајдери можат дури и да се стекнат економски (McManus & DiPrete, 2001). Од друга страна, аранжманите на државите за социјална помош, кои обезбедуваат поддршка за приходот и поддржуваат вработување на разведени мајки, ги подобрат негативните економски последици од распаѓањето на семејството (DiPrete 19 & McManus, 2000; Унк, 2004). И покрај варијациите во економските последици од разводот, тоа е меѓу главните животни настани кои можат да доведат до сиромаштија (Callens & Croux, 2009). Има уште поголема загриженост за ефектите од распуштањето на семејството врз децата. Со текот на времето, ставовите се движат од главните долгорочни негативни ефекти врз емоционалната и социоекономската благосостојба на децата до тврдењата за никакви ефекти (McLanahan & Sandefur, 1994; Cherlin, 1999).

Социјалната средина и другите фактори кои создаваат нестабилност имаат потенцијал да ги поткопаат исходите на децата. Некои слични ефекти се најдени за родителското репартнерство, што често може да доведе до нови поделби (Amato, 2010, Sweeney, 2010). Економските ресурси не ги објаснуваат сите ефекти од разводот на родителите и психолошките фактори и односите играат важна улога во објаснувањето на ефектите од разводот на родителите. Прилагодувањето на самите родители и нивните постапки за родителство за време и по процесот на развод придонесуваат за приспособување на нивните деца, бидејќи го прават севкупниот квалитет на односите што децата ги одржуваат кон двата родитела. Поради овие причини, разводот на родителот може да резултира со исчезнување на децата дури и во добро развиените социјални држави (Gähler, 1997, Garriga & Härkönen, 2009; Amato & James, 2010).

Родителскиот развод често предизвикува зголемено ниво на анксиозност за време на процесот на развод, што може да се влоши со стресот што го поставува на родителите и нивната способност да се вклучат во ефективно родителство. Меѓутоа, за многу деца, овие ефекти се релативно краткотрајни, бидејќи многумина се прилагодуваат на новата ситуација со разумно време на задоцнување (Amato & Keith, 1991, Cherlin, 1999; Amato, 2000; 2010; Pryor & Rodgers, 2001). За други, може да претставува извор на повеќе хроничен вирус од кој никогаш нема да се опоравaт целосно. Една од можностите преку кои разводот на родител може да има долгорочни ефекти врз детските животи, е преку образовно постигнување. Ако родителскиот развод ја наруши образовната кариера на детето на пример, преку влијание врз нивната економска или психолошка благосостојба, односите со родителите, наставниците или пријателите ова нарушување може да се претвори во пониски нивоа на социоекономско достигнување и физичко и психолошко добро во зрелоста (Garriga & Härkönen, 2009; Amato & James, 2010). Конечно, дури и ако родителскиот развод генерално има слаби долгорочни ефекти врз клинички индикатори за психо-емоционална благосостојба, како што се депресија и анксиозни нарушувања, ова не значи дека многу деца на развод нема да доживеат чувства на тага и загуба, дури и долго време по родителската сепарација (Amato, 2010).

**Осмата хипотеза** од посебните хипотези се потврдува „*Абортусот ја детерминира веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство* ".

Абортус или пометнување - прекин на бременост. За абортусот не постои единствено гледиште. Бранителите на абортусот своето гледиште го темелат на тоа дека жената има неотуѓиво право на своето сопствено тело. Темата на абортусот е централна во феминистичката теорија и во политиката. Аргументите за абортусот се темелат на ставот дека жената треба да има контрола над своето тело и моќ за самоопределување, бидејќи тие се најпогодени од репродукцијата и тие и треба да одлучат; според други гледишта абортусот претставува убиство. Сепак, правото на жената да избира е значајно и политички и индивидуално и значи повеќе од борба за права. Жената се одлучува на абортус од многу различни причини. Она што најчесто луѓето го помислуваат за нив, е дека не внимаваат во своите сексуални односи и најчесто се осудувани од околината која ги доживува како неморални. Мора да се потенцира дека ниту големата сексуална активност, ниту неморалноста не се број еден во истражувањата направени на оваа тема. Контрацептивните средства се оние кои

најчесто доведуваат до оваа ситуација, бидејќи квалитетот на овие производи не секогаш гарантира 100% сигурност. Причините за абортус може да бидат и подлабоки, кога се работи за генетско пореметување или недоволен развој на фетусот. Несаканата бременост може да биде и последица на силување, инцест или друг вид на сексуално насилство, кое за жал се уште се среќава во 21 век.

Од спроведеното истражување може да се заклучи дека една од најчестите промени кои настануваат како последица на постоење на абортус во современото семејство е **психичката напнатост кај жената.** Секоја жена го доживува абортусот на различен начин. Независно од причината која ја навела на ваква одлука, чувствата варираат од позитивни до многу негативни. Абортусот е чин кој трае кратко. Телото ќе заздрави и ќе се врати во првобитната положба за кратко време. Психолошката состојба на жената после тоа е она на кое најмногу треба да се обрне внимание. Многу често, и после години доаѓа до каење и прекорување на самите себе поради оваа одлука. На овие жени им е потребна поддршка и разговор. Иако, многу често самите не сакаат да говорат за тоа, луѓето во нивната близина се оние кои треба да ги поттикнат на разговор.

Следна промена која настанува во современото семејство како последица од абортус е **нарушената здравствена состојба кај жената.** Тука спаѓаат раните компликации кои се поделени на непосредни кои се јавуваат во првите 3 часа по интервенцијата. Тука спаѓаат траумите како перфорација на утерусот, лезии на цервиксот и миометриумот, потоа компликации поради анестезијата и крварење. Во раните компликации спаѓаат и дополнителните компликации кои настануваат од 3 часа, па до месец дена по абортусот. Тука спаѓаат крварења и инфекции, тромбофлебитис и психички последици (депресија и чувство на вина). Следни се доцните компликации кои можат да бидат соматски и психички. Во соматски последици се вбројуваат компликации за повторно зачнување, бременост и породување. Како следна промена која настанува во современото семејство како последица од абортусот е **дискриминација и непочитување на женските права.** Сексуалните и репродуктивни права, вклучително и правото на абортус, се загарантирано со Уставот на РМ, а исто така и со меѓународните договори кои нашата држава ги има ратификувано. Секој обид да се ограничи или да се оспори тоа право сериозно ги нарушува слободите на девојките и жените во Република Северна Македонија, а со тоа ги деградира и разнишува сите обиди за воспоставување на родова еднаквост во нашето општество.

Следна промена која настанува во современото семејството како последица од абортусот **е пост-абортуски синдром**. Најчестите симптоми кои ги доживуваат жените со постабортуски синдром се: стрес, анксиозност, повлекување во себе, депресија, омраза кон самата себе, неможност да си прости на самата себе, чувство на безвредност, очај, срам и т.н. Често пати реакцијата се повторува од година во година во времето кога бил извршен абортусот или терминот кога бебето требало да се роди. Најчесто жената се обидува да ги потисне овие чувства и со тоа состојбата уште повеќе се влошува. Колку е подолго времето на потиснување на чувствата, толку се подлабоки последиците и психичките промени кај жената. Кај жените кои страдаат од овој синдром често пати се појавува тешкотија во остварувањето на трајна, нормална врска и сексуална дисфункционалност (аверзија спрема сексуалните односи или пак понекогаш препуштање на промискуитет). Кај овие жени често се јавува желба за брзо забременување како желба за да си го „вратат" бебето. Често пати заради нерешената причина за првиот абортус, се случува и втор и жената се врти во круг. Забележано е дека малолетни девојки кои направиле абортус, за кратко време брзоплето стапуваат во брак. Симптомите кои ги вклучува постабортускиот стрес се еднакви на симптомите на пост-трауматско нарушување.

Според европските истражувања во ова поле на интерес, може со сигурност да се потврди дека со подобрувањата во технологијата, особено во текот на втората половина на векот, и признавањето на правата на жените, ситуацијата полека се менуваше во последниве децении, а жените сега имаат висок степен на автономија во однос на нивната плодност. Како резултат на оваа автономија, холандските жени, имаат најниска стапка на абортуси во светот. Од друга страна, некои земји сеуште имаат регулативи кои ги рефлектираат застарените процедури и размислување и не се придржуваат до стандардите за медицински и социјални услуги кои се воспоставени во меѓувреме. Еден пример е задолжително советување пред абортирање. Иако ова е укината во некои земји, како што е Франција пред две години, таа сè уште постои со некои насоки во некои други земји. На пример, во Холандија и Австрија сите лекари можат да ја обезбедат клиниката и нема регулирање како негова содржина, додека во Германија е попрецизно пропишана и пречка за абортус. Останува нејасно што е толку тешко да се понуди советување доброволно, бидејќи тоа е вообичаена практика за други медицински постапки.

Облигацискиот период на чекање е еден друг пример кој е задолжителен период на чекање за размислување помеѓу советувањето и абортусот. Во Швајцарија, дури и по неодамна либерализираниот закон, една жена сè уште мора писмено да се огласи дека е во неволја пред таа да може да има законско абортирање. Еве, исто така, на постапка, необична во медицината, не дава никаква препознатлива предност за засегнатата жена. Се чини дека тоа е нешто што ќе обезбеди легитимитет на акцијата, а веројатно служи само за да се создаде засегната жена што се чувствува дека мора да се потпира на општеството за она што таа го прави.

Сепак, постојат некои важни позитивни случувања. Еден од нив е зголемување на ширењето на интернетот. Без големо влијание на напор, тие имаат непречено пристап до голема количина на информации од различни перспективи. Најважно, нивната приватна сфера е безбедна; тие не мора да објаснуваат ништо за себе, ниту пак мора да се оправдаат себеси за никого. Ние откривме дека веб страниците за абортуси кои имаат веб сајтови имаат позитивно влијание врз советувањето и лекувањето, под услов овие сајтови да имаат несовесно искуство.

Во овој поглед постојат две негативни страни на интернет: од една страна, не сите жени имаат пристап до него. Од друга страна, често е тешко да се направи разлика помеѓу фактичката евиденција и емоционалната пропаганда и информации кои недостасуваат. Постои голема разлика во абортусните процеси помеѓу земјите. Додека, на пример, во Холандија, повеќето хируршки абортуси во првите тримесечја извршени под локален анестетик, во други региони општа анестезија е стандард. Во Франција, Шкотска и Шведска во некои институции повеќе од 50% од жените избираат медицинска абортус, во Германија, Холандија и Австрија ова е само мал процент. Не може да се претпостави дека женските потреби во гореспоменатите земји се толку различни што ја објаснуваат толку широката фреквенција на различните методи. Наместо тоа, мора да се претпостави дека разликата во фреквенцијата на методите е изразување на различните организациски, правни или финансиски околности или само прекинување на традициите кои не се доведени во прашање.

Ако се спореди честотата на абортуси во различни земји, јасно е дека земјите со најниска стапка на абортуси се оние каде што општите услови се најориентирани кон потребите и каде што жените имаат најголема можна автономија во пристапот до сексуално образование, контрацепција и абортус, на пример кај Холанѓанките. Нема докази дека ограничувањето на пристапот, на пример задолжителното советување или периодот на чекање е од корист. Сепак, тие доведуваат до одложување на абортусот и

имаат негативен ефект врз физичкото и психолошкото доживување на засегнатите новите општи услови. Развојот во последниве децении беше охрабрувачки, бидејќи регулациите во многу земји се менуваа и сега се помалку рестриктивни. Примерот на Канада е особено вреден. Таму, одамна констатирано е дека абортусот на несакана бременост е медицински третман и не бара правно мешање. Затоа, по долги правни аргументи, во 1988 година Судскиот суд го прогласил законот за абортус да биде неуставен и укинат. Ќе биде интересно да се види колку време ќе потрае за овој пристап ориентиран кон решение да ги замени постојните идеолошки мотивирани регулативи во други земји, особено оние во Европскиот регион.

**Деветата хипотеза** од посебните хипотези се потврдува *„Асоцијалните појави (дрога, алкохол, проституција, трговија со луѓе и слично) ги нарушуваат семејните односи и вредности".*

Асоцијалните појави се дефинираат како негативни појави со кои не се кршат законските норми - не се деликти, но се производ на противречностите и тешкотиите во општеството и се штетни како за младите, носители на тие појави така и за општеството во целина. Во оваа група спаѓаат: алкохолизмот, наркоманијата, проституцијата, самоубиствата, просјачењето, скитничењето, коцкањето и слично. Како последица од постоење на овие појави во семејството доаѓа до **рушење на семејните вредности.** Доколку семејството не функционира добро и со љубов, и како етичка заедница не ја почитува вистината, ако нејзините членови се служат со лаги, измами и лоши воспитни и социјални насоки, без грижа за своите членови, тогаш тоа е извор на девијантните појави во општеството. Девијацијата претставува кршење на оние норми, вредности и очекувања кои како пожелни се истакнуваат во некоја општествена група или општествена заедница, при што општеството реагира негативно, надоврзува негативна санкција или пак поминуваат само со став на неодобрување, како однесување во недозволена насока кое ги преминало границите на толеранцијата на општеството. Бидејќи овие појави во современото општество се во голема експанзија, со што добиваат особено значење, нужно се наметнува потребата од нивно објаснување за да можат да се намалат и да се отстранат. За нив не постои единствена класификација, но во девијантно однесување спаѓа однесувањето како: злосторство и деликвенција, земање droги, проституција, душевните болести, самоубиствата, алкохолизмот и сл. Бидејќи се покажува дека сите видови девијации се непожелни, штетни и негативни општествени појави, општествената превенција од девијации би била посебна општествена активност во рамките на постојните односи со

која би се настојувало да се менуваат и коригираат оние односи кои придонесуваат за настанок и развој на девијациите. Ефикасната превенција треба да резултира со намалување на обемот на поединечни појави или нивно потполно елиминирање. Но исто така не помалку важна е и ангажираноста на семејствата, училиштата, средствата за масовна комуникација и други специјализирани општествени институции за да се постигне саканата цел, односно детето, а подоцна и младиот човек, да добијат соодветни воспитни и социјални насоки.

Следна промена која настанува во семејството како последица од постоење на асоцијални појави, е **посегнувањето по сопствениот живот како и ангажирање на стручен тим** за работа со членовите од семејството кои имаат суицидални мисли.

Според Државниот Завод за статистика во 2017 година во категоријата на самоубиства, случаи кај кои смртта настапила поради бесење, странгулација и суфокација имаат најголемо учество со 15.7%.

Промената која настанува во современото семејство како последица од постоење на асоцијални појави во семејството се **убиствата. Убиство** е секое дејство во кое еден човек убива друг човек. Убиството претпоставува само свесен акт на еден човек кој резултира во смрт на друг човек, т.е. убиството вклучува и случајни дејства, дејства од негрижа или од невнимание, дури и кога извршителот немал намера да ја предизвика смртта.

Во правото постојат повеќе категории на убиства, вклучувајќи: убиство без умисла, убиство со умисла, оправдано убиство, убиство во самоодбрана, убиство за време на војна, еутаназија, итн. Според податоците на Државниот завод за статистика, во Република Северна Македонија бројот на умрени лица од насилна смрт е намалена за 15.3% во однос на предходната година и изнесува 421 умрено лице. Умрените лица од насилна смрт учествуваат во вкупниот морталитет со 2.1%. Во структурата на умрените од насилна смрт според полот, и во 2017 година, како и во предходните години поголемо учество имаат машките лица и тоа 75.1%. Во категоријата „убиства", доминантна причина за смрт е „Обид за нанесување телесна повреда со истрел од друго и од непознато огнено оружје", со учество од 2.4% во однос на вкупниот број случаи од насилната смрт. **Семејното насилство** како промена која настанува како последица од постоење на асоцијални појави претставува акт на насилство засновано на припадност на пол, кој резултира или е подобен да резултира во физичка, сексуална или психичка повреда, страдање на жените, вклучувајќи ги и заканите за ваквите однесувања. Под семејно насилство според Законот за Семејство, се смета за

однесување на член на семејството кој со примена на сила, закана и заплашување врши телесни повреди, емоционална и сексуална злоупотреба и материјално, сексуално или работно искористување на друг член од семејството. Според Министерството за Правда на Соединетите Американски Држави на секои петнаесет минути е претепана една жена, каде што семејното насилство е водечка причина за повреда кај жените на возраст од 15-44 години во САД. Семејното насилство предизвикува повеќе повреди кај жените за разлика од сообраќајните несреќи и ограбувањата со силувањата комбинирано. (Clinton & Mullins, 2002). 95 % жртви на семејно насилство се жените (U.S. Department of Justice). Повеќе од три милиони жени се жртви на семјно насилство секоја година (FBI, 1990).

**Десетата хипотеза** од посебните хипотези се потврдува „*Економскиот капитал со кој располагаат семејствата креираат разлики во можноста за задоволување на потребите на децата (потреба за топол дом, храна, облека, образование итн.).*" Првата промена која настанува како последица од (не) постоење на економскиот капитал во семејството е **понизок ранг на децата во врсничкото опкружување.** Со поаѓање на училиште, детето добива и поголема автономија, самостојност. Излегува само, станува одговорно за своето поведение и однесување. Времето поминато надвор од семејниот дом се зголемува, а детето е во постојана интеракција со врсниците. Тоа појавува сè поголем интерес за другарување и пријателство. Секое поведение и однесување на детето истовремено се одговор, но и предизвикување за однесувањето на другите. Детето создава двојни врски во комуникацијата со другите, кои можат да бидат придружени со позитивни или негативни чувства. Овие чувства за детето се информација како другите гледаат на исти работи. Детето учи за тоа како другите размислуваат, како се однесуваат, учи за различностите. Детето почнува да станува свесно за групните правила и се јавуваат првите просоцијални поведенија, како што се алтруизмот и конформизмот. Не постоењето на економскиот капитал во семејството прави детето да се чуствува отфрлено, запоставено, и од сето ова погоре изнесено доколку не го помине како фаза, може подоцна да му донесе последици како несоработливост, проблеми со авторитети како и бескрупулозност во човековите релации.

Следната промена која настанува во современото семејство зависно од (не)постоење на екононосмки капитал е **слабото поведение кај децата во училиште.** Може да се заклучи дека отсуството на топол дом, храна, облека и образование директно влијаат за незаинтересираноста на децата на часовите, непосетување на

редовната настава заради недостаток на елементарните потреби кои детето треба да ги задоволи во текот на денот. Па оттука, и настанува состојбата во која децата неможат да го совладат предвиденото градиво за учење што директно влијае на послабо поведение кај децата.

Постоењето на економскиот капитал во семејството директно влијае **на (не)постоење на подобри услови за живот**. Сиромаштијата кај семејствата често ги принудува младите луѓе да се откажат од училиштето, за да бараат работа за да помогнат дома, што обично се случува во руралните средини, каде нивото на сиромаштија е на високо ниво и постои недостаток од соодветна помош како минимален приход, кои ги приморуваат лицата да престанат со образованието.

**Единаесетата хипотеза** од посебните хипотези се потврдува *„Културниот капитал (образование, интелигенција, вештини, стилови на говор, облека, знаење) ја детерминира, веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство* ". Културниот капитал го определува социо-економскиот статус на семејството ги разликува децата од разни семејства со социјални предности и им помага да ја одржат нивната социјална позиција во општеството.

Како прва промена и потреба која настанува во современото семејство зависно од културниот капитал е **себереализацијата.** Себереализацијата преставува акт кој делува за постигнување на целосен развој на способностите и талентите кај поединецот.

Себереализацијата е тесно поврзана со следната промена и потреба која настанува во семејството зависно од постоењето на културниот капитал, а тоа е **градење на позитивни релации со општеството како и подобрување на квалитетот на живот**.

Квалитет на живот (QOL) е сеопфатен термин за квалитетот на различните домени во животот. Тоа е стандардно ниво кое се состои од очекувањата на поединец или општество за добар живот. Овие очекувања се водени од вредностите, целите и социо-културниот контекст во кој живее човекот. Тоа е субјективен, мултидимензионален концепт кој дефинира стандардно ниво за емоционално, физичко, материјално и социјална благосостојба. Таа служи како референца против која индивидуата или општеството може да ги измери различните домени на сопствениот живот. Степенот до кој сопствениот живот се совпаѓа со ова посакувано стандардно

ниво, степенот до кој овие домени даваат задоволство и како таков придонесуваат за субјективната благосостојба на поединецот, кое се нарекува животно задоволство.

Следната промена која настанува зависно од постоењето на култуниот капитал е **повисокиот степен на образование кај поединецот како и стекнување на нови вештини.** Покрај знаењето стекнато низ формалниот образовен процес, неопходно е понатамошно надоградување на тоа знаење, како во текот на образованието, така и подоцна во текот на кариерата на секој човек. Стекнатите знаења и вештини од посетуваните курсеви, обуки и школи им се потребни, не само на оние кои бараат работа, туку и на веќе вработените. Учењето и усовршувањето е процес кој се одвива во текот на целиот живот. Секоја новостекната вештина или знаење е можност за напредок во кариерата, за поголем професионал успех, но и услов да се опстане и да се успее во современиот свет, во кој што секојдневно се развиваат и унапредуваат техниката, технологијата и научните знаења.

**Дванаесетата хипотеза** од посебните хипотези се потврдува *„Социјалниот капитал (заеднички разговори, прошетки и одмори, креативни и забавни игри) ја детерминира веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство ".*

Социјалниот капитал ги третира неформалните релации помеѓу индивидуите и групите на луѓето, а се однесува на комуникациите помеѓу лицата, силината на социјалните мрежи и нормите и вредностите во заедницата. Традиционалните хипотези за социјалниот капитал се дека децата и младите лица ќе имаат подобри постигнувања во образовниот процес доколку социјалната мрежа околу нив т.е. доколку нивните родители, нивните наставници и тие самите имаат меѓусебна добра комуникација. Социјалниот капитал се смета дека е особено значаен за индивидуите кои поседуваат релативно помал економски и културен капацитет и кои со социјалниот капитал го компензираат тој недостаток.

Една од промените кои настануваат во современото семејство зависно од постоењето на социјалниот капитал е **подобро разбирање меѓу членовите со релации на почит и доверба.** Почитта што ја давате на другите покажува не само како би сакале тие да се однесуваат кон вас, туку, исто така, ја одразува вашата самодоверба.

**За градење на одржлив семеен систем** како следна промена и потреба која настанува во семејството, неопходно е постоење на конзистентност и доследност кај членовите во семејството, со цел постигнување на одговорност и лојалност кон сопствените постапки. За градење на здрав семеен систем потребно е напуштање на

егото и ставање во позадина кога станува збор за непречена комуникација и разбирање меѓу членовите.

Следната промена која настанува зависно од постоењето на социјалниот капитал е постоење на **соработка и поддршка меѓу членовите во семејството, како и градење стабилни релации со заедницата**.

Со зајакнување на релациите помеѓу локалните институции, бизнис секторот, граѓанските организации од една страна и поединецот од друга страна, настануваат услови за брз проток на информациите, а со тоа и остварување на соработка во која природно се создава партнерски однос. Овој тип на партнерски однос несомнено води кон успех и т.н. win-win ситуација во која секој добива. При тоа локалните институции ги остваруваат основните функции заради кои постојат и се формирани. Бизнис заедницата пак од друга страна остварува профит и со тоа ја зајакнува средината преку нови вработувања, плаќање даноци, изградба на производни капацитети, а со нив и придружна инфраструктура во која подинецот се гради и унапредува во својот кариерен развој. За сето ова да функционира во ваков облик, како катализатор се јавува НВО секторот, односно граѓанските организации, чија основна улога во сето ова е да ги препознаат проблемите на граѓаните и да ги адресираат на вистинската адреса. Користејќи ги проектите, како основна алатка за влијание и промени во средината, граѓанските организации ги поврзуваат сите заинтересирани страни и создаваат партнерства кои се од заеднички интерес за сите засегнати страни.

## 6. ЗАКЛУЧОК

Семејството е основна клетка на секое општество и на секоја нација. Оттука, неговиот развој и неговата улога е неопходно да се поддржува од различни аспекти, од кои што особено важни се општествено-политичкиот, правниот, економскиот и културниот аспект.

Семејството претставува неразделлив дел од општеството со тоа што, со цел да се разбере и објасни полесно самиот поим, неопходно е да се набљудува овој феномен од аспект на историскиот приод, општествените уредувања, идеологијата, законодавството во одредените општествени дејствувања и норми, и слично. Семејството во текот на растот и развојот на општеството и цивилизацијата, повеќе или помалку успешно, опстојувало и се справувало со повеќето предизвици како што се: економски, политички, културни и слично. Секој од овие предизвици, во изминатиот период, се однесувале како еден вид на тест, поточно испитување на семејната прилагодливост, низ повеќето кризни периоди во историјата на цивилизацијата и човештвото.

Постојаните трансформации низ кои поминува општеството денес, предизвикуваат и трансформација на семејството, кое постепено се менува себеси и својата улога прилагодувајќи се на општествените барања и потреби. Интензивните случувања на полето на индустријата, науката, технологијата, неминовно се одразувале на општеството во целина, предизвикувајќи при тоа промени во идеологијата за семејните вредности.

Во рамките на дефинирање на семејството, може да се каже дека тоа претставува животна заедница на родители и деца, во чии рамки се соединуваат биолошките, репродуктивните, економските и функциите на љубов и згрижување. Поретко семејството се состои од членови кои и не се неопходно во крвно сродство, при посвојување на деца или други роднини, ако живеат во заедничко домаќинство.

Според тоа, семејството е темелна институција на општеството, иако е традиционално, легално и суштински целосно приватен феномен на своите членови во самата заедница, нејзината приватност е гарантирана и сочувана со закон. Семејството има свои реални граници, под претпоставка дека поседува свој простор, и тука тој простор е единственото место во кое се создава денешниот, цивилизиран човек.

Од своето настанување, па се до ден денес, семејството постојано се менувало и ќе се менува, зависно од повеќето надворешни и внатрешни фактори, искачувајќи се

упорно на својата спирала на развој се повеќе и се повисоко, зависно од аспектот на гледиште на овој феномен. Промените биле претежно условувани од надворешните влијанија, од организациите на пошироките општествени заедници во класната, културната и потесната смисла, техничкиот, како и технолошкиот степен на раст и развој и со нив поврзаните производни и интерперсонални односи, материјалниот и социјалниот статус, духовната и конфесионалната ориентација.

Во текот на одреден временски период, промените во различните наведени подрачја, и аспектите на делување на општествената динамика, пренасочувањето на натамошниот правец на развојот на одредени, поголеми или помали човечки заедници или целосниот културен круг, во насоки спротивни на оние кои овозможуваат биопсихо-социјална рамнотежа и постојан раст, развој и напредок на целокупното општество, доведуваат да самото тоа семејството или поединецот, прават ризични отстапки што водат кон назадување-регрес на позитивните процеси во семејството. Токму поради тоа, семејството сеуште се наоѓа во жариштето на интересот на повеќе научни и стручни подрачја, од филозофијата како најстар и најширок научен поим, па до педагогијата, социологијата, психологијата, медицината и социјалното работење како потесни, специјализирани подрачја на работа со човекот и неговата примарна заедница.

Од добиените резултати од истражувањето во овој труд како и од теориските сознанија, изведени се повеќе заклучоци кои отвораат нови прашања, но и предлагаат нови практични решенија.

Обемната стручна литература сведочи за енормните напори на науката да го дефинира овој проблем. Разновидноста на терминолошките изрази истовремено сведочи за традиционалното поимање на бракот и семејството, како и влијанието на економските и социјалните фактори во семејното милје.

Современото семејство денес, спаѓа во институциите кои во последните векови претрпеле најголеми и најдлабоки промени кои довеле до губење на идентитетот на семејството. Станува и нејасно не само која е улогата на семејството во животот на поединецот и општеството, туку и самиот поим семејство.

Денес во Република Северна Македонија за жал, поголемиот дел од младите, дури 60% од нив, од медиумите дознаваат и учат за семејството, семејните вредности, како и за женско-машките односи, за партнерството и слично. Процесот на расткајување на семејството не започнал од вчера. Станува збор за еден процес кој трае веќе со години, а денес се берат само горките плодови од почетокот на ваквиот процес.

Наглиот раст и развој на индустријализацијата, како и развојот на потрошувачкото општество го загрозува семејството во неговата економска и општествена самостојност. Некогаш семејството било самото по себе доволно. Некогаш било не само дом, туку и училиште, институција, брачно советувалиште, советувалиште за професии и слично. Без разлика на тоа колку многу луѓе жалат за ваквите вредности, истите неповратно се заминати. На сцена настапува денес ново семејство, во кое родителите стануваат вработени личности кои секој ден заминуваат на работа, далеку од својот дом. Семејството го губи своето средиште, доживува промени кои длабоко влијаат не само на родителите, туку и на децата.

Доколку старото семејство имало малку допир со општеството, новото им подлежи на растечките различни прописи и јавно-правни уредби, каде е се останато институционализирано, и на тој начин се повеќе е врзано за општеството. Современото семејство не може да преживее денес без општеството, од општеството ја добива работата, сигурноста, домот, и слично. Семејниот дом, не е повеќе дом, како природна сигурност за семејството, туку денес сигурноста се бара во јавните институции.

Современото семејство нема повеќе дом, доколку домот значи заеднички живот на заедница која е фокусирана на сопственото средиште. Современото семејство има куќа, стан. Кај традиционалното семејство сите патишта, сите чувства и интереси воделе од општеството, од надвор кон внатре, кон домот, огништето. Денес, за жал е обратно, сите патишта, работата, интересите и слично, водат од домот и сопственото семејство кон надвор.

Секако ваков начин на функционирање на семејството има реперкусии на сите членови на семејството, особено на децата. Децата се изложени на растечкото влијание на масовната медија, подобро кажано под силно влијание на различни медиуми и информации во текот на денот и тоа на секојдневна база, каде полека се отуѓуваат од родителите и од својот дом.

Приватната и семејната среќа денес се мерат со рамномерниот раст на животниот стандард и стандардот на приватноста. Современото општество, поради тоа сака да го сведе човекот на потрошувачка, продуктивна единика, односно до крајот да го институционализира. Токму поради тоа и во човекот расте жедта за приватно признание, за растот и во она кое е сопствено. Семејството во овие рамки му нуди можност да биде она што сака да биде, да биде посебен, признат, сакан и прифатен. Тоа е можност за повеќе интимен, поврзан и подлабок брачен живот, отколку што бил случајот во минатите времиња. Доколку едно здраво семејство е услов за секој развој,

тогаш навистина, семејството треба да увиди, што всушност го прави здраво и кои се факторите кои предизвикуваат семејството да влијае позитивно и на успешниот раст и развој на општеството.

Токму од тука, потребата да се согледаат темелните вредности на едно семејство, често водат и до согледување на темелниот идентитет и неговата улога во современото општество денес, каде постојат повеќе различни одговори кои доведуваат до нејаснотии и заблуди. Јасното видување, секако има позитивен одраз на новоформираното семејство, како и на нивниот семеен живот, на растот и созревање на децата во тие семејства, на нивната реализираност и среќа, а со тоа и на развојот на некое подрачје и народ во целина.

Како една од општите правни заштити во рамките на згриженоста на родителите, во нивниот процес на создавање и одржување на семејните вредности во рамките на своите семејни функционирања е Законот за семејство во Република Северна Македонија. Овој Закон е инаку прв пат донесен во независна Република Македонија на 22-ри декември 1992-ра година, претрпувајќи последна измена и надополнување на 20-ти октомври 2014-та година. Со овој закон се уредуваат: бракот и семејството, односите во бракот и семејството, одредени облици на посебна заштита на семејството, семејното насилство, посвојувањето, старателството, издржувањето, како и постапката пред судот во брачните и семејните спорови и постапката за изрекување на привремена мерка за заштита од семејно насилство.

Според ваквата законодавна рамка на Република Северна Македонија, семејството се смета за животна заедница на двајца родители и деца или други роднини, доколку живеат во заедничкото домаќинство, каде семејството настанува веднаш од раѓање на децата или од нивното посвојување.

При тоа, Републиката обезбедува посебна заштита на семејството, мајчинството, децата, малолетните лица, децата без родители и децата без родителска грижа. Републиката обезбедува заштита од семејно насилство. Републиката создава и обезбедува научни, економски и социјални услови за планирање на семејството и за слободно и одговорно родителство. Во остварувањето на правото на слободно и одговорно родителство, родителите се должни да обезбедат оптимални услови за здрав раст и развој на своето дете во семејството и општеството .

Спроведувањето на активна семејна политика значи дека соодветното општество е свесно за проблемите кои постојат во современото семејство како и потребите кои настануваат како последица од влијанието на социо-економските

фактори. Идејата да се истражи можноста за унапредување на семејната политика со акцентирање на значењето и важноста на постоење на добри економски и социјални фактори во семејството, претставува актуелизирање на едно извонредно прашање во Република Северна Македонија.

Истовремено, и резултатите од спроведеното истражување ја потврдуваат претпоставката за вградувањето на социо-економската компонента во дефинирањето на современото семејство, како и можноста за унапредување на семејната политика.

Резултатите од истражувањето ја наметнуваат потребата за вградување на социо-економската димензија на семејството во законодавството во областа на социјалната заштита, како и за признавање на различните потреби на современото семејство. Ова дополнително го отвора и прашањето за сензибилизација на професионалните работници од различни институции, во однос на зајакнување на нивните капацитети за препознавање на рефлексиите на законските одредби врз различните потреби на членовите во современото семејство. Ова несомнено се однесува на стручните лица од повеќе институции, Министерство за труд и социјална политика, Завод за социјални дејности, Центар за социјална работа, Јавни установи, Невладини организации, Единици на локална самоуправа, како и судските службеници.

Истражувањето ја истакна потребата за воспоставување и/или подобрување на меѓусебната соработка на институциите надлежни за спроведување на одредени активности во полето на санирање на последиците кои настануваат под влијание на социо-економските фактори врз современото семејство. Истовремено, потребно е зголемување на поддршката од државата, како и преземање на сопствени иницијативи (програми, проекти) за реализација на активности од областа на социјалната заштита на национално и на локално ниво.

Целта на оваа докторска дисертација е да се увидат предностите и слабостите кои постојат во современото македонско семејство под влијание на социо-економските фактори, како и да се дадат конкретни предлози и сугестии за подобрување на севкупната семејна политика во Република Северна Македонија.

Во теорискиот дел детално се проучени сите термини кои се однесуваат на оваа проблематика. Во овој дел се обработени видовите на семејства, со посебен акцент на модерното семејство, потоа следат теоретските гледишта за семејството. Во теорискиот дел обработена е семејната политика во Република Северна Македонија како и каква е законската регулатива во оваа проблематика. Исто така, во теорискиот дел е

обработена семејната политика која се спроведува во Европската Унија, како и кои добри практики можат да се инкорпорираат во градењето и унапредувањето на политиката на семејство во Република Северна Македонија

Посебниот дел е посветен на презентација на податоците до кој се дојде по спроведеното истражување, во кое беа употребени два инструменти и тоа за општествената цел се употреби анализа на документи со помош на употреба на анкетен прашалник во кои се опфатени 150 семејства по случаен избор од урбаните делови на град Скопје. Додека за посебната цел се употреби неструктурирано интервју со кои се опфатија 50 семејства по случаен избор од урбаните делови на град Скопје. Истовремено, се очекува резултатите да помогнат за поголемо разбирање на овој проблем и да пружат можност за интервенција во оној дел во кој ставовите на испитаниците индицираат дека е перцепиран проблем.

Во делот на дискусија даден е приказ на потврдувањето или непотврдувањето на зададените хипотези, како на генералната, така и на посебните. На основа на добиените резултати од спроведеното истражување во делот на дискусија секоја посебна хипотеза е детално обработена, како и направена е паралела со исти или слични истражувања во светот. Од добиените резултати од спроведеното истражување може да се заклучи дека сите поставени посебни хипотези како што се: невработеноста, приходите, фертилитетот, образованието, изложеноста на насилство, разводот, абортусот, асоцијалните појави, станбените услови, социо-економскиот како и културниот капитал, потврдно го одразија влијанието врз настанување на промени и состојби во современото семејство.

Во насока на натамошен развој и унапредување на сите мерки кои се преземаат за подобрување на социо-економските фактори во современото семејство, и на застанување на патот на сите негативни појави на ова поле предложени се препораки за натамошен развој и делување, како и можни полиња за натамошно истражување, а кои произлегоа од заклучоците од оваа докторска дисертација

## 7. ПРЕПОРАКИ ЗА ПОНАТАМОШЕН РАЗВОЈ И ИСТРАЖУВАЊЕ

Според она што се установи со анализата на документите и емпириското истражување кое се спроведе на терен, може да се предложат препораки и насоки за натамошен развој и истражување:

- Интервенирање во макроекономската политика со цел да се поттикне отворање нови работни места и да се намали стапката на невработеност.
- Развивање и имплементација на активните и превентивните мерки за невработените со цел да се спречи преминување во долгорочна невработеност.
- Да им се понуди на оние коишто бараат работа пристап кон ефективни и ефикасни мерки за зголемување на нивната способност за вработување и можностите за интеграција.
- Модернизирање на институциите на пазарот на трудот.
- Охрабрување на создавањето на повеќе и подобри работни места преку промовирање на претприемништвото.
- Промовирање на развојот на човечкиот капитал и доживотното учење, вклучително преку подобрување на квалитетот и ефикасноста на системите на образование и обука за да се стекнат сите поединци со нови знаења потребни за една модерна работа сила во општество базирано на знаења.
- Натамошно развивање на законската регулатива со цел поголема заштита на работната сила.
- Унапредување на законската регулатива во однос на заштитата на семејството.
- Потребно е преземање на дополнителни активности и мерки за намалување на сиромаштијата и ризикот од социјална исклученост, како и активности за олеснување на пристапот до системот на социјална заштита.
- Се препорачува континуирано јакнење на капацитетите во Секторот за брак и семејство во Министерство за труд и социјална политика, како и во Заводот за социјални дејности, Центарот за социјална работа и јавните установи, преку зголемување на бројот на вработени и преку определување на соодветен буџет за реализација на програмите и активностите.
- Препорачливо е донесување годишни програми и акциски планови за социјална заштита во сите единици на локалната самоуправа, при што би се земале предвид потребите и проблемите кои настануваат во семејствата како и искористување на инфраструктурните капацитети и други ресурси на општините.

- Се препорачува зголемување на расположливите ресурси на национално и локално ниво, преку отворање на нови и побројни советувалишта за брак и семејства.

- Ослободување во однос на одредени зафаќања по основ на такси и придонеси од страна на државата за семејства кои се во состојба на социјален ризик со цел да се намали осиромашувањето на засегнатите лица.

- Обезбедување на квалитетен пристап до можностите кои се во ингеренции на власта (здравствени, образовни, спортски, забавни итн).

- Полесен пристап на семејствата кои се во состојба на социјален ризик до системот на социјална заштита.

- Спроведување на легислатива за насилство над жените, со цел да обезбеди ефективно гонење и санкционирање на прекршителите и соодветна заштита и помош за жртвите.

- Преземање на сите неопходни мерки за елиминирање на семејното насилство, вклучувајќи соодветни законски решенија во казненото и граѓанското законодавство, превентивни (информирање на јавноста и едукативни кампањи) и мерки за заштита (обезбедување помош и поддршка на жртвите).

- Обезбедувањето на конзистентен психосоцијален третман здружен со сеопфатна социјална поддршка низ сервисите во заедницата, како и отварање советувалишта за лицата што вршат семејно насилство заради подобрување на нивното однесување како и превенција на виолентно однесување, со што би се намалила и стапката на рецидивизмот на семејното насилство.

- Воведување на поголема контролата во образовниот процес која треба да обезбеди целосни и навремени повратни информации за активностите во училиштата, односно за успешноста и неуспешноста на политиките кои се спроведуваат на државно и локално ниво.

- Поддржување на иновативните проекти како моќно оружје против социјалната ексклузија на младите и против невработеноста на младите, под услов тие да се на локално ниво и се раководени од невладини организации или подрзбираат голема вклученост на невладините организации.

- Воведување на заедничко старателство и одговорно родителство и по разводот, односно подеднакво, заедничко или споделено старателство, со што би се остварила праведната положба на родителите во однос на остварувањето на родителските права по разводот.

- Да се преземат мерки за менување и трансформирање како на стигмата поврзана со абортусот, така и на штетните родови стереотипи, што ќе вклучува и запирање на

јавните кампањи кои го стигматизираат абортусот и ја потценуваат способноста на жените да донесуваат информирани и самостојни одлуки во врска со сопствената бременост.

- Да се укинат законските одредби кои бараат од жените да поминуваат низ задолжителен период на чекање по советувањето и да се укине пристрасното советување пред абортусот.

- Жените кои бараат абортус да имаат пристап до информации за сите контрацептивни методи.

- Да се гарантира дека здравствените работници даваат исклучиво медицински точни информации за абортусот кои се базирани на докази и дека тие медицински лица се обучени за важноста на информираната согласност, соодветно на насоките од Светската здравствена организација.

- Санкционирање на изведување на нелегална процедура за абортус.

- Примена на национални мерки усогласени со мерките утврдени во Европската стратегија со цел да се редуцира преваленцата на злоупотреба на алкохолот и психотропни супстанци со цел да се унапреди здравјето на поединецот и населението.

- Развивање на програми на локално и национално ниво за постоење на фондови за подобрување и унаредување на лошите станбени услови во кои живеат семејствата во ризик.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

1. Ahrons, C. (1994). The good divorce: Keeping your family together when your marriage comes apart, New York: Harper Collins

2. Amato, P. R. (1993). Children's adjustment to divorce: Theores, hypotheses and empirical support, Journal of Marriage and the family

3. Anderson, J. (1982). "Overview: Narcissistic Personality Disorder," American Journal of Psychiatry, 139:12-20

4. Ariès, P. (1973). L'enfant et la vie familial sous l'Ancien Règime, Editions du Seuil, Paris

5. Арнаудовски, Љ. (1983). Предавања по Социјална патологија, Студентски збор, Скопје, стр.242

6. Ayalon, O., & Flasher, A. (1993). Chain Reaction, Children and Divorce, Jessica Kingsley Publishers, London and Bristol, Pennsylvania

7. Bawin, B. (2004). Intimacy and the New Sentimental Order, Current Sociology, Vol. 2,No.2

8. Berry, O. J., & Hardmanl, M. (1998). Lifespan Perspectives on the Family and Disability. Allyn and Bacon

9. Борнарова, С. (2010). Пристапи во социјалната работа. Учебник во подготовка. Филозофски факултет. Скопје

10. Bradshaw, P. L. (1993). New efficiencies in the NHS—how shall we recognize them?

11. Braithwaite, J., & Braithwaite, V. (1981). “Delinquency and the Question of Values”, International Journal of Offender Therapy and Comparative Criminology

12. Carter, E., & McGoldrick, M. (1980). The Family Life Cycle: Framework for Family Therapy, New York, Gardner Press

13.Collins, D., (2007). An Introduction to Family Social Work Thomson. Books/Cole Publ

14. Constable, R., & Lee, B. D. (2004). Social Work with Families: Content and Process. Lyceum Books Inc, Chicago. Illinois

15. Coser, L. A., (1975). Functions of Social Conflict, New York

16. Creed, P. A., & Reynolds, J. (2001). Economic deprivation, experiental deprivation and social loneliness in unemployed youth. Journal of Community & Applied Social Psychology, 11, 167-1782

17. Duvander, A. Z., Johans, M., & Lappegard, S. T. (2016). Family Policy Reform Impacton Continued Fertility in the Nordic Countries

18. Економија и бизнис, (2014). Број 187. Јануари, стр. 70

19. Енгелс,Ф. (1950). Порекло породице, приватне својине и државе, Белград, Култура

20. Englehart et al., (2004). Bjorklund, Europe the continent with the lowest fertility

21.Филиповска, А. (2015). „Над 830.000 Македонци имале тешкотии со плаќање сметки и рати од кредит“, Дневник, година XIX, број 5755, сабота, 2 мај, стр. 8-9

22. Филозофски факултет., (1999). Социјална политика и социјална работа, Избор на текстови, Скопје

23. Frances, M., McKee, R., Zhaoli, S., Connie, R., Wanberg, A., & J. Kinicki. (2005). Psychological and physical well-being during unemployment: A meta-analytic study

24. Fryer, D. (1995). Benefit agency? Labour maret disadvantage, depri-vation and mental health. The psychologist

25. Gauthie, A. (2007). The impact of family policies on fertility in industrialized countries: a review of the literature, Population Research and Policy Review

26. Golubovic, Z. (1981). Porodica kao ljudska zajednica, Zagreb

27. Хараламбос, М., (1989). Увод у социологији, Глобус, Загреб

28. Haralambos, M., & Holborn, M. ( 2002). Sociology: Themes and Perspectives

29. Hawkins, D. N., & Booth, A. (2005). Unhappily Ever After: Effects of Long-Term, Low-Quality Marriages on Well-Being, Social Forces, Volume 84, Issue 1

30. Holmes, P.Th., & Rahye, R. (1967). The social readjustment rating scale, Journal of Psychosomatic Research

31. Извештај од спроведеното теренското истражување на семејното насилство. (2000).Скопје, НВО ЕСЕ

32. Jahoda, M. (1988). Economic recession and mental health: some conceptual issues.Journal of Social Issues, 44, 13-23

33. Јанковиќ, Ј. (2008). Обитељ у фокусу. Етцетера. Загреб

34. Joshua, R., G., Sobotka, T., & Aiva, J. (2009). The End of “Lowest-Low” Fertility?

35. Juho, H. (2013). Divorce: Trends, Patterns, Causes, Consequences, Stockholm University, Department of Sociology

36. Klossner, N. J., (2006). Maternity and Pediatric Nursing

37. Кондиќ –Мијановиќ, Ц. (1980). Пенологија,Београд, , бр.1-2. Стр.57 – 65

38. Копровски, Љ., & Петровски, Б. (1998). Педагогија, Скопје

39. Лакинска, Д. (1982). Образовање родитеља – фактор породичне кохезивности, магистарски рад, Београд

40. Land and Parker. (1978). The United kindom, Family Policies:Govermment and Family in Fourteen Countries, Columbia University Press, New York

41. Linn, M., W., & Petersen, A. (1985). Emergence and Characterization of Sex Differences in Spatial Ability: A Meta-Analysis. Child Development, 56, 1479-1498

42. Linn, M. W., Sandifer, R., & Stein, S. (1985). Effects of unemployment on mental and physical health. American Journal of Public Health, 75, 502-506

43. Liza, H.(2006). Chance of a lifetime - the impact of bad housing on children's lives

44. Macionis, J., (1991). Intimacy: structure and process in interpersonal relationships,New York

45. Maclean, M. (2004). Together and Apart. Children and Parents Experiencing Separation and Divorce, Joseph Rowntree Foundation

46. Мариќевска, З., (1987). Негативното влијание на семејната средина еден од факторите за појавувањето на малолетничкото престапништво, Безбедност, бр. 3, Скопје

47. Matthijs, K.  (2010). Country Differences in the Effects of Divorce on Well-Being: The Role of Norms, Support, and Selectivity, European Sociological Review, Volume 26, Issue 4

48. Medic, S., Duricic, M. Z., & Vasiljevic, V. D., (1997). Skola za roditelje – Prirucnik za realizaciju socioedukativnog programa za porodicu. Institut za pedagogiju u andragogiju. Filozofski fakultet. Beograd

49. Michel, A., (1986). Sociologie de famillie et du mariage, Preesses, Universitaties de France, Paris

50. Milojkovic, M. (1997). Normalni procesi u porodici. Bo: Porodicna Terapija. Centar za brak I porodici. Beograd

51.Милосавлевиќ, М. (1984). Подруштвлјавање социјално-заштитне функције породице, во цитирана студија: Породица и друштвени систем, стр. 161

52. Mladenovic. M., (1982). Porodicno pravo.Beograd, Pravni fakultet u Beogradu

53. Младеновиќ, М. (1980). Социјална политика и породица, стр.205

54. McKee-Ryan, F. M., Song, Z., Wanberg, C. R., & Kinicki, A. J. (2005). Psychological and physical well-being during unemployment: A meta-analytic study. Journal of Applied Psychology, 90, 53-76

55. McLanahan & Sandefur. (1994). Cherlin. (1999). Are both parents always better than one? Parental conflict and young adult well-being

56. Murdock, G.P. (1949). Social Structure. The MacMillan Company, New York

57. Neubauer, A. L. (1993). A comparison of two measures of perfectionism. Personality and Individual Differences, 14(1), 119-126

58. Novkovska, B. (2008). Globalization and influence on active populations in a country in transition, Conference of European Statisticians, Seminar on Meausuring Population Movement and Integration in a Globalized World, Paris

59. Novkovska, B. (2008). Measuring Non-standard and Informal Employment in the Republic of Macedonia, Workshop on Measurement Informal Employment in Developed Economies, WIEGO, Kennedy School of Government, Harvard University

60. Новковска, Б. (2009). „Населението и одржливиот развој во Република Македонија", Научен симпозиум – Географијата и одржливиот развој, Охрид

61. Parker N.,(1986). Murderers a personal series.U:RosenbaumM,Binni B,Homicide and Depression.AmJ Psychiatry

62. Parsons, T., (1960). Structure and Process in Modern Societies

63. Paul, K., .I., et all. (2007). A test of Jahoda`s latent deprivation model with persons who are out of the labor force. LASER Discussion Papers

64. Paul R., & Spencer, James. (2010). Divorce in Europe and the United States: Commonalities and differences across nations, Department of Sociology, Pennsylvania State University, University Park, PA, USA

65. Петроска, Б. (1965). Облици на семејството во тетовскиот крај, Скопје

66 .Rice, J.K., & Rice, D. (1986). Living Through Divorce: a Developmental Approach to Divorce Therapy, New York, Gulford Press

67. Sannemuller, U., Ullrich, S., Pillmann, F., Draba, S., & Marneros, A. (1999). Homicides – the sociodemografic background of the offender and the behavioral symptoms.Arch Kriminol Sep-Oct;204(3-4):65-74

68. Schultheis, F. (1990). 'Familles d'Europe sans frontieres: un enjeu social par dessus le marche

69. Seth, M., Saksena, N. K. & Srivastava, R. K. (1978). Child-rearing attitudes of rural and urban mothers: A comparative study. Child Psychiatry Quarterly

70. Seymore, J. (1976). The Guide to Self-Sufficiency. New Haven, Conn

71. Sheila, K., & Kahn, A., (1978). Modernization and Family History: Perspectives on Social Change, Free Press, 196 pages

72. Shorter, E., (1976). The Making of the Modern Family, Colins, St. Jame's place, London

73. Социјална политика и социјална работа, Избор на текстови. (1999). Филозофски факултет, Скопје

74. Stack, C.B., (1996). All our kin. New York, NY: Basic Books

75. Сулејманов, З., & Матилов, Н. (1996). Заштита, едукација, и рехабилитација на лицата со пречки во физичкиот и психичкиот развој во Македонија, ИСПИИ, Скопје

76. Taylor – Gooby. (1991). "Social Change, Social Welfare, Social Science". Wheatsheaf, University of Toronto

77. Трајковски, Д. (1998). Семејството во системот на социјалната заштита во Република Македонија, Скопје

78. Трајковски, Д., & Динева, М. (2005). Семејно право, Светлост графика, Скопје

79. Tseng, W-S. & Hsu, J. (1991). Culture and family. New York

80. Утрински весник, (2015). „Се намалува невработеноста во ЕУ,, Број 4724. Вторник 3 март. стр. 9

81. Vidanovic, I. (1991). Metodika socijalnog rada s pojedincem i porodicom. Naucna knjiga. Beograd

82. Voiland, L. A., & Buell, B. (1980). A Classification of Disordered Family Types. In: Munson E., C(ed). Social Work with Families: Theory and Practice. The Free Press

83.Weiss, R. (1975). Marital Separation : Coping with the End od a Marriage and the Transition to Being Single again, New York, Basic Books

84. Чачева, В., & Чонева, Љ. (2000). Семејно насилство. Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ, Скопје

Правни акти :

1. Закон за изменување и дополнување на Законот за семејство, Службен весник на РМ бр. 02.09.2015
2. Законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита 146/19
3. Закон за семејството (Пречистен текст), Сл. Весник на РМ, 83/2004.
4. Устав на Република Македонија, Сл.весник на РМ, 52/91 и 91/01.

Меѓународни документи :

1. Декларацијата за елиминирање на насилството над жените, Резолуција 48/104 на Генералното собрание,1993 година
2. Дискриминација во огласите за вработување: (истражувачки извештај) (2013) / Јован Ананиев. - Скопје: ОБСЕ
3. European Comission ,Communication from the Commisssion-Promoting solidary between the Generations
4. European Commission, The Impact of the Economy Crisis on Family policies in the European Union
5. European Foundation for the Improvement of living and working conditions, (2011). Second European Quality of Life Survey
6. Eurostat, Reconciliation between work,private and family life in tehe European Union European Commission,2009
7. Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство, 11.05.2011
8. Лисабонската стратегија за раст и за работни места, 2000 година
9. Министерство за труд и социјална политика (2011) - Национален акционен план за вработување 2011-2013, Скопје: МТСП
10. Министерство за труд и социјална политика (2010) – Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост
11. Министерство за труд и социјална политика (2011) - Програма за остварување социјална заштита во 2011, Скопје: МТСП
12. Општата препорака на CEDAW бр.19
13. Пекиншката платформа за акција (1995)
14. Резолуција за семејните политики во Европската заедница,1983 година
15. Стратегија за вработување на РМ – 2015, Скопје: МТСП

16. Стратегијата за демографски развој на Република Македонија 2015-2024
17. Виенската декларација и Планот за акција (1993)

Интернет извори:

1.http://aktiv.mk/index.php/resursi/dokumenti/pravilaizakoni/megjunarodni/218megunaroden-pakt-za-ekonomski-socijalni-i-kulturniprava
2. autorski_tekstovi/97832/Globalnaekonomska-efikasnost-zahtijevapotpunu-slobodu-prometa-robe-i-usluga-kao-islobodno-kretanje-faktoraproizvodnje Kada-j.html
3. http://www.avrm.gov.mk/nevrabotenost.nspx
4. http://www.avrm.gov.mk/content/pdf/OP201101022011.pdf, Оперативен план за активни програми и мерки за вработување за 2011 година
5. http://www.avrm.gov.mk/content/pdf/OPzanaVlada2012.pdf, Оперативен план за активни програми и мерки за вработување за 2012-2013 година.
6. http://www.avrm.gov.mk/content/pdf/op13.pdf, Оперативен план за активни програми и мерки за вработување за 2013 година.
7. http://www.avrm.gov.mk/content/operativa_januari.pdf, Оперативен план за активни програми и мерки за вработување за 2014 година.
8. http://bim.lbg.ac.at/sites/files/bim/Radovis_mak.pdf
9. http://www.cea.org.mk/documents/kolumni/Dispariteti.pdf
10. http://www.cepor.hr/news/PP_Mobility_of_workers_29Nov06.pdf
11. http://cordis.europa.eu/programme/rcn/843_en.html
12. http://www.doiserbia.nb.rs/img/doi/0032-8979/2005/003289790502081R.pdf
13. http://ec.europa.eu/archives/growthandjobs_2009/
14. http://ec.europa.eu/enterprise/
15. http://ec.europa.eu/europe2020/index_en.htm
16.http://ec.europa.eu/europe2020/pdf/europe2020stocktaking_annex_en.pdf
17. http://ec.europa.eu/europe2020/targets/eu-targets/index_en.htm
18. http://ec.europa.eu/immigration
19. https://ener.gov.mk/default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_deta
20. http://esem.org.mk/pdf/Biblioteka.pdf
21. http://eur-lex.europa.eu/
22. http://faktor.mk/2015/12/18/on-2015-godina-e-so-rekorden-broj-begaltsi/
23. http://www.fes.org.mk
24. http://www.fes.org.mk/pdf/11%20Vizii%20i%20opcii%20Kaufmann,%20Schwan

25. http://www.ffuis.edu.ba/media/publikacije/radovi/2011/01/11/Gorjana_D_Koledi
26. http://gabritymolnariren.com/demografske.pdf
27.http://www.horizonti.ekfak.kg.ac.rs/sites/default/files/casopis/2007/1_Gordana_Maranovic.pdf
28. http://www.hzz.hr/UserDocsImages/analiticki_bilten_2011-3.pdf
29.http://www.ihr.org.mk/mk/praven-dijalog/praven-dijalog-br4/135-.diskriminacijapri-vrabotuvanje.html
30. http://www.ijf.hr/pojmovnik/lisabon.htm
31. http://www.ilo.org/global/statistics-and-databases/lang--en/index.htm
32. http://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---dgreports/--
33. http://ipa.mk/?page_id=120
34. https://www.kcl.ac.uk/aboutkings/principal/dean/akc/archivedhandouts/general/
35.http://www.kss.mk/images/Konvencii/Konvencii/priracnik_fundamentalni_konven
36. http://www.komunikacija.org.rs/komunikacija/knjige/index_html/knjiga19/pdf24.p
37. http://www.mcms.org.mk/vesti-i-javnost/soopstenija/739-najcest oblik na diskriminacijata-
38. http://mjesec.ffzg.hr/nezaposlenost/1.1.html
39. http://www.mf.gov.me/presscentar/
40. www.migration services centres.org
41.http://www.mtsp.gov.mk/?ItemID=BD66FCC3A7FBCB47AB9150CBFECD2C96.
42. http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/programa_socijalna.pdf
43. http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/programa_socijalna.pdf
44. http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/ap.pdf
45. http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/Final_Reports_MAK.pdf
46. http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/konvencii_MOT_ratifikuvani.pdf
47. http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/priracnik_socijalni_usligi.pdf
48. http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/programa_socijalna.pdf
49. http://www.mtsp.gov.mk/evropska-socijalna-povelba.nspx
50. http://www.nbrm.mk/WBStorage/Files/WebBuilder_Nikica_Mojsoska_Blazevski
51. http://www.oecd.org/
52. http://www.oecd.org/employment/activelabourmarketpoliciesandactivationstrate
53. http://www.osce.org/mk/skopje/116790?download=true
54. http://www.pravo.org.mk/documentDetail.php?id=349
55. http://pretpriemac.mk/

56. http://privatnost.mk/zakon-za-vrabotuvaneto-i-osiguruvane-vo-sluchajnanevrabotenost/

57. http://www.sep.gov.mk/data/file/Publikacii/programi_zaednica.pdf

58. http://www.sezamweb.net/hr/diskriminacija/

59. http://www.sobranie.mk/izborni-zakoni-ns_article-zakon-za-izbor-na-pratenicivosobranieto-na-republika-makedonija.nspx

60. http://www.spicker.uk/social-policy/history.htm

61.http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/macedonian/NationalProgrammeSocialProt

62. http://www.vecernji.ba/sto-znaci-diskriminacija-483221

63. http://www.vecernji.hr/eucionica/slobodno-kretanje-radnika-jedno-jeodtemeljnih-prava-510910

64. http://vlada.mk/node/9591

**ПРИЛОГ БРОЈ 1**

**АНКЕТА**

**АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ЗА МЕРЕЊЕ НА ВЛИЈАНИЕТО НА СОЦИО-ЕКОНОМСКИТЕ ФАКТОРИ ВО СОВРЕМЕНОТО СЕМЕЈСТВО**

Анкетниот прашалник како мерен инструмент ќе се употреби со цел спроведување на истражување за изработка на докторската теза „Социо-економски фактори и нивно влијание во современото семејство" со цел да се прикажат актуелностите, спецификите и промените кои настануваат во современото семејство. Целта на ова истражување е да се увидат предностите и слабостите кои постојат во современото македонско семејство компарирано со развиените европски земји, како и да се дадат конкретни предлози и сугестии за тоа како предностите кои постојат во современото семејство да се задржат и надградат, а како слабостите да се коригираат или одстранат.

Со цел за подобрување и креирање на стабилна семејна политика во Република Северна Македонија, анкетниот прашалник содржи прашања од отворен и од затворен тип, со кои ќе се добијат сознанија за социо-економските фактори и нивното влијание во современото семејство. Добиените резултати од спроведениот прашалник ќе послужат за потврдување како на генералната така и на посебните хипотези. Добиените податоци се потребни за спроведување на индивидуално истражување во рамките на докторскиот труд и нема да бидат користени ниту злоупотребени за поинакви цели. Во оваа насока Ве молиме да го дадете својот придонес со одговор на следните прашања и нивно оценување.

**<u>ОПШТИ ПОДАТОЦИ</u>**

**1.Пол**

1.машки

2.женски

**2. Возраст**

1.до 18

2.18-25

3.26-30

4.31-35

5.36-40

6.41-50

7.51-60

8.над 60

**3. Националност**

1.Македонска

2.Албанска

3.Турска

4.Србска

5.Ромска

6.Бошњачка

7.Друго ___________________

**4. Религија**

1.Православна

2. Муслиманска

3. Атеист

4. Друга

**5.Место на живеење**

Село/град____________,општина_________________држава______________

<u>**СОЦИЈАЛНИ ФАКТОРИ**</u>

**6. Образование** (Подвлечете еден од понудените одговори)

1.Неписмен

2.Без образование-писмен

3.Незавршено основно

4.Завршено основно

5.Средно

6.Вишо

7.Високо

8.Магистер

9. Докторат

**7.Образование кај останатите членови од семејството?** (наведете го поединечно степенот на образование кај останатите членови од семејството)

-----------------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------

**8. Структура на семејството**

1. мајка, татко и едно дете (подвлечете)
2. мајка, татко и две деца (подвлечете)
3. мајка, татко и повеќе од две деца (подвлечете)
4. проширено семејство – баба и дедо, само баба, само дедо (подвлечете)
5. непотполно семејство – само мајка, само татко (подвлечете)

**9. Колку време минувате во заеднички активности со семејството? (социјален капитал)** Подвлечете една од понудените бројки - 1.често 2.понекогаш 3.ретко 4.никогаш

1. заеднички разговори 1 2 3 4
2. прошетки и одмори 1 2 3 4
3. креативни и забавни игри 1 2 3 4
4. посета на културни манифестации 1 2 3 4

**10. Кои од наведените фактори придонесуваат за постоење на добра комуникација, почит и разбирање меѓу членовите во семејството? (културен капитал)** Означете ги со оценка од 1 до 7, каде 1 е највисока оценка додека 7 најниска

1.Знаење

2.Интелигенција

3.Вештини

4.Стилови на говор

5.Образование

6.Воспитание

7.Доверба

**11. Дали семејството е корисник на парична помош?**

1. Да

2. Не

**12. Кој вид на право од системот на социјална заштита користи семејството?**

1.Постојана парична помош за лицата неспособни за работа и социјално необезбедени

2. Социјална парична помош за лица способни за работа и социјално необезбедени

3. Паричен надоместок за помош и нега од друго лице

4. Право на здраствена заштита

5. Надоместок на плата за скратено работно време поради нега на хендикепирано дете

6. Еднократна парична помош или помош во натура и

7. Право на домување

8. Ниедно право од горенаведените

**13. Дали спаѓате во категоријата на самохран родител?**

1.Да

2.Не

**14. Доколку спаѓате во категорија на самохран родител кои од следниве фактори би бил најсоодветно решение за нормално одгледување на децата?** Означете ги со оценка од 1 до 6,каде 1 е највисока оценка, додека 6 е најниска

1.Вработување

2.Детски додаток

3.Алиментација

4.Доделување на стан

5.Стипендија

6.Социјална помош

**15. Колку живородени деца имате во семејството?**

1.Едно

2.Две

3.Три

4.Четри

5.Пет

6.Повеќе од пет

7.Немам родено деца

**16. Од кои фактори највеќе зависи плодноста (фертилноста) кај жената?** Означете ги со оценка од 1 до 8, каде 1 е највисока оценка, додека 8 е најниска

1.фактори на исхрана

2.сексуално однесување

3.култура

4.тајминг

5.ендокринолигија

6.економија

7.начин на живот

8.емоции.

**17. Дали во семејството постои лице кое стапило во малолетнички брак?**

1.Да

2.Не

**18. Доколку во семејството постои лице кое стапило во малолетнички брак кои од следниве фактори биле причина да дојде до оваа појава?** Означете ги со оценка од 1 до 8, каде 1 е највисока оценка, додека 8 најниска

1.Сиромаштија

2.Низок степен на образование

3.Верски и етнички убедувања

4.Трансгенерациско пренесување на културата како модел на однесување

5.Недостаток на едукација за репродуктивнотот здравје

6.Недостаток на чуство на заштита

7.Социјални притисоци

8.Традиција

**19. Дали во семејството постои лице кое е припадник на ЛГБТ популација?**

1.Да

2.Не

**20. Доколку во семејството постои лице кое е припадник на ЛГБТ популација со какви проблеми се соочува ова лице во семејството и во секојдневието?**

**-------------------------------------------------------------------------------------------------------------**

---

**21. Дали сте здравствено осигурани?**

1.Да

2.Не

**22. Дали често користите здравствени услуги?**

1.Да

2.Не

**23. За кои најчесто здравствени проблеми барате помош од доктор?** (Подвлечете еден од понудените одговори)

1.Кардиолошки

2.Дерматолошки

3.Респираторни

4.Ендокринолошки

5.Невролошки

6.Алергии

7.Гинеколошки

8.Уролошки

9.Друго

**24. Како се регулирани брачните односи во семејството?**

1.Брачни

2.Вонбрачни

**25. Дали во семејството имало развод?**

1.Да

2.Не

**26. Која била најчестата причина за развод?** (Подвлечете еден од понудените одговори)

1. Влијанието на алкохолот и употреба на дрога

2.Невработеност

3.Проблеми со семејствата на сопрузите

4.Љубомора (отелов синдром)

5. Лоши материјални услови

6.Непослушност

7. Ниски приходи

8.Традиционални родови норми

9.Зависнот од работа

10.Неверство

11.Криза на средовечност

12.Друго

13. Без причини

**27. Кои од наведените фактори најмногу влијаат за ескалација на стрес кај децата при развод?** Означете ги со оценка од 1 до 9, каде 1 е највисока оценка, додека 9 е најниска

1.несигурност што ќе се случи

2.губење контрола над својот живот и над семејната ситуација

3.губење на родителската поддршка

4.поделена лојалност

5.ограничени модели за улоги

6.економска сигурност

7.губење на социјалниот статус

8.неуспех во школо

9.намалено самопочитување

**28. Дали во семејство имало агресивни и девијантни појави?**

1. Да

2. Не

**29. Која била најчестата причина за насилство?** (Подвлечете еден од понудените одговори)

1. Влијанието на алкохолот и

2. Употреба на дрога

2.Невработеност

3.Проблеми со семејствата на сопрузите

4.Љубомора (отелов синдром)

5. Лоши материјални услови

6.Непослушност

7. Ниски приходи

8. Мобинг

9.Употреба на ладно оружје

10.Традиционални родови норми

11.Друго

12. Без причинии

**30. Дали во семејството имало абортус?**

1.Да

2.Не

**31. Која е најчестата причина поради која жената се одлучува да абортира? (**Подвлечете еден од понудените одговори)

1. Невработеност

2.Проблеми со семејствата на сопрузите

3.Сиромаштија

4.Недоволна љубов помеѓу сопружниците

5.Неочекувана бременост

6.Не е подготвена да стане мајка

7.Не сака да дознае никој дека била сексуално активна или дека е бремена

8.Премногу е млада или пак незрела за да има дете

9.Веќе има деца колку што сака

10.Нејзиниот маж или партнер сака да абортира

11.Била жртва на силување

12.Болест

**32. Дали кај некој од членовите на семејството било забележано една од следните асоцијални појави (дрога, алкохол, коцка, проституција, трговија со луѓе и слично)**

1. Да

2.Не

**33. Дали постоењето на асоцијалните појави (дрога, алкохол, коцка, проституција, трговија со луѓе и слично) кај некој од членовите доведува до распаѓање на семејните вредности и односи**

1.Да

2.Не

**34. Дали во семејството имате деца кои биле жртва на врсничко насилство (булинг)?**

1.Да

2.Не

**35. Дали врсничкото насилство (булинг) влијае на промените на однесување кај вашето дете како во емоционално така и во образовното поле?**

1.Да

2.Не

**36. Дали сте политички активен?**

1.Да

2.Не

**37. Дали учеството во политиката влијае на вашата положбата во средината во која живеете?**

1.Да

2.Не

**38. Дали политичкиот ангажман на еден член му помага на целото семејство?**

1.Да

2.Не

**ЕКОНОМСКИ ФАКТОРИ**

**39. Работен статус на членовите на семејството?**

1.вработен (подвлечете) број на вработени ( ) број на членови во семејството ( )

2.невработен (подвлечете) број на членови на семејството ( )

**40. Сектор на вработување** (Подвлечете еден од понудените одговори)

1.приватен сектор

2. јавен сектор

3.стечаен работник

4. технолошки вишок

**41. Колкава е месечната плата на мажот во денари?** (Подвлечете еден од понудените одговори)

1.до 3000

2.3001-5000

3.5001-8000

4.8001-12000

5.12001-16000

6.16001-20000

7. 20-23000

7.над 23000

8. Не е вработен

**42. Колкава е месечната плата на жената во денари?** (Подвлечете еден од понудените одговори)

1.до 3000

2.3001-5000

3.5001-8000

4.8001-12000

5.12001-16000

6.16001-20000

7.над 20000

8. Не е вработена

**43. Колку изнесува вкупниот месечен нето -приход во денари во семејството?** (Подвлечете еден од понудените одговори)

1.до 10000

2. 10001-20000

3. 20001-30000

4. 30001-40000

5.над 40001

**44. Што од наведените економски ресурси поседува мажот (економски капитал)?** (Подвлечете еден или повеќе од понудените одговори)

1.Куќа, стан

2.Земја

3.Дуќан, фирма

4.Крупен добиток

5.Возило

6.Накит

7.Не знам

8. Не поседува ништо

**45. Што од наведените економски ресурси поседува жената?** (Подвлечете еден или повеќе од понудените одговори)

1.Куќа, стан

2.Земја

3.Дуќан, фирма

4.Крупен добиток

5.Возило

6.Накит

7.Не знам

8. Не поседува ништо

**46. Дали семејството ја задоволува потребата од вода, храна, засолниште и санитација?**

1.Да

2.Не

**47. Вид на домување?**

1.Куќа

2.Стан

**48. Вид на живеалиште?** (Подвлечете еден од понудените одговори)

1.Без покрив над глава

2.Несоодветно живеалиште

3.Привремено живеалиште

4.Импровизирано живеалиште

5.Субстандардно живеалиште

6.Пренаселено живеалиште

7.Стандардно живеалиште

8. Куќа/стан

9.Друго

**49. Какво е вашето занимање и занимањето на останатите членови од семејството?** (наведете го поединечно занимањето на останатите членови на семејството)

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**50. Дали сте го промениле работното место или организација?**

1.Да

2.Не

**51. Доколку сте го промениле работното место или организација кои се причините за промената?**

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ПРИЛОГ БРОЈ 2**

**ИНТЕРВЈУ**

**ПРОТОКОЛ ЗА ИНТЕРВЈУ**

Целта на ова интервју е да се испита Вашето мислење во врска со социо-економски фактори и нивното влијание во современото семејство. Добиените податоци се потребни за спроведување на индивидуално истражување во рамките на докторскиот труд и нема да бидат користени ниту злоупотребени за поинакви цели.

**Интервјуист**:

**Професија**:

**Установа во која сте вработени**:

**Место на интервјуирање**:

**Време на интервјуирање**:

| **Прашања** | **Одговори** |
|---|---|
| 1. Дали според Вас, невработеноста влијае за настанување на промени и потреби во современото семејство? | |
| 2. Според Вас, кои се промените и потребите кои настануваат како последица од невработеност во современото семејството? | |
| 3. Дали мислите дека од висината на личниот доход на родителите во семејството може да настанат промени и потреби во современото семејство? | |
| 4. Според Вас, кои се промените и потребите кои настануваат зависно од личниот доход на родителите во семејството? | |
| 5. Дали според Вас, фертилитетот има влијание да настанат промени и потреби во современото семејство? | |
| 6. Според Вас, кои се промените и потребите кои настануваат во современото семејство зависно од фертилноста(плодноста) на брачните партнери? | |
| 7. Дали според Вас, степенот на образование на родителите влијае да настанат промени и потреби во современото семејство? | |

| | |
|---|---|
| 8. Според Вас, кои се промените и потребите кои настануваат во современото семејство зависно од степенот на образование на родителите? | |
| 9. Дали според Вас, мислите дека станбените услови во домаќинството влијаат да настанат промени и потреби во современото семејство? | |
| 10. Според Вас, кои се промените и потребите кои настануваат како последица од (не)постоење на соодветни станбени услови во современото семејство? | |
| 11. Дали според Вас, насилството помеѓу членовите во домот, влијае да настанат промени и потреби во современото семејство? | |
| 12. Според Вас, кои се промените и потребите кои настануваат како последица од постоење на насилство помеѓу членовите во современото семејство? | |
| 13. Дали според Вас, доколку постои развод ја детерминира веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство? | |
| 14. Според Вас, кои се промените и потребите кои настануваат како последица на постоење на развод во современото семејство? | |
| 15. Дали според Вас, доколку постоело абортус ја детерминира веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство? | |
| 16. Според Вас, кои се промените и потребите кои настануваат како последица на постоење на абортус во современото семејство? | |
| 17. Дали според Вас, доколку постоеле асоцијални појави (алкохол, дрога, коцка, трговија со луѓе, проституција) би настанале промени и потреби во современото семејство? | |
| 18. Според Вас, кои се промените и потребите кои настануваат како последица на постоење на асоцијални појави (алкохол, дрога, коцка, трговија со луѓе, проституција) во современото семејство? | |
| 19. Дали според Вас, економскиот капитал со кој располага семејството креира разлики во можноста за задоволување на потребите на децата (потреба за топол дом, храна, | |

| | |
|---|---|
| облека, образование, санитација, итн.)? | |
| 20. Според Вас, кои се промените и потребите кои настануваат кај децата зависно од економскиот капитал со кој располага современото семејство? | |
| 21. Дали според Вас, културниот капитал (образование, интелигенција, вештини, стилови на говор, облека, знаење) ја детерминира, веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство? | |
| 22. Според Вас, кои се промените и потребите кои настануваат како последица на постоење на културен капитал во современото семејство? | |
| 23. Дали според Вас, социјалниот капитал (заеднички разговори, прошетки и одмори, креативни и забавни игри) ја детерминира веројатноста за настанување на промени и потреби во современото семејство? | |
| 24. Според Вас, кои се промените и потребите кои настануваат како последица на постоење на социјален капитал во современото семејство? | |

# КРАТЕНКИ И АКРОНИМИ

Во овој труд користени се следните кратенки и акроними за стручната терминологија:

АВРМ - Агенција за вработување на Република Македонија

ДЗС - Државен завод за статистика

ЕЛС - Единици на локална самоуправа

ЕСЕ - Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените

ЕСС - Европски семеен сојуз

ЕУ - Европска Унија

ЗСД - Завод за социјални дејности

ЈУ - Јавни установи

КЗ - Кривичен законик

ЛГБТ- лезбејки, геј мажи, бисексуални, трансродни

МТСП - Министерство за труд и социјална политика

НВО - Невладнини организации

НОВ - Народна ослободителна војна

РМ - Република Македонија

САД - Соединети Американски Држави

ТБ - Туберкулоза

ТФР - ( англ: TFR- Total fertility rate) Тотална стапка на фертилитет

ЦСР - Центар за социјална работа

FBI - (мак: Федерално истражно биро) Federal Bureau of Investigation

QOL - (мак: Квалитет на живот) Quality of life